ИНСТИТУТ ЗА МАКЕДОНСКИ ЈАЗИК

„КРСТЕ МИСИРКОВ“ – СКОПЈЕ

ISSN 0025-1089

МАКЕДОНСКИ ЈАЗИК

ГОДИНА LXXVI 2025

СКОПЈЕ
2025

Македонски јазик	ГОДИНА LXXVI	стр. 1-307	Скопје 2025

МАКЕДОНСКИ ЈАЗИК

излегува еднаш годишно

Редакција:

Елена Јованова-Грујовска (одговорен уредник)
Еленка Стоевска-Денчова (зам. одговорен уредник)
Мери Јосифовска (секретар)
Весна Костовска
Катица Топлиска-Евроска
Виктор Фридман (САД)
Елена Верижникова (Русија)
Милан Михаљевиќ (Хрватска)
Вера Смоле (Словенија)
Маќеј Кавка (Полска)
Јуси Нуорлуото (Шведска)
Станислав Станковиќ (Србија)

Уредувачки одбор:

Снежана Велковска
Марија Коробар-Белчева
Љубица Станковска
Коста Пеев
Људмил Спасов
Софија Милорадовиќ
Борјана Прошев-Оливер
Ана Цихнерска

Адреса:

Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков“ – Скопје, п. фах 434

www.imj.ukim.edu.mk

број на жиро-сметка

40100-788-1242

С О Д Р Ж И Н А

СТАТИИ

Мери Јосифовска

ЗА СОПСТВЕНИТЕ ИМИЊА ВО ЗБИРКАТА РАСКАЗИ „СКОПЈЕ ТЕНКЈУ“ ОД БОРЧЕ БОКИ ТРАЈКОВСКИ „ЗВАНИ“ БУРГИЈА.....9

Елена Јованова-Грујовска, Лидија Аризанковска, Македонка Додевска

КОЧО РАЦИН ВО НАСТАВАТА ЗА ОСНОВНО И ЗА СРЕДНО ОБРАЗОВАНИЕ.....27

Лилјана Макаријоска, Бисера Павлеска-Георгиевска

ВАРИЈАНТНОСТА КАЈ ФРАЗЕМИТЕ ВО ДЕЛАТА НА ЖИВКО ЧИНГО.....33

Светлана Давкова-Ѓоргиева

ЛЕКСИКАТА СО СУБЈЕКТИВНА ОЦЕНКА ВО ОБЛАСТА НА ПОСАТКИТЕ ВО МАКЕДОНСКИТЕ ДИЈАЛЕКТИ 49

Елка Јачева-Улчар

ЗА ТРИОДОТ СО ПОСЕБЕН АКЦЕНТ ВРЗ ЌУСТЕНДИЛСКИОТ ТРИОД.....59

Alen Kalajdžija, Haris Ćatović

MAKEDONIZMI U GOVORU BOŠNJAKA SJEVERNE MAKEDONIJE 73

Александра Гецовска

ЕТИМОЛОШКА АНАЛИЗА НА НАЗИВИТЕ НА ЛЕКОВИТИ РАСТЕНИЈА ВО МАКЕДОНСКИОТ ЈАЗИК 93

Билјана Маринова

СПОРЕДБА НА ПРИМЕНЕТИТЕ ПРАВОПИСНИ ПРАВИЛА ВО ПИСМЕНИОТ ЈАЗИК НА ЈОРДАН ХАЏИ КОНСТАНТИНОВ-ЏИНОТ СО ПРАВОПИСНИТЕ ПРАВИЛА НА НЕГОВИТЕ СОВРЕМЕНИЦИ ОД МАКЕДОНСКАТА ЈАЗИЧНА СРЕДИНА 107

Марија Пандева

ДА-КОНСТРУКЦИЈАТА ВО МАКЕДОНСКИОТ ЈАЗИК И НЕЈЗИНИТЕ ЕКВИВАЛЕНТИ ВО ШПАНСКИОТ ЈАЗИК 121

Антоанета Тримчевиќ, Александра Гецовска

АНАЛИЗА НА ЛЕКСИКАТА ВО СОЦИЈАЛНИТЕ ПЕСНИ НА КОЧО РАЦИН ОД СТИХОЗБИРКАТА „БЕЛИ МУГРИ“, НИЗ ПРИЗМАТА *СВЕТЛИНА – МРАК* 131

Кристина Тодоровска

КАКО СЕ ОПИШАНИ КАРАКТЕРИСТИКИТЕ НА ЕТНИЧКИТЕ И ЈАЗИЧНИТЕ МАЛЦИНСТВАТА ВО СТАТИЈАТА „ЕТНИЧКИТЕ И ЈАЗИЧНИТЕ МАЛЦИНСТВА ВО ПОГРАНИЧНИОТ РЕГИОН НА АЛБАНИЈА, ГРЦИЈА И МАКЕДОНИЈА: ПРЕГЛЕД НА ПРАВНИОТ И ОПШТЕСТВЕН СТАТУС“ 143

Сашка Грујовска-Миланова

ЗА ДЕКОМПОНИРАНИОТ ПРИРОК ВО МАКЕДОНСКИОТ И ВО ГЕРМАНСКИОТ ЈАЗИК 163

Жанета Набакова

АНТРОПОНИМИТЕ ВО РОМАНИТЕ „ПАПОКОТ НА СВЕТОТ“ И „ВЕШТИЦА“ ОД ВЕНКО АНДОНОВСКИ 175

ПРИКАЗИ

Лидија Тантуровска

НОВИОТ ЗБОРНИК НА ТРУДОВИ ОД IX МЕЃУНАРОДНА НАУЧНА КОНФЕРЕНЦИЈА „МАКЕДОНСКИОТ ЈАЗИК – ИЗВОР НА НАУЧНИ ИСТРАЖУВАЊА“ 189

Татјана Гочкова-Стојановска

КОН ПРАВОПИСНО-НОРМАТИВНИОТ РЕЧНИК НА МАКЕДОНСКИОТ СТАНДАРДЕН ЈАЗИК 195

Лилјана Макаријоска

НОВ ЗБОРНИК ПОСВЕТЕН НА ЈАЗИКОТ ВО УМЕТНИЧКАТА ЛИТЕРАТУРА.....199

Марија Антевска-Рисафова

НОВИ СОГЛЕДБИ ЗА СТАРИ ТЕКСТОВИ (Борче Арсов, Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков“, Скопје 2025) 203

Марија Пандева

КОН *БАЛКАНСКИТЕ ЈАЗИЦИ* ОД ВИКТОР ФРИДМАН И БРАЈАН ЏОЗЕФ 207

Маќеј Кавка

ЈАЗИКОТ КАКО СУДБИНА: „ОКРУЖЕНИЕТО НА МИСИРКОВ“ ОД ДИМИТАР ПАНДЕВ (Димитар Пандев, „Окружението на Мисирков“, Матица македонска, Скопје 2024) 211

Лидија Аризанковска

„ОСОБЕНОСТИ НА ГРАМАТИЧКАТА КАТЕГОРИЈА ПРЕОДНОСТ НА ГЛАГОЛИТЕ ВО МАКЕДОНСКИОТ ЈАЗИК“ ОД ЉУДМИЛ СПАСОВ (Скопје, Арт принт студио, 2024) 217

Марија Коробар-Белчева

НОВ ОНОМАСТИЧКИ ТРУД (Зоран Спасовски, *Топономијата на Радовишко,* Скопје: Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков“, 2025) 221

Лидија Тантуровска

НАУЧЕН ПРВЕНЕЦ НА МАРИЈА ПАНДЕВА (Приказ за книгата „Модалноста во кривичните законици –македонско-шпански паралели“ од Марија Пандева) 225

Димитар Пандев

АРХИВИСТИКАТА ВО ФУНКЦИЈА НА МАКЕДОНИСТИКАТА (Бранислав Светозаревиќ и Драган Јаќоски „Писмата на Љубомир Милетич до Афанасиј Селишчев (историја на една мистификација)“, Државен архив на Македонија, Скопје 2024) 229

Македонка Додевска

СЕМАНТИЧКО-ДЕРИВАЦИСКА АНАЛИЗА НА ТУРЦИЗМИТЕ ВО СОВРЕМЕНИОТ СРПСКИ ЈАЗИК (СЕМАНТИЧКО-ДЕРИВАЦИОНА АНАЛИЗА ТУРЦИЗАМА У САВРЕМЕНОМ СРПСКОМ ЈЕЗИКУ) 235

Зоран Спасовски

СИНТЕЗА НА НАУЧНИ И УМЕТНИЧКИ ВРЕДНОСТИ (Васил Дрвошанов. *Авторите и делата IX*. Скопје: Бата прес милениум, 2025) 239

Максим Каранфиловски

КОН КНИГАТА „80 ГОДИНИ АЗБУКА И ПРАВОПИС НА МАКЕДОНСКИОТ СТАНДАРДЕН ЈАЗИК“ (КЕЦ „Небрегово“, Скопје 2025) 249

Олгица Додевска-Михајловска

НОВ ТРУД – СЛИКА ЗА ЈАЗИКОТ ВО ПРАКТИКАТА ДЕНЕС (Васил Дрвошанов, „Јазично огледало I“, Бата Прес Милениум, Скопје 2025 год.) 257

Кристина Тодоровска

Крисанта Јанкула, ПРЕСПА ПОД АЛБАНИЈА, БОЖЈА УБАВИНА 261

ПОВОДИ

Елка Јачева-Улчар, Симона Груевска-Маџоска, Мери Јосифовска
ПО ПОВОД 100 ГОД. ОД РАЃАЊЕТО НА Т.СТАМАТОСКИ.....263

Симона Груевска-Маџоска
ПО ПОВОД 80 ГОДИНИ ОД КОДИФИКАЦИЈАТА НА МАКЕДОНСКИОТ СТАНДАРДЕН ЈАЗИК 269

Димитар Пандев
ОМАЖ ЗА ОДДЕЛЕНИЕТО ЗА ИСТОРИЈА НА МАКЕДОНСКИОТ ЈАЗИК ВО ИНСТИТУТОТ ЗА МАКЕДОНСКИ ЈАЗИК „КРСТЕ МИСИРКОВ“ 273

Лилјана Макаријоска
ПРИДОНЕСОТ НА Д-Р ЗДЕНКА РИБАРОВА ЗА ПРОУЧУВАЊЕТО И АФИРМАЦИЈАТА НА МАКЕДОНСКОТО РАКОПИСНО НАСЛЕДСТВО (по повод 80-годишнината од раѓањето) 281

Елка Јачева-Улчар
ЕДЕН ВЕК ОД БУКВАРОТ ШТО НЕ ПРОЗБОРЕ: ШТО НЀ УЧИ „АБЕЦЕДАРОТ“ ДЕНЕС? 287

ХРОНИКИ

Кристина Тодоровска
ДЕНОВИ НА БЛАГОЈА КОРУБИН, ЈАЗИКОТ ВО МЕДИУМИТЕ (СОСТОЈБИ, ПРЕДИЗВИЦИ, ПЕРСПЕКТИВИ) (15 – 16 мај, 2025, Скопје) 293

Марија Антевска-Рисафова
ДЕСЕТТИ ОТВОРЕНИ ДЕНОВИ НА ИНСТИТУТОТ ЗА МАКЕДОНСКИ ЈАЗИК (10 – 14 ноември 2025 година) 297

Лидија Тантуровска, Марија Пандева
X МЕЃУНАРОДНА НАУЧНА КОНФЕРЕНЦИЈА „МАКЕДОНСКИОТ ЈАЗИК – ИЗВОР НА НАУЧНИ ИСТРАЖУВАЊА“ (12 – 13 ноември 2025 г.) 301

УДК 811.163.3'373.2:821.163.3-32
УДК 821.163.3-32:811.163.3'373.231

Мери Јосифовска[1]
Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков" - Скопје

ЗА СОПСТВЕНИТЕ ИМИЊА ВО ЗБИРКАТА РАСКАЗИ „СКОПЈЕ ТЕНКЈУ" ОД БОРЧЕ БОКИ ТРАЈКОВСКИ „ЗВАНИ" БУРГИЈА

Апстракт: Предмет на **оваа статија е збирката скопски раскази од** авторот Борче Боки Трајковски „звани" Бургија, којашто е посветена на Скопје и скопјани преку педесет мошне интересни раскази. Во неговото нараторство провејува ставот дека сопствената меморија, како и сопствената моќ и перцептивност за паметење се основата за сечие етничко самоспознавање. Затоа, не секој жител на Скопје може да се нарече скопјанец, без оглед на неговото поколениско битисување во овој град. Според авторот, скопјанец си кога дишеш преку порите на овој град, кога Скопје го доживуваш како најубаво место и во најтешките моменти и кога знаеш тие чувства безрезервно да ги споделиш со своите сограѓани. Она што ме привлече во оваа збирка, секако, е изворниот скопски говор, како и стилот на кој авторот ги раскажува старите скопски приказни. Во нив се спомнуваат старите скопски маала, како и веќе подзаборавените микротопоними од различен тип (урбаноними, хрематоними, ходоними итн.).

Клучни зборови: ономастика, стилистика, сопствени имиња, скопски говор.

Збирката староскопски раскази „Скопје тенкју" од авторот Борче Боки Трајковски „звани" Бургија е составена од 50 мошне интересни раскази посветени на Скопје и скопјани. Во неговото нараторство провејува ставот дека сопствената меморија, како и сопствената моќ и перцептивност за паметење се основа за сечие етничко самоспознавање. Затоа, не секој жител на Скопје може да се нарече скопјанец, без оглед на неговото поколениско битисување во овој град. Според него, скопјанец си кога дишеш преку порите на овој град, кога Скопје го доживуваш како најубаво место и во најтешките моменти и кога знаеш тие чувства безрезервно да ги споделиш со своите сограѓани.

За да допрам поблиску до читателите со приказната наречена СКОПЈЕ, ќе дадам еден цитат од македонскиот актер Сашо Тасевски родум од Скопје:

[1] Универзитет „Св. Кирил и Методиј", Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков" – Скопје, merijosifovska@yahoo.com

„Добредојдовте во градот од старата кутија за кондури. Од пожолтените фотки во неа. Оти Скопјето на Боки Бургија можете да го најдете само таму. Таму и во сеќавањата на неговата генерација и на уште две по неа. Скопје, градот на духови. На калфи и чорбаџии, на бербери и сарачи (изработувачи на узди, самари и ремени), на калајџии (оние што калаисуваат, преносно лудаци, лажговци, шарлатани) и кујунџии (златари), на бозаџии и семкари, на шапкари и шармери, на шверцери и комарџии, на шибицари и шапкароши, на љубовџици и домаќинки, на рибари и голубари, на копиљаци и гимназијалци, на гуштери и џомби, на големи и мали во срце и муда.“

Како што се забележува, на темава ѝ приоѓам од комуниколошко-културолошки аспект, а помалку од ономастички. Причината за тоа е фактот што промоцијата на оваа збирка раскази, која се реализираше на 17 јули 2020 година на покривот на Градскиот трговски центар во Скопје, мене ме врати во детството; т.е. ми ја врати меморијата за мојот роден град. Секако, тоа не е главната причина, зашто ексцерпцијата на оваа навидум мала книшка ми понуди репертоар од околу 300 оними распоредени во речиси сите онимиски категории.

- **АНТРОПОНИМИСКИ КАТЕГОРИИ**

1. Машки лични имиња

1.1. Машки лични имиња од словенски потекло - полни форми: *Ст҃оимир* (< имп. *ст҃ои* < стсл. гл. стоѧти, стоѭ и им. мир), *Трп҃имир* (< имп. *т҃рпи* < стсл. гл. *трьпѣти* ‘поднесува, трпи’ и им. мир).

1.2. Машки лични имина од словенски потекло – апелативни, скратени и деривувани форми: *Баже* (< Благоја, Благољуб), *Бат҃о* (< Братислав), *Бог҃е* (< Богдан, Богославили самостојно од им. бог), *Боки* (< Борислав, Слободан), *Боро* (< Боривој, Борислав), *Борче* (< Боривој, Борислав), *Вид҃ое* (< Видомир, Видослав), *Благ҃ој/Благ҃оја* (< Благољуб, Благомирили самостојно од прид. благ), *Дуле* (< Душан), *Душан* (< л.и. *Дух*, според празникот Свети Дух, Духов ден или од исчезнатото име *Духослав* < коренот *д҃ух-* од им. душа и им. слав-а), *Злат҃е* (< Златомир или самостојно од им. злато), *Љубе* (< Љубомир, Љубослав, Славољуб), *Љубо* (< Љубомир, Љубослав, Славољуб), *Милан* (< Милорад, Милослав), *Миле* (< Милорад, Милослав), *Ст҃ојан* (< Стоимир, Стоислав, Стојмир), *Ст҃оле* (< Стоимир, Стоислав, Стојмир), *Тале* (< Трајан, Стојан), *Томе* (< Томислав), *Тоци* (< Светомир, Томислав), *Трајче* (< кор. *т҃рај-* < стсл. *трѧѭти* ‘трае’), *Трп҃ко* (< Трпимир, Трпислав), *Цвет҃ко* (< Цветомир, или самостојно од им. *цвет҃*), *Цобе* (< Слободан).

1.3. Машки лични имина од несловенски потекло (црковни имиња или христијански имиња) - полни форми: *Анг҃еле* (< грч. *Ἄγελος* ‘гласник’), *Ат҃анас* (< грч. *Ἀθανάσιος* ‘оној кој е бесмртен, име на христијански светец’,

Викт̄ор (< лат. *Victor* < victor ‘победник, календарско име’, *Дончо* (< Андон, Јордан, Спиридон), *Ѓорѓ̄ија* (< грч. *Γεώργιος* ‘земјоделец, име на христијански светец’, *Иван* (< лат. *Johannes* < хебр. *Yōhānān* ‘бог е милослив, библиско име’, Илија (< грч. *Ἠλίας* < хебр. *Ēlijah* ‘Јехова е мојот бог, библиско име’), *Јован* (< хебр. *Iōhānān* ‘бог се смилувал, име на еден од четирите евангелисти, од исто потекло како и името *Иван*), *Марко* (< грч. *Μάρκος*, лат. *Markus* ‘воин, име на еден од четирите евангелисти’), *Никола* (< грч. *Νικόλαος* ‘оној кој е народен победник, име на христијански светец’), *Мет̄одија* (< грч. *Μεθόδιος* ‘оној кој истражува, пронаоѓа, име на словенски просветител и име на христијански светец’), *Јорѳан* (< *Јорѳан* < хебр. *Iardēn* ‘име на река во Палестина која се споменува во Светото писмо’), *Тоѳор* (< грч. *Θεόδωρος* ‘оној кој е божји дар, име на христијански светец’).

1.4. Машки лични имина од несловенски потекло (црковни или христијански имиња) - сратени и деривевани форми: *Алексо* (< грч. *Ἀλεξανδρος* ‘заштитник на луѓето’), *Ѓоко* (< *Георѓ̄и/-j,-ја, Ѓорѓ̄и/-j,-ја* < грч. *Γεώργιος* ‘земјоделец, име на христијански светец’), *Ѓоле* (< *Георѓ̄и/-j,-ја, Ѓорѓ̄и/-j,-ја* < грч. *Γεώργιος* ‘земјоделец, име на христијански светец’), *Илко* (< *Илија* < грч. *Ἠλίας* < хебр. *Ēlijah* ‘Јехова е мојот бог, библиско име’), *Иљо* (< *Илија* < грч. *Ἠλίας* < хебр. *Ēlijah* ‘Јехова е мојот бог, библиско име’), *Јове* (< *Јован* < хебр. *Iōhānān* ‘бог се смилуваал, име на еден од четирите евангелисти, сослично потекло како и името Иван), *Јоџо* (< *Јован* < хебр. *Iōhānān*), *Киро* (< *Кирил* < грч. *Κύριλλος* ‘господарски, словенски просветител и име на христијански светец’), *Коља* (< *Никола* < *Νικόλαος*), *Лазо* (< *Лазар* < хебр. *Ēl´āzār* ‘бог помага, библиско име’, *Лефт̄ер* (< *Лефт̄ериј* < *Елевт̄ериј* < грч. *Ἐλευθέριος* ‘благороден, слободен, име на христијански светец’), *Мет̄уш* (< грч. *Μεθόδιος* ‘оној кој истражува, пронаоѓа, име на словенски просветител и име на христијански светец’), *Мит̄ре* (< *Димит̄ар*, *Димит̄ри/-j,-ја* < грч. *Δημήτηρ* ‘наспрема името на женскат божица на плодноста *Демет̄ра*’), *Орѳе* (< *Јорѳан* < хебр. *Iardēn* ‘име на река во Палестина која се споменува во Светото писмо’), *Пајо* (< Павел, Павле), *Перо* (< *Пет̄ар* < лат. *Petrus* < грч. *Πέρος* ‘камен’), *Поп̄е* (< им. *п̄оп̄* < грч. *πάππς*), *Сп̄иро* (< *Сп̄ирион* < грч. *Σπυρίδον* ‘оној кој е како кршова кошница, име на христијански светец’).

1.5. Машки лични имина од несловенски потекло, т.н. калки: *Богѳан* (сложено име составено од им. бог < стсл. *богъ* и стсл. парт. *любъ* ‘мил, драг’, т.е. превод од од грч. *θεόδοτος* ‘даден од бога’, *Слободан* (< грч. *Ἐλευθέριος* ‘слободен’).

1.6. Машки лични имиња од друго потекло: *Ѓунѓор* (< тур. *gün* ‘сонце’, или од тур. *güngör* ‘изгрејсонце’, *Емил* (< франц. *Emile* < лат. *Aemilius* ‘оној кој се противи, се натпреварува’, *Емин* (< арап. *ämīn* ‘чесен сигуре, ; доверлив, верен, честит’, *Зафир* (< арап. *Ẓāfir* ‘победник, оној кој постигнал успех’, *Џими* (< англ. *Jimmy*), *Шишко* (< Шиман, Шишман).

2. Женски лични имиња

2.1. Женски лични имиња од словенско потекло: *Веса* (< Весела, Веселинка), *Веселинка* (< им. *весел* + суф +*инка*), *Веска* (< Весела, Веселинка), *Весна* (< стсл. *вєсна*‘пролет; јасна светла; божица на пролетта во словенската религија’), *Даница* (< *Дана* + суф. –*ица* < Гроздана, Богдана), *Дуња* (< од им. *дуња* ‘вид дрво и плодот, бот. Cidonia oblonga’), *Љупка* (< Љубомира, Љубослава), *Мила* (< Милослава, Милоратка, Миладина), *Мира* (< Мирослава, Славомира), *Надја/Наџе* (< Надежда), *Невена* (< им. *невен* ‘вид цветно растение, бот. Calendula officialis’, *Радја/Радица* (< Радомира, Радослава), *Цвета* (< им. цвет).

2.2. Женски лични имиња од несловенско потекло: *Ана* (< хебр. *Hannāh* ‘милост, благородност, библиско име’, *Аница* (< Ана), *(Ј)Елена* (< грч. *Ἑλένη*, име оф грката митологија и календарско име), *Јована* (< грч. *Ἰωάννα*, наспроти машкото име Јован), *Јулија* (< лат. *Julia*, наспроти машкото име Julius, име на христијанско племе и календарско име), *Лена* (< Елена, Елеонора, Магдалена), *Ленка* (< Лена + суф. –ка), *Маја* (< лат. *Maia* , божица на плодноста во римската митологија), *Мара/Маре/Марика/Мариче* (< Марија), *Марија* (< грч. *Μαρία* < хебр. *Miriā* ‘постојана, цврста, библиско име’), Марина (< грч. *Μαρίνα* < лат. *Marina* ‘морска, име на христијанска светица’, *Софија* (< грч. *Σοφία* ‘мудрост, знаење, име на христијанска светица’), *Софка* (< Софија).

2.3. Женски лични имиња наречени калки: *Божиџарка* (< старата прид. божи- ‘божји’ и им. дар, т.е. превод од грж. *Θεόδωτος* ‘дар од бога’), *Вера*[2] (< грч. *Πίστις* ‘вера’), *Снежана* (од им. снег, т.е. превод од герм. *Scheewittchen* ‘онаа која е снежно бела’)

2.4. Женски лични имиња од друго потекло: *Бисера* (< тур. *büsre* ‘бисер’), *Ѓула* (< перс. *gul* ‘цвет, ружа’), (Ј)Елка (< Елена, Емануела, Елисавета, Емилија), *Ема* (< Емануела, Емилија), *Сенка* (< тур. *Seniye* < арап. *säniyyä* ‘висока, возвишена; сјајна, блескава, прекрасна’), *Тања* (< рус. *Татяна* < лат. *Tatiana*, наспрема лат. машко име *Tatianus* < *Tatius*, име на христијански светец), *Шерка* (< тур. *Şerife* < арап. *šärīfä* ‘угледна; возвишена, чесна, славна’.

3. Прекари

3.1. Прекари според надворешни особини на носителот или според физичкиот изглед: *Бели* (за човек со бела коса, од прид. *бел*), *Мечката* (за крупен човек), *Ротцангла* (за многу силен човек, според им. *ротцангла* ‘челична клешта’), *Слон* (за дебел и тромав човек)

[2] Личното име *Вера* може да биде скратена форма од името *Оливера*, коешто е женска форма наспроти машката *Оливер* и е изведено од англ. *Oliver* < франц. *Olivier* < лат. *olivifer* ‘маслинка, бот. Olea europaea’).

3.2. Прекари според внатрешни особини на носителот или карактерни црти: *Бург̄ија* (за човек што ги „дупчи“ другите), *Зврцо̄т* (за здодевен човек, од разг. зврца ‘повторува едно те исто’, *Ташаклија* (според авторот овој прекар е од турско потекло и се однесува на човек цврст и стамен како камен, од тур. *taşak* ‘машки орган за производство на јајце-клетки’), *Флег̄ма* (за многу мрзлив човек), *Џамбаз* (за итар човек, измамник, од тур. *cambaz* ‘трговец со коњи’ акробат, вешт човек’, фиг. ‘итрец, никаквец, подлец’), *Шваљеро̄т* (за човек што е љубовџија и женкар, од разг. *шваљер*).

3.3. Прекари според начин на однесување или навика: *Бург̄ер* (за човек дојденец од Америка кој постојано се обидува на луѓето да им објасни што е бургер), *Голуб* (прекар настанат според начин на однесување, т.е. дете кој едно-две се качувал на ќерамидите за да ја намести ТВ-антената за да се следи натпреварот помеѓу Партизан и Звезда, од дијал. *г̄олуб* ‘вид птица, гулаб, бот. Columba livia’), *Зверо̄т* (за насилен и суров човек, тепач), *Ласт̄а* (прекар за младо момче, цитирам: „коа ќе се качеше на треќа скала на Кале – се мисли на базенот на Кале, ги спајаше руките на слабини, ги испрчуеше грудите нанапред, ја вртеше главата у една страна и така скакаше у базенот како ласта“, од дијал. *ласт̄а* ‘вид птица, ластовица, бот. Hirundi rustica’).

3.4. Прекари што го означуваат социјалниот статус: *Буџа* (за имотен човек, од разг. *буџа*), *Голчо* (за сиромав човек, од прид. *г̄ол*), *Кецо̄т* (за човекот кој бил прв и најдобар точкар во Скопје)

3.5. Прекари според занимање или професија на носителот: *Чаушо̄т* (за чувар во затворот, од тур. арх. *çavuş* ‘стражар’)

4. Андроними или **имиња на жените образувани според имињата на мажите**, пр.: *Трп̄којџа* (според машкото име *Трп̄ко* < Трпимир, Трпислав), *Димкојџа* (според машкото име *Димко* < Димитар, Димитри/-j,-ја), *Иљојџа* (< спроред машкото име Иљо < Илија). Андронимите се присутни како во урбаните така и во руралните средини , но се разбира дека се почести во руралните и тие се резултат на нашата традиција, која, пак, во својата позадина е лингвистички, но и екстралингвистички конотирана.

5. Фамилијарни имиња (родови номинации): *Илковци* (< м.л.и Илко < Илија + суф. –овци), *Парт̄аловци* (< прек. *Парт̄ал* ‘човек кој се облекува неуредно и во парталава облека’ + суф. –овци), *Рист̄иќевци* (< м.л.и. Ристиќ < Христо, Христофор+ суф. –евци).

6. Жителски имиња:

6.1. Етноними *Хрват̄, Турчин, Македонка*, *Грк*.

6.2. Етници: *беог̄раѓанец* (жител на Београд), *водњанка* (жителка на скопската населба Водно), *дебармаалци* (жители на скопското маало Дебар Маало), *маџармаалци* (жители на скопското маало Маџар Маало), *мичуринци* (жители на скопската населба Мичурин), *п̄ајкомаалка* (жителка на скопското маало Пајко Маало), *новомаалци* (жители на скопското маало Ново Маало),

скоп̄јанче (жител на Скопје во среден род), *скоп̄јани* (жители на Скопје), *скоп̄јанки* (жителки на Скопје), *т̄опаанчани* (жители на скопската населба Топаана), чаирчани (жители на скопската населба Чаир).

- **ТОПОНИМИСКИ КАТЕГОРИИ**

Од топонимиските категории, се разбира, најнапред треба да се изделат хидронимите и оронимите, затоа што со нив се именуваат најстарите географски формации.

- **Хидроними**

Според ономастичката терминологија хидроними се сопствени имиња на водени маси, т.е. површини, како што се: море, езеро, река, залив, морски теснец, мочуриште, бара, рибник, мелиорација или вештачко езеро, поток, кладенец, извор, чешма, водопад бунар. Некои од застапените хидроними во оваа збирка раскази се во нашата дршава, како на пр.: *Езерце* (се мисли на езерото во Градскиот Парк), реката *Вардар*, реката *Лепенец* (лева притока на Вардар, која во Вардар се влева кај селото Злокуќани), реката *Пчиња* (лева притока на Вардар, која во Таорската Клисура се влева во Вардар), *Маркова Река* (река со помал водостој, која главно тече низ скопскиот крај и е десна притока на Вардар и во него се влева кај Ѓорче Петров), *Треска* (десна притока на Вардар, која близу Ѓорче Петров се влева во Вардар и е позната уште под имињата *Голема Река*, *Велика Река* или само *Велика*), *Матка* (вештачко езеро на реката Треска во близина на Скопје и кањон на реката Треска со многу пештери). Други хидроними, пак, се наоѓаат вон границите на нашата држава, на пр.: *Егејско* (се мисли на *Егејско Море* во Грција), *Наше Море* (така почесто го нарекувале *Јадранско Море* во некогашна СФРЈ), *Дунав* (голема европска река која тече во превецот запад – исток низ многу европски држави, а се влева во Црно Море), *Сава* (пловна река која кај Белград се влева во Дунав), *Јужна Морава* (извира во Македонија, најголемото течение ѝ е во Сербија). Посебен пример е хидронимот *Саук Чешма*, кој всушност претставува викано место во Скопската Чаршија.

- **Ороними**

Ороними се сопствени имиња на поголеми географски единици/ области/ целини од вертикалниот релјеф, како што се: планина, планински венец, врв, висорамнина, карпа, срт, падина, долина, котлина, клисура, провалија, низина, рамнина, бездна, камен, рид итн. Во збирката раскази „Скопје тенкју“ од авторот Борче Трајковски се среќаваат следниве ороними: *Водно* (планина во јужниот дел на Скопската Котлина која се издига над Скопје, а името го добила по богатата хидрографија), *Скопска Црна Гора* (планина во северниот дел на Македонија, името е засведочено во документи уште пред 13 век, а се среќава уште и како *Кара Даг* < тур. *kara dag*), *Китка* (планина југоисточно од Скопје во која се наоѓа областа Торбешија), *Шара*

или *Шар Планина* (еден од најголемите и највисоките планински масиви во Македонија), *Пелистер* (највисокиот врв на *Баба Планина* и тред по височина врв во Македонија по Кораб и Титов Врв), *Баба Планина* (планина во југозападниот дел на Македонија, која поради многуте природни убавини е еден од националните паркови во Македонија). *Скопска Котлина* (една од поголемите котлини во Македонија во која е сместен градот Скопје), *Полог* (или *Полошка Котлина* во која се наоѓаат градовите Тетово и Гостивар, а се дели на Горни и Долни Полог), *Битолско Поле* (дел од најголемата котлина во Македонија – Пелагонија), *Тиквешија* (или Тиквешка Котлина е една од најголемите котлини во централно јужниот дел на Македонија).

- **Ојконими**

Ојконимите претставуваат сопствени имиња на населби или на населени места, вклучувајќи ги и исчезнатите и напуштените населби. Под населби или населени места се подразбираат: градови, села, селца, градски населби, ловечки населби, топилници, пиларници, згради, маала, фарми, ранчови, конаци, замоци, палати, манастири, куќи итн. Значи, дефиницијата има поширок размер: *Скопје*, *Кавадарци* (град во Јужна Македонија, поточно во Тиквешијата), *Демир Капија* (гратче во Демиркаписката Клисура, од десната страна на реката Вардар), *Тетово* (град во Северозападна Македонија, на падините на Шара), *Титов Велес* (некогашното име за денешен *Велес*, град во Средишна Македонија), покрај тоа што се среќаваат и многу ојконими од поблиското и подалечното географско опкружување, како што се: *Београд* (главен град на Србија), *Врање* (град во Јужна Србија), *Крагуевац* (град во областа Шумадија, Србија), *Карловац* (град во Хрватска и административен центар на Карловачката жупанија), *Дубровник* (град во Далмација, Хрватска, излегува на Јадранско Море), *Ријека* (град во Хрватска, излегува на Јадранско Море), *Тиват* (приморски град во Которскиот Залив, Црна Гора), *Софија* (главен град на Бугарија) и *Милано* (град во Италија, главен град на регионот Ломбардија).

Освен ова, тука спаѓаат скопските маала, како што се: *Мајир Маало, Ново Маало, Пајко Маало, Серава Маало*, *Дебар Маало,* потоа *Планинарскиот дом на Водно* и др.

- **Макротопоними:** *Македонија*, *Австралија* (разг. за Австралија), *Хрватска*, *Грчка* (разг. за Грција), Турска (разг. за Турција).

- **Урб(ан)оними или гратски називи** се сопствени имиња на градските населби, одделните зданија што имаат име, градските центри (трговски, културни, банкарски, стопански) и друго. Во оваа збирка раскази се среќаваат следниве урбаноними:

- **скопски населби:** *Железничка Колонија, Карпуш* и *Карпуш 3* (разговорно), *Кисела Вода, Сарај, Тафталице, 11 Октомври, Трошарина*

(стара населба кај Даутпашина џамија), *Топаана, Чаир, Момин Поток* (дел од Карпош)*, Жданец, Трнодол, Центар, Керамидница*, *Железара*.

- **други градски називи:** *Градска скупштина* (за *Градско собрание*), *Дом на млади 25 Мај* или *Младински културен центар (МКЦ), Драмски театар, Офицерски дом, Дом на Градежници/ Градежници, Државна болница, Градска болница* (разговорно *Уред*), *Универзална сала, Стадион, Градски Кеј, Жена Парк, Градски Парк, Скопско Кале, Јајапашина Џамија, Даутпашина Џамија, црква Св. Георгија, Градски трговски центар (ГТЦ)*, *Народен Магазин (НАМА), Гимназија*, *Руска плажа, Железничка станица, Машка гимназија.*

- **Ходоними**

Според современата ономастичка терминологија, **ходонимите** се **сопствени имиња на сообраќајници**. Во групата на ходонимите, покрај називите на улиците, се вклучуваат и сопствени имиња на: плоштад, кеј, друм, пат, патека, полски пат, тунел, мост, скела, железничка пруга, жичница итн. Од улиците се споменуваат: *Корзо* (факултативно за улицата по која се шетале младите во минатото), *Дижонска, Иво Лола-Рибар, Народен фронт, Рузвелтова, Партизанска* во Скопје, како и *Качанички пат* и *Мала станица*, а улица *Лапатска* во Дубровник; а од мостовите: *Железен Мост, Камен Мост* и мост *Гоце Делчев*. Потоа, некогашниот плоштад *Маршал Тито* со истоимената улица во строгиот центар на градот, денес познати како плоштад и улица *Македонија*.

- **Хрематоними**

Хрематонимите се една од најмалку проучуваните и најдискутабилните категории во ономастиката. Тие вообичаено се определуваат како имиња на објекти или производи кои се резултат на материјалниот и на духовниот труд на човекот. Во Основниот систем и терминологија на словенската ономастика тие се дефинираат како сопствени имиња на човечка творба која не е цврсто фиксирана во пределот (1983: 118). Се однесуваат на три номинациски категории: сопствено име на општествена појава (празник и др.), сопствено име на институција и сопствено име на предмет или производ, и тоа: единечен предмет (уметничко дело, камбана, брод итн.) или сериски предмет (автомобил, мотор, машина, козметички препарат итн.). Меѓутоа, во Енциклопедијата на полските сопствени имиња хрематонимите се дефинираат и како човечки творби што се фиксирани во пределот, бидејќи во нив, покрај имињата на фирмите, се вклучуваат и имињата на различни градби како што се кино-сали, бродови, историски споменици, фабрики, училишта, авиони, продавници, уметнички дела, вили, театри, одморалишта, гастрономски и трговски локали, индустриски објекти, воени единици. Според оваа дефиниција на хрематонимите, може да се увиди дека дискутабилно е прашањето за односот на хрематонимите со микро-топонимите и урбанонимите, а понекогаш е нејасен нивниот однос и со апелативите.

- **хотели**: *Александар Палас /Палас*, *Бристол*, *Гранд*, *Континентал*, *Македонија*, *Метропол*, *Панорама*, *Турист*.

- **слаткарници**: *Апче, Ванила, Ескимо, Баш пеливан*, *Ванила.*

- **кино-сали**: *Балкан, Бардар 1 и 2, Центар, Бамби, Култура, Центар*.

- **продавници**: *Макотекс (Македонија текстил), Кооперација, Краш, Ловец, Грација, Гранапот на Митрета.*

- **кафеани и сенвичари**: *Кермес, Опатија, Ташкенд, Кај Чамо, Кај чичко Стоилко, Дестан, Кај Кенан, Чардак, Идадија.*

- **кафулиња:** *Ани, Бони, Пирамида, Кристијан, Мејкап, Џубокс*.

- **дискотеки**: *Мусандра, Огниште, Турист, МНТ*.

- **други хрематоними**: *Путник* и *Рекорд* (викани места и познати збиралишта во Центар), *Стаклара*.

Пред да заклучам, сакам, да споделам еден факт: дека корпус од околу 300 оними распоредени во конкретен географски простор, е тешка ономастичка задача, особено ако на темата ѝ се пристапува од строго научен аспект. Тоа подразбира не само лексичко-семантичко, туку и структурно-граматичко толкување на онимите.

Сосема за крај сакам да кажам дека оваа збирка раскази ме привлече секако, по изворниот скопски говор, како и со стилот на кој авторот ги раскажува старите скопски приказни. Во нив се спомнуваат старите скопски маала, како и веќе подзаборавените микротопоними од различен тип (урбано-ними, хрематоними, ходоними итн.). Во изборот на антропоними авторот нуди интересен репертоар од прекари, коишто и мене ми се делумно познати.

Несомнено, оваа збирка е интересно четиво и за дијалектолозите, затоа што во него е зачуван стариот скопски говор со сите свои специфичности, коишто полека се губат како резултат на масовните миграции кон нашиот главен град.

КОРИСТЕНИ СКРАТЕНИЦИ

л.и. – лично име
ж.л.и. – женско лично име
м.л.и. – машко лично име
прек. – прекар
през. – презиме
ојк. – ојконим
ор. – ороним
хид. – хидроним
етн. – етничко име
хрем. – хрематоним
урб. – урбаноним
фам.и. – фамилијарно име
ход. – ходоним
грч. – грчки
перс. – персиски
тур. – турски
стсл. – старословенски
лат. – латински
англ. – англиски
рус. – руски
хебр. – хебрејски
арап. – арапски
им. – именка
прид. – придавка
имп. – императив
гл. – глагол
кор. – корен
фиг. – фигуративно
разг. – разговорно
дијал. – дијалектно
и др. – и друго
итн. – и така натаму
т.н. – таканаречен
м.топ. – макротопоним
андр. – андроним

РЕГИСТАР НА ОНИМИ

Александар Палас /Палас – хрем.
Алексо – м.л.и.
Ана – ж.л.и.
Аница – ж.л.и.
Ангеле – м.л.и.
Ани – хрем.
Апче – хрем.
Атанас –м.л.и.
Аустралија – м.топ.
Баба Планина – ор.
Баже – м.л.и.
Балкан – хрем.
Бато – м.л.и.
Баш пеливан – хрем.
Бели – прек.
Београд – ојк.
београ́ганец – етн.
Бисера – ж.л.и
Битолско Поле – ор.
Благој – м.л.и.
Благоја – м.л.и.
Богдан – м.л.и.
Боге – м.л.и.
Божидарка –
Боки – м.л.и.
Бони – хрем.
Боро – м.л.и.
Борче –м.л.и.
Бристол – хрем.
Бургер – прек.
Бургија – прек.
Буџа – прек.
Ванила – хрем.
Вардар – хидр.
Вардар 1 – хрем.
Вардар 2 – хрем.
Вера – ж.л.и.
Веса – ж.л.и.
Веска – ж.л.и.
Веселинка – ж.л.и.
Весна – ж.л.и.
Видое – м.л.и.
Виктор – м.л.и.
Водно – ор.
водњанци – етн.
Гимназија – урб.
Голуб – прек.
Голчо – прек.
Градска болница – урб.

Градска скупштина – урб.
Градски Парк –
Градски трговски центар (ГТЦ) – урб.
Гранапот на Митрета – хрем.
Гранд – хрем.
Грација – хрем.
Грк – етн.
Грчка – м.топ.
Даница – ж.л.и.
Даутпашина џамија – урб.
Дебар Маало – ојк.
дебармаалци – етн.
Демир Капија – ојк.
Дестан – хрем.
Дижонска – ход.
Диме – м.л.и.
Димко – м.л.и
Димкојца – андр.
Дом на градежници /Градежните – урб.
Дом на млади 25 Мај – урб
Дончо – м.л.и.
Државна болница – урб.
Дубровник – ојк.
Дуле – м.л.и
Дунав – хидр.
Дуња – ж.л.и.
Душан – м.л.и.
Ѓоко – м.л.и.
Ѓоле – м.л.и.
Ѓорѓија – м.л.и.
Ѓула – ж.л.и.
Ѓунѓор – м.л.и.
Егејско Море – хидр.
11 Октомври – ход.
Езерце – хидр.
Елена – ж.л.и.
Ема – ж.л.и.
Емил – м.л.и.
Емин – м.л.и.
Ескимо – хрем.
Жданец – урб.
Железен Мост – ход.
Железничка колонија – урб.
Железничка станица – урб.
Жена Парк – урб.
Зафир – м.л.и.
Зврцот – прек.
Златко – м.л.и.
Sверот – прек.
Идадија – хрем.
Иван – м.л.и
Иво Лола-Рибар – ход.
Илко – м.л.и.

Илкови – фам.и.
Иљо – м.л.и.
Иљојца – андр.
Илија – м.л.и.
Јајапашина џамија – урб.
Јелена – ж.л.и.
Јелка – ж.л.и.
Јован – м.л.и.
Јована – ж.л.и.
Јове – м.л.и.
Јордан – м.л.и.
Јоцо – м.л.и.
Јужна Морава – хидр.
Јулија – ж.л.и.
Кавадарци – ојк.
Кај Кенан – хрем.
Кај Чамо – хрем.
Кај чичко Стоилко – хрем.
Камен Мост – ход.
Карловац – ојк.
Карпуш – урб.
Карпуш 3 – урб.
Качанички пат – ход.
Кермес – хрем.
Кецот – прек.
Киро – м.л.и
Кисела Вода – урб.
Китка – ор.
Коља – м.л.и.
Кољо – м.л.и.
Континентал – хрем.
Кооперација – хрем.
Корзо – ход.
Крагуевац – ојк.
Краш – хрем.
Кристијан – хрем.
Лазо – м.л.и.
Лапатска – ход.
Ласта – прек.
Лена – ж.л.и.
Ленка – ж.л.и.
Лепенец – хидр.
Лефко – м.л.и.
Ловец – хрем.
Љубе – м.л.и.
Љубо – м.л.и
Љупка – ж.л.и.
Маја – ж.л.и.
Македонија – м.топ.
Македонија – хрем.
Македонка – етн.
Макотекс – хрем.
Мара – ж.л.и.
Маре – ж.л.и.
Мариче – ж.л.и.
Марија – ж.л.и.

Марика – ж.л.и.
Марина – ж.л.и.
Марко – м.л.и.
Маркова Река – хидр.
Матка – хидр.
Маџир Маало – ојк.
маџирмаалци – етн.
Машка гимназија – урб.
Метропол – хрем.
Метуш – м.л.и.
Методија – м.л.и.
Мечката – прек.
Милан – м.л.и.
Милано – ојк.
Миле – м.л.и.
Милка – ж.л.и.
Мира – ж.л.и.
Митре – м.л.и.
мичуринци – етн.
Младински културен центар (МКЦ) – урб.
МНТ – урб.
Момин Поток – урб.
Мост Гоце Делчев – ход.
Мусандра – хрем.
Нада – ж.л.и.
Наде – ж.л.и.
Народен магазин (НАМА) – урб.
Народен фронт – ход.
Наше Море / Јадранско Море – хидр.
Невена – ж.л.и.
Никола – м.л.и.
Ново Маало – ојк.
Огниште – хрем.
Опатија – хрем.
Орде – ж.л.и.
Пајко Маало – ојк.
пајкомаалци – етн.
Пајо – м.л.и.
Пајовски – през.
Панорама – хрем.
Партизанска – ход.
Пелистер – ор.
Перо – м.л.и.
Петковски – през.
Планинарски дом на Водно – ојк.
Пирамида – хрем.
Полог – ор.
Попе – м.л.и.
Путник – хрем.
Пчиња – хидр.
Рада – ж.л.и.

Радица – ж.л.и.
Рекорд – хрем.
Ријека – ојк.
Ристиќеви – фам.и.
Ротцангла – прек.
Рузвелтова – ход.
Руска Плажа – урб.
Сава – хид.
Сарај – урб.
Саук Чешма – хидр.
Св. Ѓорѓија – урб.
Сенка – ж.л.и.
Серава Маало – ојк.
скопјани – етн.
скопјанки – етн.
Скопје – ојк.
Скопска Котлина – ор.
Скопска Црна Гора – ор.
Скопско Кале / Кале – урб.
Слободан – м.л.и.
Слон – прек.
Снежана – ж.л.и.
Софија – ж.л.и.
Софија – ојк.
Софка – ж.л.и.
Спасо – м.л.и.
Спиро – м.л.и.
Стаклара – хрем.
Стојан – м.л.и.
Столе – м.л.и.
Стоимир – м.л.и.
Тале – м.л.и.
Тања – ж.л.и.
Тафталице – урб.
Ташаклија – прек.
Ташкент – хрем.
Тетово – ојк.
Тиват – ојк.
Тиквешија – ор.
Титов Велес – ојк.
Трајан – м.л.и.
Треска –
Трнодол –урб.
Томе – м.л.и.
Тоци – м.л.и.
Тодор – м.л.и.
Топаана – урб.
топаанчани – етн.
Трајковски – през.
Трајче – м.л.и.
Трошарина – урб.
Трпко – м.л.и.
Трпкојца – андр.
Трпимир – м.л.и.
Турист – хрем.
Турска – м.топ.

Турчин – етн.

Универзална сала – урб.

Уред (разг. за Градска болница) – урб.

Флегма – прек.

Хрват – етн.

Хрватска – м.топ.

Цвета – ж.л.и.

Цветко – м.л.и.

Центар – урб.

Цобе – м.л.и.

Чаир – урб.

Чардак – хрем.

Џими – м.л.и.

чаирчани – етн.

Чаушот – прек.

Џамбазот – прек.

Џубокс – хрем.

Шар Планина – ор.

Шваљерот – прек.

Шерка – ж.л.и.

Шишко – м.л.и.

Summary

The subject of this paper is the collection of old-Skopje short stories by the author Borche Boki Trajkovski, known as “Burgija,” which is dedicated to Skopje and the people of Skopje through more than fifty extremely interesting stories. His narration conveys the idea that personal memory, as well as one’s own power and perseverance in remembering, form the basis for a certain ethnic self-understanding. Therefore, not every resident of Skopje can be called a “Skopjanec,” regardless of their generational belonging to this city.

According to the author, Skopjans are those who breathe through the pores of this city, who experience Skopje as the most beloved place even in the hardest moments, and who know how to share those feelings wholeheartedly with their fellow citizens.

What draws me to this collection, of course, is the authentic Skopje dialect, as well as the style through which the author retells old Skopje tales. In them, the old Skopje neighborhoods are mentioned, as well as the already half-forgotten microtoponyms of various types (urbanonyms, chrematonyms, hodonyms, etc.). In the choice of anthroponyms, the author offers an interesting repertoire of nicknames, some of which are partially familiar to me.

Undoubtedly, this collection is interesting reading also for dialectologists, because the old Skopje dialect is preserved in it with all its specific features, which are slowly disappearing as a result of the mass migrations toward our capital city.

ЛИТЕРАТУРА

Грковић М., 1977: *Речник личних имена код Срба*. Београд: Бук Караџић.

Основен систем и терминологија на словенската ономастика, 1983, под редакција на Ф. Безлај и др. Скопје: МАНУ.

Јосифовска Мери. 2021. „Административните промени на имињата на улиците во Скопје“. *Славистички студии бр.21*, Скопје: Универзитет „Св. Кирил и Методиј во Скопје, Филолошки факултет „Блаже Конески“, 62–70.

(https://flf.ukim.mk/wp-content/uploads/2021/12/Slavisticki-studii-21.pdf).

Миовска В., Јосифовска М., 2003. „Македонските хрематоними од современ аспект“. *Metodologia badań onomastycznych,* Olsztyn: Towarzystwo Naukowe i Ośrodek Badań Naukowych, 556–572.

Станковска, Љ., 1992: *Речник на личните имиња кај Македонците*. Скопје: авторот.

Трајковски, Б., 2019: *Скопје тенкју*. Скопје: авторот.

Турецко-русский словарь, 1977, под. ред. Э.М.-Э. Мустафаев и Л.Н. Старосов. Москва: Академия наук СССР, Издателство „Руский язык“.

Encyklopedia polskie nazwy własne, 1998, pod red. Ewy Rzetellskiej-Feleszko. Wazszawa – Kraków: Towarzystwo naukowe warszawskie.PAN

Josifovska Meri. 2021. “Macedonian Equivalents of ICOS Key Onomastic Terms”. *Onomastic terminology*: The International Council of Onomastic Sciences, https//icosweb.net/publications/onomastic-terminology/.

УДК 821.163.3:373.3/.5.091.214(497.7)

Елена Јованова-Грујовска
Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков“ – Скопје
elenajovanovagrujovska@yahoo.com

Лидија Аризанковска
Филолошки факултет „Блаже Конески“ – Скопје
larizankovska@yahoo.com

Македонка Додевска
Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков“ – Скопје
makedonkadodevska@yahoo.com

КОЧО РАЦИН ВО НАСТАВАТА ЗА ОСНОВНО И ЗА СРЕДНО ОБРАЗОВАНИЕ

Апстракт: Кочо Рацин како основоположник на современата македонска литература наоѓа значајно место во наставните планови и програми по предметот Македонски јазик. Според наставните планови и програми по предметот Македонски јазик, Кочо Рацин е застапен и во основното и во средното образование. Во основното образование се предава како наставна единица во осмо и во деветто одделение, а во средното образование се предава како наставна единица во трета година средно гимназиско образование, обично, се сместени во програмското подрачје: литература.

Клучни зборови: Кочо Рацин, наставни планови и програми, наставен предмет Македонски јазик, основно образование, средно образование.

0. Вовед

Како основоположник на современата македонска литература, Кочо Рацин зборува за себе преку пишаниот збор, преку својата поезија, преку своите дела. Неговото име, неговиот живот и неговото творештво се среќаваат во текстовите на повеќе македонски книжевни критичари и теоретичари. Според Димитар Митрев „Повеста на современата македонска поезија почнува со името на Кочо Рацин, а според Георги Старделов „Во Рациновата епоха ние се среќаваме со појавата на модерната македонска литература“ (Андоновски и др. 2009: 224).

Во коавторскиот прилог ќе се обидеме да ги разгледаме и во кратки црти да ги претставиме методичките единици поврзани со животот и делото на Кочо Рацин и неговата застапеност во наставната програма по предметот Македонски јазик во основното и во средното образование.

1. Кочо Рацин во наставните програми по предметот Македонски јазик во основното и во средното образование

Од наставните програми по предметот Македонски јазик за основно и за средно образование може да се види дека Кочо Рацин во основното образование се среќава како методичка единица во осмо и во деветто одделение, а во средното гимназиско образование во трета година.

Податоците за наставните програми и методичките единици во основното образование се собрани од наставничката по македонски јазик, Фросина Златевска од ООУ „Св. Кирил и Методиј“ во Свети Николе, а во средното гимназиско образование од професорката по македонски јазик, Деспина Буцевска од гимназијата „Орце Николов“ во Скопје.

Според наставната програма по предметот Македонски јазик за осмо одделение како методички единици за Рацин се среќаваат: Поим за социјални песни и обработка на песната „Денови“ и Поимот елегија и анализа на песната „Елегии за тебе“. Првата методичка единица се предава на два училишни часа. На првиот училиштен час се предава за Творештвото на Кочо Рацин, а на вториот училиштен час Зошто Рацин е значаен во македонската книжевност?, методичката единица се предава на еден училиштен час и е посветена на поимот елегија и на песната „Елегии за тебе“.

Според наставната програма по предметот Македонски јазик за деветто одделение се среќаваат две методички единици за Рацин: Рацин – македонската литература меѓу двете светски војни и Животот и делото на Рацин. Првата методичка единица се предава на првиот училиштен час во месец септември, а втората методичка единица е посветена на животот и творештвото на Рацин. Учениците од деветто одделение имаат за задача да спроведат истражување и да направат презентација за Рацин.

Во деветто одделение стихозбирката „Бели мугри“ од Рацин се обработува како лектира од програмата за изборни лектири. Стихозбирката „Бели мугри“ е објавена во 1939 година во Самобор, крај Загреб. Таа содржи 12 песни објавени на македонски јазик и напишани на кирилско писмо.

Според Џек Тресидер (Речник на симболи 2001: 15, 85), значењето на насловот на стихозбирката „Бели мугри“ е: белата боја како апсолутна боја на светлината, чистотата, вистината, невиноста, пожртвуваноста и на божественоста, а мугрите како симбол на надежта и младоста, односно како очигледни симболички асоцијации што ги раѓа изгревот на сонцето и почетокот на новиот ден.

Според наставната програма по предметот Македонски јазик за трета година гимназиско образование се среќаваат три методички единици: Пова-

жни биографски податоци за Рацин и живот исполнет со револуционерна борба и творештво, Кочо Рацин – „Бели мугри“ и Стилски особености и значење на македонската поезија. Трите методички единици за Рацин се предаваат на три училишни часа.

Во учебната 2001/2002 година во наставната програма по предметот Македонски јазик, Рацин и песната „Елегии за тебе“ се среќаваше како методичка единица за осмо одделение во Читанката од Косара Гочкова, издание на Просветно дело 1996 година.

Според Петковска (2010: 289), „македонскиот јазик како ниеден друг образовен предмет, е во најнепосреден однос со процесите во човечкото мислење. Основните задачи што треба да се реализираат по предметот Македонски јазик се: кај учениците да се развива мислењето преку слушање, говорење и пишување на стандарднојазичната норма на македонски јазик, да се запознае неговата природа, учениците да ги развиваат способностите за изразување и творење, комуницирање, како и да ги запознаат и да ги доживуваат уметничките вредности на литературните дела и врз основа на тоа кај нив да се развиваат чувствата, моралните, естетските и уметничките вредности“.

Во учебникот Македонски јазик за осмо одделение од Снежана Велкова и Соња Јовановска се среќаваат методичките единици за Рацин: Поим за социјални песни и обработка на песната „Денови“ и Поимот елегија и анализа на песната „Елегии за тебе“. Во учебникот Македонски јазик за деветто одделение од истите авторки се среќаваат методичките единици: Рацин – македонската литература меѓу двете светски војни и Животот и делото на Рацин, а во учебникот Македонски јазик и литература за трета година гимназиско образование од Венко Андоновски, Марјан Марковиќ и Глигор Стојковски, издание на Култура од 2003 година, се среќаваат следниве методички единици: Поважни биографски податоци за Рацин и живот исполнет со револуционерна борба и творештво, Кочо Рацин – „Бели мугри“ и Стилски особености и значење на македонската поезија.

На крајот во прилогот ќе ставиме акцент на коавторската статија „Сложенките во поезијата на Рацин и нивната симболика во литературата“, од коавторките Лидија Аризанковска и Македонка Додевска, од научната конференција „Рацин меѓу Мисирков и Шопов“ во рамките на „Рацинови средби“, одржана во Велес, на 12 јуни 2023 година. Во тој период Рацин пишувал на повисок стил, бил креативен и иновативен во формирањето на сложенки кои ги запишувал во својата стихозбирка „Бели мугри“.

Извадоци од песни од стихозбирката „Бели мугри“ во кои се среќаваат сложенки:

пример 1: (Тутуноберачите, стр. 23)

...и на долга низа од капки пот

и надеж со клетва и зелена јад,

со крвав поглед на очите матни

по кревките лисја **жолтозлатни**

прикаска горка на живот клет

нанижи безгласна, а така јасна.

пример 2: (Елегии за тебе, стр. 39)

Одев со глава замаен

наведнат, мртов, зачмаен,

одев со грутка на срце

и **каракамен** на гради.

пример 3: (Копачите, стр. 69)

Да прокопаме меко

полињата родни

афион, тутун, житце,

да родат **благородни**.

Заклучок

Од коавторскиот прилог Кочо Рацин во наставата за основно и за средно образование може да се заклучи дека иако Рацин живеел живот од неполни четири децении, зад себе оставил богато и разновидно, во жанровска смисла, творештво кое се смета за пресвртна етапа во развитокот на поновата историја на македонската книжевност. Рацин за македонскиот народ е едно чудесно обединување на две гласовити составки, на борец и на творец,

односно нишка што ги поврзува минатото, сегашноста и иднината. Рациновото творечко дело е жанровски разновидно, содржински маркантно, а уметнички неповторливо, специфично и оригинално. Сметаме дека методичките единици за Кочо Рацин во наставата за основно и за средно образование треба да бидат застапени со уште по два наставни часа во наставните програми.

На крај завршуваме со цитатот на Димитар Митрев: **Рацин е свет во светот на македонската литература.**

Summary

From the co-authored contribution Kočo Racin in the teaching of elementary secondary education, it can be concluded that although Racin lived for less than four decades, he left behind a rich and diverce, in terms of genre, work that is considered a turning point in the development of the recent history of Macedonian literature. Racin for the Macedonian people is a miraculous unification of two famous compositions, a fighter and the future. Racin's creative work is diverse in genre, striking in content, and artistically unique, specific and original. We believe that the methodological units for Kočo Racin in the teaching of elementary secondary education should be represented by two more teaching hours in the curricula.

Литература

Андоновски, В., Марковиќ, М., Стојковски, Г. 2003: *Македонскиот јазик и литература за III година за реформираното гимназиско образование*, Култура, Скопје.

Аризанковска, Л., Додевска, М. 2023: „Сложенките во поезијата на Рацин и нивната симболика во литературата“, Научна конференција „Рацин меѓу Мисирков и Шопов“ во рамките на „Рацинови средби“, одржана во Велес, на 12 јуни 2023 година (во печат).

Гочкова, К. 1996: *Читанка за VIII одделение*, Просветно дело, Скопје.

Петковска, Б. 2010: „Македонскиот стандарден јазик како средство и содржина во одделенската настава“, *Меѓународен македонистички собир*, Филолошки факултет „Блаже Конески“, Скопје, 289–295.

Рацин, К. 1981: *Бели мугри*, Мисла, Скопје.

Тресидер, Ц. 2001. *Речник на симболи*, Три, Скопје.

УДК 811.163.3’373.7:821.163.3
УДК 821.163.3:811.163.3’373.7

Лилјана Макаријоска[1]
Бисера Павлеска-Георгиевска[2]

ВАРИЈАНТНОСТА КАЈ ФРАЗЕМИТЕ ВО ДЕЛАТА НА ЖИВКО ЧИНГО

Апстракт: Предмет на нашиот интерес е фразеологијата во делата на писателот Живко Чинго, којшто покрај афирмирањето на стандардните фраземи, ја збогатува македонската фразеологија со интересни модификации и трансформации на фраземите. Во анализата како најзастапени се издвоија лексичките варијанти, на пр.: *црвен како рак/заклан/зрел патлиџан, молчи како камен/исечено дрво, кротак како јагне/питома стока*; неколку вида модификации, трансформации на стандардната форма на фраземата со промена на граматичкиот состав или на распоредот на компонентите, на пр.: *во носот му дојде душата*, *глава на рамена не остана*; со испуштање делови од фраземата: *му тече меѓ (од устата), на (врвот на) јазикот му е, (беѓа) ѓаз преку глава*; додавање компоненти: *блее како ѓурѓовденско јагне; црвен како петринско вино;* а има и комбинации на повеќе типови варијанти, односно фразеолошка игра на зборови: *го чека како топол леб, како пијани пчели одат горе-долу, го изеде како јаболко* и др. Овие промени се следат кај повеќе групи фраземи: соматските, зоонимските, фитонимските и др.

Клучни зборови: фразеологија, фраземи, варијантност, литературен стил.

Фраземите се уникатен лингвистички феномен чие разбирање бара и познавања на културата, менталитетот, традицијата на народот и со оглед на тоа што ја истакнуваат и културно-националната специфика на конкретниот јазик, тие се особено актуелни и интересни за истражување. Поради можноста да се одговори на голем број прашања и предизвици од ваков тип, секој труд од оваа област има особен придонес не само во лингвистичките туку и во етнолошките, културолошките и други истражувања (Макаријоска, Павлеска-Георгиевска 2024: 7).

Фразеологијата има посебна улога во формирањето на јазичната слика на светот и во претставувањето на меѓукултурните односи. Таа го обединува во себе системот на вредности, јавниот морал; го изразува односот со околниот свет; претставува „огледало“ во кое општеството ја идентификува националната свест; ја одразува посебната слика за светот (Goshkheteliani 2019: 20). Националната културна компонента на фраземата го отсликува и

[1] Универзитет „Св. Кирил и Методиј“, Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков“ – Скопје, makarijoska@imj.ukim.edu.mk

[2] НБРСМ, bisera_pavleska@yahoo.com

начинот на вербална симболизација на актуелните реалии коишто се во основата на животот на една нација, што се отсликува преку употребата на културните концепти во јазикот.

Современите писатели користат различен избор на јазични средства, но она што ги обединува е и употребата на фраземите. Впечатливо е што ако го разгледаме творештвото и на само еден автор, можеме да издвоиме богат фразеолошки материјал којшто е застапен и во други дела. Кога се зборува за функцијата на фраземите во рамките на литературниот текст, најчесто се поаѓа од нивната улога во воспоставувањето интеракција помеѓу нивната форма и/или значење и контекстот на нивната употреба, со други зборови во обезбедувањето структурни, лексички и семантички врски во целиот текст, поединечни поглавја, пасуси, реченици. Оттука, се смета дека тие ја обезбедуваат целовитоста, единственоста на текстот.

Јазикот на писателот ги одразува општите процеси на јазичниот развој, тој е воопштен, ослободен од случајното и површното, го одразува живиот говор и, во крајна линија, е високо естетизиран. Фразеолошката креативност на писателот се одразува во обновувањето на вообичаениот контекст на употреба на фразеолошките единици, коишто кога се наоѓаат во ново окружување, можат да претрпат разни семантички, граматички, структурни промени (Бабовиќ 2021: 112).

Во нашиов труд ја проследуваме функцијата на фраземите во делата на плодниот писател Живко Чинго, нивните структурни и семантички промени, а особено внимание им посветуваме на примерите коишто досега не се забележани во ниту еден лексикографски труд од областа на фразеологијата, односно на поинтересните лексички варијанти и на неколку вида модификации. Чинго е препознатлив по народниот колоквијален раскажувачки стил својствен безмалку за сите негови прозни книжевни дела – и романи и раскази – за кои читателот го има впечатокот дека се раскажани во еден здив (Младеноски 2022: 316). Фраземите се мошне често застапени во неговиот јазичен израз, што ја потврдува нивната функција и нивниот влог за успешноста на литературното дело. Во неговиот јазик издвоивме над 700 различни фраземи, при што треба да имаме предвид дека поголемиот дел од овие фраземи ги користи повеќе од еднаш.

Општоприфатените дефиниции на фраземите укажуваат на непроменливоста на нивната структура како една од нивните главни карактеристики, но сепак следиме и тенденција за разни модификации и трансформации. При трансформацијата, односно модификацијата на фраземите се користат различни средства и најчесто се менува нивната структура, поретко семантиката, па се врши на пр. замена, испуштање на компоненти, проширување на фраземите со дополнителни елементи и сл.

Во однос на варијантноста, обично се упатува на варијанти на фонетски, на морфолошки, на лексички план, на планот на зборообразувањето, на синтаксички план, а има и комбинации на повеќе варијанти (Benzon 2006: 86–87). Варијантите се состојат од два дела, еден непроменлив, којшто е

централен и ја олеснува идентификацијата на фразеолошката единица и друг, променлив. Нивната затврденост подоцна се потврдува преку употребата. Некои варијанти се почести од други, а честата употреба е во директна врска со нивното препознавање и компетенцијата на говорникот (Тривиќ 2015: 44).

За разлика од варијантите, за модификациите се смета дека се ситуациски обусловени, иновативни и тесно поврзани со конкретен текст или комуникациски акт. Најчести видови модификации се трансформациите на стандардната форма на фраземите со промена на граматичкиот состав или распоредот на компонентите. Во фразеолошките игри на зборови, авторите обезбедуваат услови фраземите да се прочитаат на двата начина (т. е. со нивното буквално и со нивното преносно значење) и тоа да одговара на текстуалната околина, а во текот на тој процес се создаваат намерни двосмисленост (Fiedler 2015). Токму за ваквите, т.н. оказионални фраземи се смета дека најмногу ја поттикнуваат фантазијата кај примачот на пораката (Ватева 2011). Во однос на термините што се поврзуваат со нестандардните изместувања, промените на стандардната форма на фраземите, најшироко употребуван е терминот трансформација, а со него се поврзуваат и модификација, преобразување, измена на фразеолошките единици итн. (Андреева Димитрова 2016: 26).

Одредени автори инсистираат на дистинкција меѓу варијантите (Тривиќ 2015: 43 сп. Гарсија-Пахе 2008, Корпас Пастор 1996, Сулуага 1980), што се сметаат за формални измени кај некоја јазична единица, кодифицирани и институционализирани (нормирани), значи прифатени во дадена говорна заедница, и варијациите коишто се спорадични, маргинални измени што не му припаѓаат на дадениот јазичен систем. Основната разлика е во тоа што кај вистинските фразеолошки варијанти нема промени во значењето, додека варијациите подразбираат одреден степен на семантичко поместување.

Како позастапени типови варијанти во рамките на нашата анализа се издвоија оние на морфолошки план, на планот на лексиката, на зборообразувањето и на синтаксата, а меѓу модификациите најзастапени се фраземските проширувања, фраземските игри (на зборови) итн., а пронајдовме и комбинации на повеќе типови варијанти.

Сепак, заради обемноста на материјалот ќе се задржиме на некои поинтересни варијанти на лексички план и на неколку вида модификации, поточно на трансформациите на стандардната форма на фраземата со промена на граматичкиот состав или распоредот на компонентите, на испуштањето делови од фраземата, додавањето компоненти или фраземското проширување, фразеолошката игра.

1. Во рамките на **лексичките варијации** може да се менуваат не една, туку неколку компоненти, но само во рамките на истиот синтаксички модел, без значително да влијаат врз промената на значењето на фраземата (Бабовиќ 2021: 122). Во нашава анализа според бројноста се изделуваат примерите во кои варира именката, при што таа е заменета најчесто со друга, синонимна

или несинонимна[3] именка, но има и примери кога е заменета со придавка (спие како топ/*заклан*); прилог (копец на устата/*занавек*); зборовен состав (на пр. бега како крадец/*мрави црни*/*со опашката в газ*; го чува како гулаб/*своите очи;* молчи како камен/*исечено дрво*; кроток како јагне/*питома стока*; црвен како рак/*зрел патлиџан*/*петринско вино*; убав/личен како ангелче/*турско благо*) и др.:

Алах/Господ да ти е напомош ‘благослов’: Алах да ти е напомош! (Баб: 248); И Алах и Господ да ни е на помош, ефендија, ќе ни требаат сите светци и пресвети (Баб: 243);

бега како крадец/мрави црни/бега со опашката в газ ‘се крие, бега исплашено, во паника’: Војниците си одеа скришно. Бегаа во ноќите како крадци (Пас: 23); Назадечки почнавме да се враќаме. Да бегаме како крадци (Пас: 107); дошто беше турски човек зеде најпотребното само глава да се спаси и да бегат, како мрави црни по полето удолу (Баб: 260); Пијаниот, како што се знае е полош од будалата, ја грабнува секирата, појдува по детето, тоа бега со опашката в газ, бега преку плотој, преку сè (СС: 62);

благ како мед/шеќер ‘многу благ, сладок’: Ај сега со ред целивајте царска круна, блага како мед! Ха, ха, ха! (Сур: 524); се мели само за Ден или, недај боже, за таков ред, како задуша пресна, пробај блага е како шеќер! (Сур: 414);

блее/блека како јагне/овен ‘вреска, жално плаче, тажи’: Чуварот ќе заблее „Бе-бе-бе“, како јагне (Раб: 713); Ќе блекаш шуто, ќе блекаш ти како овен рогат кога бубрежињата бели му ги кршат! (Сур: 507);

глува доба/глув час ‘длабоко во ноќта, многу доцна во ноќта’: Само колку е саатот, да не ги пробудиме наречниците во глувово доба (Раб: 713); виде тој како во глуво доба од кога сите заспаја, тој го отвори вратничето (Баб: 223); се јавуваат понекогаш такви птици во доцен, глув час (СС: 22);

го чува како гулаб/своите очи ‘се грижи за некого/нешто со големо внимание’: Леме, зашто како мое дете сум те имала, тоа да го знаеш! Сум те чувала како гулаб, да знаеш! (ГВ: 9); Ги чуваа како своите очи, иако од нив немаа никаква корист. (Пас: 59);

гувее како гугутка/невеста ‘се срами, ништо не вели’: Зетчето ни спие како јагне, а невестата гувее како гугутка, кај што ја оставив таму ја најдов (Баб: 212); Со огниште, со камара, седело за квачката, со амбарче, со рогозиња (дење собрана во ќошето гувее како невеста, а ноќе се постила на земјениот под за легинање) (СС: 17);

има душа како ангел/блага душа/чиста душа/топла душа ‘смирен, кроток’: Стрико Пане, ти што имаш душа како ангел, отвори го својот амбар. (Пас: 42); човекот терговец приказќија беше евтинќија има блага душа, нели,

[3] Се работи за примери во кои замената на една со друга несинонимна компонента не внесува ново значење, односно не го менува значењето на фраземата и всушност се работи за примери на фразеолошка синонимија, за разлика од авторските трансформации или оказионализмите, коишто уште може да се сретнат како фразеолошка игра на зборови.

каква што му беше стоката...“ (Баб: 7); Никола Савески имаше чиста душа, ѓаволе еден, – ќе речеше со писклив глас една од сестрите. (Пас: 42); добар народ, гостопримливи, без гајќи што белат ама со топла душа. (Баб: 270);

како да се бори со лош ветар/лоша стија ‘се измачува, се бори со невидлива сила’: ги испружи рацете пред себе и како да туркаше нешто од себе, како да се бореше со некој лош ветар, со некоја лоша стија што беснееше во воздухот (Пас: 74);

како прасе се опијува/се пијани како магаре ‘многу се опива’: како прасиња се опијувавме, се тркалавме низ патиштата, низ двориштата (СС: 133); Овде и децата можат да се пијанат како магариња. Момчето е пијано, – рече чичко Глог (Пас: 153);

како сенка/ошумоглавено живинче лунsа ‘осамено, избезумено талка’: Понекогаш и откога ќе си легнеа децата, се искрадував и како сенка, како ошумоглавено живинче лунsав крај sидот. (ГВ: 150);

камен/карпа му падна од душата ‘му олесни’: Уф, што камен ми падна од душава (МПраз: 311); Двапати здраво! − рекоа стриковците, карпа им падна од душата (СС: 16);

копец на устата/занавек ‘замолчи; засекогаш ќе молчи’: од него само еден збор веќе само еден збор може да се чуе; читајќи, туку ќе си рече. „Копец на устата, човеку!“ (Сур: 423); Деца, само уште една дума и копец занавек (Сур: 472);

кроток како јагне/питома стока/мравка ‘многу мирен, тивок, кроток човек’: Дај им боја и тие за ништо повеќе не ќе ти додеваат. Стануваат кротки како јагнињa, ех, луди! (ГВ: 27); срамежливо ведне глава кон земјата, се срамува, кротко, како јагне (ГВ: 109); тој беше далеку од тоа пусто, кално поле, далеку од црната колона несреќни, кротки како јагнињa деца (ГВ: 14); Што ќе биде сега ова, – рекоа луѓето подисплашено, – да не доаѓа потоп, – изустија и сите, и мажи и жени, и стари и млади, кротки како питома стока исполегнаа на земјата (Пас: 52); Како, како да се распознае сега таа убава, таа како мравка што беше кротка Босилка Кочоска (ГВ: 54);

лази како полжавче/црв ‘ползи, лази бавно’: За да се спасам, морав да легнам на мев и да лазам како некое полжавче (СС: 25); Аку, сега тие нека бидат први, дете, ама после ќе ми лазат како црви, ха, ха, ха! (Сур: 435);

лице како зрело јаболко/вишна ‘свежо и здраво лице’: Неговото тркалесто и светло лице како зрело јаболко беше потемнето и многу бразди го имаа ишарано високото чело (Пас: 45); Еден пролетен ден таа мирно, спокојно и дури многу задоволна, со лице како зрела вишна, седеше спроти сонце (Пас: 19);

молчи како камен/исечено дрво ‘само молчи, ништо не зборува’: Луѓето молчеа како камења. Никој не знаеше што всушност се работи и каков е овој погреб. (Пас: 153); Но сега молчеше како исечено дрво, отсутно загледан во небото. (Пас: 78);

на овој и на оној свет/век ‘и на живот и по смртта, засекогаш’: Земи ме, Веселниче, роб и на овој и на оној свет ќе ти бидам (МПраз: 267); Вистина, кај сме Гале? Горе, долу, на овој или на оној свет? (Раб: 686); земи ме, жити мајка, верна-преверна ќе ти бидам... роб и на овој и на оној век ќе ти бидам. (Пас: 31);

од лелајка/пелени ‘од раѓање’: Имам од пелени, од лелајка една пуста голема мана, ќе пукнам ако не се насмејам. (ПОН: 564);

се (из)даваат како кучиња/пци ‘се задеваат, се борат’: И најпалавите, кои се давеа како кучиња, и оние што со ништо не можеш да ги запреш, кога ги видоа Етриевите, брзо престанаа со играта (СС: 114); Е, Богдан, сѐ околу како смрека вивнува, не се издржува. Ако не беше Ген, сигурно во тој миг ќе се издавевме како пцишта, ќе си ги искршеве главите со стапчињата (СС: 93);

се крие како глушец/пиле под кошула ‘се крие плашливо; се срами да се покаже’: Децата тогаш одред избезумуваа, гледате како поштукнати бегаат, се кријат како глувци насекаде во домот (ГВ: 27); Срамно е, О царице мила, што толку народ се поништи, а Царот како пиле под кошула главата си ја крие! (Сур: 489);

спие како топ/заклан ‘цврсто спие’: Сполај богу, спијат како топој! (Сур: 426); Не можам толку да се сетам, спиев како заклан! (Сур: 431); ’рчкаше стрико Мартин. Спиеше како заклан, жената имаше право. (СС: 38);

така му било пишанијата/чкртнато ‘предодредено му е од судбината’: Серце ќе ти препукне, коси ќе си кубаш, ама кое фајде, чвекот повеќе го немат, таке му било пишанијата! (Баб: 14); Збогум, кога така ми било чкртнато...! (Сур: 58);

убав/личен како ангелче/турско благо ‘многу убав’: Убаво како ангелче, – повторуваше мајката Огулиница (Пас: 20); Аман, по секоја цена ќе си купиш капа и тоа гледај од оние со амајливчиња, лични како турско благо (ГД: 43);

црвен како рак/заклан/зрел патлиџан/петринско вино ‘многу црвен’: Секогаш се враќаше премрзнат во спалната, рацете му беа коткосани, црвени како рак (ГВ: 157); Златно сонце, навистина таму далеку сето таму црвено како заклано во крв се давит (Баб: 235); Беше при крајот на летото, во една приквечерина, црвена како зрелите патлиџани во градините. (Пас: 40); Црвен сум како петринско вино. – Огулин го подаде своето црвено, тркалесто лице кон војникот. (Пас: 21);

црн живот/црна судбина/црни времиња ‘несреќен, тежок живот, сиромаштија’: Зошто плачела, кутрата, на мама ѝ идело тогаш со лева рака да се прекрсти, ќе полудела, црн, црн живот си рече (Баб: 215); Господи, тогаш во себе си рече горка мајка, што ми додели ваква црна судбина (Баб: 211); Што е оваа црна судбина, рече кутра мајка и премалена, здивот ѝ се зеде (Баб: 214); Илајдапати сум ви рекла, гледајте, отворајте очи, црни времиња! (Сур: 445).

Бележиме и повеќе примери во кои варира глаголот, поточно се работи за примери во кои варираат предикатите изразени со различни глаголски форми:

го јаде/касна змија ‘почувствува дека ќе се случи нешто лошо, многу непријатно и опасно’: А се посравме од гурбетот, рекоја мајсторите, зборви му велат на Марка мајсторот, тој нем, го касна змијата (Баб: 33); Знаеше тој што гледа Ген, го јадеше змијата. Не ќе попушти таа, си мислеше (СС: 48);

душата му иде/му е дојдена в/на нос ‘многу се измачи поради нешто; се исплаши силно; преморен е, исцрпен’: Тоа беше тешка навреда за стрико Мартин, душичката му идеше на нос (СС: 49); Му го плесна, душата му беше дојдена в нос, ајде му велит, удри! (Баб: 237);

жив в земја не се влага/се може ‘кога нешто е невозможно да се случи’: и веќе немаше сиромавиот каде, во себе си го рече – од пишаното, Ило, не се бегат, жив в земја не се влага, дури пулат очи оди, биди човек (Баб: 270); Гајрет синко, друго не ти знам, а и жив в земја не се може (МПраз: 345);

затрепери/се тресе како лист/листе ‘се исплаши, затрепери од страв’: Толку силна, што во тој миг да те натера да затрепериш како лист (СС: 70); Девојките пред неа се тресеа како лист на гранка. Проклет да бидам, како лист на гранка. (ГВ: 106); сè уште бев на таванот и се тресев како последно листе (СС: 128);

како коса мине/фучи ‘остро и брзо’: Насекаде наоколу беше глуво, само лутиот ветер остро, како коса минеше над земјата (ГВ 76); А ветрот пак како коса фучи, како да не беше тоа пролет (Пас: 117);

липа/се расплака како дете ‘неутешно плаче’: ги допираше со раце своите голи коленици што ѝ се подаваа под кусиот летен фустан и липаше како дете (Пас: 67); А со мене дури и не зборуваше, се расплака Лилјакот како дете и си ја стави главата на моиве гради (Пас: 65);

око да не извади/да остане ‘многу привлечен за гледање’: око да не извадиш од неа, таква една убавина (СС: 22); Со срми, со злата, со тие пискули, работи, око да ти остане во конзулите (СС: 76);

си ја пули/гледа капавицата/патот ‘си ја гледа својата работа и не се меша во туѓата’: Пули си ја капајцата, Ефродиче, тоа јас ќе речам! (Раб: 641); Ај ветришта фатиле, оставете го човекот нека си го гледа патот! (МПраз: 372);

се згреши/се мрдна/се поштукна во умот ‘побудале’: Царот се мрдна, се згреши во умот, тоа е најголемата штета! (Сур: 435); И мало и големо полудело. Сите се мрднале во умот! (Сур: 427); Ќе сум се мрднела од местово, да се мрднеш од умот! (МПраз: 251); Ама пустиот стар, пак ѓавол му влезе и нему, сосема се поштукна во умот (Пас: 83);

срцето му прсна/се кине ‘го измачува голема болка, тага; умре’: ах стопанка и живот наш, ќе пцовисаме како глувци, срцево ќе ни прсне, а збор не ќе речеме (Пас: 73); Срцево му се кине, белким пак ќе мине! (МПраз: 378);

црвецот проработи/(го) гризе ‘му се разбуди сомнежот, лоши мисли’: сега и тоа му го кажа, повторно црвецот во него проработи, почна да го гризе, пак му се јави тој страшен сон (Баб: 223).

2. За **модификациите** на фраземите се смета дека се ситуациски обусловени, тесно поврзани со конкретен текст. Во рамките на модификациите на стандардната форма на фраземата ги вбројуваме структурните варијации или промената на распоредот на компонентите во една фразема. И во делата на Чинго посебно се издвојуваат варијациите што произлегуваат од фраземски проширувања со дополнителна компонента/компоненти, како и варијациите што произлегуваат од процесот на редукција, односно испуштање компонента/компоненти (најчесто на глаголот), а има и примери на т.н. игра на зборови. Со модификацијата и трансформацијата на традиционалните фраземи во рамките на литературниот стил доаѓа до нивно пресоздавање под влијание на контекстната ситуација.

а) Трансформациите на стандардната форма на фраземата со **промена на граматичкиот состав** или распоредот на компонентите – се однесуваат на примерите кога утврдениот редослед на компонентите на една фразема е изменет и тоа честопати може да предизвика дури и нијанси на семантичко отстапување од стандардното и општопознато значење на фраземата што се менува.

Во носот му дојде душата (м. му дојде душата во носот) ‘многу се измачи поради нешто’: Чиниш некоја поразена војска се враќа од страшниот фронт, во носот им дошла душата (СС: 103);

во црно завиткан (м. завиткан во црно) ‘тажи, жали за нечија смрт’: Неискажлива е маката, Цару мој! За никаде и доникаде е Шведија твоја, целата во црно завиткана, ужас! (Сур: 525);

во џигерот го изгоре (м. го изгоре во џигерот) ‘му нанесе тешка душевна болка’: Срцево ми колнит, Тате. Во џигеров ме изгореа, ќе ми веруваш или не? (МПраз: 298);

вратето му го скина како на врапче (м. му го скина вратот како на врапче) ‘го уби, го казни со најстрога казна’: и друго да речеше, на пример, тоа вратето ќе ти го скинам како на врапче. (СС: 19);

глава изгуби (м. изгуби глава) ‘загине, настрада; се избезуми’: ако има господ, да излеземе од војната, да куртулиме, зар сега глава да изгубиме (СС: 74);

глава крши (м. крши глава) ‘си оди, непожелен е; оди си!’: па кажи ни ја вистината. Кажи каде глава да кршиме. (Пас: 25); Да бега, глава да крши, каде да бега? (Пас: 37);

глава на рамена не остана (м. не остана глава на рамена) ‘загине, настрада’: Алах да ти помогне, аку од тоа се куртулиш долу не ќе се спасиш, уште таму никому глава на рамена не му останала. (Баб: 258);

глава скината (м. скината глава) ‘сличен некому, наликува многу на некого’: да не се родеше Бабаџанот, сега ти ќе бидеш Арбулески, глава скината (Баб: 45);

глава спаси (м. спаси глава) ‘се спаси’: дошто беше турски човек зеде најпотребното само глава да се спаси и да бегат (Баб: 260);

дерман не му дава (м. не му дава дерман) ‘не му дава мир’: После го гледате како на сите буништа стопан се прави, дерман не им дава на кокошките (СС: 124);

душман му е водата (м. водата му е душман) ‘не сака да се мие’: А за миење, за вода не речи му! Душман му е водата! (СС: 61);

залак еден не става в уста (м. не става еден залак в уста) ‘ништо не јаде’: Боже, колку е попуштена, бледа, сиве деној залак еден не стави в уста! (Сур: 18);

како воденица брзо меле (м. меле како воденица) ‘многу брзо зборува без престан’: Потоа тој зборуваше уште долго, како воденица што брзо го меле житото и прави меко брашно (СС: 31);

како камен нем (м. нем како камен) ‘ништо не зборува, само молчи’: Луѓето како камења неми, од силна бура донесени, растурени, оставени на земјата (Пас: 25);

како кош сламарски (м. како сламарски кош) ‘голем, широк (во стомакот)’: со опроштение, како кошој сламарски се принцезите во мевојте (Сур: 483);

како со секира го пресече (м. го пресече како со секира) ‘го прекина грубо’: тој како со секира ќе те пресече со еден збор и ела не слушај го што прикажува (СС: 14);

како тупаници јајца (м. јајца како тупаници) ‘големи, крупни јајца’: се разнесоја јајца кокошките, јајца, умот да ти зајди од јајца по патиштата и трњето и олкавај, како тупаници, јајца на масло, што велат, големи чуда (Баб: 198);

како ут гледа во подот (м. гледа во подот како ут) ‘се засрами’: Од него песна! Како утови гледавме во подот. (СС: 112);

кругот се затвора (м. се затвора кругот) ‘положбата е безизлезна, безнадежна; околностите се редат така што не може да се најде излез’: Кругот се затвора, очајнички крик: „Луѓе, јас сум Принцот!“ (Сур: 40);

мајчиното млеко го поврати (м. го проплука мајчиното млеко) ‘доживеа страшни маки, жестоко настрада’: полуто ќе вие од бесна волчица на која ловците породот ѝ го зеле, мајчиното млеко ќе го поврати (МПраз: 347);

мирудија во секоја манџа (м. во секоја манџа мирудија) ‘се меша во секоја работа’: Не мешај се, Свате! Мирудија во секоја манџа, Тате! (МПраз: 262);

под око гледа (м. гледа под око) ‘скришно погледнува’: Таа ѓаволски подоко го гледаше и му се потсмевнуваше. (Пас: 58).

б) Најчестиот вид на **редукција** на фраземите е елипсата или испуштањето, а обично се испушта глаголот. Се смета дека ваквиот вид модификација не внесува промена во значењето, но според некои автори со редукцијата се постигнува поголема експресивност на говорот, односно му се дава дополнителна емоционално-експресивна нијанса, а редуцираните единици, претставуваат оказионални трансформации на фраземите (Бабовиќ 2021: 133, сп. Третьякова 2011: 145). На пр.:

(дојде) второ пришествие ‘последниот, судниот ден, крајот на светот’: се исполни речта на синот божји, почнаа огновите, второто пришествие. (Пас: 35);

(бега) газ преку глава ‘бега со голема брзина, во паника’: ја фрли чалмата, пушката и газ преку глава, право кај валијата (Баб: 259);

зијанот и ќарот (се) браќа ‘загубата и добивката понекогаш се случуваат истовремено’: Зијанот и ќарот браќа, Мајсторе! (Сур: 455);

(како) гром од ведро небо ‘нешто сосем неочекувано, дојдено со големо, обично непријатно изненадување’: за Брак, за кого умираа сите селски убавици од околијата, тоа за Брак беше куршум в чело, гром од ведро небо. (Пас: 103);

му тече мед (од устата) ‘слаткоречив е’: На некоја, ете, устата ѝ станала блага, мека, чиниш ѝ тече мед, друга те изненадила со долг и светол поглед, мил (ГВ: 109);

на (врвот на) јазикот му е ‘сака да каже нешто’: ...во брзината заборавив да прашам како иако за целото време тоа на јазикот ми беше – и така го пуштив срцето, му раскажав за средбата со светиот Август. (СС: 53);

тврд (како) камен ‘тврдоглав; бесчувствителен’: мојот ем сакат, ем улав внук, се кинеше од смеја, ама речете ѝ на таа тврда камен Анка (Баб: 247);

јака е (како) маска ‘јадра и здрава жена’: јака е, маска, само со поскури ранета, колковите ѝ играат, светица, рацете ѝ треперат, бели, неработени (Пас: 28).

в) Се смета дека **фраземското проширување** (додавање зборови) најчесто се прави за да се даде подетален опис на настаните, за подобро и подлабоко разбирање на она што авторот сака да го каже, при што и самиот го изразува сопствениот став спрема она што се случува, опишувајќи ги своите емоции (Бабовиќ 2021:133). На пр.:

бегаат како мрави *црни* ‘бегаат во паника’: дошто беше турски човек зеде најпотребното само глава да се спаси и да бегат, како мрави црни по полето (Баб: 260);

блее како *ѓурѓовденско* јагне ‘вреска, жално плаче’: Најарно ќе ми блееш ти снајче, како ѓурѓовденско јагне ќе ми блееш (Сур: 414);

вие како *самоӣен* волк ‘вие, завива’: Свири ли свири, вие како самотен волк (ПОН: 609);

во меот како *сламарски* кош ‘дебел е, со голем стомак’: И директорот да си го Е. е труден, аха, и нив ги наполнија, со опроштение во меот како сламарски кош, на машала! (Сур: 484);

врзана како кучка *со синџир на ѳирек* ‘заробена жена, без сопствените права’: Слобода, а јас цел живот во неслобода, да му раѓам, нозе да му мијам, калта да му ја пијам, ко кучка со синџир на дирек врзана. Горниов да види! (ПОН: 547);

збива како *преӣоварено* магаре ‘многу е истоштен, изморен’: Војска, еден зад друг врвеа. Полека, збивајќи, како претоварени магарињa (СС: 12);

и царскаӣа ќерка од пишаното не избегала ‘она што е судбински одредено ќе се случи’: Судбина, што се рекло, и царската ќерка од пишаното не избегала (СС: 41);

јаде како *жолӣо* пиленце ‘јаде по малку’: По градцки вака се јадит, госпојце мала! Цив, цив, како жолто пиленце, така! (ПОН: 613);

како ангел *ѳо небеса* ‘убав, нежен, мил’: невестата му се виде како ангел од небеса (Баб: 214);

како *кацијa* жар да му тури ‘почувствува силна душевна болка, изненаденост’: се чешка по раскопчаните гради, – нешто го гори, некој од луѓето како кацијa жар да му турил под грчманикот, ете при секој збор ги токми устите (Пас: 26);

како костен *ӣечен* пукна ‘почувствува силна душевна болка’: само еден саат за еден ден на умот ќе си дојдам, во војска со ќејф да си го испратам пак после на местото како костен печен да пукнам, леле! (Баб: 256);

молчи како *исечено* дрво ‘само молчи, ништо не зборува’: Но сега молчеше како исечено дрво, отсутно загледан во небото. (Пас: 78);

како плева *на ӷумење* ‘во многу голем број’: Народот ка плева на гумење, како да беше Дуовден, све дошло на пазаров, на свиждање (Баб: 7);

рика како ајван *врзан в ӣонѳила* ‘силно вика’: Ојлуле, ојлуле, Ојлуле, да вика, ко в пондила врзан ајван да рика (МПраз: 345);

се вее како лист *ѳо черешна* ‘растреперен е, вознемирен’: како лист од черешна се вее, како земен гледаше во Ген, како се губи, како изминува. Иста како лист од черешна, се вее, се губи. (СС: 136);

се тресе како лист *на ӷранка* ‘трепери од страв, се плаши’: Девојките пред неа се тресеа како лист на гранка. Проклет да бидам, како лист на гранка. (ГВ: 106);

се тресе како *ӣослеѳно* листе ‘трепери од страв’: сè уште бев на таванот и се тресев како последно листе (СС: 128);

црвен како *зрел* патлиџан ‘многу црвен, пурпурен’: Беше при крајот на летото, во една приквечерина, црвена како зрелите патлиџани во градините (Пас: 40);

црвен како *петрински* вино ‘румен, црвен’: Црвен сум како петринско вино. – Огулин го подаде своето црвено, тркалесто лице кон војникот. (Пас: 21);

чист како *пролетниот* ден ‘јасен, чист’: големо и чисто како пролетниот ден (ПОН: 541);

чист како роса *на ѳланка* ‘многу чесен’: Во најубајте години, ми отидве, како роса чист, капка (Баб: 14).

г) Во рамките на **фразеолошката игра на зборови** се прави замена на една или повеќе компоненти со друга или други компоненти, при што се добиваат еден вид нови фраземи, но на стари обрасци во основа со слично, сепак ново значење. Овие трансформации се индивидуални и во потесна смисла на зборот, затоа што настанале од страна на самиот автор или се работи за структурни и содржински трансформации на фраземите што не се користат надвор од контекстот на делото на одреден писател (Бабовиќ 2021: 140). На пр.:

го изеде како *јаболко* ‘го искористи’: Беше тоа добро момичиште и човек можеше да го изеде како јаболко (Пас: 75);

го чека како *тополол леб* ‘го чека со голема желба’: о стопанката нејзина, да ја чекаш цел живот, да ја чекаш пуста да би останала, да ја чекаш како аманет од дедо предедо, да ја чекаш како топол леб и таа да те столчи, да те изгори (Пас: 54);

го *призамоли* како бог ‘го моли неутешно’: А јас, пак, Дугулов убаво го призамолив како бог, му реков, помогни, братец мој, братец мој, зашто појде пустото коњче (Пас: 148);

како на *мртовец* да оди ‘без животен елан, мрзоволно’: Гледај ги колективците мори ќоро, гледај ко на мртовец да одат! (ПОН: 542);

како *пијани пчели* одат горе-долу ‘се движат без координација’: Ги гледаш како пијани пчели одат горе-долу, и пак без да свршат голема работа (СС: 37);

како *лопушка* широка ‘многу широк’: И ја зеде неговата голема рака како лопушка широка (СС: 110);

цути како *ран компир* ‘се раѓа, се појавува набрзина’: од сето тоа едно беше јасно како ден, – потскажувањето, кукавичлакот и злобата почнаа да цутат во домот како ран компир (ГВ: 156);

црните крилја на ѓаволот ‘злоба’: Насекаде беше таа беда, црните крилја на ѓаволот (СС: 63);

црвен како *заклан* во крв ‘многу црвен’: Златно сонце, навистина таму далеку сето таму црвено како заклано во крв се давит (Баб: 235);

рамен како *селска питуличарка* ‘изразито рамен’: Аку не погодам безносе да останам, рамна во лицево како селска питуличарка да одам повекови светов! (Сур: 427);

си ја пули *капавицата* ‘си ја гледа својата работа и не се меша во туѓата’: Пули си ја капајцата, Ефродиче, тоа јас ќе речам! (Раб: 641);

си ја посипа *главата со пепел* ‘се самоуништи’: во долот и во рана пролет од тука ќе го собере матната вода, снегот и мразот, не ќе му се знае гробот, коси ќе си корне, со пепел главата ќе си ја посипа (Баб: 251);

се смее како *пуштена вода* ‘се смее без престан’: така таа глуми, се смее, тоа ги трга, се смее како пуштена вода, со двете раце ја запира смеата (ПОН: 553);

се препелка како риба *ставена во леген* ‘во безизлезна ситуација е’: Мене сега сè ми е матно, Образове! Ништо не разбирам, се препелкам како риба ставена во леген! (Об: 32);

срцето *тутун* му се стори ‘го измачува голема болка, тага’: Јас сум те намразил, рече, мене срцево тутун ми се стори мое чедо во таква крв да ми се замеша (Баб: 209);

си игра *тек или чифт* ‘сè сфаќа несериозно’: Отровот на две нозе оди! Деца сме ние, цел живот ќе си играме тек или чифт! (Сур: 515);

го остави *како лепешка на пат* ‘го напушти, го остави како нешто безначајно’: Бујрун, крунава ја заборавил, штом го најдиш врати му ја на место и покарај го троа, царска круна не се остава ко лепешка на пат (Сур: 533).

Фраземите коишто првенствено се сметаат за нераскинливи и неменливи зборовни состави, во рамките на уметничко-литературниот потстил со авторовата кративна моќ се менуваат, се комбинираат, се скратуваат, се прошируваат и сето тоа во прилог на посилната изразност. Една оригинална фразема во различни книжевно-уметнички дела може да биде трансформирана на различни начини, преку лексичка варијација, промена на распоредот на компонентите и стеснување или проширување на фраземскиот состав. Нашиот истакнат писател Живко Чинго, во својот впечатлив и богат јазичен израз честопати посегнува по најразлични јазични средства за постигнување поголема раскошност и сликовитост на изразот, на пр. по дијалектизми или архаизми наместо општоупотребуваните фраземски компоненти: токму (не) е во *орамоите*, *орепан* како страчка, рика како *ајван* врзан в пондила, му го даде *прашот*, *ојлуле* го направи, за *унер* стана на веков, си игра *тек* или *чифт*, *акшам-пазар* станал веков. Со трансформирањето на старите обрасци во нови, специфични и освежени фраземски варијации, Чинго на своевиден начин ја збогатува националната, народната фразеологија и целокупниот македонски фразеолошки фонд.

Литература

Бабовић Ж., Св. 2021: *Паремиолошке јединице у књижевно-умјетничким дјелима у руском и српском језику*. Универзитет у Београду, Филолошки факултет (докторска дисертација).
https://phaidrabg.bg.ac.rs/open/o:25053

Груевска-Мацоска, С. 2017: Лексиката и стилот во делата на Живко Чинго, *Македонистика*, бр. 16, 169–226.

Макаријоска, Л., Павлеска-Георгиевска Б. 2024: *Фразеолошкото богатство на современата македонска литература*, Скопје.

Тривић, А. 2015: *Лексичко-семантичка анализа соматизама у фразеологији савременог шпанског и српског језика: контрастивни приступ*. Универзитет у Крагујевцу, Филолошко-уметнички факултет, Крагујевац (докторска дисертација).
https://nardus.mpn.gov.rs/handle/123456789/3835

Benzon, I. 2006: Pridruživanje frazema s komponentom naziva za odjeću konceptualnim poljima (na građi njemačkog i hrvatskog jezika). *Fluminensia*, god. 18 (2006), br. 2, 85–114.

Goshkheteliani, I. 2019: Culture as Reflected in Somatic Idioms. *Филолог X,* 20, 17–33.

Извори

Баб – Живко Чинго, *Бабаџан*, Култура, Скопје 1992.

ГВ – Живко Чинго, *Големата вода*, Мисла, Скопје 1984.

ГД – Живко Чинго, *Гроб за душата*, Култура, Скопје 1989.

МПраз – Живко Чинго, Макавејски празници, *Драми*, Култура, Скопје 1992, 243–405

Об – Живко Чинго, Образов, *Драми*, Култура, Скопје 1992, 5–96.

Пас – Живко Чинго, *Пасквелија*, Микена, Битола 2008.

ПОН – Живко Чинго, Под отворено небо, *Драми*, Култура, Скопје 1992, 537–628.

Раб – Живко Чинго, Работници, *Драми*, Култура, Скопје 1992, 629–715.

СС – Живко Чинго, *Сребрените снегови*, Наша книга, Македонска книга, Култура, Мисла, Детска радост, Скопје 1990.

Сур – Живко Чинго, Сурати, *Драми*, Култура, Скопје 1992, 407–535.

Summary

This paper investigates the function of phrasemes within the literary works of the remarkable Macedonian

вино, сѝие како ѝтоѝ/заклан, молчи како камен/исечено ǝрво, кроѝок како јаѓне/ѝиѝома сѝока; several types of modifications, or transformations of the standard phrasemic form were registered as well, such as grammatical composition or components rearrangement, e.g.: *во носоѝ му ǝојǝе ǝушаѝа* (му дојде душата во носот), *ѓлава на рамена не осѝане* (не остане глава на рамена); phrasemic reduction: *му ѝече меǝ (оǝ усѝаѝа), на (врвоѝ на) јазикоѝ му е, (беѓа) ѓаз ѝреку ѓлава*; phrasemic derivation: *блее како ѓурѓовǝенско јаѓне; молчи како исечено ǝрво, црвен како ѝеѝринско вино;* as well as combinations of several variation types, i.e. phrasemic word games: *ѓо чека како ѝоѝол леб, како ѝијани ѝчели оǝаѝ ѓоре-ǝолу, ѓо изеǝе како јаболко* etc. These variations have been observed in several groups of phrasemes, such as: somatic phrasemes; zoonymic phrasemes; phytonymic phrasemes; phrasemes with culinary names; phrasemes with 'color' component, etc.

Keywords: phraseology, phrasemes, variations, literary style.

УДК 811.163.3'282'373.2:642.72

Светлана Давкова-Ѓоргиева[1]

ЛЕКСИКАТА СО СУБЈЕКТИВНА ОЦЕНКА ВО ОБЛАСТА НА ПОСАТКИТЕ ВО МАКЕДОНСКИТЕ ДИЈАЛЕКТИ

Апстракт: Во оваа статија се анализираат лексемите со субјективна оценка со кои се именуваат земјените, бронзените и дрвените садови за вода во македонските дијалекти. За оваа цел го користевме лексичкиот материјал од картотеката на *Македонскиот дијалектен атлас* (МДА) кој се работи во Одделението за дијалектологија при Институтот за македонски јазик „Крсте Мисирков“ во Скопје. Целта ни беше да укажеме на фактот дека на македонскиот дијалектен ареал умалителните форми со кои се именуваат земјените, бронзените и дрвените садови, кои во зависност од времето на употреба биле повеќефункционални (во нив се носело, се чувало и се пиело вода, вино, ракија и други течности, а дел од нив имале и определени обредни функции), во своето значење носат нијансираност, а понекогаш и нови, дополнителни значења што може да се лексикализираат или пак, се користат како дублетни лексеми.

Клучни зборови: македонски дијалекти, дијалектни називи, деминутивни форми, семантика.

Непосреден предмет на нашево истражување беа дијалектните именувања со субјективна оценка од лексичко-семантичката група *покуќнински предмети и посатки* на македонската јазична територија. Користениот лексички материјал е од картотеката на *Македонскиот дијалектен атлас* (МДА) кој се работи во Одделението за дијалектологија при Институтот за македонски јазик „Крсте Мисирков“ во Скопје. Станува збор за теренски ексцерпиран материјал од околу четиристотини пунктови од голем број населени места од сите делови на македонското јазично подрачје, од најтипични репрезенти на македонските говорители. Материјалот е собиран според *Прашалникот за собирање материјал за Македонскиот дијалектен атлас* (Видоески : 2000).

Имено, лексичкиот материјал од оваа сфера претставува широко поле во кое се наоѓаат називи од различни тематски области: Уредување на куќата и посатки, Приготвување храна, Занаети: обработка на дрво – алатки и посатки, Сточарство, кои упатуваат на покуќнински предмети и садови, како и на други предмети што биле нераскинлив дел од садовите, односно служеле како помошни средства без кои тешко би одело подготвувањето храна.

[1] Универзитет „Св. Кирил и Методиј“, Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков“ – Скопје, davkovas@yahoo.com

Анализата на македонската дијалектна лексика што ги опфаќа овие називи е детерминирана од културно-историскиот комплекс како еден од екстралингвистичките фактори и се карактеризира со голема разнообразност. Ако тргнеме од социјално-културен и историски аспект, може да се види дека еден добар дел од називите на посатки навлегле од контактите помеѓу различни материјални и духовни култури. Токму од таа причина, називите на посатките во поголемиот број трудови се разгледувани и се разгледуваат како составен дел на материјалната култура (Макаријоска 2003). Имено, во именувањето на садовите се осмислуваат специфичните подробности за користениот материјал, потоа техниката на изработката, декорацијата, функцијата и др. Појавата на употреба на исти називи за глинени, дрвени, бакарни и други садови е раширена, а тоа секако се должи на многуфункционалноста на садовите. Во почетокот кај садовите постојана била формата (вдлабната форма и функција да содржи нешто во себе), а условите и потребите на населението се менувале, при што дошло до диференцирање на функциите на еден сад. Тоа секако придонело до појава на наслојување на називите во различно време. Ваквата состојба се отсликува и во истражувањето на нашиот лексички материјал. Се случуваше еден ист назив за сад кој според материјалот го бележиме и како земјен, и како дрвен и како бакарен, подоцна и како стаклен, да ја има потполно истата функција, односно да се јавува како многуфунционален. Ова е секако резултат на општествено-економските и социјалните услови на едно време, на еден народ во определен временски период (Давкова-Ѓоргиева 2009).

Во оваа статија ќе се задржиме на дел од лексемите со субјективна оценка со кои се именуваат земјените, бронзените и дрвените садови за вода во македонските дијалекти.

За земјените садови кои имале повеќе функции (во нив се носело, се чувало и се пиело вода, вино, ракија и други течности, а дел од нив имале и определени обредни функции) на македонскиот дијалектен ареал регистриравме голем број лексички разновидности. Разлики кај овие садови бележиме во однос на нивната големина (поголеми и помали), во изгледот (без рачки или со една, односно со две рачки), со еден или со два отвора (едниот поголем, другиот помал) од кој се сипува или се пие течноста.

Што се однесува, пак, до деминутивните образувања на именувањата на земјените садови со право можеме да кажеме дека тие (во однос на другите именувања од оваа лексичко-семаничка област) најреално ја одразуваат ситуацијата на суфиксација на македонскиот дијалектен ареал (Видоески 1998: 9–31).

Ова особено е видливо кај деминутивните образувања на именувањето ***стомна*** (*стомне, стомниче/стомн'иче, стомн'ичуле, стомненце, стомне/стомн'е/стовн'е*) низ македонските дијалекти забележано со толкување ‘земјен сад за вода, со една или две рачки и со тесно или широко грло, за носење, чување и пиење вода’. Односниве називи на македонската јазична територија се со најголема фреквентност на употреба. Во стандардниот јазик

за ‘глинен сад за вода’ се нотирани деминутивите *стомниче, стомне, стомничка* (ТРМЈ V:557).

Деминутивни форми со суфиксот *-е* како *стомне* со толкување ‘мало земјено со две рачки’ регистриравме во: Кркља (Кривопаланечко); Боровец, Глобочица, Радожда, Волино, Ботун (Струшко); Рамне, Љубаништа, Крушје, Речица (Охридско); Љубојно, Арвати и Ресен (Ресенско); Ѓавато, Буково, Путурос (Битолско); Ржаново (Дебарско) каде бележиме паралелна употреба на трите деминутивни форми *стомне // стомниче // стомничуле*; во Крушовјани и Слепче (Демирхисарско) нотираме двојна употреба на лексемите *стомне // стомниче*; во Вранештица (Кичевско) *стомне // стомниче*; во Стровија, Слепче, Прилепец (Прилепско) *стомне // стомниче*; а во Соколарци (Кочанско) ја нотираме само формата *стомне*; прозодиската разновидност *стомн'е* ја забележавме во по еден пункт во Кривопаланечко (Габер) и во Кочанско (Костин Дол), односно *стовн'е* во Делчевско (Стар Истевник) како и во три пункта во Беровско (Мачево, Пехчево, Берово).

Во јужните македонски говори, поточно во Зеленич, Пăтеле, Буф, Ошчима (Леринско), во Тиолишта (Костурско) и во долнопреспанските говори Гломбочани, Леска, Шулин (Р. Албанија), Лăк, Нивици, Граждено (Р. Грција) бележиме заедничка употреба на деминутивните форми *стомне // стомненце.* Фонетската разновидност *сп'амне* е регистрирана во два пункта во костурскиот говор (Крчишта и Вăмбел).

Умалителните форми образувани со суфиксот *-иче* како *стомниче* во македонските дијалекти ги забележавме во: кратовскиот говор (Кнежево и Долни Стубол); во светиниколскиот (Немањинци и Превод); во скопскиот говор (Дивле, Белимбегово, Кучково, Нерези, Ракотинци, Драчево, Држилово и во Лугунци како *стовниче*); во тетовскиот говор (*стомњиче* во Вратница, Теарце, Раотинце, односно *стомниче* во Сараќинце и Милетино); во гостиварскиот говор (Волковија, Пожаране и Печково); во дебарскиот говор (Ростуше, Галичник, Г. Косоврасти, Баниште, Горенци, Гари: *стомниче // стамничуле*, додека во Г. Папрадник во употреба се трите деминутивни форми *стомниче // стомничуле // стомне*); во кичевскиот говор (Ефловец: *стомниче // стомничуле*, Пространье, Вранештица: *стомниче // стомне*, исто и во Кнежино, Душегубица, Лешница, Букојчани, Туин, Светорача); *стомниче* во по еден пункт во Ресенско (Царев Двор), во Битолско (Паралово) и во Демирхисраско (Слепче); во поречкиот говор (Г. Белица и Здуње); во велешкиот говор (Башино Село, Карабуниште, Црквино, Извор и во Богомила), во еден пункт во Прилепско (Стровија: *стомниче // стомне*), во Мариовско (Дуње), во Штипско (Судиќ); прозодиската разновидност *стомн'иче* ја среќаваме во по два пункта во Светиниколско (Павлешинци и Кнежје), во Скопско (Црешево, Љубанце), во Прилепско (Никодин, Тројаци: *стомниче // стомне*), во Велешко (Подлес и во Градско толкувано ‘мало земјено со две рачки само за вода’); во три пунктови во тиквешкиот говор (Рожден, Барово, Ваташа) и во еден пункт во штипскиот говор (Богословец).

Со суфиксот *-енце* регистрирани се две разновидности: *стомненце* во по еден пункт во кратовскиот (Кнежево: *стомненце // стомниче*) и во леринскиот говор (Ошчима: *стомненце // стомне*) и формата *стомн'енце* во еден пункт во радовишкиот говор (Дедино).

Суфиксот *-уле* во деминутивната форма *стомнуле* во македонските дијалекти речиси секогаш го регистрираме во паралелна употреба со формата *стомниче*. Сп.: *стомниче // стомничуле* во Галичник и Гари, а во Ржаново: *стомниче // стомничуле // стомне* (Дебарско) и во Ефловец: *стомниче // стомничуле* (Кичевско).

Образувањата на *-ичка* како *стомничка* се во употреба во гевгелискиот говор (Миравци, Конско, Стојаково, Пирава); во дојранскиот говор (Николич, Дојран); во струмичкиот говор (Костурино, Ново Село, Вељуса); во радовишкиот говор (Нивичино, Подареш, Дукатино, Радовиш); во штипскиот говор (Љуботен, Долни Балван, Штип); во кочанскиот говор (Лезово, Спанчево, Гратче, Блатец, Лаки) и во беровскиот говор (Двориште). Во егејскиот дел на Македонија деминутивната форма *стомничка* се употребува во солунско-воденските (долновардарски) говори: Дојранско (Патарос); Кукушко (Крецово); Солунско (Амбар Ќој, Градобор); Воденско (Луковец), како *стумн'ичкă* во Воденско (Тресино, Чеган) и во Кајларско (Ранци) и како *стамн'ичка* на крајниот југозапад во корчанскиот говор (Бобошчица). Прозодиската разновидност *стомн'ичка* ја нотиравме во тиквешкиот говор (Клисура), потоа во штипско-струмичките говори и тоа во: Струмичко (Габрово, Робово), Радовишко (Конче, Дедино), Штипско (Никоман) и Кочанско (Припечани, Виница).

Лексичката разновидност ***бар9ак*** (*бар9'ак, бăр9'ак*) на македонскиот јазичен ареал е толкувана со значењето ‘помала, или мала стомна со една рачка и со дупче за пиење вода’, низ дијалектите именувано како *сиска, цицалка, чепурче, 9уле/9улче, цифулче*. Во однос на географската распространетост во нашите дијалекти, односниов назив соодветствува со распространетоста на називот *стомна* (со околу 80%).

Што се однесува до умалителните форми на лексемата *бар9ак* анализите покажаа дека во македонските дијалекти се нотираат следниве називи: *бар9е, бар9'енце, бар9аче/бар9'аче/бăр9'аче, бăр9'ачка*, *бар9уле.* ТРМЈ (I: 90) ги нотира умалителните форми *бар9аче* и *бар9е* од *бар9ак* ‘земјен или бакарен сад со рачка и дулец за вода, вино и за ракија’. Во РМНП (I: 69–70) ги регистрираме лексемите *бар9але, бар9аче* и *бар9е* како деминутиви од називот бардак ‘глинен сад за вода’. Сп.: почекај ме, мале, / залеј ми бардале. Но, називот *бар9ак* во македонската народна поезија е регистриран и со придавките *маленко:* напăлни ми, доде мăри, маленко бăрдаче; *малко* и *мало:* малко дете вода лие / со две малки бардачина; јузело је мало дете / ду две мали бардачијна, / да ќи јоде, мало дете, / да ќи јоде на та чешма.

Сп. на суфиксот *-е/-енце*: Жидилово *бар9'е* и со проширување на суфиксот *бар9'енце* за да се именува ‘мала стомна’, Крклја: *бар9'е* ‘мало е’ (Кривопаланечко); во Лескоец, Стење и Претор: *бар9е* ‘мало’ (Ресенско); во

Крушје *бар̩е* ‘со дуле мало, за пиење’(Охридско); во Драгош е регистрирана формата *бар̩е* во паралелна употреба со формата *бар̩енце* со значењето ‘мало со една рачка и со едно цифулче’, Кукуречани: *бар̩е* толкувано како ‘помало бардаче’, Паралово: *бар̩е* со забелешка ‘тоа е најмало стомниче’ (Битолско); Слепче: *бар̩е* и *бар̩аче*, Тополчани: *бар̩е* ‘помало земјено садче за вода пиење’ и во Тројаци: *бар̩е* ‘мало е со дуле’, Прилепец: *бар̩е* (Прилепско); во Дуње умалителната форма ја бележиме со определбата мало, *мало бар̩е* (Мариовско).

Деминутивните форми образувани со суфиксот *-че* ги регистриравме во Шопско Рударе: *бар̩'аче* ‘сăс с'ăсе е’, Жегњане, Младо Нагоричане (Кумановско); *бар̩'аче* во Павлешинци, Немањинци, Орашăц, Кнежје (Светиниколско); *бар̩'аче* во Праведник (Мариовско); Рожден, Барово и Марена (Тиквешко); Крушево: *бар̩'ач’е* (Демирхисарско); Калапот: *бар̩'аче* (Серско); Мутулово: *бар̩'аче* (Кукушко); Струпино: *бар̩'аче* ’малечка стомна која покрај големиот има и друг мал отвор; децата пијат вода од него‘ (Мегленско); *бăр̩'аче* во Ранци (Кајларско) и во Д. Котари (Леринско); Горенци: *бар̩'аче* ‘мал бардак’, Тиолишта: *бăр̩'аче* ‘мало за деца е’, Марковени: *бар̩'аче* ‘мало стомне’, Езерец: *бур̩'аче* ‘мало земјено стомне’ (Костурско); како *бар̩аче* во Скопско (Дивле: *бар̩аче* ‘помало од стомна’, Белимбегово: *бар̩аче* ‘една рачка има’, Бардовци: ‘*бар̩аче* е со една ручка’, Нерези, Драчево, Зелениково и Катлановo: *бар̩аче* ‘најмала стомна’); Велешко (Карабуниште: *бар̩аче* ‘мало со една рачка’, Извор: *бар̩аче* ‘мало, детско со едно раче’); Прилепско (Слепче – бележиме паралелна употреба на формите *бар̩е* и *бар̩аче*); Ресенско (Љубојно и Претор: *бар̩аче* ‘помала стомна со мал и со голем отвор за пиење вода, од малиот пијат децата’); Битолско (Смилево).

За деминутивот *баче* со забелешка дека станува збор за ‘мала стомна со широко грло’, има три потврди во дијалектниот материјал. Се употребува во Витолиште и Старавина (Мариовско), и во Попăлжани (Леринско). Лексемата *баче* со назнака дека се работи за дијалектна форма и со упатување на значењето на лексемите *бар̩аче, бар̩е* е регистрирана во PMJ (I: 24).

Називот *бар̩уле* со значењето ‘мал бардак со два отвора, за полнење и за пиење вода’ е регистриран во Ошчима (Леринско), потоа како *бур̩'ачуле* во Езерец (Костурско) и како *бăр̩'ул’че* во Липинци (Кајларско).

Зборообразувачката разновидност *бăр̩'ачка* е регистрирана во два пункта во Кајларско (Тремно и Емборе) со толкување ‘помала стомна’.

Називите ***ѳуѳла*** и ***ѳуле*** се умалителни форми со кои се означува ‘мал земјен сад за вода, со еден отвор за полнење вода и друг отвор за пиење вода’. Овие називи биле мотивирани од оној дел на земјениот сад, односно од отворот од кој се пие водата. Регистрирани се само на 10% од македонската јазична територија и тоа секогаш во паралелна употреба со називот *стомна,* односно *стомне*.

Именувањето *ѳуѳла* го регистриравме во два пункта во Делчевско (Тработевиште и Стар Истевник), а називот *ѳуле* на македонскиот јазичен

ареал го нотиравме во западните периферни говори, како и во централните говори. Ареалната слика е следнава: во еден пункт во Гостиварско (Маврово: *ǧуле* ‘букаре со две црцалчиња’, а *букаре* ‘мала стомна со едно црцалче’); во три пункта во Дебарско (Г. Косоврасти, Гари и Ржаново), во два пункта во Струшко (Боровец: *ǧуле* со значење ‘најмало стомне’, Волино), во два пункта во Охридско (Оровник: *ǧуле* и *ǧулче* ‘мали земјени’ и Љубаништа, а во Рамне ја регистриравме разновидноста *ǧуљче*), како и во еден пункт во Ресенско (Лескоец: *ǧуле* ‘мало стомне за деца’); Демирхисарско (Д. Дивјаци), пет пунктови во Кичевско (Пространье, Вранештица, Лешница, Душегубица и Туин во матријалите со забелешка ‘дулето и дудлата, тоа мало стомне е’); еден пункт во Пореч̌е (Г. Белица) и во два пункта во Прилепско (Слепче, Прилепец).

ТРМЈ (I: 555) го нотира називот *ǧуле* со две значења: 1. ‘вид земјен сад за вода со шопурче за пиење’ и 2. ‘шопурче за пиење кај земјените садови за вода’ и *ǧулец* 1. ‘цевка на гајда во која се дува’ и 2. ‘шопурка, посебно изработен цевчест предмет (за чешма и сл.) од каде што истекува вода’.

Во македонската народна поезија ја бележиме лексемата *ǧуле* за ‘бардаче, барде’, а називот *ǧуленце* е нотиран како дем. и хип. од *ǧуле*, сп.: кога на вода си одам, / тој по мене вика, / тој по мене вика: – Мамо, / тури ми водица / во мое дуленце. Лексемата *ǧулец,* пак, е толкувана како ‘шопурка на чешма, на стомна и др. сад’ (РМНП II:191).

Во дијалектите именувањата ***букаре, букарче, бокарче*** ја имаат истата функција како и стомната и речиси секогаш се споредуваат со неа. Станува збор за ‘земјени садови за вода’ коишто во однос на големината секогаш се помали од стомната. Овде ќе нагласиме дека односниве називи како ‘земјени садови за вода’ ги регистрираме само во одделни пунктови на македонската дијалектна територија и затоа тие најчесто се во заедничка употреба со именувањето *с̄томна.* Инаку, во околу 90% од македонските дијалекти со овие лексеми се именува ‘длабок дрвен сад за вода’. Сп.: во Скопско (Љубанце: *бокарче* како ‘општ назив за мали земјени садови’, Кучково: *букарче* ‘стомниче со дулче’); Тетовско (Челопек: *букаре* ‘штом е помало од стомна го викаме букаре, букарче’); Гостиварско (Пожаране: *с̄томна* ‘поголем сад за вода’ и *букаре* ‘помал земјен сад за вода’, Волковија: *букаре* ‘мало стомниче’, Печково: *букаре* ‘вид стомниче за вода, помало е; се носи кога се работи на поле’, Куново: *букаре*; Маврово: *букаре* ‘мала стомна со едно црцалче’ и *ǧуле* ‘букаре со две црцалчиња’); Пореч̌е (Н. Брезница: *с̄томна* ‘со две рачки’ и *букаре* ‘со една рачка и цуцла’). ТРМЈ (I: 193) ја бележи деминутивната форма *букаре* од називот *букар* толкуван како ‘дрвен сад за вода со синџир за носење преку рамо или за товарење на добиток’.

Во Фурка (Дојранско) се употребува умалителната форма ***п̄от̄е*** да означи ‘најмал земјен сад за пиење вода кој има цуцла од која се цуца водата’. Истата ситуација ја евидентираме и во костурскиот говор (Тиолишта) каде што називот *п̄от̄е* е регистриран во паралелна употреба со називот *с̄томне.* Но, лексемата *п̄от̄е* развила и друго значење. Во зависност од функцијата со

овој назив се именува и ‘мал земјен сад за чување зејтин во мали количини’. Сп.: Кумановско (Думановце: *по̄те* ‘земјено е собира половина литар зејтин’), Скопско (Драчево: *по̄те* ’масолниче за еден ден да има масло’); Светиниколско (Орашӑц: *по̄те* ‘земњ'ено кӑт се зима малко мас за баницу’). РМЈ (II: 376) го регистрира називот *по̄те* како дијалектизам со толкување ‘грне’, а ТРМЈ (IV: 377) бележи две значења за именувањето *по̄те:* (дијал.) 1. ‘стаклено чинивче за послужување слатко’ и 2. ‘земјен или метален длабок сад, чаша за пиење (обично вино)’.

Именувањата *каначе, кана̄че, кана̄ценце* (како деминутивни форми) низ дијалектите се толкуваат како ‘мал земјен сад за вода и за други течности, ракија, вино’. Ги регистриравме во северните говори: во кривопаланечкиот (Луке: *кан'аче*) и во кумановскиот говор (*кан'аче*: Четирце, Младо Нагоричане, *кан'а̄че* во Шопско Рударе, Жегњане, Клечовце и Романовце, а *кана̄ценце* во Псача). Називот *кана̄та* со толкување ‘земјен сад за вода и други течности со широк отвор и со рачка’ е нотиран во ТРМЈ (II: 466). Лексемата *каничка* дем. и хип. од *кана̄та* ‘голем сад за течност; бокал’ ја бележиме во македонската народна поезија, сп.: му турила (малка мома) матеничка, / матеничка у каничка (на момчето) / му дадела и ложичка, /срка, срка, па с’собрка (РМНП III: 268).

На прашањето *Од што пиеме вода?* Во македонските дијалекти, покрај називот *чаша* за ‘стаклен сад за пиење течност’, регистрираме и други лексички разновидности, но со разлика во материјалот од кој се направени и нивната намена, без притоа да формираат поголеми ареални целини на македонскиот лингвистички арел.

Што се однесува до именувањето *чаша*/*чашка* (коешто е застапено на целиот македонски дијалектен ареал), дел од умалителните форми на односниов назив во зависност од функција, односно од тоа за што бил наменет садот, многу често го бележиме со определба, во синтагми, како на пр. *винско чаше / винско чавче, ракициска чашка / ракициско чавче*, односно *чашка за вода*, *чашка за вино, чашка за ракија / чаше за ракија*. Онаму каде што имало бунари регистриравме и форми од типот: *чаше тӣква* ‘од тиква направен сад, односно издлабена тиква што служи за црпење и пиење вода’. Во овие случаи често стои забелешка дека се работи за предмет од постаро време, односно за понов збор, во случајов ‘во постаро време беше *чаше тӣква*, пред да се појават *кофӣте*’. Овие синтагми, ареално погледнато, ги нотиравме во мал дел од северните македонски говори, а со пофреквентна употреба се јавуваат во југоисточното наречје и во егејските говори.

Во дијалектите се нотираат и други лексички разновидности и тоа како деминутивни форми.

Деминутивот *канче* со забелешката ‘бронзено е мало, најчесто се користи за вода пиење, но и за подгревање масло, црпење брашно и сл.’ го регистриравме во Кнежино (Кичевско) и Здуње (Пореч̌е). Називот *канче* во ТРМЈ (II: 470) е регистриран со две значења: 1. ‘дем. форма од *кана*[2]’ и 2. ‘мал метален сад за храна’.

Називот *ш/чаӣче* со забелешката ‘мало емајлирано сатче за пиење вода и друго’ ја регистриравме во Каменица (Делчевско) и во Липинци (Кајларско). Лексемата *чаӣче* ја нотиравме во РМЈ (III: 530) со толкување ‘мал сад за црпење вода; може да се сретне и по некои чешми надвор од градот, за пиење вода’.

Пошироко на македонскиот јазичен ареал за истиот сад кој е со повеќе намени, ја бележиме деминутивната форма *чомче/лонче.* Во ТРМЈ (III: 62) е забележан називот *лонче* за ‘мал и длабок валчест емајлиран сад, што сужи за црпење или за подгревање течност’.

Умалителната форма *кове* ја нотиравме во Мариовско со толкување ‘искован сад од метал за црпење и чување вода; од кове и стоката може вода да пие’, односно ‘мала кова (кофа)’. Во ТРМЈ (II: 619) е регистрирана дем. и хип. форма *кофичка, кофиче*.

Во серско-лагадинските говори ја бележиме лексичката разновидност *кеи̯о'е* со забелешка ‘емајлирано мало лонче е, за пиење вода, но и за црпење друго служи, и за подгревање масло служи...’.

На целиот македонски дијалектен ареал како ‘бакарен сад за вода со широко грло’, кој е со голема фреквентност на упореба е деминутивот *ѓумче* низ дијалектите најчесто толкуван како ‘од ѓум помало е, служи за чување вода, зејтин, млеко’. До односниов назив секогаш следува забелешката дека овој сад го имало во градските куќи, додека во руралните средини истата функција ја вршела стомната. Со текот на времето овој сад, како и другите бакарни садови, ги истиснуваат земјените садови од употреба. Во ТРМЈ (I: 566), како и во РМНП (II: 227) е нотиран деминутивот *ѓумче*, сп.: киниса Ратка на вода / со бело ѓумче во рака, / ... / водица да ѝ залее (на болната мајка).

Во зафрлените краишта, во селата без селски чешми, без извори и кладенци, селанецот бил принуден да ја пренесува водата од едно место до друго, најчесто по непроодни патеки. За таа намена биле правени специјални дрвени садови (помали и поголеми) што биле товарани на коњи и магарињa. На целиот македонски јазичен ареал ги бележиме именувањата *букол / букар / букла / буклија* и умалителната форма *букле* ‘дрвен, длабок кружен и малку сплоснат дрвен сад за носење вода од подалеку, се товара на коњ, на магаре’. И кај овие садови освен разликата на релација поголеми – помали, во одделни дијалекти бележиме разлика и во намената на садот (служат за чување на вино, ракија).

Деминутивната форма *букле* е дистрибуирана во западните периферни говори во Гостиварско (Мавровo), Дебарско (Жерноница: *Се вика букле, за вода носене, го̄лемо или мало, се обесува на самаро̄т о̄сто̄рана*; Ростуше со забелешката ‘сега слабо се прават’, Г. Косоврасти); Охридско (Пештани); Ресенско (Арвати, Претор: *букле* ‘мало букло, дрвено е, за на вода’); во централните говори во по еден пункт во Битолско (Драгош); Скопско (Лугунци) и Прилепско (Тројаци); во штипско-струмичките говори во по еден пункт во Струмичко (Робово: со прширен суфикс *-енце: буклeнце*) и во

Радовишко (Подареш) и во два пункта во Кочанско (Припечани, Гратче); во малешевските говори во Делчевско (Саса, Тработевиште) и Беровско (Мачево, Пехчево, Берово), како и во два пункта во костурскиот говор (Горенци: ‘мало длабоко и дрвено за вода носење’, Езерец: ‘за вода носење, оддалекото’).

Умалителната форма *букаре* ја бележиме во по еден пункт во Гостиварско (Пожаране ‘помал дрвен сад за вода’); Струшко (Модрич); Велешко (Градско) и Тиквешко (Марена ‘од штици, тркалезно, мало за вода, се беси на магаре’).

Врз основа на анализираниот материјал слободно можеме да се согласиме со констатацијата дека и покрај релативната променливост, умалително-галовните форми во сферата на посатките се чести. Тие, притоа, во своето значење носат нијансираност, а понекогаш и нови, дополнителни значења што може да се лексикализираат или пак, се користат како дублетни лексеми (Јованова-Грујовска 2012:104).

Литература

Видоески, Б. 1998 а: *Дијалектите на македонскиот јазик*, том 1, Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков“, Скопје.

Видоески, Б. 2000 б: *Прашалник за собирање материјал за македонскиот дијалектен атлас*, Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков“, Скопје.

Видоески, Б. 2000 в: *Текстови од дијалектите на македонскиот јазик*, Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков“, Скопје.

Гајдова, У., Давкова-Ѓоргиева, С., Лаброска, В, ... 2008: *Македонски дијалектен атлас Пролегомена*, Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков“, Скопје.

Давкова-Ѓоргиева, С. 2009: *Дијалектните именувања на посатките во македонскиот јазик од јужнословенски и балканистички аспект*, Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков“, Скопје.

Јованова-Грујовска, Е. 2012: *Лексичко-семантичка анализа на именките со субјективна оценка во македонскиот јазик,* Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков“, Скопје.

Макаријоска, Л. 2003: *Лексиката на материјалната култура во македонските црковнословенски текстови*, Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков“, Скопје.

РМЈ: *Речник на македонскиот јазик со српскохрватски толкувања*, I–III, 1961–1966, Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков“, Скопје.

РМНП: *Речник на македонската народна поезија*, I–IV, 1983–2001, Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков“, Скопје.

ТРМЈ: *Толковен речник на македонскиот јазик*, I –VI, 2003–2014, Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков“, Скопје.

Summary

This article analyzes the lexemes with subjective evaluation that name earthen, bronze and wooden water vessels in Macedonian dialects. For this purpose, we used the lexical material from the Macedonian Dialect Atlas (MDA) file, which is maintained by the Department of Dialectology at the Institute of Macedonian Language "Krste Misirkov" in Skopje. Our goal was to point out the fact that in the Macedonian dialect area, the diminutive forms that name earthen, bronze and wooden vessels, which, depending on the time of use, were multifunctional (they were used to carry, store and drink water, wine, brandy (rakija) and other liquids, and some of them also had certain ritual functions), carry nuances in their meaning, and sometimes new, additional meanings that can be lexicalized or are used as doublet lexemes.

УДК 091:003.349.2(497.7)(049.3)
УДК 811.163.1:[091:003.349.2(049.3)

Елка Јачева-Улчар[1]

ЗА ТРИОДОТ СО ПОСЕБЕН АКЦЕНТ ВРЗ ЌУСТЕНДИЛСКИОТ ТРИОД[2]

Апстракт: Во почетокот од овој труд се осврнуваме општо врз триодот, па преку општите карактеристики на словенскиот триод стигнуваме до триодите од македонска црковнословенска редакција со посебен акцент врз Ќустендилскиот триод кој е во фокусот на нашиот интерес. Ќустендилскиот триод е настанат во втората половина на 13 век. Според своите јазични карактеристики овој едноеров ракопис е лоциран во кругот на ракописите што се настанати во Кратовско-злетовската средновековна книжевна школа. Поголемиот дел од овој ракопис се чува во Окружниот музеј во Ќустендил според кој, тој и го добил името.

Клучни зборови: триод, црковнословенски ракопис, Ќустендилски, Кратовско-Злетовски книжевен центар.

---

[1] Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков“ – Скопје, elka.jaceva.ulcar@gmail.com

[2] Ќустендилски триод (јазична анализа) е насловот на магистерскиот труд што го изработив под менторство на нашата славеничка, Вангелија Десподова, а го одбранив во 1998 година на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје, пред комисија во состав Вангелија Десподова, Емилија Црвенковска и Мито Миовски. Моите први обиди во науката ги направив во почетокот на 1993 г. со стапувањето на работа во Институтот за старословенска култура од Прилеп, чиј новоназначен директор тогаш беше д-р Вангелија Десподова, која ме вклучи во работата на проектот што го раководеше во она време под наслов „Писмени споменици за средновековната култура на Македонија“. До денес се сеќавам на зададената прва задача од нејзина страна: расчитување на црковнословенски ракописи пишувани во scriptura continua, а потоа и внесување на расчитаниот материјал во компјутер преку програмата Чирајтер (Chiwriter), со азбука што ја повикувавме со копчето F9 од тастатурата на двата компјутера во скопскиот оддел на ИСК, кои пред 30 години допрва влегуваа во работата на нашите државни институции и беа вистинска реткост. По ова следуваше бележење и проверка на местата на стиховите од Карпинското евангелие (ракопис во издание на ИСК, под редакција на В. Десподова), и два посериозни ангажмана во Старословенско-македонскиот речник со грчки паралели (1999), како и во Трескавечкиот еухологиум (2000), обата проекти под нејзино раководство. Во текот на безмалку еднодецениската соработка со д-р Вангелија Десподова научив многу: и за работата, но и за животот, воопшто. Со овој прилог ѝ ја изразувам и благодарноста за укажаната доверба и поттик во научната работа со кои бев привелигирана пред 32 години во Институтот за старословенска култура од Прилеп, во кој поминав 13 – и покрај бројката – убави работни години.

1. 1. ЗА ТРИОДОТ, ОПШТО

Триодот (грч. τριῴδιον) претставува литургиски зборник, односно богослужбена книга на православната црква, која ги содржи променливите молитвословија и песнопенија за подвижниот круг од црковната година во зависност од датумот на кој се паѓа празнувањето на Пасха, односно Велигден (Петканова 1992: 470). Тој, всушност, се состои од две црковни богослужбени книги, врзани за кругот на подвижните празници, така што од нив се служи од Неделата на митарот и фарисејот до Неделата на сите свети (првата недела по Духови). Првата книга, Посниот триод (Фарисеовецот), ги содржи молитвословијата и песните со кои се подготвуваат деновите на постот. Книгата на Посниот триод се употребува од Неделата на митарот и фарисејот до Лазаровата сабота. Во Посниот триод се распоредени песните на познатите византиски писатели од VIII и IX век, како што се: Андреј Критски, Козма Мајумски, Јован Дамаскин, Јосиф и Теодор Студит. Во втората книга или Цветниот триод (πεντίκοστάριον) се опфатени службите од Лазаровата сабота до Неделата на сите свети (Трифуновиħ 1974: 328–330). Триодот првобитно бил составен од непотполни канони, кои најчесто ги сочинувале три песни (оттаму и трипеснец како словенско име за триодите), а потоа две или четири. Во текстот на триодот, неговите подоцнежни проучувачи откриле и оригинални химнографски дела чиј автор е средновековниот писател Константин Презвитер (Поп-Атанасов 1989: 283–284). Химнографската природа на триодот, како една од неговите специфичности, произлегува од неговата намена тој да се изведува во црква со пеење пред одреден аудиториум. Тоа што овој текст бил наменет, пред сè за слушање, а не за читање, значи дека требало да задоволи одделни формално-естетски барања. Оттука, при читањето на триодот се добива впечаток за ритмичка организираност на текстот и неговата стилистичка оформеност, преку што се постигнува определен акустички ефект (Црвенковска 2006: 7–8).

1. 2. ЗА СЛОВЕНСКИОТ ТРИОД

Проучувачите на словенскиот триод при неговата анализа и обиди за класификација тргнувале од различни критериуми, па поради тоа доаѓале и до неединствени класификации. Она во што сите научници се еднодушни е тоа дека настанувањето на словенскиот триод е тесно врзан за преведувачката работа на браќата Св. Кирил и Методиј и нивниот најблизок ученик Св. Климент Охридски. Имено, преводот на Посниот триод можел да настане во времето на Св. Кирил и Методиј, за што сведочи XV-та глава од житието на Константин во кое се вели дека во она време биле преведени сите литургиски книги меѓу кои спаѓа и триодот. Според В. Мошин (Mošin 1977: 117–125), Св. Климент Охридски, најверојатно, подоцна го редигирал овој превод и пред својата смрт, во 916 година, го завршил преводот на Цветниот триод, односно го допревел делот од Томината недела до Педесетницата, за што сведочи и Климентовото житие, напишано на грчки јазик од страна на охридскиот архепископ Теофилакт во XI век, кој вели дека Св. Климент Охридски му го

додал на триодот она што му недостигало (Милев 1955: 82). Врз основа на ова, различни научници даваат и различни толкувања во врска со тоа чие дело е преводот. Најстариот проучувач на триодите И. Карабинов вели дека првиот словенски превод на триодот бил направен до 916 год., а имено во таа година Св. Климент го завршил преводот на вториот дел од триодот, односно Цветниот триод, додека првиот дел од триодот или бил преведен од учениците на Св. Кирил и Методиј, или, пак, исто така од самиот Св. Климент (Карабинов 1910: 217). На истово становиште е и Н. Л. Туницкиј (Туницкий 1913: 80), а Хр. Кодов (Кодов 1966: 126) е нешто покатегоричен во хипотезата за преведувачкото авторство на Св. Климент на двата дела од триодот, па вели: „Ако знаеме со сигурност дека Св. Климент го превел Цветниот триод, не е ли логично да претпоставиме дека она што се пее претходно (т.е. Посниот триод) самиот Климент да го превел порано, а сега само да го завршил целото дело?“ Денес во науката веќе сите се согласни дека Посниот триод бил преведен за време на Моравската мисија, додека преводот на Цветниот триод е дело на Климент Охридски. Покрај преводот на Цветниот триод, Климент одново го средува и го редактира посниот дел на триодот (Поп-Атанасов 1989: 284).

За тоа, каде настанал преводот на триодот едни научници сметаат дека тоа се случило во Моравија, во рамките на целокупната преведувачка дејност на браќата Кирил и Методиј, а според други, по завршувањето на мисијата и враќањето на Кирило-Методиевите ученици на Балканот. Поголемиот дел од научниците се склони да веруваат дека преводот на Посниот триод или на редакцијата на моравскиот превод на Посниот триод е, исто така, дело на Климент Охридски (Попов 1985: 32). Ова дотолку повеќе што: „Лексиката на најстарите словенски триоди покажува блискост со најстарите глаголски споменици, како и присуство на низа грцизми што се употребени во старословенските ракописи, од што се доаѓа до заклучокот дека преведувачите на овој химнографски зборник имале живи познавања на грчкиот јазик. Според тоа, најстариот превод на триодот упатува на Македонија, каде што Грците и Словените живееле во симбиоза.“[3]

Како што спомнавме и погоре, како најстар проучувач на триодот во славистичката наука се јавува Иван Карабинов кој во својата позната студија (Карабинов 1910: 217) ја проследил историјата на изворниот грчки текст на триодот врз низа најстари грчки ракописни триоди, а при проучувањето на словенскиот триод се послужил со седум словенски ракописи, од кои три се стари македонски ракописи од XIII век, а четири се руски текстови од XII до XIV век. Според класификацијата на Карабинов, (како главен критериум врз кој се базира ја зема архаичноста, односно блискоста на преводот до грчкиот оригинал) за најстар тип, односно за најблизок до првиот превод, се смета Шафариковиот. Тој е полн триод, кој не е поделен на посебни делови. Се

[3] J. Rusek. „O pierwotnym przekładzie triode“. Slavia orientalis. Rocznik XXVIII,4, Warszawa, 427–434, цитирано според: Е. Црвенковска, Л. Макаријоска. *Орбелски т҃риод.* Скопје: Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков“, 2010, 10.

состои од Посен и Цветен триод. Доста е архаичен и ја чува полноќната служба на Велики петок која во грчкиот оригинал постоела, а која денес грчките триоди ја немаат. Покрај ова, овој триод содржи шест тропари и две седални, како и цела низа стихири и седални кои не се зачувани во грчките ракописи. Втор во поглед на архаичноста е Триодот бр. 137 од XII век од Московската типографска библиотека. По него следуваат Орбелскиот триод од XIII век и Погодиновиот триод бр. 40 од XIII век. Орбелскиот триод зачувал голем број седални и стихири, во него има нови песни, опфаќа паримии и голем број делови од типикот. Погодиновиот, пак, за разлика од Орбелскиот нема делови од типикот, а од Цветна недела, па натаму, претставува тип што му е близок на Ефтимиевиот триод. Според својата структура, овој триод претставува преод од старите словенски триоди кон новите што потекнуваат од Ефтимиевата редакција. Карабинов смета дека различните редакции на словенскиот триод, главно, се должат на **спонтаните лични зафати** на препишувачите во нивната намера текстот да го направат поразбирлив, но и поблизок до грчкиот оригинал.

Постојат толку различни видови триоди што Јежи Русек (Русек 1972: 217–223) во една своја статија вели: „Триодите во периодот од XI до XIV век се многу разновидни. Всушност, секој од зачуваните триоди претставува тип за себе“. Поради својата сложена структура и потребното теолошко образование за негово текстолошко проучување, триодот, долго време по Карабиновата студија, не бил предмет на интересирање на филолозите. Од 80-тите години на 20 век, па наваму, повторно оживува интересот кон јужнословенскиот триод. Така, Лидија Славева во својот магистерски труд, зборувајќи за различните варијанти на јужнословенскиот триод, а во извесна смисла, не согласувајќи се во целост со И. Карабинов, по прашањето за неговата разновидност го вели следново: „...во еволуционата историја на текстот, покрај познатиот факт за бескрајната варијабилност на ракописните текстови во рамките на личната, несвесна или свесна интервенција на секој препишувач во однос на литургиските книги, треба да се нагласи посебното значење на структурните измени, бидејќи структурните варијанти во службите содржани во ракописните или печатените текстови стојат во тесна поврзаност со црковните типици. Секоја измена во типикот, односно во црковниот устав, предизвикува промени во структурата на службите, што значи дека структурните варијанти во службите не претставуваат индивидуални, самостојни интервенции на писарите, туку создаваат еден одреден и утврден тип којшто вредел одредено време како канонско правило на одредено подрачје. Еволуцијата течела од едноставна структура на обичната служба кон посвечена и покомпликувана, што налагало вклопување нови делови на одделни места. Новите песнопенија се поставувале на различни места во вечерната и утрената, или веќе постојните песнопенија се преместувале во комбинација со новите црковни поетски состави. Секоја таква измена морала да биде предизвикана од посебни **историско-црковни причини**. Гледани така, структурните измени во текстовите на литургиските книги, посебно во триодот, во секој случај претставуваат значајни хронолошки

пресеци и во оваа смисла ги фиксираат главните временски рамки во историјата на текстот, а според ова и во сите негови елементи, почнувајќи од фонетиката и граматиката, па сè до синатаксата и стилистиката.“ (Славева 1972: 93–126).

Што се однесува, пак, до различните типови триоди, проучувањата на Л. Славева и В. Мошин (Mošin 1977: 117–125) покажуваат дека од шеесетината јужнословенски преписи на триодот можат да се изделат четири типа. Како критериум во класификацијата што ја направиле тие ги зеле структурните промени кои се во врска со црковниот типик. Според нив, еволуцијата на словенскиот триод се движела од покуса и обична служба кон пополна и покомпликувана, што налагало вклучување нови песнопенија на различни места од вечерната и утрената, но и разместување на веќе постојните песнопенија. Најстариот тип триоди, според Славева, е зачуван во македонските триоди – ХАЗУ IV d 107 и во Шафариковиот триод од првата половина на XIII век. Тоа се полни триоди со едноставна служба од минеен вид, без полиелеи, „велико славословие“ и без паримии. Кон овој тип припаѓа старословенската одломка од Кодовиот триод објавен во Зборникот што го издала Бугарската академија на науките во 1966 год. по повод годишнината од смртта на Климент Охридски.

Вториот тип го претставуваат, исто така, македонски ракописи – Орбелскиот, Копитаревиот и Хлудовиот триод, сите од втората половина на XIII век. Овие триоди имаат свечена служба со „велико славословие“, поради што стихирите на утрената се пренесени во другите делови од службата. Во оваа група како посебен тип се издвојува текстот на Верковиќевиот триод, ХАЗУ IV d 4 од почетокот на XIV век кој ја задржал славословната структура, но има иновации во распоредот на стихирите.

Третиот структурен тип е претставен преку српските ракописни триоди на анагностот Георгиј од околу 1330 година и на Белградскиот триод од 1328 година. Овој тип триоди има пошироки упатства од типикот во редот на полиелејната служба, потоа повечерје со канон и ја продолжува традицијата на вториот тип.

Четвртиот и последен тип се јавува во третата четвртина на XIV век. Овој тип е застапен во низа српски, бугарски и влашко-молдавски ракописи од крајот на XIV и XV век. Овој структурен тип со варијанти на мала и голема вечерна, со литии и синаксари бил прифатен во бугарската школа на патријархот Ефтимиј, така што подоцна во текот на XVI век со мали измени влегол во старите бугарски и српски печатени текстови на триодот, а последната измена ја доживеал во руската редакција на печатените триоди во XVII век.

Во 1983 год. проучувањата врз словенскиот триод се збогатени со делото на советската научничка А. М. Момина. Во својата класификација таа изделува девет типа словенски триоди и тоа врз основа на **разночтенијата во преводот, составот на песнопенијата, распоредот на материјалот и делењето на триодот на Посен и Цветен**. Од посочените девет типа,

истакнува дека само седмиот, осмиот и деветтиот тип го одразуваат хронолошкиот развој на словенскиот триод, додека за претходните шест таа за ниеден не тврди кој тип на кој му претходел, и обратно (Момина 1982).

Последниот обид за класификација на словенскиот триод го направил бугарскиот текстолог Г. Попов, според кој триодот би можел да се подели на четири типа А, Б, В и Г и тоа според составот и распоредот на трипеснеците и четирипеснеците т. е. на циклусот кој започнува од понеделникот на првата седмица, а завршува во петокот на шестата седмица од Великиот пост. Ќустендилскиот триод (во продолжение Ќуст) кој е предмет на нашево истражување, според класификацијата на Попов му припаѓа на типот В, заедно со Орбелскиот, Пловдивскиот, Погодиновиот 40 и Хлудовиот 138, а бидејќи претходните делови од овој триод недостигаат застапеноста на трипеснеците и четирипеснеците во него се следи од четвртокот на третата седмица од Великиот пост (Попов 1985: 71).

1. 3. ЗА МАКЕДОНСКИТЕ ТРИОДИ

Во нашата наука за јазикот, до денес, на лингвистичка анализа се подложени повеќе триоди од македонска црковнословенска редакција. Покрај овдеразгледуваниот Ќустендилски триод (настанат во втората половина на XIII век и кој според класификацијата на Георги Попов се наоѓа во иста група со *Орбелскиот* и со *Хлудовиот триод*) тука се и *Битолскиот триод* кој е јазично анализиран од Стоја Поп-Атанасова, *Загребскиот триод* од Емилија Црвенковска и *Шафариковиот триод* како последен јазично обработен и анализиран текст од македонските медиевистки, Лилјана Макаријоска и Емилија Црвенковска.

1. 4. ЗА ЌУСТЕНДИЛСКИОТ ТРИОД (Ќуст)

Основните податоци за Ќуст ги среќаваме под реден број 55 во монографијата *Македонски средновековни ракописи I*, подготвена од Вангелија Десподова и Лидија Славева, во кој стои дека името на ракописот „Ќустендилски триод“ за првпат се спомнува во една статија на бугарскиот лингвист Боњу Цонев (Цонев 1905: 538–539). Во статијата насловена како Ќустендилско четвороевангелие, авторот, покрај за она што е тема на неговото интересирање, попатно, се осврнува и врз средновековната книжевна заоставштина на градот Ќустендил. Зборувајќи за ова, Цонев ќе даде неколку основни белешки за овој средновековен ракопис. Еве што вели за Ќуст: „Меѓу старите ракописи во црквата Св. Богородица како најважен го истакнувам еден среднобугарски посен триод од XIV век, Кратовска школа. Ракописот се состои од 50 поздрави пергаментни листа фолио, пишувани во две колони од по 38 реда неубав устав. Од 37-от л. натаму ракописот е многу оштетен (од влага), па е нечитлив – особено горниот дел на листовите. Бидејќи немав намера посестрано да го проучувам, јас главно му обрнав внимание на неговиот правопис и забележав дека во него правописот на темните гласови (ерови и јусови) е спроведен докрај, што ќе рече дека од двата ера редовно се употребува само q, а употребата, пак, на 3 и 5 е таква

што 3 се употребува само по согласки, а 5 само по самогласки, како и во почетокот на зборот.“

Во книгата „Триодни произведенија на Константин Преславски“ од Георги Попов, авторот ни го дава прегледот на местата и библиотеките во кои се чуваат фрагменти од овој триод. На број ги има вкупно 6 и тоа: 55 л. се чуваат во Ќустендил, 1 л. во Народната библиотека „Св. Кирил и Методиј“ во Софија, 8 л. во Библиотеката на БАН во Софија, 2 л. во Универзитетската библиотека во Краков, 1 л. во Ракописниот оддел на Пловдивската народна библиотека и 1 л. во Одделението на Институтот за историја во Санкт Петербург (Попов 1985: 66). Главниот дел од ракописот, поточно оној најголемиот, што се чува во Ќустендил, имав можност да го видам, и на самото место да се уверам во она што го констатирал Б. Цонев. Еден век подоцна ракописот е во уште полоша состојба. Сè уште не е конзервиран, пергаментот е доста нечист и набабрен од влага, на повеќе места е оштетен, па поради тоа и тежок за расчитување.

Што се однесува до структурата на Ќуст, можеме да кажеме дека овде покрај трипеснеците и четирипеснеците, се среќаваат **паримии**, битија и делови од пророштва, што се содржат во Стариот завет. Паримиите, неслучајно ги подвлекуваме, зашто, преку нивната појава во триодот, посредно, се обидовме да ја датираме редакцијата и на нашиов триод. Имено, според Јежи Русек, тие во триодот се внесени во XII век, а за пример е посочен Битолскиот триод, во кој глаголските одломки опфаќаат текст што претставува понов превод на посниот триод со **паримии** (Русек 1972: 217–219). Лидија Славева, пак, зборувајќи за Орбелскиот триод (втора половина на XIII век), вели дека тој, *без сомневање, претставува подоцнежна редакција на триодот, бидејќи во него се вклучени*: велико славословие, **паримии** и пошироки упатства од уставот (Славева 1972: 100–101). Според нејзиното толкување, како што може да се види, паримиите се внесени во триодот век и половина по Русековото датирање. Значи, ако се земе предвид класификацијата на Славева, според која, триодите во кои за првпат се јавуваат паримии се ракописи кои настанале во втората половина на XIII век, а со оглед на тоа што нашиов ракопис е датиран токму во овој период, а и поради фактот што Георги Попов, Орбелскиот и Ќустендилскиот, ги става во иста група, за нашиов ракопис би можеле да констатираме дека тој не ја претставува пораната, туку подоцнежната структурна редакција на триодот, кој според класификацијата на Славева би го застапувал вториот тип триоди.

1.4.1. За припадноста на Ќустендилскиот триод кон Кратовската книжевна школа

Ќуст е доста стар средновековен македонски ракопис, кој ја одразува македонската редакција на црковнословенскиот јазик што се негувала во Кратовската книжевна школа. Прв кој се произнесол по ова прашање е веќе гореспоменатиот бугарски медиевист Б. Цонев. Кон ставот за потеклото на ракописов од Кратовската книжевна школа се придружуваат и нашите медиевисти Вангелија Десподова и Лидија Славева (Десподова, Славева 1988:

186). Сонародникот на Цонев, Христо Кодов, шеесетина години подоцна, правејќи опис на осумте листа од овој ракопис што се чуваат во библиотеката на БАН вели: „По сè изгледа дека овој триод е пишуван во југозападните краишта на бугарската говорна област (денешна Македонија)“ (Кодов 1969), што значи дека Кодов не дава никаква конкретна убикација, иако го лоцира во Македонија. Како најнепристрасно го прифаќаме мислењето на проф. J. Русек кој, правејќи анализа на еден фрагмент од овој ракопис што се чува во Краковската универзитетска библиотека, врз основа на вокализацијата на еровите тврди дека во овој ракопис е застапена македонската редакција на црковнословенскиот јазик (Десподова 1998).

Како главни аргументи врз кои ја темелиме нашата претпоставка за припадноста на овој ракопис кон Кратовската книжевна школа, покрај веќе споменатите од Б. Цонев, наведуваме уште неколку: – текстот е едноеров, се употребува само q; – во слаба позиција ерот се испушта, а во јака позиција q се вокализира во e: (**Vvqs-** : vesq 31^{v} I 2; **Ddvqr-** : dveri 3 II 7; **/qz-** : /ezlomq 29^{v} II 16; **tqm-** : temno1 2 I 15; **[qd-/ [qs-/ [ql-** : pri[elq 1si 39^{v} II 26-27; pri[estvi1 18^{v} II 31), додека големиот ер (Q) се вокализирал во o (zov3 ti 3 I 33-34; zov3]e 25^{v} I 22; ne kosni s3 20^{v} II 13; i kosni s3 vq kosti 1go 21^{v} I 3-4; sobrati 49 I 33; gl3bokq 9^{v} II 4; sladokq 8^{v} I 11; krotokq Krak 1 I 4; kr'pokq Крак 2 II 4-5). Носовките 3 и 5 не се среќаваат прејотирани и се пишуваат според определено правило – 5 по вокали, а 3 по консонанти; – 5 се деназализира во ou, односно во a; 3 преминува во e; – 3 се заменува со ' и обратно ' > 3; – две носовки во непосреден допир се разделуваат во 35; – кај буквите i и x има целосно неразликување; q секогаш доаѓа по ликвидите r и l за означување на нивната слоготворна функција; – епентетското l се чува; – јотираните l и ` се пишуваат доста редовно, покрај употребата на точка за означување на јотирано e. Прејотирано l, главно, доаѓа зад вокали и во иницијална позиција, сп: `vi s3 2 I 12; `vlq[e s3 2 I 14; `ko 2 I 11; 2 I 34; 2 II 14; `rostenq 6 II 19; vqskre²ni` 2 II 25; ka` s3 3$^{v}$ II 6; mo` 3^{v} I 28; v ne` 4 II 32; poka`ni1mq 2^{v} I 30 и др.; 1go 17^{v} II 18; 1/e 17^{v} II 33; 1liko 17^{v} II 24; znameni1 17^{v} II 32-33; i/e 1 17^{v} II 36; d8[i mo1i 17^{v} I 32 и др.; – контракција на вокалите кај придавките кои имаат сложена промена; – затврднување на меките консонанти; дисимилација на групата **-sc'-** во **-st'-** што може да се види од следниве примери: vq stran' vavilonst'i 56 I 31; 1gipetqst'i 44^{v} II 25; na gor' sionqst'i 26 I 25; na poli gesinarest' 56 I 30; – групата -vn- преминала во -mn- (damno< davqnq) итн.

1.4.2. Од јазичната анализа на Ќустендилскиот триод

Од лингвистичката анализа што ја спроведовме на неколку нивоа: правописно, фонолошко, морфолошко, синтаксичко и лексичко, за Ќуст, покрај горенаведеното, во куси црти можеме да наведеме дека од фонетско-фонолошките појави се нотирани и следниве:

– контракција на вокалите покрај во сложената промена на придавките (isakova oca 53^{v} II 36-37; mnoga;3da 35^{v} II 32), бележиме и во имперфектот.

Сп: mno/a[e s3 4 I 7; podvigouva[e 7ᵛ II 32; posila[e 20ᵛ I 12; prino[a[e 20ᵛ I 14; provqzgl̑a[a[e 22 II 24-25;

– затврднување на меките консонанти;

– асимилација по звучност: **-g;- > -k;- :** oblek;' 43 I 25; **-/k- > -[k-**: t3[kx 53 II 19; **-z- > -s-**: is kamene 51ᵛ II 26; is kov;ega 6ᵛ II 6; is plamene 40 II 25; is tebe 2 II 31; is ;r'vam 51ᵛ II 34; **-sb- > -zb- :** zbori]e 32ᵛ II 23 и др.

– слевање на геминатите: **-vv- > -v-:** kq savou s8nou 52 II 23; **-nn- > -n-:** C bezakonei n8[i 31ᵛ I 8; bezakoni1 35ᵛ I 26; bezakonikq 13 I 32; bezakonicx 8ᵛ I 27; inoplemeni;'½ 3ᵛ I 5; **-ss- > -s- :** bestrastenq 11ᵛ II 2; bestrastnx 28 II 6-7; bestr²tnx 18ᵛ I 13.

– упростување на консонантските групи: **-zdn- > -zn-** : neprazn' /e bxv[i i rodi s8na 21 II 8-9; praznikomq 19 I 14; praznikq 19 I 13; praznou1tq 8ᵛ II 31; **-t;- > -;- :** o;e 3 I 35; 11 II 33; 19 I 19; o;qstvi` 10 II 31; **skv- > sk-:** skoz' 12ᵛ II 23; 43ᵛ II 17.

Како што кажавме и погоре во Ќустендилскиот триод постои целосно чување на епентетското l (zeml3 1ᵛ I 17, drqznovleni` 18 II 17; izbavleni1 10 II 36; 22 II 1; 24ᵛ I 18; 48 I 9; ispravleni` 52ᵛ I 22; obnovleni1 39ᵛ II 25; ozlobleni1 5 I 38 и др.), како и на консонантската група -;r. Сп: vq ;r^ kitov' 43 II 38; more ;rqmnoe 21ᵛ II 38; po;rqpei 21 I 31-32; riz3 o;rqvlen3 33ᵛ I 13; ;r'zq 52 I 27; ;r'pq 21ᵛ I 12; ;rqvlenice5 48 II 9; ;rqvq 12ᵛ I 13-14; 26ᵛ II 27; ;rqpa[e 22 I 15-16.

На планот на именските зборови бележиме: мешање на основите, употреба на вокативните форми (b8ce 2ᵛ II 17; izbavitel2 b8e b8lvenq 40 II 33; 40 II 38; kr'pitel2 10 I 28; nev'sto 24 I 32; o8;e 3 I 35 и др.) и на формите за двоина (i d'la r3kou 1go bl±vilq 1si 20ᵛ II 4-5 ; C nogou do glavq1 21ᵛ I 10-11; C o;i2 slqzn3 izliva5]i 38ᵛ I 23-24 итн.) присуство на простата и на сложената придавска промена, неправилна промена на анафорската заменка и тенденција за обопштување на една генерализирана форма, два начина на бележење на броевите со буква и со цели зборови.

Именската форма на глаголот – супин е сосема истиснат од употреба, за разлика од инфинитивот чија употреба е редовна. Што се однесува до партиципите најкарактеристичен белег е употребата на номинативните форми за сметка на другите падежи, како и појавата на нивно функционирање како лично-глаголски форми.

Во презентот кај глаголите бележиме форсирање на наставката -mo, што се должи на дијалектната основа, сп: nin' taino sqvr[a1mo 23ᵛ II 11-12; togo /e ne sqgl3da1mo 30 I 14-15. Асигматскиот и првиот сигматски аорист во овој триод се многу често употребувани глаголски времиња, за разлика од вториот сигматски аорист. За имперфектот се карактеристични само контрахираните форми. Од сложените глаголски форми во употреба се: перифрастичниот футур, перфектот, кондиционалот. Со употребата на асигматскиот аорист и кондиционалот од типот bimq - b5 се потврдува дека пишувачот на овој ракопис се држи до тенденцијата за чување на традицијата во ракописов.

Во поглед на прашањето за упростувањето на деклинацискиот систем можеме да констатираме дека оваа појава во нашиов ракопис не е толку редовно застапена во споредба со другите црковнословенски ракописи од овој период. Истата ситуација на мала застапеност ја имаме и во врска со да-конструкцијата како замена за инфинитивот. На планот на синтаксата среќаваме неколку карактеристики што се должат на влијанието на дијалектната основа, кои се однесуваат на многу честата употреба на партикулата *ли* во прашалните реченици, на редот на клитиките, каков што имаме и денес во источното наречје, како и на непостоење на примери со удвоен објект.

Во рамките на зборообразувањето се проследуваат моделите на правење сложени зборови во кои како прва најпродуктивна компонента се јавуваат следниве: blago-, /ivo- и ;l8ko-; како и најчестите префикси (bez/bes-, vQz-/vQs-, iz-, ne-, po-, pri-, pro-, pr'-) и суфикси за градење конкретни и апстрактни именки во овој ракопис, како што се: -qnikQ, -telq, -qcq, -ica, -lo, односно -qstvo, -ostq, -ota.

На лексичко рамниште во Ќуст се гледа еден архаичен лексички слој, во чии рамки посебно се издвојуваат моравизмите (сп.: drevle, nepri`znq) и германизмите (ZakonqnikQ - bBezakonnikomq 29^{v} II 33; velqb5dQ - velqbl3dxma 51 II 23-24; vQs5dQ - vs3d3 44 I 27; gobq\iti - gobzi 36 II 22; gobzou5 24^{v} II 3; krqstq - kr̂qti 7^{v} I 11; krqstq 13 II 16; kQn3\q - kn3za 21 I 13; kn3zou 43^{v} II 34; lxho - lxho1mxtq 25 II 25 и др.), по што можат да се видат и поновиот лексички слој, лексичките варијанти, употребата на антонимите, тавтолошките изрази, астрономските и хронографските лексички изрази, грчките заемки што се однесуваат на христијанската терминологија и на ономастичкиот материјал.

1.4.3. За украсите во Ќустендилскиот триод

Ќуст не изобилува со многу украси и орнаменти така што за него може да се каже дека во овој поглед е скромен, па дури и скуден. Единствените украси што овде ги среќаваме се иницијалите, пишувани со црно мастило, кои најчесто се однесуваат на буквите: **v, g, t, o** и само на едно место **e.** Според изгледот на иницијалите, сметаме дека овој ракопис во најголем број случаи го одразува тератолошкиот стил[4], и тоа на двата негови вида: народен и технички. Народниот тератолошки стил поникнал во Македонија, каде што словенската писменост во периодот помеѓу XII–XIV век била лишена од постојан и покрупен книжевен центар. Народната тератологија се заснова врз народните цртежи на преодниот манир, односно на варварската разновидност на византискиот стил (Щепкин 1967: 65) **(слика 1)** во кој се чести мотивите на очи, уши и опашка **(слика 2)**. Техничката тератологија, пак, ги опфаќа оние иницијали кои содржат мотиви на плетенка, како и животински и растителни мотиви **(слика 3)** (Щепкин 1967: 65).

[4] Терминот *тератолошки стил* за првпат е воведен во историјата на уметноста од Ф. И. Буслаев.



стр. 8^{v} стр. 54^{v} стр. 36

слика 1



стр. 40^{v} стр. 9

слика 2



стр. 48^{v} стр. 37 стр. 18 стр. 55 стр. 37^{v}

слика 3

Литература

Велев И., Макаријоска Л., Црвенковска Е. (составувачи). *Македонски споменици со глаголско и кирилско писмо*. Скопје: Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков“, 2008.

В. Десподова, Л. Славева. *Македонски средновековни ракописи I*. Прилеп: Институт за истражување на старословенската култура, 1988.

В. Десподова. „Македонски писмени споменици во Краков, Полска“. *Balcanoslavica VIII – IX (1986 – 1988)*, Прилеп: Институт за старословенска култура, 1998.

Карабинов, И. *Постная триодь. Исторический обзор её плана, состава редакций славянских переводов*. С. Петербург, 1910.

Кодов, Хр.. „Фрагмент од старобългарски ръкописи с глаголическа приписка“. *Климент Охридски. Сборник од статии по случай 1050 години од смъртта му*, София, 1966.

Кодов, Хр. *Опис на славянските ръкописи в библиотеката на БАН*. София, 1969, опис бр. 39.

Макаријовска Л., Црвенковска Е. *Шафариков триод – лингвистичка анализа*. Скопје, 1994.

Милев, А. *Теофилакт. Климент Охридски*. София, 1955.

Момина, А. М. *Типы славянской триоди. Эзык и письменность среднеболгарского периода*. Москва, 1982.

Петканова, Донка. *Старобългарска литература*. Енциклопедичен речник, София: Издателство „Петър Берон“, 1992.

Поп-Атанасов, Ѓорги. *Речник на старата македонска литература*. Скопје: Македонска книга, 1989.

Поп-Атанасова, С. *Лингвистичка анализа на Битолскиот триод*. Скопје: Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков“, 1995.

Попов, Георги. *Триодни произведения на Константин Преславски*. Кирило-Методиевски студии 2, София, 1985.

Русек, Јежи. „Неки проблеми у вези са издавањем словенског триода“. *Slovo 22,* Zagreb, 1972.

Славева, Лидија. „За старословенскиот триод“. *Slovo 22,* Zagreb, 1972, 93–126.

Трифуновић, Ђорђе. *Азбучник српских средњовековних књижевих појмова*. Београд, 1974.

Туницкий, Н.Л. *Св. Климент епископ словенский. Его жизнь и просветительная деятельность.* Сергиев Посад, 1913.

Цонев, Боню. „Кюстендилско четвероевангелие, среднобългарски прототип на VI правописна школа“. ПСп. т. 66, 1905.

Црвенковска, Е. *Загрепски триод*. Скопје: Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков“, 1999.

Црвенковска Е., Макаријоска Л. *Орбелски триод*. Скопје: Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков“, 2010.

Црвенковска, Емилија. *Јазикот и стилот на триодот*. Скопје: Менора, 2006.

Щепкин, Н. В. *Русская палеография*. Москва: Издательство „Наука“, 1967, 67.

Mošin, V. „Heretici trojezičnici u staroslavenskom prijevodu triode“. *Slovo 22*, 1977, 117–125.

Rusek, J. „O pierwotnym przekładzie triode“. Slavia orientalis. Rocznik XXVIII,4, Warszawa, 427–434, цитирано според: Е. Црвенковска, Л. Макаријоска. *Орбелски триод*. Скопје: Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков“, 2010, 10.

Summary

At the beginning of this paper, we provide a general review of the Triodion, and then through the general characteristics of the Slavic triodion, we reach the triodions from the Macedonian Church Slavonic redaction with a special emphasis on The Triodion of Kyustendil, which is the focus of our interest. The Triodion of Kystendil was created in the second half of the 13th century. According to its linguistic characteristics, this soft-silent-letter manuscript is located in the circle of manuscripts created in the Kratovo-Zletovo medieval literary school. Most of this manuscript is kept in The District Museum in Kyustendil, after which it got its name.

УДК 811.163.4(497.6)’373.45=163.3
УДК 811.163.4(497.6)'373

Alen Kalajdžija
Haris Ćatović
Univerzitet u Sarajevu
Institut za jezik
Hasana Kikića 12
alen.kalajdzija@izj.unsa.ba

MAKEDONIZMI U GOVORU BOŠNJAKA SJEVERNE MAKEDONIJE

Sažetak: Ovaj rad bavi se analizom leksičkih posuđenica iz makedonskog jezika u govoru bošnjačke zajednice u Republici Sjevernoj Makedoniji, s ciljem utvrđivanja njihovih semantičkih vrijednosti i načina adaptacije u bosanski jezički sistem. Leksika kao najosjetljiviji segment jezika na međujezičke kontakte pokazuje se kao pouzdan pokazatelj kulturnih i društvenih utjecaja u dvojezičnim i višejezičnim sredinama. Bošnjaci u Sjevernoj Makedoniji, živeći u makedonskom jezičkom okruženju, razvili su govor u kojem je prisutan značajan sloj makedonizama, što svjedoči o dugotrajnom suživotu i međujezičkom prožimanju. Dugotrajno prisustvo Bošnjaka u makedonskom jezičkom okruženju rezultiralo je formiranjem izraženog sloja makedonizama u njihovu govoru, što potvrđuje intenzitet i stabilnost međujezičkog prožimanja. Metodološki okvir kombinira terenski, deskriptivni i analitički pristup. Građa je prikupljena 2024. godine u naseljima s kompaktnim bošnjačkim stanovništvom na širem području Skoplja, Velesa i Prilepa, putem dijalektoloških upitnika te strukturiranih i polustrukturiranih intervjua s ispitanicima različite dobi, spola i obrazovanja. Analiza počiva na kontrastivnom poređenju i provjeri značenja posuđenica u savremenim makedonskim i bosanskim rječnicima, uključujući digitalne resurse. Ovim pristupom omogućeno je precizno utvrđivanje podudarnosti i semantičkih odstupanja između makedonskih i adaptiranih oblika leksema u govoru Bošnjaka. Rezultati pokazuju da su makedonski utjecaji najizraženiji u domenama svakodnevnog života, domaćinstva i prirodnog okruženja, javne komunikacije, administracije i sl. Na kraju se može konstatirati da makedonske posuđenice u govoru Bošnjaka Sjeverne Makedonije predstavljaju važan pokazatelj međujezičkog utjecaja i sociolingvističke dinamike u kontaktnoj zoni. One ne samo da odražavaju leksičko bogatstvo i prilagodljivost govora ove zajednice, nego i potvrđuju da je proces jezičke interferencije rezultat dugotrajnog kulturnog i komunikacijskog suživota u višejezičnom prostoru Balkana.

Ključne riječi: bosanski jezik, bošnjački iseljenički govori, Republika Sjeverna Makedonija, leksika, makedonizmi

Uvod

Istraživanje leksičkih slojeva iz makedonskog jezika koja se ustalila i u govoru bošnjačke zajednice Sjeverne Makedonije nesumnjivo predstavlja važan segment proučavanja jezičkih kontakata, budući da upravo leksika reagira na dodire među jezicima. U okviru leksikoloških i sociolingvističkih istraživanja, analiza posuđenica omogućava uvid u dinamiku dvojezičnosti, u smjerove i intenzitet međujezičkih utjecaja, te u procese adaptacije stranih elemenata u strukturu jezika bošnjačkih iseljenika. Govori iseljeničkih zajednica posebno su relevantni u tom pogledu, jer predstavljaju specifične prostore u kojima se, pod utjecajem dugotrajnog suživota s drugim etničkim i jezičkim skupinama, razvijaju mješoviti leksički slojevi i nastaju novi obrasci jezičke upotrebe.

Govori Bošnjaka u Republici Sjevernoj Makedoniji nude vrijedan primjer takvog jezičkog okruženja. Ova zajednica, koja je već duže vrijeme prisutna u makedonskom društvenom i kulturnom prostoru, živi u sredinama u kojima dominira makedonski jezik, dok je istovremeno zadržala bosanski kao jezik svoga identiteta i svakodnevne komunikacije unutar zajednice. Dugotrajan kontakt s makedonskim jezikom doveo je i do formiranja sloja leksičkih posuđenica preuzetih iz makedonskog jezika, koje svjedoče o intenzitetu međujezičkih dodira, ali i o različitim domenama u kojima je makedonski utjecaj najizraženiji – od svakodnevnog života i domaćinstva pa sve do područja službene i javne komunikacije. Zbog toga, kad su posrijedi leksički nanosi u govoru Bošnjaka u Sjevernoj Makedoniji, posebno zanimljiv sloj čine lekseme porijeklom iz makedonskog jezika, koji se u leksičkom sistemu govora Bošnjaka u Sjevernoj Makedoniji uglavnom nalaze zbog interlingvističkih, a ponekad i ekstralingvističkih razloga.

Cilj ovog istraživanja jeste identificirati i analizirati leksičke posuđenice iz makedonskog jezika u govoru Bošnjaka u Republici Sjevernoj Makedoniji te odrediti njihove semantičke vrijednosti.

Metodologija rada

Polazište ovog istraživanja nalazi se u okvirima leksikoloških, sociolingvističkih i etimoloških istraživanja, s posebnim fokusom na proučavanje leksičkih posuđenica iz makedonskog jezika u govoru bošnjačke zajednice koja živi u Republici Sjevernoj Makedoniji. Istraživanja iseljeničkih govora bosanskog jezika još uvijek nisu u potpunosti razvijena, a i nekoliko postojećih dijalektoloških radova uglavnom je usmjereno na fonetsko-fonološki nivo i tek sporadično na druge aspekte jezičke strukture. U tom kontekstu, vrijedi spomenuti istraživanja Naile Valjevac (2022: 667), koja je, baveći se istraživanjem govora Bošnjaka u Inegöla u Turskoj a u vezi s upotrebom leksike, došla do zaključka da „značajan segment leksike čine raznovrsne tuđice među kojima dominiraju orijentalizmi“ te

da se „paralelno s upotrebom bosanskih riječi i orijentalizama oblikovao se i poseban tip nazovimo ga bosanskog 'jidiša' ili 'bosniš' jezika“, kao i istraživanja Harisa Ćatovića (2024: 54–55), u kojima se autor bavio orijentalnim slojem leksike u bošnjačkim iseljeničkim govorima u Albaniji, pri čemu se navodi da je riječ o starijem, danas pretežno pasivnom leksičkom sloju koji odražava ranije kulturno-jezičke kontakte jer se „ta leksika na bosanskohercegovačkom području ni izbliza toliko upotrebljava, ili je potpuno nepoznata, a i kontekstu standardnog jezika već je zamijenjena ekvivalentnom riječju koja odgovara savremenim prilikama“.

Imajući u vidu nedostatak takvih istraživanja, ukazala se potreba za ispitivanje leksikoloških i sociolingvističkih aspekata govora bošnjačkih zajednica u iseljeništvu, naročito u kontekstu jezičkih kontakata, što su ostali nedovoljno sistematski obrađeni. Upravo ta praznina motivirala je nastanak ovog rada, čiji je osnovni cilj da doprinese boljem razumijevanju leksičkih slojeva govora Bošnjaka u Republici Sjevernoj Makedoniji, s posebnim osvrtom na posuđenice iz makedonskog jezika kao produkt dugotrajnog jezičkog kontakta i kulturnog suživota.

Metodološki okvir istraživanja zasniva se na kombinaciji terenskog, deskriptivnog i analitičkog pristupa. Terenski rad, obavljen 2024. godine, obuhvatio je prikupljanje građe u bošnjačkim naseljima na širem području Skoplja, Velesa i Prilepa, gdje su Bošnjaci u kompaktnim zajednicama prisutni u većem broju. Jezička građa prikupljena je primjenom dijalektoloških upitnika, strukturiranih i polustrukturiranih intervjua te putem spontanih razgovora s ispitanicima različite dobi, spola, obrazovanja i društvenog statusa, čime se nastojalo obuhvatiti što reprezentativniji uzorak govorne prakse. Dakako, istraživanje se u pojedinim aspektima preusmjerilo i na brojna pitanja u vezi s folklornom i etnološkom građom u sferi različitih aspekata svakodnevnog života bošnjačke migracije u navedenoj zemlji.

Analitički pristup u ovom radu usmjeren je prije svega na identifikaciju i semantičku analizu leksičkih posuđenica makedonskog porijekla. Poseban akcenat stavljen je na poređenje i ovjeravanje značenja prikupljenih leksema s relevantnim jedinicama u savremenim rječnicima makedonskog jezika u kontrastiranju s konsultiranim bosanskim rječnicima. Upotreba i značenje spomenutih leksema makedonskog porijekla u govoru Bošnjaka Sjeverne Makedonije provjereni su preko elektronske platforme makedonskog rječnika: македонски.гов.мк (www.makedonski.gov.mk), potom Digitalnog rječnika makedonskog jezika, tj. Дигитален речник на македонскиот јазик (www.drmj.eu) te na osnovu publikacije *Толковен речник на македонскиот јазик* (IV, V, VI).

Ovakav tip metodološki uspostavljenog kontrastivnog istraživanja omogućava precizno utvrđivanje stepena podudarnosti značenja između makedonskih leksema i njihovih adaptiranih oblika u govoru bošnjačke zajednice, te identifikaciju semantičkih pomaka, suženja ili proširenja značenja u procesu jezičkog transfera. Ovim pristupom tako se nastoji osvijetliti način na koji se značenja makedonskih riječi integriraju i funkcionalno ostvaruju u bosanskom jezičkom kontekstu u Republici Sjevernoj Makedoniji.

Pitanje izgovora leksema tj. njihova akcentuacija nije moglo biti posebno obrađeno zbog razuđenosti bošnjačke govorne zajednice, usljed čega se javljaju nekonzistenti u još uvijek živom procesu stabilizacije načina izgovora posuđenih riječi iz makedosnskog jezika, gdje se primjećuje utjecaj makedonskog akcenatskog sistema i izvorne govorne akcentuacije koja je povezana sa dijalekatskom bazom, pri čemu valja imati na umu da je i sama dijalekatska baza akcenatski heterogena. Međutim, na sve to dodatno utječu i drugi faktori koji otežavaju stabilizaciju jer je primijećeno da se kod mlađih pripadnika bošnjačke populacije javljaju određena neznanja u vezi s upotrebom, akcentom i značenjem riječi, na što u konačnici mogu utjecati mnogi drugi ekstralingvistički faktori, kao što su stepen socijalizacije i integracije u makedonsko društvo, obrazovanje, spol, starost. Zbog svih tih razloga u ovom radu nije izvršeno akcentuiranje ekscerpirane građe.

Ovakvo istraživanje ne samo da doprinosi boljem razumijevanju dinamike međujezičkog dodira između bosanskog i makedonskog jezika, već i otvara prostor za dublje proučavanje semantičkih procesa u kontaktnoj leksici.

O bošnjačkoj populaciji u Sjevernoj Makedoniji

Monografski prikaz razvoja i života Bošnjaka u (Sjevernoj) Makedoniji široj je publici ponudio Zećir Ramčilović (2024) u studiji *Bošnjaci u Makedoniji u XX vijeku sa posebnim akcentom na kulturu i prosvjetu*, koja kroz uvod i pet hronološko-tematskih poglavlja obrađuje etnogenezu i migracije Bošnjaka, politički, društveni, kulturni i prosvjetni razvoj u periodima 1912–1941. i 1941–1991, te njihov položaj u samostalnoj Makedoniji nakon 1991. godine, pri čemu je fokus neprekidno na kontinuitetu identiteta, migracionim procesima, a posebno na razvoju kulture i prosvjete kao glavnom pokazatelju javnog djelovanja Bošnjaka.

Bošnjačko iseljeništvo na području današnje Republike Sjeverne Makedonije prisutno je već više stoljeća, a kontakti između Bosne i ove zemlje traju još od srednjovjekovlja. Danas Bošnjaci u toj zemlji uglavnom žive u kompaktnijim naseljima koja su smještena u neposrednoj blizini većih urbanih središta. Prema podacima Popisa stanovništva Republike Sjeverne Makedonije iz 2021. godine, u toj državi živi nešto više od 1.800.000 stanovnika, od čega bošnjačka nacionalna manjina čini 0,87% ukupne populacije, odnosno oko 17.000 pripadnika (Demirović 2023: 4).

Najznačajnija naselja s većinskim ili znatnim bošnjačkim stanovništvom formirana su u Skoplju, Velesu i Prilepu. Međutim, dostupni izvori ukazuju na to da bošnjačko stanovništvo živi i u drugim dijelovima zemlje, premda u manjim, disperziranim zajednicama. U prilepskoj regiji bošnjačka naselja obuhvaćaju kompleks sela i naselja kao što su Žitoše, Borino, Saždevo, Jakrenovo, Desovo, Lažane, Lokveni i Kanatlarci. U okolici Velesa te u obližnjim mjestima zabilježena su naselja Gornje Orizare, Crkvine, Vodovrat, Gradsko, Viničane i Milino, dok su pojedina naselja poput Kruše, Melnice, Otiština i Šljivnika danas napuštena, a administrativno pripadaju općini Čaška. U skopskoj regiji bošnjačko stanovništvo prisutno je u više općina: u općini Studeničani (naselje Batince), u općini Saraj

(naselja Saraj i Ljubin), u općini Gazi Baba (Hasanbegovo), u općini Butel (Radišani), te u općini Petrovec (naselja Petrovec, Srednje i Donje Konjare, Čifluk, Ražaničino i Čojlija). Bošnjaka ima i u Kumanovu i njegovoj okolici, u naseljima Matejiće, Vojane i Gornje Orizare, koja su danas uglavnom raseljena. Povijesni izvori i usmena predaja svjedoče da je bošnjačkog stanovništva nekada bilo i u Tetovu, iako je njihova prisutnost u suvremenom razdoblju znatno manja. Na temelju terenskih istraživanja i svjedočanstava lokalnog stanovništva može se zaključiti da su tragovi bošnjačkih zajednica zabilježeni i u drugim dijelovima zemlje, primjerice u Kruševu i pojedinim manjim naseljima, što upućuje na široku, iako neujednačenu, prostornu rasprostranjenost bošnjačke populacije u Republici Sjevernoj Makedoniji (up. Kalajdžija 2025: 12–13).

Ovakva rasprostranjenost pokazuje se kao relevantna jer inače pruža valjan temelj za istraživanje jezičkih osobina na širem makedonskom arealu na kojem obitava bošnjačko iseljeništvo, a leksika kao lakmus papir a priori oslikava specifične međujezičke kontakte među govornicima bosanskog i makedonskog jezika, što se naročito ogleda u prisutnosti makedonizama i njihovih semantičkih vrijednosti u govoru Bošnjaka Sjeverne Makedonije, što će u nastavku teksta biti predstavljeno i analizirano. Izvjesno je da ovaj rad ne obuhvaća sve leksičke makedonizme koji se mogu javiti u govoru Bošnjaka, što ne znači da se popisom i opisom ovih leksema neće doprinijeti razumijevanju prinicpia jezičke kontaktologije u višenacionalnim društvima.

Neki leksički makedonizmi u govoru Bošnjaka Sjeverne Makedonije

bičen – obrađen; pridjev, m. r.

U rječniku makedonskog jezika (www.makedonski.gov.mk) navodi se sljedeće značenje pridjeva *bičen*: „Што е обработен со биченье“, a isto značenje daje se i u Digitalnom rječniku makedonskog jezika. Također, prema ovom leksikografskom digitalnom izvoru, navodi se da je riječ porijeklom iz turskog jezika, a odnosi se na finu obradu materijala, najčešće drveta, što se pokazuje i u samom primjeru koji je naveden i koji se u takvom obliku i značenju upotrebljava i u govoru Bošnjaka u Makedoniji. Budući da je riječ turskog porijekla, valja napomenuti da je makedonski bio jezik prijenosnik u prihvatanje ove lekseme među Bošnjacima, posebno stoga što je već ova leksema prilagođena morfološki makedonskom kao slavenskom jeziku. Isto tako, prema Škaljiću (1979: 141), u bosanskoj jezičkoj praksi sačuvan je turski oblik lekseme *bičum*, što znači „kroj, oblik, način“, i što potvrđuje semantičku poveznicu s leksemom *bičen*. Ni *Sandžački rječnik* (Begović i Begović-Ličina 2012: 53) te *Rožajski rječnik* (Hadžić 2003: 21) ne daju oblik *bičen*, što je dodatna potvrda toga da je ova leksema u govoru Bošnjaka ušla neposredno preko makedonskog.

dekar – dulum; imenica, m. r.

Leksema *dekar* (*декар*), koja je preuzeta u govoru Bošnjaka iz makedonskog leksičkog sistema, označava ono što se u bosanskom jeziku češće označava posuđenicom iz turskog jezika *dunum* odnosno *dulum* (Halilović – Palić – Šehović

2010: 240) kao mjera za površinu zemljišta od 1.000 m^2, odnosno ono što se makedonskom leksemom *ѓекар* označava kao „мера што означува површина од десет ари; површина од 1000 метри квадратни.“ (www.makedonski.gov.mk). Izvjesno bi moglo biti da je riječ *dulum* ili *dunum* trebala biti u sistemu, ali se u govoru spomenute govorne grupacije nakalemio utjecajem makedonskog jezika.

falba – hvaljenje; imenica, ž. r.

Prema podacima koje daje konsultirani rječnici (www.makedonski.gov.mk), *falba* je leksema sa značenjem pretjeranog „hvaljenja, pohvale“, pa i „samohvale“, što se semantički preklapa sa značenjem u bosanskom jeziku, iako je jasna razlika u tvorbi ove glagolske imenice. No, to što u datom slučaju sufiks -ba nije karakterističan za navedeni oblik imenice, on se javlja u drugim riječima bosanskog jezika, kao npr. *molba*, *žalba*, *tvorba* i sl. U konsultiranim izvorima makedonskog jezika (www.drmj.eu), ova leksema odnosi se na lijepo mišljenje ili riječi za nekoga ili nešto, što se u najširem smislu semantički podudara i sa značenjem *hvaljenja* u bosanskom jeziku (Halilović – Palić – Šehović 2010: 375).

galen – omiljen, umiljat, mio; pridjev, m. r.

Leksema *galen* nije zabilježena u bosanskoj leksičkoj praksi, pa se ne javlja niti u opisnim rječnicima, a ni u dijalekatskim, što je potvrda utjecaja makedonskog jezika. Iako se ovaj pridjev može opisati bosanskim sinonimnim riječima tipa „umiljat, drag, mio, omiljen“, pridjev *galen*, a vjerovatno češće prilog *galeno*, našao je mjesto u leksičkom sistemu u govoru Bošnjaka. Iako bi se eventualno moglo posumnjati da leksema *galen* ima veze s glagolom *razgaliti*, gdje je osnova -gal- oblički istovjetna, ipak se može kazati da ova veza ima sumnjivu semantičku poveznicu jer je riječ o na prvi pogled različitim značenjima, jer *razgaliti* (*se*) znači „razveseliti (se), razvedriti se“ (Halilović – Palić – Šehović 2010: 1123), te je ovaj oblik povezan s korijenom koji nosi semantiku crne, tamne boje, npr. *galonja*, *galja* – kao oznaka za životinje crne boje dlake. Međutim, glagol *razgaliti* (*se*) ima upravo značenje razbijanja „crnila“, tame, mraka – kako na to direktno upućuje značenje „razvedriti (se)“. No, da nije sve tako jednostavno, govori činjenica da u makedonskom jeziku postoji izraz *razgalen* (*разѓален*) u značenju „на кој многу му се угодува, му се оди по волјата“ (www.makedonski.gov.mk), tj. kojem se mnogo ugađa, ko se mnogo štima, kome se čuva hatar. Otuda se u makedonskom rječniku navodi i sljedeće za natuknicu *разѓален*: „Што е разгален. Галено дете. (www.makedonski.gov.mk). U govoru Bošnjaka uglavnom se čuje oblik priloga *galeno*, u značenju „omiljeno, lijepo, drago, mnogo milo“.

gradinka – vrtić; imenica, ž. r.

Prema podacima iz konsultiranih makedonskih rječnika (www.drmj.eu; www.makedonski.gov.mk), navodi se da je riječ ili o deminutivu imenice *ѓрaѳина*, ili pak o ustanovi za čuvanje i odgoj djece predškolskog uzrasta. Očito je da je navedeni oblik tipični kalk koji je preuzet iz nekog evropskog jezika (npr. amer. eng. Kindergarten), pošto makedonski oblik ima veze s *gradom*, tj. *gradinom* odnosno kasnije malom *gradinom*, tj. *gradinkom*, što je poslužilo kao osnova za izvođenje odnosno formiranje prevedenice, tako da je u makedonskom *gradinka*, a u bosanskom *vrtić*. To, s druge strane, govori o tome kako su makedonski Bošnjaci

u okolnostima novih civilizacijskih prilika posegnuli za preuzimanjem lekseme koja se nalazi u njihovu drugom neposrednom okruženju, tačnije iz makedonskog jezika, dok im je *vrtić* u datom značenju bio i ostao nepoznat.

grafa – kolona; imenica, ž. r.

Ova leksema upotrebljava se za označavanje prostora bjeline papira ili digitalne podloge između dviju vertikalnih linija na kojima se upisuje ono što je potrebno (www.drmj.eu). U savremenom bosanskom jeziku pojam je pokriven posuđenicom *kolona* (Halilović – Palić – Šehović 2010: 518). Ova je riječ u govor Bošnjaka Sjeverne Makedonije prešla iz makedonskog jezičkog okruženja, iako je moguće da je porijeklom iz njemačkog, a još dalje iz grčkog jezika (Matasović i dr. 2016: 293).

jajcad – jaja; zbirna imenica

Leksema je, iako općeslavenskog porijekla, specifična po svom jezičkom ruhu, što se prvenstveno odnosi na njezin morfološki karakter. Prema podatku iz konsultiranih makedonskih rječnika, jedno od značenja imenice *jajce* (budući da oblik *jaje*, kako je u bosanskom, као и *јајца*, ne registriraju makedonski rječnici) odnosi se na kokošiji proizvod za prehranu, pored niza drugih pojava na koje se odnosi leksema *jajce*. U govoru Bošnjaka oblik *jajcad* zabilježen je upravo u značenju kokošijih jaja neodređenog broja, zbog čega je na specifičnu osnovu makedonske fizionomije jajc-e dodan sufiks -ad za tvrobu zbirne imenice, pa je moguće da je riječ o svojevrsnom neologizmu u govoru Bošnjaka, posebno stoga što navedeni oblik *jajcad* ne registrira ni Sandžački rječnik a ni Rožajski rječnik, iako Rožajski (Hadžić 2003: 77) navodi oblik *jajce* u značenju kokošijeg proizvoda i testisa, dok bosanski rječnici navode značenje deminutiva imenice *jaje* (Jahić 2011: 372; Halilović – Palić – Šehović 2010: 455).

kaljinka (kalinka) – nar, šipak; imenica, ž. r.

U makedonskom jeziku riječ je o izrazu *kalinka* (*калинка*) ili kaljinka, kojom se označava plod drveta šipka ili nara: „Овошно дрво со ниско стебло или поголема грмушка, разгрането и трнливо, со ситни, долгнавести листови, големи, црвени цветови и големи тркалезни плодови со дебела црвено-зеленикава кора во чијашто внатрешност има голем број ситни, црвени и сочни зрнца со пријатен вкус; Punica granatum. Земјата раѓа калинки и смокви. Во секој двор имаше по две-три дрвја калинки.“ (www.makedonski.gov.mk).

U govoru Bošnjaka može doći do fonetske promjene, svojevrsnog umekšavanja laterala *l* pred visokim vokalom prednjeg reda, pa se bilježi oblik *kaljinka*, označavajući plod šipka, nara i vjerovatno se odnosi i na samo drvo. Pored toga, u kod nekih ispitanika, čuje se i oblik *kalinka*. Kad je posrijedi objašnjenje ove lekseme, govornici obično navode da je to *nar*.

kedron (kadron) – 1. crnogorično, zimzeleno drvo, četinar; 2. meton. građa od navedenog drveta; imenica, ž. r.

U govoru Bošnjaka zabilježen je zanimljiv oblik imenice – *kedron*, koji pak ne bilježe ni makedonski niti bosanski rječnici, iako je jasno da postoji jasna

poveznica. Zapravo, makedonski izvori daju oblik *kedar* (www.makedonski.gov.mk; www.drmj.eu), kao i bosanski, ali sporadično, s obzirom da se ova leksema javlja u jeziku bošnjačkih i bh. pisaca (Jahić 2012: 114). Zanimljivo je da je leksema *kedron* u značenju građe crnogoričnog drveća ima specifičnu tvorbenu fizinomiju, gdje je jasna razlika između oblika *kedar* i *kedron*. Otvoreno je pitanje je li posrijedi kakav neologistički postupak dodavanjem sufiksa -on. Osim toga, pitanje je da li je izraz nastao pod utjecajem makedonskog jezičkog okruženja ili je ponesen iz matice. Zbog fragmentarno rasprostranjenog oblika *kedar* u bosanskim izvorima, kao i činjenice da ovakav oblik ne bilježe ni konsultirani dijalekatski rječnici, s određenom dozom opreza uzima se mogućnost da postoji makedonska poveznica s oblicima lekseme *kedar* i *kedron*, kao i zbog toga što je ova leksema prisutna u makedonskom jezičkom okruženju.

klokodrvac – djetlić; imenica, m. r.; gen. jd. *klokodrvca*

Leksema *klokodrvac* porijeklom je iz dijalekatskog makedonskog leksičkog sistema, s tom napomenom da se u makedonskom leksičkom sistemu može identificirati *klokodrvec* i *klokodrvče*, prema podatku koji su dali ispitanici, ali su Bošnjaci ovu leksemu bosnizirali tako da su npr. makedonski sufiks -ec preobrazili prema bosanskim tvorbenim obrascima u -ac, koristeći se oblikom imenice *klokodrvac*. Inače, njome se označava šumska ptica koja se na bosanskom naziva *djetlić* (Jahić 2010: 81), dok je u standardnom makedonskom jeziku клукајдрвец (www.makedonski.gov.mk).

kombe – kombi; imenica, m. r.

Leksema *kombe* direktno je preuzeta iz makedonskog jezika (www.makedonski.gov.mk) u značenju „Моторно возило, помало од автобус, наменето за превоз на патници (8 до 10) или за разнесување стока и др. Дојде комбето со храна за работниците“, iako je porijeklom iz engleskog jezika (Čedić 2011: 618), a u bosanskom dolazi u oblik *kombi*. U kosim padežima, u govoru Bošnjaka čuje se umetnuto -t- pa se registriraju i oblici *kombeta*, *kombetu*, *kombetom*.[1]

kradec – lopov, imenica, m. r.; gen. jd. *kradeca*

Leksema *lopov*, koja je u bosanski jezik ušla iz mađarskog, s eventualnim potvrdama i u arhaičnoj leksemi *tat* koja je slavenskog postanja, u govoru Bošnjaka Sjeverne Makedonije zabilježen je kao makedonska izvedenica *kradec* (*крадец*), izvedena iz glagola krasti < *krad-ti. Zanimljivo je da sufiks -ec, koji je prisutan u makedonskom jeziku, a tiče se vokaliziranog poluglasa u tzv. jakoj poziciji, koji svoju ekvivalenciju ima u bosanskom sufiksu -ac, ne mijenja se, tj. ne postaje tzv. nepostojano „e“ u kosim padežima, zbog čega su u govoru Bošnjaka zabilježeni oblici tipa *kradeca*, *kradecu*, *kradecom* i sl. Makedonski rječnik daje sljedeći opis ove lekseme: „Тој што краде. Крадец на злато. Крадец на идеи.“ (www.makedonski.gov.mk).

kromid – crveni luk; imenica, ž. r.

[1] Nažalost, oblik množine ove riječi nije zabilježen.

Iako je leksema *luk* (ili *crveni luk*) stabilna u leksičkom sistemu srednjojužnoslavenskih jezika, pa samim time u bosanskom, kao i u njegovim dijalektima, u iseljeničkom govoru Bošnjaka može se, pored lekseme *luk*, čuti i leksema *kromid*, koja je preuzeta iz makedonskog jezika i koja je potvrđena u konsultuiranim makedonskim rječnicima (www.makedonski.gov.mk; www.drmj.eu) s odgovarajućim opisom i podatkom botaničkog imena Allium cepa.

lejka – vrsta tikve; imenica, ž. r.

Prihvatanjem različitih kulturnih dobara širi se i dijapazon leksema koje pokrivaju takva kulturna dobra. U sferi botanike i uzgoja prehrambenih proizvoda Bošnjaci u Sjevernoj Makedoniji usvojili su leksemu *lejka*, kojom se označava vrsta jednogodišnje tikve kruškastog izgleda, uz napomenu da postoje i druga značenja ove lekseme koja su povezana s ovom biljnom kulturom (www.makedonski.gov.mk; www.drmj.eu). Podatak o porijeklu riječi nije naveden u korištenom leksikografskom izvoru.

mastika – guma za žvakanje, žvaka *razg*.; imenica, ž. r.

„**mastiks** (njem. *Mastix* < lat. *mastix* i *mastic*/*h*/*e* < grč. *μαστίχη*), smola od balzama mediteranskoga drveta *Pistacia lentiscus* var. *Chia*. Tvori blijedožuta do zelenkasta, tvrda, sjajna i prozirna zrnca topljiva u organskim otapalima. Upotrebljava se za pripravu kita, firnisa, finih lakova, ljepila, u farmaciji, kao fiksativ u parfimeriji, kao aroma u prehrambenoj industriji i kao bezbojan lak za slikarska djela...“ (Hrvatska enciklopedija). Osnovno značenje odnosi se, dakle, na vrstu smole od drveta Pistacia lentiscus, tj. „Вид смола што се добива од средоземното дрво Pistacia lentiscus.“ (www.makedonski.gov.mk), a u leksikografskim djelima bosanskog jezika, npr. Rječnik bosanskoga jezika (Halilović – Palić – Šehović 2010: 1548) navodi se upravo ova leksema – *žvaka*, koja pripada stilu razgovornog jezika. U govoru Bošnjaka Sjeverne Makedonije leksema *mastika* upotrebljava se upravo u značenju *žvake*, odnosno *žvakaće gume* ili *gume za žvakanje*, a koja se koristi u savremenom jeziku. U Rječniku stranih riječi bosanskog jezika (Čedić 2011: 702) pod natuknicom *mastika* navodi se značenje vrste alkohola kojoj je dodan plod mastiksa. Zanimljivo je da konsultirani makedonski rječnik ne daje značenje kakvo se nalazi u navedenom bosanskom rječniku, pa je izvjesno da oblik *mastika* u značenju „žvakaće gume“ nije eksplicitno navedeno u ovome jeziku.

morkof – mrkva; imenica, m. r.

U bosanskom jeziku i bošnjačkim narodnim govorima rasprostranjen je oblik *mrkva*, koji je na srednjojužnoslavenskom tlu poziciniran zapadnije, što je potvrda da se na istočnijim područjima, pored ove lekseme, upotrebljava i *šargarepa*, a što se može zabilježiti i u nekim govorima Bošnjaka u Sandžaku, istina i s varijacijom *šangarepa*, kao i u iseljeničkim govorima ovog stanovništva koje je porijekom iz istočnijih dijelova Sandžaka, a koji danas naseljavaju Sjevernu Makedoniju. Upravo ta činjenica, najvjerovatnije, upućuje na razlog usvajanja oblika *morkov*, tipičnog makedonskog jezičkog ruha, u značenju *mrkve* odnosno *šargarepe* ili *šangarepe*. Inače, kod Bošnjaka u Sjevernoj Makedniji, koji dolaze iz oblasti istočnohercegovačkih govora, nema *šargarepe*. Oblik *morkov* tj. *морков* potvrđuju

makedonski leksikografski izvori (www.makedonski.gov.mk; www.drmj.eu), a u govoru Bošnjaka ova se leksema izgovara obezvučeno, tako da se na kraju riječe ustvari čuje -f a ne -v, tj. *morkof*.

ostrovo – otok, ostrvo; imenica, m. r.

U govoru Bošnjaka zabiljen je oblik *ostrovo*, što ustvari znači *otok* odnosno *ostrvo*: „Дел од копно од сите страни опкружено со вода. Пуст остров. Вулкански остров. Корален остров.“ (www.makedonski.gov.mk). Zanimljivo je da je morfološki oblik lekseme *ostrvo*, koji se pojavljuje u srednjojužnoslavenskim jezicima, utjecao na govor Bošnjaka pa se makedonski morfološki oblik *ostrov* (*ост҃ров*) preobrazio u *ostrovo*, ali na način da je na makedonski morfološki oblik dodan nastavak za tvorbu srednjeg roda -o, prema obliku *ostrvo*, tako da je leksema *ostrov* kao leksički makedonizam poopćena prema obliku *ostrvo*, davši u govoru Bošnjaka oblik *ostrovo*, kao tipičan primjer djelovanja jezičke analogije.

plevna – staja; pojata; imenica, ž. r.

Pod *plevnom* se, prema makedonskim izvorima, podrazumijeva objekt zamljoradničkoga gazdinstva u kojem se čuva sijeno, slama i sl., tj. „Зграда во земјоделско стопанство во која се чува слама и сено и сл“ (www.makedonski.gov.mk). U bosanskom jezičkom poimanju, leksema *plevna* teško da može imati odgovarajući leksički ekvivalent s obzirom na eksplicirano značenje prema kojem se u navedenom objektu čuva uglavnom hrana za stoku. To, istina, može biti blisko i *hambaru*, ali se *hambar* uglavnom koristi za čuvanje hrane šire namjene, najčešće žita (Jahić 2011: 144). Da postoji problem prevođenja *plevne* sa *stajom*, govori i činjenica da je *staja* odnosno *štala* zgrada u kojem borave domaće životinje (npr. Halilović – Palić – Šehović 2010: 1243), a u potkrovlju staje ili štale nalazi se ustvari *pojata* koja služi za čuvanje sijena (Čedić i dr. 2007: 683). Na osnovu kazanog, uvjetno se može jednom ekvivalentnom leksemom pokriti značenje riječi *plevna*, što je vjerovatno semantički povezana s leksemom *pléva*, i što je vjerovatno povezano s razlogom ulaska ove riječi u leksički sistem govornika bosanskog jezika u Sjevernoj Makedoniji.

plik – koverta, imenica, m. r.

Leksema *plik* u značenju „koverte“ javlja se u govoru Bošnjaka i očita je „uvezenica“ iz makedonskog jezika. Inače, leksema *plik*, prema onome što daju Matasović i dr. (2021: 138), preuzeta je iz latinskog jezika označavajući „nabor na koži“, što je inače kroz princip prijevoja u semantičkoj vezi s glagolom *plesti*, kao i imenicom *prišt*. U rječnicima bosanskog jezika *plik* je mjehurić koji se stvara na koži (Halilović – Palić – Šehović 2010: 910). Iako na prvi pogled ne postoji direktna poveznica, vrlo je moguće da je značenje ekstenzirano metaforizacijom, budući da je naborana koža ispunjena tekućinom, od koje je nabrekla, ispučila se, vizuelno se percipirajući i kao nabrekli papir, odnosno upravo koverta koja se može naduti stavljanjem papira u njezinu unutrašnjost. U svakom slučaju, riječ je o leksemi koja je popunila leksički sistem iz makedonskog jezičkog okruženja. U makedonskim leksikografskim izvorima *п҃лик* je „хартија превиткана и залепена, со капак, да може да се стави во неа друга хартија, пари, писмо и сл.; коверт. Ги отпечати пликовите со адреси. На пликот залепи марка, ја напиша

адресата и го пушти во поштенското сандаче. Плик со пари.“ (www.makedonski.gov.mk).

poteklo – porijeklo; imenica, s. r.

Leksema *poteklo* poprilično je raširena u bošnjačkim govorima Sjeverne Makedonije. Razlog njezina zauzimanja mjesta u leksičkom sistemu vjerovatno je vezan za sličnost oblika u bošnjačkim narodnim govorima Sandžaka vezano za oblik *porijeklo* tj. *poreklo*. Inače je oblik riječi *poteklo* makedonizam a označava „Припадност по раѓање (кон фамилија, нација, класа и сл.)“ (www.makedonski.gov.mk) te se semantički preklapa s bosanskom leksemom *porijeklo* (Halilović – Palić – Šehović 2010: 964), pa čak i u domeni metaforizacije značenja jer se u bosanskom dovodi u vezu s oblikom rijek-a, a u makedonskom očito u vezu s glagolom *teći*, pri čemu *rijeka* i *tečenje* čine kolokacijsku i međusobnu semantičku poveznicu.

pratenik – poslanik; imenica, m. r.

Leksema *pratenik* direktno je potekla iz aktuelne političke strukture makedonskog društva. Odgovara značenju bosanske lekseme *poslanik*, za koju se u rječnicima, između triju značenja s podtipovima značenja, navodi značenje zastupnika u političkim tijelima društvene organizacije, poput npr. skupštine, predstavljajući neku političku organizaciju (Halilović – Palić – Šehović 2010: 968). Prema makedonskim leksikografskim opisima, *pratenik* je „Претставник во законодавното собрание (парламентот), избран од народот“ (www.drmj.eu), što je opet semantički povezano s bosanskom riječju *poslanik*, jer je *poslanik* „poslan“, a *pratenik* je „ispraćen“, pošto u makedonskom jeziku *ispratiti* tj. *испратиш* znači *poslati* (www.makedonski.gov.mk). U kasnijem razvoju jezika zanimljivo je kako je leksema *poslanik* u bosanskom jeziku dobila sakralno značenje, odnoseći se na Božijeg poslanika Muhammeda, a.s., (Halilović – Palić – Šehović 2010: 968), ali i druge vjerovjesnike, dok se u govoru Bošnjaka u Makedoniji to nije desilo s leksemom *pratenik*.

slatkarnica– slastičarnica; imenica, ž. r.

Leksema *slatkarnica* direktno je preuzeta iz makedonskog jezika u kojem označava „угостителски објект каде што се продаваат и се служат слатки.“ (www.makedonski.gov.mk). Razlog ulaska ove lekseme vjerovatno je poduprt činjenicom da se na ugostiteljskim objektima, u kojima se poslužuju deserti, redovno daju natpisi na makedonskom jeziku, zbog čega je napravljena poveznica prema korijenskoj leksemi slatk- (<slad-), iz kojeg se izvode slični obrasci u bosanskom i makedonskom jeziku za oznaku objekta u kojem se proizvode i prodaju kolači, slatko, deserti, pa se tako iz makedonskog oblika *slatkar* (*слаткар*) i bosanskog *slastičar* izvode spomenute lekseme *slatkarnica* (*слаткарница*) i *slastičarnica*, kao i eventualno u razgovornom jeziku *slastičarna* (Halilović – Palić – Šehović 2010: 1209).

smetka – račun, imenica, ž. r.

Utjecaj lekseme *smetka* u govoru Bošnjaka vjerovatno je povezan s njezinom frekventnošću u svakodnevnom životu u okrilju makedonskog jezičkog prostora,

budući da se ova riječ pojavljuje u različitim i raznovrsnim životnim prilikama modernog društva. Bosanski oblik lekseme *račun* tako se, po svemu sudeći, postepeno povlači pred frekventnim makedonizmom *smetka* (*сме̄тка*), značeći „Белешка, писмен документ, потврда за продадена стока или сторена услуга, со назначено количество, цена и вкупен износ што треба да се плати или е платен; фактура. Продавачот му ја донесе сметката за купените продукти. Келнерот ја донесе сметката за вечерата. Ја плати сметката за струја.“ (www.makedonski.gov.mk).

smuka – slamka, slamčica za usisavanje tečnosti; imenica, ž. r.

U makedonskom rječniku (www.makedonski.gov.mk) navodi se izraz *smukalka* (*смукалка*), bez detaljnijeg opisa, ali se odnosi na vakuumsko crijevo za usisavanje neke tečne ili gasovite tvari. Očito je da riječ o proširenju metaforičke značenjske ekstenzije, gdje imenica *smuka* u govoru Bošnjaka označava slamku, slamčicu, pomoću koje se uvlači tečnost u usta. Moguće je da je oblik *smuka*, koji je zabilježen u bošnjačkim govorima, posuđen iz nekog stila makedonskog jezika.

solenka – grisini, slani štapići; imenica, ž. r.

U domeni kulture ishrane Bošnjaci su preuzeli leksemu *solenka* koja označava „ситно солено печиво во разни форми“ (www.makedonski.gov.mk), tj. slani štapić, odnosno češće slane štapiće, koji se uglavnom pakuju i prodaju u trgovinama te nije poznata njihova izrada u kućnoj radinosti. Jedan od naziva ovog proizvoda u bosanskom jeziku jeste italijanska riječ *grisini*, tj. „vrsta jela od brašna, tanki slani štapići“ (Čedić 2011: 474).

stopanstvo – zadruga; imenica, s. r.

Kod Bošnjaka, zemljoradnika u Sjevernoj Makedoniji, može se čuti da u svojoj općini imaju *stopanstvo*. Upravo ta leksema odnosi se na zemljoradničku zadrugu, iako ova leksema u makedonskom jeziku ima više značenja (www.makedonski.gov.mk; www.drmj.eu), od kojih se jedno odnosi na zemljoradničku zadrugu. Ostala značenja nisu poznata u govoru Bošnjaka, što ne znači da ih nema ili da se neće upotrijebiti, najčešće u trenutku kada se u maternjem jeziku izgubi leksema sa specificiranim značenjem.

struckaljka – ležeći policajac; imenica, ž. r.

Leksema *struckaljka*, kojom Bošnjaci u nekim oblastima koja naseljavaju u Sjevernoj Makedoniji (npr. u Skoplju) označavaju namjerno napravljeno uzdignuće odnosno ispupčenje ceste radi sprečavanja brze vožnje, u bosanskom jeziku naziva se *ležećim policajcem*. Prema podacima koji daju korišteni makedonski leksikografski izvori (www.makedonski.gov.mk; www.drmj.eu; Толковен речник, V: 599), ova leksema nije zabilježena, iako se, po svjedočenju onih Bošnjaka koji se koriste ovom riječju, riječ upotrebljava u makedonskom jeziku, pa se vrlo vjerovatno radi o makedonskom žargonu iz čijeg je registra preuzeta ova leksema u datom značenju, odnoseći se na „truckanje“ koje se proizvodi prelaskom preko *struckaljke* tj. *ležećeg policajca*.

štrk – roda; imenica, m. r.

Prema podatku koji daje Skok (1973: 417), ova se leksema odnosi na pticu rodu ili lejlek, i prema postanju, pokazuje veze sa novonjemačkim Storch, iako nije jasno iz kojeg je porijekla posuđenica, i premda se nalazi u različitim slavenskim jezicima. Neki (ne svi) bosanski rječnici (npr. Halilović – Palić – Šehović 2010: 1306) registriraju leksemu *štrk* sa značenjem rode, pa je i iz savremene jezičke prakse izvjesno da je ova leksema na periferiji bosanskog leksičkog sistema. Isto tako, konsultirani dijalekatski sandžački rječnici (Hadžić 2003: 177; Begović i Begović-Ličina 2012: 393) ne registriraju ovu leksemu, iako je u semantičkoj i tvorbenoj vezi s imenicom *štrk* glagol *štrčati*, koji bilježe spomenuti leksikografski izvori[2]. U konsultiranim makedonskim rječnicima eksplicira se imenica *шӣрк*, koja se odnosi na sljedeće: „Преселна птица со долг, црвен клун и долги, црвени нозе“ (www.makedonski.gov.mk). Imajući u vidu sve navedeno, i bez obzira na sporadično bilježenje lekseme *štrk* na bosanskom govornom prostoru, i s obzirom na to da se u sandžačkim rječnicima ne bilježi leksema *štrk* u datom značlenju, može se uzeti u obzir da je ova leksema u govoru Bošnjaka u Sjevernoj Makedoniji poduprta makedonskom jezičkom praksom, te se može smatrati leksičkim makedonizmom.

teknuti – naumpasti; glagol, prez. teknem

U govoru Bošnjaka Sjeverne Makedonije javljaju se različite paradigmatske varijacije glagola koji bi u bosanskom leksičkom sistemu trebao glasiti *teknuti*, iako je u makedonskom jeziku, iz kojeg ova riječ vodi porijeklo u govoru Bošnjaka, glasi *ӣекне*, a ima registrirana četiri značenja (www.makedonski.gov.mk; www.drmj.eu; Толковен речник, VI: 38), među kojima se na prvome mjestu daje značenje „prisjetiti se nečega što je zaboravljeno“, a u tom značenju javlja se u upotrebi u govoru Bošnjaka, u čiji je jezički sistem leksema došla iz makedonskog jezičkog okruženja. Semantički ekvivalnet savremene bosanske lekseme bio bi *naumpasti*.

tetratka – sveska; imenica; ž. r.

Iz svakodnevnoga govora u govor Bošnjaka, posredstvom moderne kulture življenje i konteksta života u Sjevernoj Makedoniji, ušla je i leksema *tetratka*, koju bilježe korišteni makedonski rječnici (www.makedonski.gov.mk; www.drmj.eu; Толковен речник, VI: 60), a odnosi se na ono što se leksički u bosanskom jeziku naziva *sveska* (Čedić i dr. 2007: 1094), shodno onome kako je Bošnjaci u Sjevernoj Makedoniji također upotrebljavaju. Sinonimna riječ u bosanskom jeziku iz razgovornog stila jeste i *teka*.

trgovija – trgovina, imenica, ž. r.

Leksema kojom se označava *trgovina* u najširem smislu značenja (Halilović – Palić – Šehović 2010: 1346; Čedić i dr. 1147) u govoru Bošnjaka bilježi se

[2] Oblik *štrk* u formi nepromjenjivog pridjeva ne bilježi nijedan konsultirani bosanski rječnik iako je npr. u bošnjačkoj epici zabilježen ovaj oblik pridjeva: „Štrk na nogam', širok u plećima“ (Hörmann 1888: 210), kao i u jednoj bosanskoj alhamijado pjesmi *Garibić* iz 1727. godine gdje se navodi u stihu: „Uzrast'o je, al' je štrk“ (Nametak 1981: 215), dok se promjenjivi pridjev *štrkljast* registririra u rječnicima.

sporadično kao *trgovija*, što je ujedno potvrda utjecaja makedonskog jezika iz kojeg je preuzeta ova leksema budući da je *тр̄говија* „стопанска дејност што се занимава со купопродажба или промет на стока меѓу луѓе и држави. Трговија со тутун. Внатрешна трговија. Надворешна трговија.“ (www.makedonski.gov.mk). Moguće je da sličnost lekseme *тр̄говија* s bosanskom *trgovina* ili možda pak povećana frekventost oblika *тр̄говија* u makedonskom društvenom kontekstu utjecala na prihvatanje ove lekseme u leksički sistem govora Bošnjaka u Sjevernoj Makedoniji.

vezenka – vrsta ljute paprike; imenica, ž. r.

Leksema *vezenka* dolazi iz kulture prehrane i direktno je povezana s podnebljem na kojem uspijeva ova vrsta paprike koja se, prema konsultiranim makedonskim rječnicima, naziva tako zbog vanjskog izgleda jer je ispresijecana ispucalim prugama (www.makedonski.gov.mk; www.drmj.eu), pa izgleda kao da je „vezena“. Leksema *vezenka* tako je direktno preuzeta iz makedonskog jezičkog okruženja i podneblja na kojem uspijeva ova biljna kultura, i koju su Bošnjaci u Makedniji zatekli. Riječ je, dakle, o tipičnom interlingvističkom razlogu za usvajanje ove lekseme.

vlečke – papuče; imenica, množ., jed. vlečka

Iako ova leksema ima i jedninu, ona se u govoru uglavnom koristi množinski s obzirom da se odnosi na par papuča, koje se, kako sami Bošnjaci kažu, *vleče*, tj. vuku (www.makedonski.gov.mk). Makedonski leksikografski izvori ne bilježe ovaj izraz s datim značenjem, ni u jednini niti u množini, iako se u Digitalnom rječniku (www.drmj.eu) javlja oblik *влечка* ali ne s navedenim značenjem papuča, već se navodi više značenja koja su povezana s „vlačenjem, vučenjem“ i sl. Zbog nepostojanja ove lekseme u standardnom leksičkom sistemu, vrlo je moguće da je riječ o nekoj vrsti žargonizma.

vleći – vući, vlačiti; glagol, prez. vlečem

Leksema ima uporednicu u bosanskom jeziku, čija je korijenska morfema vlač- / vlak- sačuvana u brojnim izvedenicama. Up. *vlečke*.

zapalka – upaljač, imenica, ž. r.

U konsultiranom makedonskom leksikografskom izvoru *zapalka* (*запа̄лка*) je „мала џебна направа што служи, вообичаено, за палење цигари. Во џебот на елекот најде кутија цигари и запалка.“ (www.makedonski.gov.mk). U konsultiranim bosanskim rječnicima (Čedić i dr. 2007: 1179; Halilović – Palić – Šehović 2010: 1386) kao prvo značenje ističe se da je upaljač naprava za paljenje cigareta, dok se drugo značenje odnosi na eksplozivno punjenje. Leksički ekvivalenti *zapalka – upaljač* unutar makedonskog i bosanskog jezičkog idioma pokazuje srodnost u sferi značenjske upotrebe vezano za značenje naprave za paljenje cigareta.

zaverka – ovjera, ovjereni dokument pečatom i potpisom; imenica, ž. r.

Iz adminstrativno-pravnog jezika u govoru Bošnjaka svoje mjesto našla je leksema *zaverka*. U bosanskom jeziku to je *ovjera*, pa je jasno da su različiti

tvorbene mogućnosti formirale različite morfološke obrasce u tvorbi. Dokaz tome svakako jeste i zajednički prasl. korijen *-vĕr-, od kojega su formirane izvedenice za-ver-k-a odnosno o-vjer-a. U makedonskom rječniku *заверка* je „службено заверување, ставање потпис, печат и сл., со што се потврдува исправноста на некој документ; Книшката има свеж печат и уредна заверка со датум од овој месец.

zemljodelac – zemljoradnik; imenica, m. r.; gen. jd. *zemljodelca*

U bosanskoj standardnoj i općeupotrebnoj jezičkoj praksi za leksemu *zemljodelac*, koja se u datom obliku sporadično koristi u govoru Bošnjaka u Sjevernoj Makedoniji, koristi se oblik *zemljoradnik*. Međutim, leksemu *zemljodelac* Bošnjaci u makedonskom iseljeništvu prilagodili su bosanskom jezičkom koloritu, tj. fonetski i morfološki su je prilagodili s obzirom na to da u makedonskom jeziku oblik ove složenice glasi *земјоѳелец* (www.drmj.eu).

zname – zastava; imenica, s. r.

„Широко парче платно со определена боја или комбинација на бои и со определен знак (обично прицврстено на стап или на копје) што претставува симбол на држава, народ, организација, спортски клуб и сл.“ (www.makedonski.gov.mk; www.drmj.eu) – makedonski je leksikografski opis lekseme *знаме* za ono što se u bosanskoj leksikografiji definira kao *zastava* tj. „1. platno s kombinacijom određenih boja i znakova kao simbola čega (države, naroda i sl.); pričvršćuje se na koplje; bajrak...“ (Halilović – Palić – Šehović 2010: 1504). U govoru Bošnjaka leksema *zname* uglavnom se odnosi na državnu, makedonsku zastavu, dok se leksema *bajrak* kod njih odnosi ili na nacionalnu bošnjačku zastavu ili pak vjersku, muslimansku zastavu.

želudnik – želudac, imenica, m. r.

U govoru Bošnjaka zabilježen je makedonizam *želudnik* (*желуѳник*), a odnosi se na isti pojam vanjezičke realnosti koji se označava leksemom *želudac*. Međusobna podudarnost navedenih leksema u domeni korijenske morfeme želud- / желуд- upućuje na praslavensku bazu koja se odnosi na leksemsku osnovu koja znači žir, tj. *želud*, kako takvo Miklošičevo i Brücknreovo tumačenje prihvata Skok (1973: 675–676). U makedonskom leksikografskom izvoru *želudnik* (*желуѳник*) je „орган за варење на храната, сместен во горниот дел на стомачната празнина кај човекот и кај животните цицачи. Се разбудив со болки во желудникот“ (www.makedonski.gov.mk; www.drmj.eu). U bosanskim rječnicima također *želudac* je organ za varenje hrane (Halilović – Palić – Šehović 2010: 1539), odnosno organ za probavu hrane (Čedić i dr. 2007: 1307).

Upotreba analiziranih primjera pokazuje da se makedonske lekseme u govoru Bošnjaka Sjeverne Makedonije uglavnom zadržavaju u svojim osnovnim, standardnim značenjima preuzetim iz makedonskog jezika. Pri tome, njihova adaptacija u bosanski idiom minimalna je i najčešće ograničena na prilagođavanje fonološkom i morfološkom sistemu bosanskog jezika. Uzimajući to u obzir, može se zaključiti da se makedonizmi u govoru Bošnjaka realiziraju prvenstveno kao rezultat dugotrajnog jezičkog kontakta i svakodnevne komunikacije u

makedonskom društveno-jezičkom prostoru, a ne kao posljedica sistemske, odnosno dublje integracije u leksički fond bosanskog jezika, budući da govornici u pravilu poznaju savremene bosanske ekvivalente koji pokrivaju značenja makedonskih leksema.

Zaključak

Istraživanje uzorka građe prikupljene 2024. godine u bošnjačkim sredinama oko Skoplja, Velesa i Prilepa pokazuje da posuđenice iz makedonskog jezika u govoru Bošnjaka u Republici Sjevernoj Makedoniji preuzimaju osnovna, općeprihvaćena značenja koja imaju i u makedonskom standardu. Prilagođavanje bosanskom jeziku u pravilu se svodi na glasovne i obličke promjene (npr. nastavci i rod), dok promjene u značenju uglavnom nema, izuzimajući neke primjere koji pokazuju neke granične značenjske odnose, kao npr. pridjev *bičen*. Također se potvrđuje da se makedonske riječi pojavljuju u više područja: u upravi, administraciji i javnoj komunikaciji (*pratenik*, *zaverka*, *stopanstvo*, *trgovija*, *plik*, *zname*), u trgovini i uslugama (*smetka*, *slatkarnica*, *gradinka*), prehrani i nazivima biljaka (*kromid*, *lejka*, *vezenka*, *kaljinka*, *morkof*, *solenka*), u školskom i saobraćajnom sistemu (*tetratka*, *grafa*, *struckaljka*), objektima (*plevna*), nazivima ptica (*štrk*, *klokodrvac*) i dr. Upravo su to situacije u kojima ljudi najčešće dolaze u dodir s makedonskim jezikom i u kojima im je najpotrebnije da brzo i precizno imenuju pojave oko sebe.

Iz navedenih primjera uočava se nekoliko procesa ulaska makedonskih leksema u bosanski jezik. Prvi je jednostavno preuzimanje riječi bez promjene značenja (*smetka* ‘račun’, *zapalka* ‘upaljač’, *trgovija* ‘trgovina’). Drugi je preuzimanje uz fonološku adaptaciju prilagođavanja bosanskim oblicima (*kaljinka*, *klokodrvac*, *zemljodelac*). Treći je rjeđi i podrazumijeva neku vrstu morfološke adaptacije poseban oblik nastao na osnovi makedonske riječi (*jajcad* kao zbirna imenica za ‘jaja’, *ostrovo* kao izjednačavanje prema bosanskom obliku ‘ostrvo’). Zajednička crta svim ovim primjerima jeste to da značenje ostaje jasno i isto kao u makedonskom, a u upotrebi se oslanja na predmete i navike iz okruženja. Tako, naprimjer, leksema *zname* najčešće označava državnu makedonsku zastavu, dok *bajrak* ostaje vezan za bošnjačke vjerske i nacionalne simbole.

Dobijeni rezultati ukazuju na to da posuđenice imaju prije svega praktičnu ulogu. Ne služe svjesno kao razlikovno obilježje, nego kao korisno sredstvo u razgovorima u kojima je makedonski jezik okvir javne komunikacije. Tome idu u prilog dvije činjenice: govornici obično znaju i bosanske odgovarajuće riječi (*račun*, *sveska*, *trgovina*, *porijeklo*, *želudac*), pa se između parova u praksi bira prema situaciji; same posuđenice najčešće se javljaju u područjima u kojima je naziv na makedonskom i službeno prisutan (npr. *smetka* ‘račun’). Zbog toga se i dešava da se riječ lahko “uvede” u govor, dok značenje ostaje isto i prepoznatljivo.

Primjeri iz prehrane i prirode (*vezenka*, *kaljinka*, *lejka*, *kromid*, *morkof* i dr.) pokazuju da okolina snažno utječe na izbor riječi: ono što je vidljivo i često u životu zajednice lakše dobija naziv iz jezika većine. Nasuprot tome, tamo gdje bosanski ima čvrsto ukorijenjen izraz, makedonska riječ rijetko se upotrebljava ili

je vezana za pojedine govorne prilike. Imajući sve to u vidu, može se kazati da je sloj makedonskih riječi tek ovlaš naslagan preko stabilne bosanske osnove: pomaže snalaženju u dvojezičnoj svakodnevici, ali ne mijenja temeljni bosanski rječnik. Ne smije se gubiti iz vida i činjenica da govorna situacija često diktira izbor lekseme, pa se posezanje za npr. riječima makedonskog postanja vrši u neposrednim prilikama, pa čak i onim kada se govornik u datome trenutku ne može sjetiti same bosanske lekseme.

Na izgovor utječe razuđenost zajednice i različite lokalne navike, stepen integracije u makedonsko društvo, obrazovanje i sl., pa preuzeti makedonizmi još uvijek nisu dobili stabiliziran akcenat. Stoga se, uzevši u obzir geografski prostor na kojem žive Bošnjaci, ne izgovaraju jednako, a pored toga i drugi već navedeni faktori imaju važnu ulogu u oblikovanju varijantnosti izgovora i u procesu postepenog fonetskog prilagođavanja ovih leksema bosanskom govornom sistemu. Kod mlađih govornika javlja se i nesigurnost u upotrebi, što vjerovatno ima veze sa školovanjem, porodičnim okruženjem i time koliko često koriste makedonski u školi, u društvu, javnoj komunikaciji.

Na kraju se može kazati da sloj makedonskih riječi u govoru Bošnjaka u Sjevernoj Makedoniji potvrđuje jednostavnu, ali važnu činjenicu: leksika se najbrže mijenja u onim područjima gdje to zahtijevaju potrebe svakodnevnog života. U tom kontekstu, posuđenice djeluju kao most između dvaju bliskih jezika, olakšavajući nesmetanu komunikaciju u zajedničkom prostoru, dok istovremeno osnovni bosanski leksički fond ostaje stabilan i očuvan.

Резиме

Овој труд се занимава со анализа на лексичките заемки од македонскиот јазик во говорот на бошњачката заедница во Република Северна Македонија, со цел утврдување на нивните семантички вредности и начини на адаптација во босанскиот јазичен систем. Лексиката, како најосетлив сегмент на јазикот кон меѓујазичните контакти, се покажува како сигурен показател на културните и општествените влијанија во двојазични и повеќејазични средини. Бошњаците во Северна Македонија, живеејќи во македонско јазично опкружување, развиле говор во кој е присутен значаен слој македонизми, што сведочи за долготрајниот соживот и меѓујазичното преплетување. Долготрајното присуство на Бошњаците во македонското јазично опкружување резултирало со формирање на изразен слој македонизми во нивниот говор, што ја потврдува интензивноста и стабилноста на меѓујазичното преплетување. Методолошката рамка комбинира теренски, дескриптивен и аналитички пристап. Материјалот е собран во 2024 година во населби со компактно бошњачко население во поширокото подрачје на Скопје, Велес и Прилеп, преку дијалектолошки прашалници и структурирани и полуструктурирани интервјуа со испитаници од различна возраст, пол и образование. Анализата се заснова на контрастивна споредба и проверка на значењето на заемките во современите македонски и босански речници, вклучувајќи и дигитални ресурси (www.makedonski.gov.mk; www.drmj.eu). Со овој пристап се овозможува прецизно утврдување на подударностите и семантичките отстапувања меѓу македонските и адаптираните форми на лексемите во говорот на Бошњаците. Резултатите покажуваат

дека македонските влијанија се најизразени во домените на секојдневниот живот, домаќинството и природната средина, јавната комуникација, администрацијата и слично. На крај може да се констатира дека македонските заемки во говорот на Бошњаците во Северна Македонија претставуваат важен показател на меѓујазичното влијание и социолингвистичката динамика во контактната зона. Тие не само што го одразуваат лексичкото богатство и прилагодливоста на говорот на оваа заедница, туку и потврдуваат дека процесот на јазична интерференција е резултат на долготрајниот културен и комуникациски соживот во повеќејазичниот простор на Балканот.

Bibliografija

Begović, Džavid i Begović-Ličina, Šefka (2012): *Sandžački rječnik, prilog leksikografiji bosanskog jezika*, Sarajevo

Čedić, Ibrahim (2011): *Rječnik stranih riječi bosanskog jezika*, Posebna izdanja 18, Institut za jezik, Sarajevo

Čedić, Ibrahim; Hajdarević, Hadžem; Kadić, Safet; Kršo, Aida; Valjevac, Naila (2007): *Rječnik bosanskog jezika*, prvo izdanje, Institut za jezik, Sarajevo

Ćatović, Haris (2024): "Karakteristična i frekventna leksika orijentalnog porijekla u govoru Bošnjaka Albanije", *Književni jezik* br. 35, Univerzitet u Sarajevu – Institut za jezik, Sarajevo, 31–60.

Hadžić, Ibrahim (2003): *Rožajski rječnik*, Centar za kulturu, Rožaje

Halilović, Senahid; Palić, Ismail; Šehović, Amela (2010): *Rječnik bosanskoga jezika*, Filozofski fakultet, Sarajevo

Jahić, Dževad (2010): *Rječnik bosanskog jezika*, Tom drugi, D–F, Sarajevo

Jahić, Dževad (2011): *Rječnik bosanskog jezika*, Tom treći, G–J, Sarajevo

Jahić, Dževad (2012): *Rječnik bosanskog jezika*, Tom četvrti, K–Kor, Sarajevo

Matasović, Ranko; Ivšić Majić, Dubravka; Pronk, Tijmen (2016): *Etimološki rječnik hrvatskoga jezika*, 1. svezak, Institut za hrvatski jezik i jezikoslovlje, Zagreb

Matasović, Ranko; Pronk, Tijmen; Ivšić, Dubravka; Brozović Rončević, Dunja (2021): *Etimološki rječnik hrvatskoga jezika*, 2. svezak, Institut za hrvatski jezik i jezikoslovlje, Zagreb

Ramčilović, Zećir (2024): *Bošnjaci u Makedoniji u XX vijeku sa posebnim akcentom na kulturu i prosvjetu*, *Drugo dopunjeno izdanje*, Avlija, Rožaje.

Skok, Petar (1973): *Etimologijski rječnik hrvatskoga ili srpskoga jezika*, Knjiga treća Poni – Ž, Jugoslavenska akademija znanosti i umjetnosti, Zagreb

Škaljić, Abdulah (1979): *Turcizmi u srpskohrvatskom jeziku*, Biblioteka Kulturno nasljeđe Bosne i Hercegovine, četvrto izdanje, Svjetlost, Sarajevo

Толковен речник на македонскиот јазик, том IV, П, Институт за македонски језик „Крсте Мисирков, Скопје, 2008.

Толковен речник на македонскиот јазик, том V, Р–С, Институт за македонски језик „Крсте Мисирков, Скопје, 2011.

Толковен речник на македонскиот јазик, том VI, Т–Ш, Институт за македонски језик „Крсте Мисирков, Скопје, 2014.

Valjevac, Naila (2022): *Govor Bošnjaka Inegöla u Turskoj*, Univerzitet u Sarajevu – Institut za jezik, Sara

Internetski izvori

www.drmj.eu

www.makedonski.gov.mk

enciklopedija.hr: *Hrvatska enciklopedija*, mrežno izdanje, datum pristupa: 4. 9. 2025.

Izvori

Demirović, Ismail (2023): *Analiza o stanju obrazovanja na bosanskom nastavnom jeziku u Republici Sjevernoj Makedoniji*, Ministarstvo za odnose među zajednicama, Skoplje

Hörmann, Kosta (1888): *Narodne pjesme Muhamedovaca u Bosni i Hercegovini*, Knjiga prva, Zemaljska štamparija, Sarajevo

Kalajdžija, Alen (2025): *Posijani na putu do obećane zemlje Turćije: Bošnjaci u Sjevernoj Makedoniji*, Dobra knjiga, Sarajevo

Nametak, Abdurahman (1981): *Hrestomatija bosanske alhamijado književnosti*, Biblioteka Književno naslijeđe Bosne i Hercegovine, Svjetlost, Sarajevo

УДК 811.163.3’373.6:633.88

Александра Гецовска[1]

ЕТИМОЛОШКА АНАЛИЗА НА НАЗИВИТЕ НА ЛЕКОВИТИ РАСТЕНИЈА ВО МАКЕДОНСКИОТ ЈАЗИК

Апстракт: Со векови растенијата имаат значајна улога во народната медицина за лекување и превенција на болестите. Народот ги употребувал врз основа на искуството акумулирано со векови, покажувајќи креативност во нивното именување. Според анализата (овој труд е одбранет како докторска дисертација), потеклото (словенско, грчко, латинско, турско итн.) на називите на лековитите растенијата се поврзува со: називи на лековити растенија кои се дел од народните верувања, преданија и легенди, називи на билки кои произлегуваат од имиња на болести кои ги лекуваат, може да се однесуваат на нивното лековито дејство, на некоја друга нивна намена, според некое нивно карактеристично својство (мирис, вкус, боја) или морфолошки карактеристики, потоа имаме називи според нивните природни живеалишта итн.

Клучни зборови: етимологија, фитонимија, ботаника, лековити растенија.

Овој труд е авторезиме на мојата докторската дисертација од областа на етимологијата, под наслов „Етимолошка анализа на називите на лековити растенија во македонскиот јазик“ изработена и одбранета под менторство на почитуваниот проф. д-р Гоце Цветановски, на кого искрено му се заблагодарувам. Исто така, за изборот на темата за изработка на овој докторски труд, е заслужен мојот ментор.

Трудот се состои од следниве главни делови: *Увод*, *Ботаника*, *Фитонимија*, *Етимологија* и *Заклучок*, а потоа следуваат: *Список на називи на лековити растенија*, *Користена литература* и *Извори*.

Во него се претставени основните податоци за предметот на истражувањето, а тоа е обработка на потеклото на називите на лековитите растенија на македонската јазична територија преку класификација, идентификација, мотивација и анализа.

Трудот се базира на корпус на називи на лековити растенија, ексцерпирани од фондот на *Македонскиот терминолошки речник* на МАНУ, *Толковниот речник на македонскиот јазик* (2003–2014), *Картотеките* при Институтот за македонски јазик, атласи, како и многубројни монографии, дисертации, статии, ботанички речници итн. Бројот на називите на

[1] Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков“ – Скопје, gecovska@gmail.com

лековитите растенија е ограничен, а е извршен според неколку критериуми. Избрани се растенија од Македонија, за кои има соодветни извори, податоци, но се опфатени и називи кои во македонскиот јазик (стандарден, дијалектен) дошле многу подоцна и на различни начини, за чиешто примање придонеле многубројни надворешнојазични фактори (трговија итн.).

Целта е анализа на потеклото на избрани македонски називи на лековити растенијата, како во македонски контекст, така и во контекст на другите словенски и европски јазици. Во трудот е претставена етимологијата на називите на македонските лековити растенија, нивната семантичка мотивација како и нивната семантичка еволуција. Називите на лековитите растенија се интерпретирани преку етимолошка анализа на македонска, словенска и европска синхронија и дијахронија, а даден е и преглед на семантиката.

Интеракцијата на човекот со растенијата и начинот на кој се перцепираат истите е дамнешна. Луѓето често не ги разбираат растенијата целосно, и покрај тоа што тие играат значајна улога во човечкото опкружување и се важни ресурси за разни процеси, вклучувајќи ги прехранбените и медицинските цели. Традиционалните знаења за растенијата и нивната употреба, како и нивната поврзаност со различни култури и народи, особено со македонскиот народ имаат историска улога која се среќава во религијата, медицината, и секојдневниот живот, како и тоа како различни цивилизации и култури ги перципираат растенијата. А, важноста на старите словенски и балкански верувања и нивното влијание врз разбирањето на растенијата во македонски контекст, е посочена уште на почетокот.

Употребата на растенијата за одржување на здравјето е еден од најстарите методи во светот и кај нас. Нашата народна хербална медицина влече корени од народната медицина на Словените и го привлекува вниманието на истражувачите со своите живи извори. Народното искуство се пренесувало од колено на колено усно или се чувало во народни лекарственици. Според етнографските податоци, кај нас растат повеќе од 700 видови лековити растенија, кои сочинуваат дел од светското хербално богатство. Повеќе од половина од лековитите растенија што растат во нашата земја не се опфатени во официјалната наука. Тие се применуваат од народните лекари врз основа на народното искуство. Често се случува различни растителни видови да се појават под ист народен назив на растение. На пример, такво е растението млечка за Taraxacum officinale и Euphorbia palustris што се користат во македонската народна медицина. Нашиот народ ги именувал лековитите растенија, повикувајќи се на народните легенди, на нивното лековито дејство, на некоја друга нивна намена, по нивните карактеристични својства (мирис, вкус, боја), морфолошки карактеристики итн. Секое лековито растение е познато со повеќе од еден заеднички назив, а некои од растенијата имаат и повеќе од десет назива.

Во првото поглавје во трудот направен е увид на позначајните досегашни проучувања. Заради полесно разбирање на истражувачката работа,

даден е преглед на ботаниката, фитонимијата (научна и народна таксономија) и етимологијата, како на ботаничкиот латински, биномната номенклатура (Карл Лине и неговите претходници) така и на македонската национална номенклатура.

Во делот *Бо̄таника*, се задржуваме на дефинирањето на поимот, развојот на оваа научна дисциплина, како и на врската со лингвистиката, а потоа е дадена хронологија на полето на истражување во оваа дисциплина.

Ботаниката е наука што ги проучува растенијата од различни аспекти, вклучувајќи морфологија, физиологија, екологија, и класификација и именување на растенијата, при што е нагласена улогата на латинскиот јазик во давањето на универзалните називи за растенијата. Ботаничкото именување на растенијата според Карл Лине е систем за именување кој станал основа за модерната таксономија. Значењето на латинските називи во именувањето е огромно, а секое растение добива соодветен назив составен од два дела: род и вид. Овој систем, познат како бинарна номенклатура, користи двочлен латински назив за секое растение, назив на родот (на пример, Achillea) и назив на видот (millefolium), кои заедно формираат уникатен идентификатор. Системот на двојно именување овозможува прецизна идентификација на растенијата и избегнување на забуни кои можат да се појават при користење на локални или народни називи.

Исто така се нагласува и значењето на стандардизацијата на називите на растенијата со цел да се избегне конфузијата, недоразбирањето меѓу различните јазици и научните полиња. Се обработува и употребата на латинските придавки, видовите на називите на растенијата за да се опишат специфичните карактеристики, потеклото или примената на растенијата. На пример, **officinalis** се користи за да се означат растенија со медицински својства, поврзани со традиционалната употреба во медицината. Дополнително, се истакнува важноста за прецизна и конзистентна терминологија во научната литература за подобра комуникација и избегнување на недоразбирањата. Ова систематизирање на називите на растенијата овозможува и подобро разбирање на односите меѓу различните видови.

Важна е и потребата од стандардизација и соработка меѓу научните и културните институции за да се создадат унифицирани системи за идентификација на растенијата, со што би се олеснила комуникацијата и разбирањето помеѓу различните култури.

Ботаничката/фитонимната лексика се дели на три главни категории:

1. Научна и полунаучна лексика – калки или адаптации на класични називи при што се користат и популарни, народни или адаптации на називи на растенија.

2. Стара наследена лексика – основниот лексички фонд.

3. Народна лексика – називи изведени врз основа на видливите својства на растенијата итн.

Според медицинската цел, именувањето на растенијата често е резултат на нивните лековити својства.

Во рамките на ботаничката лексика се забележува разноликост на растителниот свет, каде што некои растенија имаат слични називи во различни јазици, додека други се познати под различни називи. Според научните критериуми, класификацијата (номинацијата) се врши според генералните белези на растението: кршливи, трнливи, меки и сл., според описот на растението и/или неговата употреба итн. Додека пак, според народната таксономија, растенијата може да се класифицираат врз основа на нивните видливи својства или употреба.

Најстариот систематизиран материјал за терминологијата од областа на ботаниката, од кој се ползува овој труд се наоѓа во весникот „Вести“ (1893–1901) од иницијаторите Д. Матов и А. Тошев; фолклористот и публицист – Георги Трајчев, Борис Мокров итн., потоа се опфатени јазичните анализи (дијалектни, етнографски итн.) од колегите: Маријана Киш, Мито Аргировски, Гоце Цветановски, Лилјана Макаријоска итн. А, со посебно задоволство се нагласени следниве два проекта: *Етимолошки речник на македонскиот јазик* (ЕРМЈ) и *Македонски етимолошки речник* (МЕР) чиј главен и одговорен уредник е проф. д-р Гоце Цветановски, како и специјализираното македонско списание за етимологија *Etymologica Macedonica* (2023–).

Во делот насловен како *Фитонимија*, покрај соодветното дефинирање, се нагласува и значењето на стандардизацијата на називите на растенијата со цел да се избегне конфузијата, недоразбирањето меѓу различните јазици и научните полиња. Во рамките на ботаничката лексика се забележува разноликост на растителниот свет, каде што некои растенија имаат слични називи во различни јазици, додека други се познати под различни називи. Според научните критериуми, класификацијата (номинацијата) се врши според генералните белези на растението: кршливи, трнливи, меки и сл., според описот на растението и/или неговата употреба итн. Додека, пак, според народната таксономија, растенијата може да се класифицираат врз основа на нивните видливи својства или употреба.

Етимологијата е млада наука која произлегла од човечката љубопитност и способност да се *дешифрираат* одредени зборови, како настанале и зошто. Во овој дел се разгледува: идентификацијата, мотивацијата и етимолошката анализа. Идентификацијата е клучна и овозможува толкување на семантичката мотивација на називите и придонесува за создавање на веродостојна етимологија. Историјата и мотивот на називите се директно поврзани со истражувањето на растенијата, иако мотивите на називите често се двосмислени или на располагање имаме неколку слични или сосема различни објаснувања, а третата можност е дека не можеме да го објасниме самиот назив. Во некои случаи не може да се објасни самиот назив, па за таквите лексеми најчесто се констатира дека имаат нејасна етимологија. Моделите на номинативниот процес се универзални и го покриваат

вокабуларот на кој било јазик, без разлика на типолошките карактеристики и неговата генетска припадност.

Во овој труд вклучен е преглед на етимологијата на научните латински и македонски називи, нејзината цел, предизвиците со кои се соочивме, како и можните решенија за нивно надминување. Собрани се податоци и анализирани 58 латински родови и 43 видови, специфични епитети. Фокусот на тезата е ставен на истражувачката работа и тоа резултира со етимолошки податоци за вкупно 255 (латински и македонски) назива. Бидејќи целта на тезата е да се најде потеклото на називите, анализирано е лингвистичкото односно етимолошкото потекло на избрани научни (латински) и народни (македонски) називи на лековити растенија. детектиран е и јазикот, од кој потекнуваат најстарите документирани зборови – називи. Наведена е исто така и идентификацијата и мотивите за именувањето, а со тоа и значењето на потеклото на називите на растенијата. Анализата е збогатена со културно-историски, ботанички, лингвистички и други податоци. Резултатите кореспондираат со наодите на различни автори, најголем дел од генеричките називи се од грчко потекло, дел од нив имаат непознато потекло, потоа латинско, словенско, турско потекло итн.

Македонските називи на лековитите растенија во однос на потеклото можат да се поделат на неколку општи групи:

– називи наследени од старите јазици, оваа група содржи стари домородни називи кои имаат прасловенски или праиндоевропски форми, стари називи кои настанале на основа на дадениот јазик, стари заемки и стари калки од латинскиот или грчкиот јазик;

– називи кои се автохтони, народни односно називи кои дошле преку дијалектите;

– заеднички називи;

– називи кои претставуваат нови заемки;

– нови калки, називи.

Моделите на номинативниот процес се универзални и го покриват вокабуларот на кој било јазик, без разлика на типолошките карактеристики и неговата генетска припадност. Во називите на лековитите растенија влегуваат следниве мотиви: примена, домашна употреба, вкус и мирис, изглед, место и услови на раст, време на цветање, именување на бои, фаунистички вокабулар, народни верувања, суеверија, обреди, религиозни верувања, антропоними.

Народните називи на растенијата во македонскиот јазик, чие потекло се дел од обред – *ѓајан* (ајдучка трева, Achillea millefolium), *ѓуѓин* (напрсток, Digitalis lanata) итн., се исто така опфатени.

Едно од најважните прашања како што посочивме е доброто познавање на ботаниката во однос на препознавањето на видовите и нивните карактеристики (како што се општиот изглед, формата и изгледот на листовите, бојата и формата на цветот, мирисот, времето на цветање, лековитите својства итн.). Според бојата, номинирани се македонските

називи: бела трева, бело и жолто ињовче (Achillea millefolium), жолчка (Potentilla tormentilla) итн. Религиозно мотивирани се: богородична трева (Hipericum perforatum), божјо цвеќе (Ocimum basilicum), божанка (Matricaria chamomilla), а со прва компонента зооним се забележани растенијата: магарешка млечка, свинска млечка (Potentilla tormentilla), мače трева (Valeriana officinalis), зајчови јаболка (Craegus sanguine), а со втора или во склоп на сложенка, влегуваат: млечна козица (Taraxacum officinale), вртикучка, лајкучка (Matricaria chamomilla) итн. Меѓу називите на лековитите растенија се среќаваат и многу кованици создадени во долг период на ботаниката, но може да се сретнат и истоимени називи, односно називи создадени од имиња на луѓе (најчесто ботаничари), како и називи мотивирани од имиња на митолошки суштества, како гороцвет (Adonis vernalis), кашкин босилек (Ocimum basilikum) итн.

Од прасловенскиот фитонимен лексички слој, ги опфативме лексемите: *бор*, *брусница*, *глог*, *шип*(*инка*), *коноп* итн., потоа називите за лековити растенија во македонскиот јазик а кои спаѓаат во општословенската лексика како *боливач*, *бор*, *бреза*, *гороцвет*, *глог*, *коприва*, *копар*, *невен*, *сончоглед*, *шипинка* итн.

Некои општословенски називи имаат несловенско потекло, затоа што уште во прасловенскиот период се позајмени од латинскиот или грчкиот јазик (*костен*, *мигдал*). Сите заемки во македонскиот јазик (латински, грчки итн.) се резултат на јазичните контакти. Во лексичките балканизми на лековити растенија, влегуваат балканските грцизми: *босилек*, *камилица* и балканските турцизми: *анасон*, *тутун* итн. Балканскиот карактер на заемката е тежок за одредување (најчесто тоа се: грчкиот, турскиот, ароманскиот). Дел од називите имаат латинско потекло: *бореч*, *валеријана*, *камилица*, *мента*. А, преку турскиот јазик, стигнале: *афион*, *бадем*, *тутун*, *чам* итн. Во секоја статија, под насловот се наоѓа фотографија од даденото растение, потоа следи ботанички опис за растението, а опишани се и лековитите својства на растението. При истражувањата на растенијата се внимава и на тоа дали станува збор за билка која се употребува како тераписко или лековито средство. Потоа следи краток етнографски опис.

Народната етимологија е една од структурните карактеристики на јазичниот систем, основниот, суштествениот процес, во којшто непознатата форма на зборот се поврзува со друга лексема со цел да се постигне мотивација. Народното интерпретирање означува настојување да се најде во зборовите внатрешна форма како рационално објаснењување на значењето на зборовите без оглед на реалноста. Љубовниот мотив е очевиден при номинацијата на следниве називи на растенијата: *ме сака – не ме сака* ‘Capsella bursa–pastoris’, *мома душа* ‘Matricaria chamomilla’, *китисват* ‘Rosmarinus officinalis’. Меѓу називите на лековитите растенија среќаваме и многу кованици создадени во долг период на ботаниката, но среќаваме и истоимени називи односно називи создадени од имиња на луѓе (најчесто

ботаничари), како и називи мотивирани од имиња на митолошки суштества, како гороцвет (Adonis vernalis), кашкин босилек (Ocimum basilikum) итн.

Основните задачи, кои се поставени во оваа теза се:

а) откривање на основните оригинални зборови во македонскиот јазик, преку споредба со зборови од сродни јазици и потрага по формалната и смисловната историска длабочина на јазикот, односно копање до самата основа;

б) откривање, анализа на зборовите кои се јавуваат како деривати внатре во јазикот, составени од деловите, корен, наставка итн. во даденият јазик.

Како што спомнавме, главниот дел од истражувањето е посветен на етимолошката анализа на називите на лековитите растенија и на резултатите од оваа анализа. Обработени се лексички единици со кои се означуваат називи на растенија (називи на родови, видови, еднокомпонентни називи на растенија, дво- и повеќекомпонентни називи).

Почетната точка за именување не е секогаш очигледна и затоа не е лесно да се етимологизира. Понекогаш називот се однесува на едвај очигледни и неважни својства на растението, на неважни знаци на одреден растителен вид, па почетната точка е целосно нејасна, а во екстремни случаи, дури и погрешна.

Посебен предизвик претставуваат метафоричните називи на растенијата, кои се опфатени во неопходна мера (*сончево око*).

Лековитите растенија чија етимологија е позната се исто така вклучени во текот на ова истражување и затоа посочуваме дека нивното потекло е познато. Особено внимание е посветено на автохтоните македонски називи на лековитите растенија како што се *ѿајан*, *буѿин* итн. Исто така даваме и нова етимолошка анализа на одредени лексеми до кои сме дошле, како што е називот за ендемскиот вид бор – *молика* (Pinus peuce), потоа прва етимолошка анализа на македонскиот народен назив на фитонимот *буѿин* (Digitalis lanata) итн.

Секој назив е составен од два дела:

1. македонски назив на лековитото растение (заедно со синонимите) и

2. латински назив (што е неопходен предуслов за идентификација на родот и видот).

Поголемиот број опфатени називи се еднокомпонентни: *афион* (Papaver somniferum), *боровинка* (Vaccinum myrtillus), *зӡравец* (Geranium robertianum) итн., а опфатени се и двокомпонентните називи на лековити растенија како, *ајӡучка ѿрева* (Achilea Milefollium), *маѓарешки ѿрн* (Onopordon acanthium), *овчарска ѿорбичка* (Capsella bursa–pastoris), *ѿрева оӡ срце* (Cichorium intybus), како и фразата *ме сака – не ме сака* (Capsella bursa–pastoris) итн.

Називите се подредени по азбучен редослед, а на крајот е даден *Сѿисок* на обработените лековити растенија (на латинските и македонските називи). Опфатени се педест и осум (58) латински називи на родови, и исто толку

видови од кои четриесет и три вида се посебни (43), останатите се среќаваат повеќепати. Односно доколку видот на латинскиот назив се повторува повеќепати се посочува со в. (кратенка за види). Такви се називите на билките за видовите vulgare (*вра̄тика* ‘Tanacetum vulgare’ *анасон* ‘Anisum vulgare’, *го̄рчица* ‘Marrubium vulgare’, *ма̄точина* ‘Melissa officinalis, *морач* ‘**Foeniculum vulgare Mill’), потоа** officinale, officinalis (*бореч* ‘Borago officinalis’, *валерија̄на* ‘Valeriana officinalis’, *гла̄варче* ‘Taraxacum officinale’, *жалфија* ‘Salvia officinalis’, *магно̄лија* ‘Magnolia officinalis’, *ма̄точина* ‘Melissa officinalis’, *невен* ‘Calendula officinalis’, *рузмарин* ‘Rosmarinus officinalis’, *са̄пунче* ‘Saponaria officinalis’), и indica, indicum што укажува на потеклото на земјата Индија (*коно̄* ‘Cannabis indica’ и *сусам* ‘Sesamum indicum’). Застапени се вкупно 156 македонски називи: А (8), Б (21), В (9), Г (6), Д (7), Ж (6), З (3), И (1), Ј (1), К (16), Л (4), Љ (1), М (22), Н (5), О (2), П (13), Р (4), С (11), Т (5), Х (1), Ц (4), Ч (3), Ш (3). Вкупниот број анализирани латински и македонски називи изнесува двесте педесет и пет (255). Латинските називи се напишани во заграда на секоја статија во насловот под македонскиот назив, а редоследот на етимолошката анализа е обратен (латинска, грчка, па македонска).

Секое растение, содржи краток ботанички опис за одредениот вид, кој е опфатен преку ботаничката систематика односно групиран (заедно со останатите). Во голема мера ги опфативме домашните, словенски називи, каде се забележуваат јужнословенските, ботанички суфикси како: *-ка* (матрка, жолчка, млечка), *-ика* (божурика, вратика, молика, перуника), *-ица* (горчица, дримбица, камилица), *-ина* (маточина) итн. Според Киш (2010: 32–33), најфреквентен македонски суфикс е *-ка*, а појавата на *-ица* може да упати на поголема старост на називите.

Во поново време посебно значење се придава значење на историскиот корпус за современото општество и светската цивилизација. Проучувањето на таква гранка од лингвистиката како етимологијата има огромна улога во овој процес. Со помош на етимологијата како средство за познавање на оската минато – сегашност, може да се докаже дека сите луѓе на земјата се едно големо семејство. Етимологијата на називите на растенијата, особено лековитите растенија во Македонија е една од главните гранки во ботаниката. Забележано е дека во секој јазик има лексеми со различна семантика, различна структура, а меѓу нив свое место и улога имаат фитонимите, особено лековитите растенија.

Во овој труд се посветува внимание и на областа на употребата на фитонимите, теренот, условите за живеење на луѓето, различните називи на истиот фитоним во зависност од структурата на јазиците, опсегот на нивната употреба итн. Оваа фаза, пред сè, го опфаќа значењето на зборот етимологија, а воедно се забележува дека во лингвистичката литература лековитите растенија можат да се класифицираат од различни гледни точки, односно по структура (едноставна, изведена, сложена), по сфера на употреба (во медицинската област, во областа на зачините за домаќинствата, во областа на

парфимеријата итн.). Понекогаш едно исто лековито растение може да се користи во неколку сфери на животот. Тезата, продолжува со различни етимолошки истражувања, и даваме информации за тоа на кој род на растенија припаѓаат истовремено некои лековити растенија од ботанички аспект, во кој регион растат и се пренесени во други региони, како се одгледуваат, дали се повеќегодишни, иглолисни, вклучувајќи ја и бојата на нивните плодови, како да се користи кората на растението, стеблото итн. Во некои случаи особено е нагласено присуството на нивните специфични карактеристики, доколку се забележи висината, бојата на листовите, плодовите, цветовите за време на цветањето, како и сличноста во обликот на растенијата на некои фитоними со други. Токму поради тоа, не случајно во одреден момент се поставува прашањето, зошто еден ист фитоним може да се именува со некој друг, по аналогија. Толкувањето на називите на лековитите растенија од историска гледна точка во многу случаи исто така наоѓа свое место во трудот. Забележано е дека нивното грчко, латинско, словенско, македонско и друго (турско, влашко итн.) потекло, се опишани и преку нивните промени во различни фази на цивилизацијата. Овој труд во целина ги дава потребните информации за називите на лековитите растенија во македонскиот јазик воопшто според нивните специфични карактеристики.

При изработката на трудот, користени се: документарниот метод (собирање, обработка, анализа и сумирање информации објавени во книги за народната медицина, монографии, лекарственици за македонските називи на лековитите растенија, речници), демонстративен метод, како и методите на анализа и синтеза.

Растенијата се употребуваат за медицински цели илјадници години во народната медицина на македонскиот народ. Овој народ покажал голема креативна номинација на лековитите растенија, именувајќи ги со називи изведени од имињата на болести, називи на лековити растенија поврзани со народни верувања, легенди, преданија; називи кои произлегуваат од нивните органолептични својства (арома, вкус, боја); со друга немедициска употреба; називи кои произлегуваат од токсичните ефекти; називи кои произлегуваат од морфолошките особини.

Фокусот е поставен на потеклото на македонските називи на лековитите растенија, а во него се претставени резултатите за современите македонски називи на растенијата од споредбеното историско, етимолошко, лингвистичко истражување со грчките, латинските, турските и други називи на растенија. Се чини дека постојат блиски врски меѓу овие називи. Имено, можно е да се издвои голема група македонски називи на лековити растенија семантички идентични (или речиси идентични) со несловенските стари називи бидејќи тие обично претставуваат продолжение на поранешните словенски називи на растенија кои можат да бидат калки кои потекнуваат од несловенски називи. Тие имаат богата историја и долга традиција, иако нивните словенски форми се чини дека се автохтони, често се појавуваат и во голем број словенски јазици и имаат различна етимологија на разни словенски дијалекти и иста семантичка мотивација.

Трудот придонесува кон појаснување на одредени важни сегменти од развојот на македонската етимологија, особено во контекст на повеќејазичното окружување во кое се развивале македонските називи на лековитите растенија. Исто така ги дополнува и претходните знаења за етимологизацијата на називите на лековитите растенија, но и дава подлабок увид како во нивниот развој, така и во денешните состојби на оваа проблематика на словенски и на балкански план. Исто така придонесува и кон унапредување на проучувањата на етимологијата на македонските називи воопшто, а во тие рамки и на македонистиката, балканистиката, славистиката и индоевропеистиката. Фактот што во досегашната македонска наука за јазикот се чувствува потребата на пообемни етимолошки истражувања го прави овој труд уште позначаен. Со овој труд се пополнува празнината во етимологијата, посебно во делот на ботаничката лексика, како дел од македонската лингвистика.

Идентификуваниот македонски материјал на избрани називи на лековити растенија, интерпретирани преку етимолошка анализа на македонска, словенска и европска синхронија, а пред сè дијахронија, како и преглед на семантичката мотивација, претставуваше наш главен предмет на обработка. Ова е корисно повеќенаменско истражување, битно пред сè за развојот на македонската етимологија, јазичната историја, како и европската литература. Како што споменавме, за пошироката лингвистичка историско-компаративна и историско-културна перспектива, овој труд може да биде корисен и за словенските и европските етнолингвистички, етноботанички и дијалектолошки истражувања.

Литература

Аргировски, М. 1998: *Грцизмите во македонскиот јазик*, ИМЈ „Крсте Мисирков“, Скопје.

Аргировски, М. 2004: „Имиња на животни и на растенија во библиските текстови (македонска редакција)“, *XXXI научна конференција на XXXVII меѓународен семинар за македонски јазик, литература и култура, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“, Скопје, 251–266.*

Бјелетић, М. 1996: „Од девет брата крв (фитоними и термини сродтства)“, *Кодови словенских култура*, Београд, 1, 89–101.

Велковска, Сн. 2009: „Етимолошка магија или полуфразеологизам“, *Зборник на трудови од научниот собир Културата и јазикот*, Скопје, 233–242.

Геннадьевна Рубцова, О. 2015: *Названия лекарственных растений в разноструктурных языках: на материале русского, марийского, немецкого и латинского языковтема*, Чебоксары.

Гецовска, А. 2015: *Увод во македонската етимологија. Прилог кон Етимолошкиот речник на македонскиот јазик*, Битола.

Гецовска, А. 2023: „Етимологија на фитонимот ајдучка трева (Achillea Millefolium)“, *Крсте Мисирков и македонскиот јазик, VIII Меѓународна научна конференција*, 70 години од основањето на Институтот за македонски јазик „Крсте Мисирков“, Скопје 35–46.

Гецовска, А. 2024: „Фитонимите – предизвик во македонската етимологија“, Меѓународна научна конференција, *Семинар за македонски јазик, литература и култура*, Охрид 105–127.

Гецовска, А. 2024: „Нов пристап кон етимологијата на балканскиот ендемски вид молика (Pinus peuce)“, *Etymologica Macedonica*, ИМЈ „Крсте Мисирков“, Скопје, 89–107.

Групче, Љ. 1957: „Народни имиња на растенијата од Скопска Црна Гора“, *Македонски јазик VIII*, кн. 2, ИМЈ „Крсте Мисирков“, Скопје, 221–229.

Групче, Р. 1994. *Ботаника*, Скопје.

Дервенџи, В. 1977: *Наши лековити растенија и нивната употреба*, Скопје.

Дервенџи, В. 1990: „Народни имиња на лековити растенија“, *Билтен на ОИМТ XX*, бр. 1, Скопје, 59–147.

Илиевски, П. Хр. 1988: *Балканолошки лингвистички студии*, ИМЈ „Крсте Мисирков“, Скопје.

Јашар-Настева, О. 2001: *Турските лексички елементи во македонскиот јазик*, ИМЈ „Крсте Мисирков“, Скопје.

Лозановски, Р. 1994: „Програма за работа на проектот Македонска научна и стручна терминологија во 1994 година“, *Терминологија од областа на џлевелните растенија*, Година XXIV, Бр. 1–2, МАНУ, Скопје.

Лозановски, Р. 1998: „Терминологија од областа на нивските, градинарските и фуражните растенија“ *Македонска терминологија 101*, МАНУ, Скопје.

Киш, М. 1996: *Дијалектната лексика од областа на раститељниот свет*, ИМЈ „Крсте Мисирков“, кн. 22, ИМЈ „Крсте Мисирков“, Скопје.

Киш, М. 2010: *Лексички, зборообразувачки и морфотактички*

особености на македонските дијалекти, ИМЈ „Крсте Мисириков“, Скопје.

Колосова, Б. В. 2015. *Взаимосвязь диалектных названий растений и их морфологических признаков с текстами этиологических легенд, народной медицины и магии (На материале славянских языков)*, Институт лингвистических исследований РАН Санкт-Петербург, Тучков пер. 9, Россия.

Кузманоска, А. 2019: *Мал речник на називи на растенија (македонско-француски, француско-македонски)*, Универзитет „Свети Кирил и Методиј“, Скопје.

Макаријоска, Л. 2011: *Лексиката од областа на историјата на медицината*, ИМЈ „Крсте Мисирков“, Скопје.
Макаријоска, Л. 2013: *Македонската лексика низ вековите*, ИМЈ „Крсте Мисирков“, Скопје.

Марковиќ, М. Тополињска, З. 2019: *Македонски ~ полски. Семантичка деривација на одбрани прасловенски корени*, МАНУ, Скопје.

Матевски В. 2010: *Флора на Република Македонија*, Т. 2, св. 1. МАНУ, Скопје.

Меркулова, В. А. 1965: „О некоторых принципах этимологии названий растений“,
Этимология принципы реконструкции и методика исследования, РАН, Москва 72–87.
Меркулова, В. А. 1967: *Очерки по русской народной номенклатуре растений*, Москва.

Мокров, Б. 1974: *Кон описот на македонската фауна и флора. [Ботаника. Минералогија. Зоологија],* Македонска Терминологија 4/4, 4–60, МАНУ, Скопје.

РЦЈМР, 2006-: *Речник на црковнословенскиот јазик од македонска редакција*, ИМЈ „Крсте Мисирков“, З. Рибарова, ред. Л. Макаријоска, Р. Угринова-Скаловска, Институт за македонски јазик, Скопје.

Софрониевски, В. 2001: *Латинско–македонски речник*, Скопје.

Станковиќ, Л., Мискоска-Милевска, Е. 2008: *Етимолошки речник за имињата на некои фамилии, родови и видови на васкуларни растенија застапени на територијата на Република Македонија*, Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“, Факултет за земјоделски науки и храна, Скопје.

Таховски, А. 1951: *Грчки зборови во македонскиот народен говор. Прилог кон етимолошкиот речник на македонскиот јазик*, Филозофски факултет, книга 2/1, Скопје.

Цветановски, Г. 2023: „Етимолошки речници на македонскиот јазик – од концепција до реализација (врз примери на фитоними, орнитонимни и зоонимни одредници“, *Меѓународен научен собир: Одбор по речник*, ИМЈ „Крсте Мисирков“, Скопје.

Цветановски, Г. 2023: „Етимолошки речник на македонскиот јазик и Македонски етимолошки речник – концепција“ *Etymologica Macedonica 1*, ИМЈ „Крсте Мисирков“, 101–106.

Чајкановић, В. 1985: *Речник српских народних веровања о биљкама*, Београд.

Summary

For centuries, plants have played a significant role in the practice of folk medicine for the treatment and prevention of diseases. The people use them on the basis of experience accumulated for centuries showing creativity at their naming. The same name in Macedonian folk medicine is often called different types of medicinal plants. In these cases, the researchers must rely on the botanical scientific name of the plants, according to the binomial system (genus, species, variety, and author), in order to be able to orientate themselves in the folk herb medicine.

The purpose of this thesis is to investigate the origin of names of medicinal plants ин Macedonian language. Follicular, Macedonian names of medicinal plants, according to their origin, they can be: names of medicinal plants derived from the traditions and legends; names of medicinal plants derived from the names of the diseases they treat, their healing effect, some other purpose, their characteristic organoleptic properties (smell, taste, color), morphological traits, the names of their natural habitats, etc.

УДК 811.163.3"18"
УДК 811.163.3'26

Билјана Маринова[1]

СПОРЕДБА НА ПРИМЕНЕТИТЕ ПРАВОПИСНИ ПРАВИЛА ВО ПИСМЕНИОТ ЈАЗИК НА ЈОРДАН ХАЏИ КОНСТАНТИНОВ-ЏИНОТ СО ПРАВОПИСНИТЕ ПРАВИЛА НА НЕГОВИТЕ СОВРЕМЕНИЦИ ОД МАКЕДОНСКАТА ЈАЗИЧНА СРЕДИНА

Апстракт: Во овој труд се разгледува позицијата што ја зазема Јордан Хаџи Константинов-Џинот во однос на неговите современици од македонската јазична средина од аспект на применетите правописни правила, односно споредбено се прикажуваат правописните правила во писмениот јазик на Јордан Хаџи Константинов-Џинот и правописните правила на некои од неговите современици од македонската јазична средина – „среднистите“ и „македонистите“. Со споредбена анализа се опфатени следните важни аспекти: бележењето на некои од специфичните гласови – *ѕ*, *ќ*, *љ*, *њ*, *ј*, *ѕ*, *џ*; употребата на *јор* и *ер* во крајна позиција на зборовите – по согласка; едначењето на согласките по звучност; начинот на пишување на членските морфеми. Анализата овозможува појасно согледување на правописните тенденции во македонската јазична средина од 19 век, како и утврдување на местото што го зазема Џинот во рамките на сложените процеси што водат кон стандардизација на македонскиот јазик.

Клучни зборови: правописни правила, споредба, македонска јазична средина, 19. век.

Обидите за стандардизација на македонскиот писмен јазик, преку постепеното упростување на црковнословенската кирилица и преку упростувањето на правописните принципи, се вбројуваат меѓу најважните случувања што на јазичен план го одбележуваат македонскиот 19. век. Упростувањето доаѓа до израз во втората половина на 19. век, под влијание на реформите на српскиот јазик и правопис чиј носител е Вук Караџиќ. Текстовите од 19. век, од аспект на азбуката и правописот, покажуваат доста разлики поради различните ставови за идниот писмен јазик, при што не е возможно да се направи некаква стандардизација. Од друга страна, важно е да се има предвид дека во втората половина на 19. век навлегува и руската граѓанска азбука – гражданка, што, секако, влијае на натамошниот развој на графискиот систем.

Идеите за создавање заеднички македонско-бугарски јазик се поврзуваат со „среднистите“ – македонските интелектуалци со словено-филска ориентација, меѓу кои се вбројуваат Јордан Хаџи Константинов-Џинот, Партениј Зографски, Рајко Жинзифов и, донекаде, Григор Прличев. Тие се залагаат македонскиот писмен јазик да биде создаден врз црковнословенска основа (пред сè, од руска проминиенција, со учество на традиционалниот

[1] Самостоен истражувач, доктор по хуманистички науки, biljana.marinova@gmail.com

македонски јусов правопис), или, пак, да биде според граѓанскиот модел на современиот руски литературен јазик, со учество на македонскиот народен јазик или, пак, се залагаат за создавање еден заеднички писмен јазик, пред сѐ, со Бугарите во чија основа би бил и тогашниот бугарски јазик (Спасов 2018: 15).

Еден од првите македонски преродбеници што активно се вклучуваат во јазичните дискусии е Партениј Зографски, кој се јавува како главен застапник на идејата за создавање општ писмен јазик за Бугарите[2] и Македонците. Во таа насока, тој поставува строги правила за идниот заеднички јазик, при што им дава предност на западномакедонските говори (Поленаковиќ 1989: 19).

Како и во писмената практика на Цинот, и кај Зографски не се среќава графемата *s* за означување на согласката *s* – зиздатъ (Зографски 1858: 35) vs /ПАТ: ОКОБП-1/ созидалъ; /ПАТ: ОКОБП-2/ зиданъ. Од дијалектолошки аспект, согласката *s* не се среќава ниту во родниот говор на Зографски – галичкиот. Зографски, во првата негова научна статија која се однесува на создавањето на општиот писмен јазик (*Мисли за болг҃арскіи-о҃тъ ѧзикъ*), се задржува и на одредени правописни правила опфаќајќи го правописот на *ж* и *ш* пред *ǫ* и *ѿ*, а потоа пишува за самогласките *а*, *е*, *и*, како и за еровите – *ъ* и *ь* (Зографски 1858: 37).

За графемата *ѣ* посочува дека се изговара како *е* (Зографски 1858: 37): „Ѣ секога, безъ исключенїе, се произноситъ како чисто Е, и никога не зв читъ како Ѧ, како що ставатъ въ др го-то наречїе.“

Осврнувајќи се на употребата на графемата *х*, објаснува дека таа не се употребува во зборовите (Зографски 1858: 37): ода, убаво, оро, арно, пишеа, одеа, стоеа (наместо: хода, х баво, ходеха, стоеха); или се изговара како *ф*: пишефъ, читафъ, прафъ, фала, фьрлѧ (наместо: пишехъ, прахъ, хвала). Потоа се осврнува на графемата *ѫ* (Зографски 1858: 38), наведувајќи дека таа се изговара како *а*, а на некои места и како *о* (рака, мака, лажа vs рока, мока, ложа). Зографски (1858: 38) укажува дека графемата *ѫ* се јавува во мал број зборови, пред сѐ, во средината на зборот. На крајот од овој дел истакнува дека таа не треба да се употребува доколку не е неопходно, за да не се усложнува правописот (Зографски 1858: 38–39).

Зографски (1858: 40) нагласува дека графемата *ы* има еднаков изговор како графемата *и* и, поради тоа, слично како и *ѫ*, треба да се отфрли од правописот како целосно непотребна: „Тоа что казахме за ѫ можеме да кажеме и за ы. Понеже оваѧ б ква иматъ совьршенно еднакво произнос ванье со и и николко не се отлич ватъ отъ него нъжно е, споредъ наше-то мненїе, да се изхвьрлитъ отъ новоболгарска-та писменность, како совьршенно негоднїй членъ.“

[2] Како што забележува Конески (2020: 386), поддршката на идејата за општ македонско-бугарски јазик, што ја застапува Зографски, ја изразува тенденцијата на македонското граѓанство – борбата против грцизмот да се води под една заедничка кауза (општата бугарска кауза), но со определба да не се воведува бугарскиот јазик во Македонија, туку да се создаде еден општ, заеднички јазик.

Од споредбата на правописните принципи на Јордан Хаџи Константинов-Џинот и Партениј Зографски произлегуваат следните клучни согледби:

– и двајцата се изјаснуваат против употребата на графемата ѫ, сметајќи ја за непотребна, но ја употребуваат кај мал број зборови: /ПАТ: ОКОБП-1/ Дебѫрца; /ПАТ: ОКОБП-2/ Зѫрзе vs пѫтъ (Зографски 1858: 36);

– Џинот и Зографски употребуваат ъ или ь на крајот на зборот, по согласка: /ПАТ: ОКОБП-2/ листь; /ПАТ: ОКОБП-1/ Прилепъ; /ПИС: 5 јуни 1877/ дождь vs безъ; ставатъ; писменность (Зографски 1858: 37);

– Зографски, како и Џинот – во помал број примери, членските морфеми ги пишува полуслеано, со употреба на цртичка: женски-те (Зографски 1858: 39); уста-та (Зографски 1858: 40); кони-те (Зографски 1858: 42) vs /ПАТ: ОКОБП-2/ дѣца-та; /ПАТ: ОКОБП-2/ Цынцары-те.

Кузман Шапкарев, еден од следбениците на Зографски, се јавува како негов истомисленик за создавање заеднички македонско-бугарски јазик и јазикот од неговите учебници за него претставува една преодна форма за доближување до бугарскиот јазик, но сепак – тој е македонист за кого Македонците се одделен народ и треба да имаат посебен писмен јазик (Конески 2020: 391).

Наспроти голем број негови современици и наспроти една честа практика од тоа време – членските морфеми да се пишуваат полуслеано, со употреба на цртичка, кај Шапкарев (*Голѣма бълг҃арска чит҃анка*), се пишуваат слеано: македонското, младенчинята (Шапкарев 1868: 3); лошото, лакомството (Шапкарев 1868: 8); мѣсѣцыте (Шапкарев 1868: 12); дьрвото, петьте, водата, името, мѣсечината (Шапкарев 1868: 14); свойствата, полето, растенията, дрьвесата, каменята (Шапкарев 1868: 24). Од друга страна, честиците со кои се образуваат компаративните и суперлативните форми, *по-* и *нај-*, се пишуваат со употреба на цртичка, полуслеано: по-вразумителень, по-добрѣ, по-пространно (Шапкарев 1868: 4); най-хубавыте (Шапкарев 1868: 18); най-угодни, най-праведни (Шапкарев 1868: 30).

Од аспект на употребата на одделни графеми, една од најголемите разлики со инвентарот на графеми што се среќава во писмената практика на Џинот[3] е тоа што во наведеното дело на Шапкарев редовно се употребува графемата ѫ во различни позиции на зборот: другѫ, по-твьрдѫ, домашнѫ дойницѫ (Шапкарев 1868: 3); снѫгѫтѫ, прѣснѫ, простѫ (Шапкарев 1868: 11); пѫтуващемъ, пѫтувамъ, пѫть, пѫтници (Шапкарев 1868: 29); еднѫ рѣкѫ, сѣнкѫтѫ (Шапкарев 1868: 33); еднѫ кукіѫ, (Шапкарев 1868: 69). Како и Џинот, и Шапкарев употребува ъ или ь во крајна позиција на зборот, по согласка: насловъ, любитъ, водитель (Шапкарев 1868: 6); велитъ, сакашь, Богъ, гробъ, миръ, любовь (Шапкарев 1868: 8); отбранилъ, свободенъ,

[3] Како што наведува Конески (2021: 16), Џинот е еден од првите македонски просветители и културни дејци што биле против употребата на ъ, ѫ и ѣ, определувајќи ги како „рогати“ и „каравлашки“ поради нивната употреба во влахо-бугарската писмена традиција и во романската кирилица.

любезенъ (Шапкарев 1868: 38); пріятель, старость, старецъ (Шапкарев 1868: 39); старость, живъ, здравъ (Шапкарев 1868: 40); трудъ (Шапкарев 1868: 54); умирилъ, корабъ (Шапкарев 1868: 80). За разлика од Џинот, Шапкарев ја користи графемата *ѥ*: ѥ право (Шапкарев 1868: 40); ѥ потрѣбно (Шапкарев 1868: 60); родителитѥ (Шапкарев 1868: 62). Во анализираниот јазичен материјал не се среќаваат графемите *ѕ* и *џ*: зидари (Шапкарев 1868: 18); звѣзды (Шапкарев 1868: 43); звѣзда (Шапкарев 1868: 46); манджи (Шапкарев 1868: 10); казанджіи (Шапкарев 1868: 18).

Во однос на гласовната промена едначење на согласките по звучност, може да се заклучи дека во анализираниот јазичен корпус најбројни се примерите каде оваа гласовна промена не се бележи во пишувањето, што е случај и кај голем број современици на Шапкарев, меѓу кои и Џинот: безчестни (Шапкарев 1868: 7); подчиненытѣ (Шапкарев 1868: 9); безкрайно (Шапкарев 1868: 14); подкрѣвалъ (Шапкарев 1868: 39); разказалъ (Шапкарев 1868: 53); разпердушена (Шапкарев 1868: 55); безпристрастіе (Шапкарев 1868: 69); разположенѣто (Шапкарев 1868: 78) vs истъркалятъ (Шапкарев 1868: 51); распространилъ (Шапкарев 1868: 80).

Григор Прличев е застапник на идејата за архаизација на писмениот јазик, односно за создавање општословенски јазик со архаичен правопис и архаична граматика, која детално ја претставува во неговата *Кратка словенска ѓраматика* (*Кратка славянска ѓрамматика*) од 1868 г. Во споредба со системот на графемите на Јордан Хаџи Константинов-Џинот, кај Приличев е сосема очигледно усложнувањето на правописниот систем под влијание на црковнословенскиот јазик (Прличев 1994: 8).

За разлика од Џинот, Прличев не ја отфрла графемата *ѫ* како непотребна, а ја користи и *ьѫ*. Џинот и Прличев, во писмената практика, ги користат еровите во крајна позиција, по согласка. Прличев (1994: 8), во својата граматика, ги објаснува случаите во кои се употребуваат ъ и ь: ъ или ь се употребуваат во зависност од тоа дали следуваат по тврди согласки (ъ) или по меки согласки (ь). Согласките по кои се пишуваат меки самогласки ги обележува со крст (+).

За разлика од Џинот, Прличев ја користи графемата *ё* и во својата граматика се осврнува на нејзиниот изговор, нагласувајќи дека таа се изговара како *о*: „общё, третё“ (Прличев 1994: 9). Објаснувајќи ја употребата на тврдите и на меките самогласки, Прличев (1994: 9) нагласува: *ѓ*, *к*, *џ* се поврзуваат со тврди самогласки, односно по нив треба да се пишуваат тврди самогласки („мѫкы, тѫгы“ наместо „мѫки, тѫги“); по *џ* се пишува *е* („отцемъ вм. отцомъ“); *ж*, *ч*, *ш*, *щ*, нарекувајќи ги „влажны по звука“, ги поврзува со меки гласови (наведува дека во Македонија се пишува „чедо, кьѫ, пишехъ, можехъ, учехъ“ наместо „чядо, щьѫ, чтото слѣдъ ж, ч, ш, щ да се пише ъ, а, у вм. ь, я, ю Н.П. мѫжъ, чадо, шумъ. Прѣовлада да се пише чадо, шумъ, мъжъ вм. чядо, шюмъ, мѫжъ“).

За разлика од „среднистите“, за „македонистите“ е неопходно оформувањето одделен македонски писмен јазик. По 1871 г., со проширу-

вањето на власта на Бугарската егзархија во Македонија, ова гледиште добива сè повеќе приврзаници, при што значително се зголемува и употребата на бугарскиот јазик (Конески 1981: 58). Од друга страна, и во македонската јазична средина доаѓа до израз тенденцијата за упростување на традиционалниот правопис под влијание на јазичните реформи на српскиот јазик и правопис, воведени од страна на Вук Караџиќ.

Браќата Миладиновци, со нивните правописни принципи во насока на упростување на правописот, извршиле големо влијание врз голем број автори и собирачи на народни умотворби. Константин Миладинов, во *Преѳговоро̄т* кон *Зборнико̄т*, се осврнува на упростувањето на правописот[4], при што настојува принципот на пишување да се темели врз изговорот, а за гласовите со идентичен изговор да се користи една графема (Зборник 1962: 6): „Правопис употребихме по возможноста најлесен и најсходен со произношението од словата; напр. вместо трите букви, ъ, ь, ѫ, каи имает еднакво произношение, употребихме една: ѫ; напр. сѫнце, сѫрце, рѫка, вм. сънхуе, сърчуе, ръка. К'де по грам. правила се пишит ѫ, но се произносит а, се употреби последново." За разлика позициите на Миладинов, Џинот се изјаснува против употребата на графемата ѫ, оценувајќи ја за непотребна, а при бележењето на исти гласови често применува различни графеми. Константин Миладинов во одреден степен го следи Џинот кој, десет години порано, во статиите објавени во *Цареѓраѳски весто̄ник*, се осврнува на употребата на ъ, ѫ и ѣѫ искажувајќи го својот став дека се непотребни во насока на упростувањето на правописот (Стаматоски 2001: 171).

Во правописната практика на Марко Цепенков се забележува предавање на гласовите *ќ*, *ѓ*, *љ*, *њ* преку комбинациите *к*, *г*, *л*, *н* + *ь*, што претставува вообичаен начин на бележење. Оваа практика речиси редовно се среќава кај македонските преродбеници, вклучувајќи го и Џинот, но е присутна и во бугарската јазична средина – особено кај бугарските интелектуалци при бележење на дијалектниот изговор што, според нивното сфаќање, пред сè, се однесува на дијалектите во Македонија. Во врска со бележењето на сонантот *j*, се заклучува дека во текстовите на Цепенков се јавува *й*, а во почетокот на зборот и стариот знак *я*:[5] ясъ, язико (Цепенков 1903а: 3); ясакчията (Цепенков 1903б: 3); ятаганъ, ягне (Цепенков 1903в: 2); той, войвода, Богоройца, майка, ножей, дай (Цепенков 1903а: 3); мой, той, дойде (Цепенков 1903б: 3). Џинот ја користи графемата *j* во почетна позиција на зборот при пишување на

[4] Константин Миладинов, во *Преѳговоро̄т* кон *Зборнико̄т*, го застапува ставот за упростување на правописот преку упростување на графискиот систем и елиминација на непотребните графеми, со што значајно отстапува од црковнословенската традиција. Како што истакнува Стаматоски (2004: 54), ваквите ставови на Миладинов може да се објаснат со неговото одлично познавање на јазичната проблематика: тој бил запознаен со ставовите на И. И. Срезневски – пријател и почитувач на Вук Караџиќ и професор на Константин Петкович, а најверојатно и со статиите на Џинот објавувани во *Цареѓраѳски весто̄ник*.

[5] Според Стаматоски (1986: 65), веројатно подоцна биле извршени корекции во ракописот на Цепенков, по сугестија на Шишманов или можеби лично од него, при што сите случаи со првична употреба на графемата *й* и на графемата *я* биле заменети со *і* (без свиен крак десно нагоре).

неговото сопствено име, но и во други примери: /ПИС: 9 февруари 1855/ Јорданъ Х. Константіновъ Чиновъ Трайковъ; /ПИС: 1 јули 1877/ Јисусъ Хрістосъ; /ПИС: 1 јули 1877/ Јуда. Гласот *ј* на крајот на зборот го бележи на вообичаен начин – со *й*: /ПИС-1: 9 септември 1856/ той; /ПИС: 9 февруари 1855/ овой; /ПИС: 9 февруари 1855/ кой; /ПИС: 12 февруари 1856/ некой; /ПИС: 25 септември 1856/ чай; /ПИС: 12 февруари 1856/ Георгій. Џинот ги користи и графемите *я* (*я* = *ја*) и *ѣ* (*ѣ* = *је*; *ѣ* = *е*; *ѣ* = *ја*): /ПАТ: ОКОБП-1/ мѣсто; /ПАТ: ОКОБП-1/ увѣреніе; /ПИС: 12 февруари 1856/ вѣренъ; /ПИС: 12 февруари 1856/ гробѣ; /ПАТ: ОКОБП-1/ Ядранско; /ПИС: 30 август 1876/ піенѣ.

Константин Петковиќ, како еден од првите поддржувачи на правописната реформа на Вук Караџиќ во македонската јазична средина, исто така застапува ставови за упростување на азбуката и на правописните правила (Спасов 2018: 98). Тој може да се определи како „среднист“ поради неговата идеја за создавање среден македонско-бугарски јазик, но во исто време, со оглед на неговото дело, тој се вбројува и меѓу „македонистите“. Од аспект на графијата и правописот со кои се служи Константин Петковиќ, очигледен е стремежот за осовременување и упростување во однос на црковнословенската писмена норма, што се јавува под влијание на Вуковите принципи, влијанието на И. И. Срезневски, како и традицијата, особено руската (Спасов 2005: 96).

Од извршената анализа произлегува заклучокот дека Џинот и Петковиќ покажуваат колебање во начинот на означување на специфичните гласови (меѓу кои се вбројуваат *ѕ̀* и *ќ*), при што кај Петковиќ се забележува почеста појава на допишување на *ѣ* и *ѣ̀* над други графеми за овие гласови. Интересни се примерите во кои Петковиќ ги користи графемите *ќ* односно *к’* и *ѕ̄’* за бележење на овие гласови, со што се јавува како директен претходник на Крсте Мисирков (Спасов 2005: 97–98): веги-вежди 6 зб., 7 стр.; госпождагоспогя 4 зб., 11 об.[6] стр.; гюбрище 21 зб., 12 стр.; дисаг’и 18 зб., 13 об. стр.; калугеръ 1 зб., 27 стр.; саг(ѣ̀)и (над *ѕ̄* е напишано *ѣ̀*) 13 зб., 41 стр.; тугь-чуждъ 21 зб., 44 стр.; тугиня 22 зб., 44 стр.; меѣю 2 зб., 53 стр.; божик(ѣ) (над *к* е напишано *ѣ*) 25 зб., 4 стр.; бубакъ 11 зб., 5 об. стр.; бекяръ 18 зб., 5 об. стр.; врюк’о 17 зб., 8 стр.; врюк’ина 18 зб., 8 стр.; дукянъ, дукянче 20 зб., 13 об. стр.; кукя 12 зб., 24 стр.; кютамъ 15 зб., 25 стр.; кюркъ 16 зб., 25 стр.; к|éсе 24 зб., 27 стр.; маке’а 23 зб., 30 стр.; плакямъ (плаѣамъ) 5 зб., 37 об. стр.; свек’(ѣ)а (над *к* е напишано *ѣ*) 2 зб., 41 об. стр.; цвекье 15 зб., 52 об. стр.; чеќичъ 25 зб., 54 об. стр. Согласката *ќ* кај Џинот се предава на неколку начини – со *к, кі, кя, ѣ, ѣя*: /ПИС: 25 септември 1856/ шекеръ; /ПАТ: ОКОБП-2/ керки; /ПИС: 5 јуни 1877/ немайки; /ПАТ: ОКОБП-1/ Кіостендила (зборформата содржи падежна наставка); /ПИС: 12 февруари 1856/ пракямъ;

[6] Скратеницата *об.* се однесува на опачината на листот на која се запишани зборовите од речникот (в. Спасов 2005: 95). Бројот покрај секој пример го покажува местото на кое е внесен зборот во речникот.

/ПИС: 30 август 1876/ кукя; /ПИС: 19 октомври 1856/ повеће; /ПИС: 12 февруари 1856/ браћа; /ПИС-1: 12 јуни 1856/ испраћямъ.

Петковић, како и Џинот, на крајот на зборот, по согласка, употребува ъ односно ь, а еровите немаат гласовна вредност и ги употребува по традиција: бардакъ 3 зб., 3 об. стр.; бубакъ 11 зб., 5 об. стр.; жвакамъ 24 зб., 18 стр.; витель 10 зб., 7 стр.; гость (гостъ) 16 зб., 10 об. стр.; камень 19 зб., 24 об. стр.; кървь 24 зб., 24 об. стр.; пърстень 23 зб., 36 об. стр.; пролетъ 9 зб., 38 стр.

Петковић и Џинот ги употребуваат еровите за обележување на самогласното *р* (бакърданикъ 5 зб., 3 об. стр.; върба 30 зб., 8 стр.; гръндчаръ 19 зб., 12 стр.; жъртва 6 зб., 18 стр.; мързливъ 16 зб., 32 об. стр.; смрьди 18 зб., 43 об. стр.; срьна 22 зб., 43 об. стр. vs /ПИС: 5 јуни 1877/ търпимъ; /ПИС: 5 јуни 1877/ върна (дождь); /ПИС: 1 јули 1877/ невоздържанието; /ПИС: 1 јули 1877/ църквата; /ПИС: 1 јули 1877/ църквите; /ПИС: 1 јули 1877/ търнѣ; /ПАТ: ЦГС/ Цьрна.

Збирката поговорки[7] на Петковић, во однос на речникот од 1848 г., се карактеризира со поупростен правопис и со поупростени правописни правила. Во збирката поговорки се дистанцира од црковнословенската традиција, отфрлајќи графеми без реална гласовна вредност и графеми што се дел од црковнословенската традиција (*ѫ*, *ѣѫ*, *ѧ*, *ѣѧ*, *ї*, *ю*, *ы*, *ѣ*), што се среќаваат во неговиот речник. Во збирката, во голем број случаи, не се употребува темниот вокал на крајот на зборот, по согласка, со што Петковић дава значаен придонес во поглед на упростувањето на правописот: /1/[8] мед; /6/ сол; /15/ чéшел; /20/ пáзар; /33/ търн; /62/ пúпер; /133/ свéтец; /184/ църн. Според Спасов (2005: 300), правописот на Константин Петковић, разгледан во контекст на словенската писмена традиција, може да се означи како умерено иноваторски.

Ѓорѓи Пулевски се надоврзува на веќе започнатиот процес од страна на неговите претходници во Македонија, меѓу кои и Џинот, кои во извесен степен тежнеат кон фонетско-фонолошки правопис. Графискиот систем во неговите дела не е идентичен – се забележуваат разлики меѓу делата што се печатени во Белград[9] и делата што се печатени во Софија.

Во *Речникоѿ оѳ четири јазика*, отпечатен во Белград, во 1873 г., е употребен поархаичен графиски систем – Пулевски ги употребува знаците *ѣ*, *я*, *ы*, *ю*, *ъ*, *ь*. *Речникоѿ оѳ ѿри јазика*, отпечатен во Белград, во 1875 г., е напишан со реформираната Вукова кирилица од 30 графеми, при што *ѣ* = *је*,

[7] Интегрален текст на збирката поговорки (*Бълѓарски народни ѿословици*) на Константин Петковић е даден во првиот дел од книгата *Избрани ѿоглавја оѳ исѿоријаѿа на макеѳонскиоѿ ѿисмен јазик – Бојаѿа на јазикоѿ* од Љ. Спасов (Спасов 2005: 284–291; 313–325). Во врска со терминолошката регулација, според која поимот поговорка се толкува како поопшт од поимот пословица, в. *Поѓоворкиѿе како авѿономен семиоѿичен и јазичен микросисѿем* (Спасов 2005: 326–339).

[8] Бројот го означува редниот број на поговорката (во збирката поговорки) од која потекнува зборот.

[9] Според Стаматоски (1986: 47), постојат одредени разлики и меѓу делата печатени во Белград.

ы = ju, *я = ja*, *ю = jy* (Стаматоски 1986: 47). Пулевски го има предвид системот на традиционалната кирилица, кој го проширува со нови графеми, истовремено отстранувајќи одредени стари графеми, но ја задржува нивната гласовна вредност преку нови решенија (*ѣ = je*, *ы = ju*, *я = ja*, *ю = jy*) (Конески 1986: 211). Според Конески (1986: 223), во вториот речник на Пулевски се забележува обид да се надмине рамката на родниот говор и свесно да се прошири кон поширока говорна област.

И покрај тоа што во писмената практика на Пулевски се употребуваат одредени постари графеми, сепак, очигледна е тенденција кон упростување на правописот. Тој не е сосема доследен во примената на графискиот систем што го предлага како најсоодветен (Пулевски 1880: 11) – графемата *я* ја употребува речиси редовно, иако не ја вбројува меѓу триесет и петте графеми за кои се определува, додека графемите *ѫ* и *ѧ* воопшто не ги користи. Како и Џинот, и Пулевски не ја употребува графемата *ѕ* иако таа е дел од најстарата кирилска азбука на старословенскиот јазик. Гледано од дијалектолошки аспект, во галичкиот, родниот говор на Пулевски, не се среќава согласката *ѕ*, па на нејзино место во писмената практика ја употребува графемата *з*. Пулевски, за разлика од Џинот, не ја користи графемата *щ*.

Џинот и Пулевски ја задржуваат практиката на употреба на *ъ* или *ь* на крајот од зборот, по согласка, а еровите ги користат и за означување на самогласното *р*: силенъ 14[10], пеколъ 14, прсть 22, пролетъ 25, есенъ 25, зборъ 81 (*Речник од четири јазика*); вельитъ 4, слогъ 4, речъ 5 (*Слоѓница речовска*); сърби 11, търнъ 27 (*Слоѓница речовска*); рьбетница 22, дрьвено 51, сфърделль 57, крьвавъ 73, мрьтофъ 73 (*Речник од четири јазика*) vs /ПИС-1: 9 септември 1856/ вѣстникъ; /ПИС-1: 9 септември 1856/ другъ; /ПИС: 9 февруари 1855/ мученъ; /ПИС: 25 септември 1856/ калугеръ; /ПИС: 25 септември 1856/ часъ; /ПИС-1: 9 септември 1856/ учамъ; /ПИС: 9 февруари 1855/ низъ; /ПИС: 1 јули 1877/ невоздържанието; /ПИС: 1 јули 1877/ църквата; /ПИС: 1 јули 1877/ търнѣ; /ПАТ: ЦГС/ Цьрна.

Иако Јордан Хаџи Константинов-Џинот најчесто се поврзува со ставовите на „среднистите“, споредбените анализи упатуваат на заклучокот дека неговиот писмен јазик го открива зародишот на стремежот кон осовременување на азбуката и на правописот во целина, имајќи го предвид изговорот. И покрај тоа што настојувал да се постигне архаизација на формите, неговата позиција кон правописот е јасна: се залага за упростување и за отфрлање на графемите *ъ*, *ѫ* и *ьѫ* (в. Конески 1986: 102–103). Анализираниот јазичен материјал покажува дека е очигледен обидот при пишувањето да се води од изговорот, но не успева практично да го примени тоа за што се залага декларативно – секоја графема да биде писмен знак за соодветната фонема и графискиот систем да се ослободи од непотребните графеми. Бројот на графемите со кои се служи е речиси двојно поголем од бројот на гласовите во македонскиот јазик од 19 век, но во неговите дискусии

[10] Бројот што стои покрај секој од примерите ја означува страницата од која е преземен примерот.

се согледува зародишот на свесниот обид за поедноставување на графискиот систем и на правописот преку отфрлање, најпрво, на трите графеми. Џинот е еден од првите македонски автори кои се служеле со граѓанската кирилица (гражданка), воведувајќи ја во својата писмена практика, меѓу другото, и како дел од процесот на усовршување на правописот. Писмената практика на Џинот и неговите статии кои разработуваат јазични прашања се добра основа за „македонистите“ и за стандардизацијата на македонскиот писмен јазик во 20 век.

Литература

Зборник 1962: *Зборник (1861 – 1961)*, Миладиновци, во редакција на Д. Митрев, К. Пенушлиски и А. Спасов, Кочо Рацин, Скопје.

Зографски, П. 1858: „Мисли за болгарскіи-отъ ѧзикъ“, *Блъгарскы книжици*, чѧсть прьва, книжка 1, 1 јаннуария 1858 г., у Книгопечетинцата на Д. Цанкова и Б. Миркова, Цариградъ – Галата, 35–42.

Конески, Б. 1981: *За литературата и културата*, Култура и др., Скопје.

Конески, Б. 1986: *Македонскиот XIX век (јазични и книжевно-историски прилози)*, Култура, Скопје.

Конески, Б. 2020: *Македонскиот XIX век* (Целокупни дела на Блаже Конески – критичко издание, во редакција на М. Ѓурчинов, К. Ќулавкова, том VI), Македонска академија на науките и уметностите, Скопје.

Конески, Б. 2021: *Историја на македонскиот јазик – Историска фонологија на македонскиот јазик* (Целокупни дела на Блаже Конески – критичко издание, том IX, во редакција на К. Ќулавкова, приредиле В. Лаброска, Љ. Спасов), Македонска академија на науките и уметностите, Скопје.

Поленаковиќ, Х. 1989: *Во екот на народното будење*, Македонска книга, Скопје.

Пулевски, Ѓ. (Гь. М. Пулъевски) 1880: *Славянско-населъенискимакедонска Слогница речовска за исправуванье правословкиязическо-писание*, III та книга, първи делъ, Народна печатница на Б. Прошекъ, София.

Спасов, Љ. 2005: *Избрани поглавја од историјата на македонскиот писмен јазик – Бојата на јазикот I*, Култура, Скопје.

Спасов, Љ. 2018: *Поглед во минатото: избрани теми од историјата на македонскиот писмен јазик*, Пагома прес, Скопје.

Стаматоски, Т. 1986: *Борба за македонски литературен јазик*, Мисла, Скопје.

Стаматоски, Т. 2001: *Во одбрана на македонскиот литературен јазик*, Култура, Скопје.

Стаматоски, Т. 2004: *Македонскиот јазичен идентитет*, Култура, Скопје.

Извори

Зографски, П. 1858: „Мисли за болгарскіи-отъ ѧзикъ“, *Блъгарскы книжици*, чѧсть прьва, книжка 1, 1 јаннуария 1858 г., у Книгопечетинцата на Д. Цанкова и Б. Миркова, Цариградъ – Галата, 35–42.

Петкович, К. 2005: „Български народни пословици“, *Избрани поглавја од историјата на македонскиот писмен јазик – Бојата на јазикот I* од Љ. Спасов, Култура, Скопје, 284–291, 314–325.

Петкович, К. 2005: „Словарь болгаро-русскій“, *Избрани поглавја од историјата на македонскиот писмен јазик – Бојата на јазикот I* од Љ. Спасов, Култура, Скопје, 110–258.

Поленаковиќ, Х. 1955: *Кореспонденцијата на Јордан Хаџи-Константинов-Џинот со Друштво српске словесности*, Филозофски факултет, Скопје.

Поленаковиќ, Х. 1971: „Неколку необјавени писма од Јордан Џинот“, *Годишен зборник на Филозофскиот факултет на Универзитетот во Скопје*, Филозофски факултет, Историско-филолошки оддел, Скопје, 337–347.

Прличев, Г. 1994: *Кратка славянска грамматика/Кратка славјанска граматика*, приредиле Д. Пандев и Д. Стефанија, Коста Абраш, Охрид.

Пулевски, Ѓ. (Ђорђа М. Пулѣвски) 1873: *Речник от четири језика*, I српско-албански, II арбански-арнаутски, III турски, IV грчки, скројена и написана от Ђорђа М. Пулѣвски, архитекта у Галичник окружје дибранско 1875 године, 1 ва част, Београд.

Пулевски, Ѓ. (Ђорђе М. Пуљевски) 1875: *Речник од три језика*, у Државној штампарији, Београд.

<http://damj.manu.edu.mk/pdf/0001Pulevski%20Trijazichnik.pdf> пристапено на: 10.7.2025 г.

Цепенков, М. (Марко К. Цѣпенковъ) 1903а: „Църне войвода“, първо дѣйствие, *Автономна Македония*, брой 13, 28 Септември 1903, Печатница на Гавазовъ и Чомоневъ, София, 3.

Цепенков, М. (Марко К. Цѣпенковъ) 1903б: „Църне войвода“, първо дѣйствие, продъл. отъ брой 14, *Автономна Македония*, брой 15, 12 Октомврий 1903, Печатница на Гавазовъ и Чомоневъ, София, 3.

Цепенков, М. (Марко К. Цѣпенковъ) 1903в: „Църне войвода“, второ дѣйствие, продъл. отъ брой 17, *Автономна Македония*, брой 18, 2 Ноември 1903, Печатница на Гавазовъ и Чомоневъ, София, 2–3.

Хаџи Константинов-Џинот, Ј. (Іорданъ Х. Константиновъ) 1855: „Цьрна Гора Скопска“, *Цареградски вѣстникъ*, Nº 211, Февруарія 5, 1855, Печатница Ц. Вѣстника, Цареградъ, 3–4.

Хаџи Константинов-Џинот, Ј. 1859: „Описаніе на Кр’сточва, Охридъ, Бытола и Прилепъ“, *Цареградски вѣстникъ*, Nº 422, Мартъ 14, 1859, Печатница Ц. Вѣстника, Цареградъ, 3.

Хаџи Константинов-Џинот, Ј. (Іорданъ Х. Константиновъ) 1859: „Описаніе на Кр’стчова, Охридъ и Бытола“, Продолженіе отъ число 422, *Цареградски вѣстникъ*, Nº 423, Мартъ 21, 1859, Печатница Ц. Вѣстника, Цареградъ, 2–3.

Шапкарев, К. 1868: *Голѣма българска читанка или Втора-та частъ на Българскыйтъ буквар, на нарѣчіе По-вразумително за Македонскытѣ Българы*, въ Печатницѫ-тѫ на В. Македоніѭ, Цариградъ.

<https://www.strumski.com/books/Kuzman_Shapkarev_Bylgarska_Chitanka_II.pdf> пристапено на: 10.7.2025 г.

Скратеници

/ПИС: 9 февруари 1855/[11] – писмо од 9 февруари 1855 г., испратено до Друштвото за српска словесност од Белград.

/ПИС: 12 февруари 1856/[12] – писмо од 12 февруари 1856 г., испратено до Друштвото за српска словесност од Белград.

/ПИС-1: 12 јуни 1856/[13] – писмо од 12 јуни 1856 г., испратено до Друштвото за српска словесност од Белград.

[11] Поленаковиќ (1955: 9–10).

[12] Поленаковиќ (1955: 14–16).

/ПИС-1: 9 септември 1856/[14] – писмо од 9 септември 1856 г., испратено до Друштвото за српска словесност од Белград.

/ПИС: 25 септември 1856/[15] – писмо од 25 септември 1856 г., упатено до Јован К. Поповиќ (Јован К. Поповић), член на Друштвото за српска словесност од Белград.

/ПИС: 19 октомври 1856/[16] – писмо од 19 октомври 1856 г., испратено до Друштвото за српска словесност од Белград.

/ПИС: 30 август 1876/[17] – писмо од 30 август 1876 г., упатено до пријател на Џинот.

/ПИС: 5 јуни 1877/[18] – писмо од 5 јуни 1877 г., упатено до пријател на Џинот.

/ПИС: 1 јули 1877/[19] – писмо од 1 јули 1877 г., упатено до пријател на Џинот.

/ПАТ: ОКОБП-1/ и /ПАТ: ОКОБП-2/ – патописот со наслов *Опїсаніе на Кр'сто̄чва, Охридъ, Бито̄ла и Прилепъ* [*Опїс на Кичево, Охрид, Бито̄ла и Прилеп̄*], објавен во два дела во *Цареградски вестӣник* – бр. 422 од 14 март 1859 г. (/ПАТ: ОКОБП-1/) и 423 од 21 март 1859 г. (/ПАТ: ОКОБП-2/).

/ПАТ: ЦГС/ – патописот *Цьрна Гора Скопска* [*Црна Гора Скопска*], објавен во *Цареградски вестӣник* бр. 211 од 26 февруари 1855 г.

Summary

This paper examines the position of Jordan Hadži Konstantinov-Džinot in relation to his contemporaries within the Macedonian linguistic environment, from the perspective of the orthographic rules applied. In particular, it offers a comparative presentation of the orthographic practices in the written language of Jordan Hadži Konstantinov-Džinot and those of some of his contemporaries in the Macedonian linguistic milieu—the so-called *centralists* and *fighters for the Macedonian national cause*.

Although Jordan Hadži Konstantinov-Džinot is most often associated with the views of the *centralists*, comparative analyses suggest that his written language reveals the beginnings of a tendency toward the modernization of the alphabet and orthography as a whole, with particular consideration of pronunciation. Despite his efforts to achieve an archaization of certain forms, his position on orthography is clear: he advocates simplification and the elimination of the graphemes ъ, ѫ, and ѩ. The analyzed linguistic

[13] Поленаковиќ (1955: 28–29).

[14] Поленаковиќ (1955: 7–9).

[15] Поленаковиќ (1955: 16–18).

[16] Поленаковиќ (1955: 41–44).

[17] Поленаковиќ (1971: 340–341).

[18] Поленаковиќ (1971: 342).

[19] Поленаковиќ (1971: 343–344).

material demonstrates a clear attempt to base writing on pronunciation, yet he fails to put into practice what he declared in principle—that each grapheme should serve as the written sign for the corresponding phoneme and that the graphic system should be freed from superfluous graphemes. The number of graphemes he employed is almost twice the number of phonemes in the Macedonian language of the nineteenth century; however, his discussions reveal the embryonic stage of a conscious effort toward simplifying the graphic system and orthography, primarily through the elimination of three graphemes.

The written practice of Džinot, along with his articles addressing linguistic issues, provided a solid foundation for the *fighters for the Macedonian national cause* and for the standardization of the Macedonian written language in the twentieth century.

УДК 811.163.3:811.134.2
УДК 811.134.2:811.163.3

Марија Пандева[1]

ДА-КОНСТРУКЦИЈАТА ВО МАКЕДОНСКИОТ ЈАЗИК И НЕЈЗИНИТЕ ЕКВИВАЛЕНТИ ВО ШПАНСКИОТ ЈАЗИК (АВТОРЕЗИМЕ НА ДОКТОРСКИ ТРУД)

Апстракт: Во авторезимето кон докторскиот труд со наслов „Да-конструкцијата во македонскиот јазик и нејзините еквиваленти во шпанскиот јазик“ се претставува употребата на да-конструкцијата во македонскиот јазик и нејзините еквиваленти во шпанскиот јазик. Да-конструкцијата се среќава во подредена и во независна позиција, односно во комбинација со модални и со фазни глаголи или самостојно, при што со неа се искажуваат голем број значења. Еквивалентите на да-конструкцјата во шпанскиот јазик најчесто се инфинитивот или формите на субјунктивот, како и некои други форми.

Клучни зборови: да-конструкција, субјунктив, инфинитив, македонски јазик, шпански јазик.

Целта на истражувањето во тезата *Да-конструкцијата во македонскиот јазик и нејзините еквиваленти во шпанскиот јазик* се темели на широката употреба на да-конструкцијата во македонскиот јазик, а со оглед на тоа што станува збор за контрастивна тема, и на пронаоѓањето на еквивалентите на оваа конструкција во шпанскиот јазик – досега неистражена тема. Ова истражување ги отвора вратите кон почетокот на контрастивните анализи меѓу македонскиот и шпанскиот јазик, а со тоа придонесува и кон збогатувањето на истражувањата меѓу словенското и романското јазично семејство. Притоа, со ова истражување на дадената тема во македонскиот и во шпанскиот јазик се добиваат податоци што досега не биле обработувани во нашето лингвистичко опкружување. Во македонските лингвистички проучувања често среќаваме споредбени студии, најчесто со други словенски јазици, и едно вакво истражување, во кое се прави споредба со шпанскиот јазик, отвора нови видици кон контрастивните проучувања со јазици од други јазични семејства, како во овој случај, романското. Покрај тоа, направена е анализа на голем јазичен материјал и со тоа се забележуваат тенденциите во современиот македонски јазик

Предмет на истражување во овој труд претставува да-конструкцијата, како карактеристична глаголска конструкција во македонскиот јазик. Притоа,

[1] Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков“
Универзитет „Св. Кирил и Методиј“, mpandeva@imj.ukim.edu.mk

се разгледуваат позициите во кои се среќава оваа конструкција и значењето што ѝ го дава на реченицата. Таа има широка употреба, пред сè, во комбинација со модалните и со фазните глаголи, а самостојно употребена изразува: желба, молба, заповед, а се јавува и во клетви и во благослови (Минова-Ѓуркова 1994: 71).

Трудот е поделен на три поголеми глави, во кои се обработуваат темите што се предмет на интерес на ова истражување. Во првата глава се дефинираат основните поими, се обрнува посебно внимание на начинот и на модалноста како граматички категории на кои се заснова оваа тема. Исто така, се обработува темата за инфинитивот, односно преминот од старословенскиот инфинитив, преку губењето на инфинитивот во македонскиот јазик, до да-конструкцијата во современиот јазик, како и инфинитивот во шпанскиот јазик, каде што оваа граматичка форма е во постојана употреба. Втората глава го носи насловот *Да-конструкцијата во комбинација со модалните и со фазните глаголи во македонскиот јазик и нејзините еквиваленти во шпанскиот јазик* и во одделни потпоглавја се разгледуваат различните фази на дејството и глаголите што во комбинација со да-конструкцијата во македонскиот, односно инфинитивот во шпанскиот јазик и модалните глаголи, кои се дел од сложените глаголски конструкции преку кои се искажува модалноста во двата јазика. Третата глава насловена *Независната да-конструкција во македонскиот јазик и нејзините еквиваленти во шпанскиот јазик* е посветена на непоредредената да-конструкција, преку која се искажуваат: оптативот, односно желбениот начин, притоа и клетвите и благословите, аналитичкиот императив, хортативот, прохибитивот, другите значења на одречната да-конструкција, како и формите *како да*, *ќе да* и *без да* во посебни потпоглавја. Трудот завршува со *Заклучок*, во кој се сумираат добиените резултати од истражувањето и се потврдуваат поставените хипотези.

Да-конструкцијата во македонскиот јазик е составена од партикулата *да* и глагол, најчесто во сегашно или минато определено и неопределено време, при што партикулата *да* добила карактер на службена морфема, составен дел од глаголската форма, дел врз кој паѓа функцијата за изразување на модалноста, т. е. историски погледнато, сврзникот *да* станал (се граматикализирал во) граматички показател што го модифицира глаголот на модален и на синтаксички план (Бужаровска, Митковска 2014). Оваа појава се смета за балканизам (Конески 1987). Според Минова-Ѓуркова (2000: 75), „за да-конструкцијата постојат неколку термини: оптатив-субјунктив, субјунктив, конјунктив. […] Да-конструкцијата се употребува со модални и фазни глаголи, во негирани форми на некои времиња и начини, како и во зависни дел-реченици. Самостојно употребена изразува желба, молба, заповед, а се јавува и во клетви“. Субјунктивот е глаголски облик или синтаксичка конструкција со која именуваното дејство се претставува како подредено на некој надреден предикат (Гајдова 2002: 136), оптативот е желбен начин (Boyer 1988), додека конјунктивот е релативен синоним на

субјунктивот (Тофоска 2014). Наспроти овие термини стои индикативот како немаркиран, неподреден начин.

Во оваа теза, преку контрастивна анализа на употребата на да-конструкцијата, доаѓаме до нејзините еквиваленти во шпанскиот јазик. Иако македонскиот и шпанскиот јазик не се од истото јазично семејство, односно македонскиот јазик му припаѓа на словенското, додека шпанскиот на романското, и двата јазика се аналитички, и оттаму, многу граматички категории се податливи за споредбена анализа. Во шпанскиот јазик постојат посебни глаголски форми за искажување на индикативот и на субјунктивот, а инфинитивот, за разлика од македонскиот, не исчезнал и е во постојана употреба. Во македонскиот јазик инфинитивот се изгубил и на неговото место почнала да се употребува токму да-конструкцијата, која е предмет на наш интерес. Според Конески (Конески 1987: 177), губењето на инфинитивот соодветствува со општиот стремеж некои синтетички именски форми да се заменуваат со аналитички конструкции. Во шпанскиот јазик инфинитивните форми се делат во три групи, според завршоците. Инфинитивните форми во шпанскиот јазик можат да завршуваат на –AR, на –ER и на –IR. Според RAE (2010: 495), инфинитивот традиционално се смета за хибридна форма, која има именски и глаголски својства. Во шпанскиот јазик разликуваме именски и глаголски инфинитив. Глаголскиот инфинитив е еден од еквивалентите на да-конструкцијата во македонскиот јазик, особено при искажувањето на фазноста и на модалноста преку фазни и модални глаголи.

Една од употребите на да-конструкцијата во македонскиот јазик е со фазните и со модалните глаголи. Што се однесува до фазните глаголи, во македонскиот јазик издвојуваме три фази на дејството: 1) почетна фаза (инхоативна) – нешто почнува да се случува/почнува некоја состојба – се користат глаголите: *по̄чне*/*запо̄чне*, *фа̄ти*/*фаќа*, *зафа̄ти*/*зафаќа*, *земе*/*зема*, 2) трајна (или продолжителна фаза) – почнато дејство/состојба продолжува да се одвива/да трае – се користат глаголите: продолжи/продолжува и 3) завршна фаза (терминативна) – дејството или состојбата престануваат да се случуваат/да траат – се користат глаголите: *пре̄ста̄не*/*пре̄ста̄нува*. Сите овие глаголи се користат во комбинација со да-конструкцијата. Еквивалентите на фазните глаголи + да-конструкција во шпанскиот јазик се, исто така, фазните глаголи, но во комбинација со инфинитив. Тие конструкции претставуваат глаголски перифрази, односно сложени глаголски конструкции, кои можат да бидат составени од помошен глагол (во овој случај фазен, или модален, во случајот кај модалните глаголи) и глагол во инфинитив, герунд или партицип (RAE 2010: 539). Во шпанскиот јазик се изделуваат четири фази на дејството (RAE 2010: 545): 1) подготвителна фаза на дејството – во оваа фаза се прикажува подготовката за почетокот на дејството и се користат сложените глаголски конструкции: *estar a punto de* + инфинитив, или *estar por* + инфинитив, 2) почетна фаза – исто како и во македонскиот јазик, и во шпанскиот со оваа фаза се искажува почетокот на дејството, се користат сложените глаголски конструкции: *empezar a* + инфинитив, *comenzar a* + инфинитив, *ponerse a* + инфинитив, 3) завршна фаза – исто како и во

македонскиот јазик, оваа фаза се користи за да се искаже крајот на дејството, се користат сложените глаголски конструкции: *acabar de* + инфинитив, *terminar de* + инфинитив и 4) фаза за прекин на дејството – во оваа фаза дејството престанува да се одвива, се користи сложената глаголска конструкција *dejar de* + инфинитив.

Модалните глаголи се користат за искажување на модалноста, т. е. на ставот на говорителот кон ситуацијата (Минова-Ѓуркова 2000). Модалните глаголи во македонскиот јазик се: *може*, *мора*, *ѿреба*, *смее*, како и сопствено модалниот глагол *сака* (Георгиевски 2009). Во шпанскиот јазик за искажување на модалноста се користат сложените глаголски конструкции *poder* + инфинитив, *deber (de)* + инфинитив, *tener que* + инфинитив, *haber de/que* + инфинитив, како и перифразата со глаголот *querer* + инфинитив.

Да-конструкцијата во македонскиот јазик во независна позиција, односно без надреден предикат, искажува желби, наредби, забрани, како и некои други значења.

Со оптативните конструкции се искажува желба чија реализација не е во доменот на човековите можности, па се бара интервенција на природните сили и/или на Господа, а потоа желбите и молбите насочени кон трето лице (Тополињска 1995: 263). Можеме да забележиме и дека реализацијата на желбата не е (целосно) во доменот на човековите можности, па во оптативната употреба на да-конструкцијата ќе го додадеме и искажувањето на клетвите и на благословите во македонскиот јазик. Оптативното значење е блиско до императивното и претставува модално значење *желба*, кое се одликува со слаба директивност, односно послаб илокутивен набој од императивот (Пипер 2009: 506).

Според Минова-Ѓуркова (2000: 158), желбените реченици искажуваат дејства што не се извршени, содржини што се во согласност со желбите на говорителот, што се дел од неговата волја и чувства. Оптативната употреба на да-конструкциите можеме да ја проследиме преку следните примери:

Да ѳојѳе *ѹ҃ѳре*!

Да живее *Револуцијаѿа*! ***Да живее*** *слаѿкаѿа слобоѳа*. (ЖЧ, „Големата вода“)

Што се однесува до шпанскиот јазик, во латинските граматики најчесто се прави разлика меѓу општиот (или дубитативен) субјунктив и оптативниот субјунктив, кој соодветствува на индоевропскиот оптатив. Оваа поделба е корисна за шпанскиот јазик, затоа што јасно ги определува двата типа субјунктив, кои во литературата се среќаваат како потенцијал и оптатив. Потенцијалниот (можниот) субјунктив во независни реченици се користи за искажување сомнеж, додека во зависни дел-реченици глаголот во субјунктив може да искаже: а) сомнеж или незнаење; б) страв или чувства; в) можност. Оптативниот субјунктив, пак, во независни реченици искажува желба, а во зависни дел-реченици глаголот може да искаже: а) лична потреба, волја или желба и б) објективна потреба (RAE 1973). Според RAE (2010: 802),

оптативите се нарекуваат и дезидеративи и преку нив се искажуваат желби. Кога е во независна употреба, во оптативните реченици субјунктивот се среќава во реченици од типот:

***Ojalá mejore** el tiempo; **Дај Боже да се подобри** времето!*

¡Viva el Presidente!; Да живее претседателот!

Во сферата на оптативот ги сместуваме и клетвите и благословите, кои исто така, се искажуваат преку независната да-конструкција. Благословите, клетвите и магиите се засноваат на верувањето во магијата на зборовите, во можноста зборовите да влијаат на туѓите сили, да ги контролираат настаните и луѓето и да обезбедат поволен или неповолен исход за поединецот (Радојевиќ Секуловиќ 2016). Минова-Ѓуркова (2000: 158–159) како најширока дефиниција за благословот ја дава следнава: „Станува збор за искажување добра желба, желба некому да му биде добро“; додека клетва е „изразување[то] желба некому да се случи нешто лошо, несакано“.

Во продолжените забележуваме неколку примери од македонскиот фолклор, во кои да-конструкцијата се користи за искажување благослови:

*Идете, синко, и **бог да даде** да добиете, како што сакате, и така да дојдете при мене*. (Верковиќ 1985: 43)

***Богдапрости**, брате**, бог да прости**! **Да ми ти е жива** домаќинката! Ај, брате, и ти дај ми една пара – се свртила ѓоа кај другиот човек, што го гледалеа в дуќан, ај да ми е жива домаќинка, што бидуа за една пара*? (Пенушлиски 1973: 59)

Честата употреба на да-конструкцијата во структурата на клетвите јасно се согледува од материјалот собран од Евтим Спространов (Спространов 1895: 246–250), кој, меѓу другиот фолклорен материјал, запишал и подредил голем број клетви од охридското говорно подрачје, какви што се примерите: *Аир да немаш.; Аир и берикет да не видиш.; Аирлија да не е.; Арно да не видиш.; Бел ден да не видиш.; Болест да те истребит.; Бог да те убијат.; Велигден да не ти поможит.; Ѓаол да те земит.; Греот да те фатит.*

Според Давила (Dávila 2024), благословите се говорни чинови што се користат за повикување божества и за барање придобивки, заштита, добросостојба и сл., со цел благословот да биде во корист на испраќачот на пораката. Овој говорен чин е желбен и најчесто усно искажан. Од синтаксичка гледна точка, за шпанскиот јазик Давила (Dávila 2024: 59) истакнува дека глаголските времиња се со идна проекција, најчесто предност му се дава на сегашното време од субјунктивот и употребените глаголи имаат желбена содржина. Често се среќаваат глаголот *bendecir* (благословува) и именката *bendición* (благослов). Ги издвојува следните примери:

*Pero cuando oyó hablar de convite y festín, el barbero dijo: ¡**Que Alah te bendiga y te llene de prosperidades**!*

*Но, кога слушна дека се зборува за покана и за гозба, берберот рече: **Алах да ве благослови и да ве исполни со благосостојба**!* [Vicente Blasco Ibáñez, Traducción de Las mil y una noches, 1916, España, CORDE]

Bueno, papá, no te preocupes, enseguida lo hago, ***Dios te cuide y te bendiga****.*

Добро, тато, не грижи се, веднаш ќе го сторам тоа, ***Бог ќа те чува и ќа те благослови***. [Germán Sánchez Otero, Abril sin censura, 2012, Venezuela, CORPES]

Давила (Dávila 2024) клетвите ги дефинира како говорен чин насочен против некого или против нешто, со цел да се изрази гнев и одбивност кон дејствата извршени од примачот на пораката против испраќачот. Клетвите претставуваат желбен чин, кој содржи желба за страдање на примачот на пораката, но бидејќи остварувањето на таа желба е надвор од опсегот на реалноста, овие говорни чинови се нереференцијални и нереални. Во нивната предикативна структура именскиот и глаголскиот дел се речиси споени и заедно алудираат на дејството или на негативниот резултат што треба да го донесат двата реченични члена (како во примерите: *un rayo te parta*; *el diablo te reviente – гром ќа те уќри; ѓаволот ќа те пукне*). Како што се забележува, во овие клетви глаголот е во сегашно време од субјунктивот, на кој му претходи сврзникот *que*. Многу ретко се среќаваат формите на глаголот (про)колне – *maldecir* – во индикатив.

¡***Que el diablo te reviente a ti****, vieja condenada, y Lautaro a tu marido!*

Нека те пукне ѓаволот*, проклета старице, и маж ти, Лаурато!* [Sergio Arrau, Digo que Norte Sur corre la tierra, 1981, Chile, CREA]

Siempre te sales con la tuya (Pausa) Me voy, ***que te parta un rayo****.*

Секогаш е по твое. (Пауза) Си одам, ***ѓром ќа те уќри***. [José Luis Alegre Cudós, Minotauro a la cazuela, 1982, España, CREA]

Во директен говор често среќаваме употреба на да-конструкцијата како во примерите:

Да ќојќеш *веднаш*!

Да *си ја* ***изедеш*** *супата*!

При реконструкција на овие реченици со додавање модален глагол како надреден предикат, би добиле искази како: ***Сакам ќа ќојќеш*** *веднаш*!/***Мораш ќа ќојќеш*** *веднаш*!; или: ***Сакам ќа*** *си ја* ***изедеш*** *супата*!/***Мораш/треба ќа*** *ја* ***изедеш*** *супата*! Од овие (реконструирани) примери можеме да забележиме дека, покрај оптативно значење (*сакам ќа ќојќеш/сакам ќа ја изедеш супата*), во зависност од контекстот, тие можат да искажат и императивно значење (*мора ќа ќојќеш/мора ќа ја изедеш супата*, т. е. *ти наредувам ќа ќојќеш/ќа ја изедеш супата)*. Секако, овие примери можеме да ги претставиме и преку формите за императив во македонскиот јазик: *Дојди веднаш!/Изеди ја супата*!, па оттука можеме да зборуваме за т.н. аналитички, морфолошки или описен императив искажан со да-конструкцијата. Недостигот од специјални заповедни форми во македонскиот јазик се пополнува по пат на сврзување на соодветните глаголски форми во сегашно време со *ќа* или со *нека* (Конески 2022: 366), но *нека* обично се користи со трето лице еднина и множина, па оттука заклучуваме дека аналитичкиот императив со *ќа* е многу попродук-

тивен. Многу е тешко да се постави границата меѓу оптативот и описниот императив со формантите *ѓа* и *нека* (Тополињска (1995: 226), особено во директно обраќање кон второто лице.

Независната да-конструкција во македонскиот јазик, покрај оптативот и аналитичкиот императив, служи и за искажување хортатив. Всушност, Кепески (1975: 129) императивното *ѓа* го третира како хортатив. Хортативот претставува модална (или глаголска) конструкција (Бужаровска, Митковска 2014: 22). Најчесто се среќаваат со хортативната честица *aj/ајѓе*, која се смета за хортативна форма позајмена од турскиот јазик (Friedman and Joseph 2025).

Повторно, тешко е да се определи строга граница меѓу хортативот и аналитичкиот императив (а со тоа и со оптативот). Хортативните искази се користат за поттикнување или охрабрување да се направи нешто од страна на учесниците во комуникацискиот чин и, притоа, зборувачот поттикот/охрабрувањето го испраќа и кон самиот себе, па овие искази се изразени во прво лице множина.

Aj/Ајѓе ѓа одиме.

Aj/Ајѓе ѓа учиме.

Според примерите, може да се забележи дека говорникот наредбата исто така ја насочува и кон себе. Исто така, покрај наредба, во семантичкото поле на овие императиви има и поттик. Токму затоа често се среќаваат во комбинација со императивните честички *aj* и *ајѓе*. Гајдова (2002: 106) забележува и дека императивните искази често се придружени од честицата *ајѓе*, и таа појава редовно се среќава во да-императивот во прво лице множина, каде што функцијата за поттикнување одредено дејство е најсилно изразена.

Императивот во шпанскиот јазик, всушност, претставува засилување на оптативниот субјунктив (Gili Gaya 1980: 116). Припаѓа во групата на извиците и на вокативите, односно на апелативната функција на јазикот. Во латинскиот јазик субјунктивот се користел за ублажување на императивот, па оттаму некои романски јазици ја задржале таа употреба на овој начин. Во современиот шпански јазик постојат императивни форми само за второ лице еднина и множина (*¡Entra! ¡Entrad*! *¡Habla*! *¡Hablad*! *¡Come*! *¡Comed*! *¡Escribe*! *¡Escribid*!). Во поголемиот број глаголи, императивот во второ лице еднина е фонолошки и/или графички идентичен со третото лице во сегашно време од индикативот (*entra, habla, come, escribe*). Овие форми на глаголот се во нивната „чиста“ форма (лексема + тематски вокал: *cant* + *a*), освен множинските форми, каде што се појавува *-d* на крајот на императивот (*cantad*) (Budor 1995: 152).

За сите други форми се користат формите на оптативот, односно на субјунктивот, кои се разликуваат само според интонацијата и независната употреба (односно не се подредени на друг глагол) и, исто така, можат да бидат воведени со *que.*

Во случаите кога да-конструкцијата во македонскиот јазик е одречна, најчесто се дава забрана да се направи нешто, односно се искажува прохибитив. Прохибитивот може да се искаже со одречните форми на аналитичкиот императив, како на пример:

Да не седиш на бетон!

Да не излегуваш со влажна коса!

Да не оди таму!

Сите овие примери можат да се трансформираат со императивните форми: *не седи на бетон*, *не излегувај со влажна коса*, *не оди таму* или, пак: *немој да седиш на бетон*, *немој да излегуваш со влажна коса*, *немој да одиш таму*. Зависно од контекстот, можат да искажуваат строга забрана или препорака да не се (на)прави нешто, како и совет. Според Крамер (1986), овие конструкции може да изразуваат различен степен на учтивост во зависност од ситуацијата. Во дадените примери можеме да забележиме дека преку прохибитивот може да се даде строга забрана (*да не оди таму*), но и препорака или совет (*да не седиш на бетон, да не излегуваш со влажна коса*), при што се забележува и одредена грижа кон соговорникот, како и „впечаток дека говорителот има повеќе знаење и искуство во дадената ситуација“ (Бужаровска, Митковска 2014: 27).

Во шпанскиот јазик за искажување прохибитив, односно за давање забрана или препорака да не се (на)прави нешто, се користат формите на субјунктивот. Не постојат посебни форми за искажување на одречниот императив во второ лице, односно посебните форми за императив (*ven*, *sal*, *haz*) не можат да се искористат за искажување прохибитив (**no ven*, **no sal*, **no haz*) и се користат формите на субјунктивот (*no vengas*, *no salgas*, *no hagas*) (RAE 2010: 798).

***No se preocupe** la señora marquesa.*

***Да не се грижи** госпоѓата маркиза*.

¡***No vengas***!

Да не доаѓаш!/ Не доаѓај!

Кон употребата на независната да-конструкција ги додаваме и конструкциите *ќе да* и *како да*, кои искажуваат посебни модални значења.

Формата *ќе да* во современиот македонски јазик искажува претпоставка, односно презумптив. Преку презумптивот се искажува веројатноста на настанот. Со овој начин искажуваме веројатни судови преку кои се даваат претпоставки поставени на некомплетноста на нашето знаење (Герџиков 1984).

***Ќе да имаше** едно осумнаесет години*. (В. Малески)

*Да, вирусот **ќе да** е од лабораторија. (offnet.mk)*

Еквивалентот на формата *ќе да* во шпанскиот јазик е т.н. идно време со кое се искажуваат претпоставки, идно време на веројатност или епистемично

идно време. Преку ова време се искажува некаква претпоставка на зборувачот во врска со сегашноста (RAE 2010: 449).

Примерот:

***Serán** las ocho (Ќе ѓа е осум)*

може да се реконструира во:

*Најверојатно **е** осум. / **Треба ѓа е** осум.*

Преку формата *како* + *ѓа-конструкција* настанот се претставува како нефактивен според перцепцијата на говорителот, но во некои контексти не ја исклучува неговата објективна фактивност. Всушност, добиваме уште една потврда дека да-конструкцијата, во основа, означува нефактивност, односно воведува дејства што не се доживуваат како реализирани, односно како факт.

*Тој **како ѓа сакаше ѓа се одмори**, малку се позаѓржа крај вратата*. (Ж. Чинго)

Еквивалент на оваа форма во шпанскиот јазик е формата *como si* составена од прилогот *como* (*како*) и кондиционалниот сврзник *si* (*ако*).

*Me ha bastado ingresar en esta ilustre sala, para sentirme extraño, **como si no estuviera** en mi país.* (Ribeyro, Santiago)

*Доволно ми беше ѓа се врата во оваа света сала, за ѓа се почувствувам чудно, **како ѓа не сум** во мојата земја.* (Рибеиро, Сантијаго)

Кон овие конструкции ја додаваме и конструкцијата *без ѓа*. Во шпанскиот јазик, еквиваленти на оваа конструкција (*без ѓа*) се предлогот *sin* + инфинитив и конструкција *sin que*, која се користи во зависносложени реченици и по неа следува глагол во субјунктив.

Од направената анализа, заклучуваме дека еквивалентите на да-конструкцијата се формите на инфинитивот или на субјунктивот, во зависност од употребата. Во комбинација со модални и фазни глаголи, инфинитивот е еквивалент на да-конструкицијата, додека еквиваленти на независната да-конструкција (со која се искажуваат оптативни, императивни, прохибитивни, хортативни, презумптивни и други модални значења) се формите на субјунктивот. Оттука, се потврдува и тврдењето дека партикулата *ѓа* има модално значење. Од добиените резултати се отвора простор и за понатамошни истражувања на оваа тема, особено ако ги бараме еквивалентите на одредени конструкции карактеристични за шпанскиот јазик во македонскиот јазик.

Литература

Бужаровска, Е. Митковска, Л. 2014: „Негираните независни да-конструкции“, *Субјунктив со посебен осврт на македонските ѓа-конструкции*, Скопје: МАНУ.

Гајдова, Убавка. 2002: „Граматикализација на модалноста во македонскиот јазик“, *Славистички студии* бр. 10, 119–127. Скопје.

Герджиков, Г. 1984: Преизказването на глаголното действие в българския език. София: Наука и изкуство.

Георгиевски, Георги 1985: „Кон фазните глаголи во македонскиот јазик“ *Литературен збор* 32/3, Скопје.

Конески, Б. 1967: *Историја на македонскиот јазик*. Скопје: Просвета.

Минова-Ѓуркова, Лилјана. 2000: *Синтакса на македонскиот стандарден јазик*. Скопје: Магор.

Тополињска, Зузана. 1995: *Македонските дијалекти во Егејска Македонија. Синтакса, 1 том*. МАНУ, Скопје.

Тофоска, Сташа Станислава. 2014: „За употребата на самостојните да-конструкции со имперфект во македонскиот јазик“, *Субјунктив со посебен осврт на македонските да-конструкции*, Скопје: МАНУ.

Boyer, J. L. 1988: The classification of optatives: A statistical study. *Historical Research (Nashville: Broadman, 1934)*, *935*, p.36.

Budor, K. 1995: El imperativo y/o el optativo español. *Studia Romanica et Anglica Zagrabiensia: Revue publiée par les Sections romane, italienne et anglaise de la Faculté des Lettres de l'Université de Zagreb*, *40*, pp.151–180.

Dávila, R. F. 2024: Actos de habla formulaicos del español. Estructura, significado y pragmática. *Pragmática Sociocultural*, *12*(1), pp.51–76.

Friedman, V. and Joseph, B. 2025: The Balkan Languages (Cambridge Language Surveys series).

Gili Gaya, S. 1961: Curso superior de sintaxis española. *VOX*, Barcelona.

RAE (Real Academia Española). 2010: *Nueva gramática de la lengua española*. Madrid: Espasa.

Summary

THE DA-CONSTRUCTION IN THE MACEDONIAN LANGUAGE AND ITS EQUIVALENTS IN THE SPANISH LANGUAGE (AUTHOR'S ABSTRACT OF A DOCTORAL THESIS)

The author's abstract of the doctoral thesis entitled "The Da-construction in the Macedonian language and its equivalents in the Spanish language" presents the use of the da-construction in the Macedonian language and its equivalents in the Spanish language. The da-construction is found in a subordinate and in an independent position, i.e. in combination with modal and phase verbs or independently, whereby a large number of meanings are expressed with it. The equivalents of the da-construction in the Spanish language are most often the infinitive or the forms of the subjunctive, as well as some other forms.

УДК 811.163.3'373:821.163.3-1
УДК 821.163.3-1:811.163.3'373

Антоанета Тримчевиќ[1]
Александра Гецовска[2]

АНАЛИЗА НА ЛЕКСИКАТА ВО СОЦИЈАЛНИТЕ ПЕСНИ НА КОЧО РАЦИН ОД СТИХОЗБИРКАТА „БЕЛИ МУГРИ“, НИЗ ПРИЗМАТА *СВЕТЛИНА – МРАК*

Апстракт: Разгледувањето на поетската лексика на Рацин (иако многупати пред нас разгледувана) претставува нов почеток. Предмет на нашиот труд е анализа на лексиката, и тоа, пред сѐ социјалната (од збирката поезија „Бели мугри“), која се однесува на антонимијата *светлина* наспроти *мрак* и зазема како социјални димензии, така и универзални. Нашата теза за ова неразделно, навидум спротивно двојство, ќе ја интерпретираме од јазичен аспект. Од една страна е опфатен современиот аспект, а од друга страна етимолошкиот.

Клучни зборови: лексика, етимологија, социјални песни, светлина, мрак.

Тргнувајќи од самиот наслов на стихозбирката „Бели мугри“, можеме да кажеме дека е симболичен – станува збор за пејзаж кој е посакуван од работниците, аргатите и сите експлоатирани луѓе. Тоа е ново утро, нов почеток, нов и слободен живот подобар за сите, живот во кој сите ќе бидат еднакви.

Овде ќе искористиме еден цитат на палестинскиот поет Махмуд Дарвиш, а тој гласи: „Како повозрасен сфатив дека поезијата е тешка, но, сепак, можна работа. Но, и работа што не може да го смени светот. Наместо тоа, поезијата може да размести кандилца во мракот“. Така и нашиот поет Кочо Рацин се надевал дека преку својот глас, преку неговата поезија ќе успее да постави кандилца во мракот, кои ќе светнат во тој тежок и мрачен период во којшто живеел македонскиот човек. Во дел од песните на Рацин го забележуваме тоа бледо светло на кандилото, ја забележуваме светлината на крајот од тунелот.

Во песната „Денови“, Кочо Рацин преку компарација ги опишува тешките аргатски денови. Тие се толку мачни – како ѓердан од камења постојано висат на вратот од аргатот (*Како на вратот ѓердани, / ниски камења студени*). Во стиховите: *наутро радост донеси / – навечер тага донеси* – аргатските денови се долги, неиздржливи, денови што започнуваат со надеж дека нешто ќе се смени, но завршуваат со истата тага и очај дека ништо не се сменило.

[1] Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков“ – Скопје, bogdanoska1304@gmail.com
[2] Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков“ – Скопје, gecovska@gmail.com

Употребувајќи го контрастот (*наутро радост донеси / – навечер тага донеси*), Кочо Рацин го засилува чувството на безнадежност. Тоа чувство на безнадежност, тој тежок живот опишан метафорично го забележуваме и во синтагмата: „живот кучешки“: *Ај пуст да е, / пуст да би останал / живот кучешки!*

Повторно, употребувајќи го контрастот (бели дворови – црни гробови), тој ја потенцира големата социјална разлика меѓу луѓето, велејќи дека некој може да живее убав, богат и раскошен живот, а, пак, за други само гробот е доволен. Ова го забележуваме во стиховите: *За туѓи бели дворови / – копај си црни гробови!*

Во завршните стихови, во исчекување на барем малку оптимизам – го дочекуваме крајниот безизлез. Поетот го прикажува постојаното, трајно страдање на аргатите кои до крајот на својот живот ќе си го нижат ѓерданот од тешки денови. Метафорично го претставува како железен синџир од алки ковани. И овде, симболично ја забележуваме темната страна на животот, безизлезната положба на аргатите и нивното мрачно и песимистичко секојдневие (*Нижи си ѓердан денови, / нижи си алки ковани ,/ нижи си синџир железен / околу вратот навезен!*).

Темната страна од животот на работниците, работничката класа ја забележуваме и во стиховите од песната „Тутуноберачите“. Во следниве стихови поетот го потенцира лошото влијание на тутунот врз работниците, нивната работа од утро до мрак и жолтата болест (туберкулозата) која тутунот ја носи поради нивната незаштитеност (*Од темни зори на утрини летни / до никоја доба на вечери зимни / тој гладно пие тагата наша / и потта и крвта и снагата ни*; По *утрини росни, по мугриче пресни, / наведени ничкум по полињата родни, / зачмаени ние го береме*.)

Поетската сила во овој дел е постигната со персонификација на тутунот (оживување) – тој ја пие тагата и животот. Песната завршува како и „Денови“, без надеж дека нешто ќе се подобри. И овде се чувствува само маката и тивкиот револт на тутуноберачот и неговата помиреност со судбината. Горчливоста на животот речиси ја чувствуваме и гледаме преку жолтата боја која е доминантна во песната. Жолти се листовите, тутунот, жолти се лицата, жолта е гостинката во градите, жолта е маката и жолта е потта.

Во песната „Ленка“ преку градација, со многу стегнат израз, само во шест стиха, поетот успева да ни ја претстави нејзината трагедија. Нејзината болест (*грутка в срце*), нејзината претсмртна мака (*болест ја в гради искина*) и нејзината смрт (*земјата покри снагата*). Во тие услови толку вреди човековиот живот – шест стиха! Во овие стихови, преку градација на тежината на болеста, целосно се застапени темните и мрачни тонови кои метафорично се искажани: Прва година помина / грутка в срцето ѝ легна, / втора година намина / болест ја в гради искина. / Трета година земјата/ на Ленка покри снагата.

Во стиховите: *Тутуни – жолти отрови, / за гради – китки розови*, преку синтагмите *жолти* отрови, китки *розови*, повторно е направен тој контраст на темните и мрачни тонови, во случајов тоа е жолтата боја на тутунот кој е смртоносен по животот на младата девојка, наспроти нејзината младост, претставена преку розовата боја – гради китки розови.

Може да се забележи дека во повеќето песни на Кочо Рацин преовладува тој песимистички, црн тон на неверување дека ќе дојде подобар и посветол ден. Се чувствува тој револт и внатрешен крик на аргатот, на работникот, но и немоќ да се излезе од таквата зачмаена состојба.

Единствено во „Копачите“, која е со експресионистичко-револуционерен мотив, поетот јасно повикува на борба против таквиот живот, повикува на револуција. Овде веќе се забележува гласот кој повикува на бунт, крикот еволуирал и веќе јасно се гледа дека положбата во која се наоѓа работникот станала неиздржлива, па оттука и потребата да се направи нешто што ќе донесе подобро и посветло „утре“.

Се к’ти ноќта црна! / Се рути карпа - мрак! / И петли в село пеат / и зората се зори -
над карпа в крв се мие / и темнината пие / силно / светнал / ден!/ Пробудете се морни копачки и копачи / на трудот / црн / народ!

Уште на почетокот од песната, поетот со извична интонација ги повикува работниците (копачките и копачите) да тргнат во новиот ден кој силно ќе светне (слободата). Тој ги повикува да се разбудат, да ја кренат главата од ропството во кое се наоѓаат и самите да си го создадат подобриот живот. Поетот го опишува мизерниот живот на работниците, нивните страдања и работа од утро до мрак за да преживеат. Поетското јас почнува да се поистоветува со работниците (пее во 1 л. множина), тој е подготвен да им се придружи во борбата. Симболично, преку работата на копачите е претставена борбата и револуцијата (да прокопаме меко / полињата родни) – тие треба да го сменат општествениот поредок за да живеат човечки. Песната, за разлика од претходните, завршува оптимистички, односно со надеж за подобар живот:

Ќе б’сне сонце златно / - по секаде на светот!

Темните тонови ги среќаваме и во песната „Утрото над нас“: мртви и *темни* сурови гламњи; Тој што ни, Вело, однесе сичко – тој ни остави од *темно темен* веков за мака – но и за борба. Но и овде ја забележуваме таа светлина на крајот од тунелот, надежта дека ќе дојде тој нов, бел ден, тоа ново утро кое ќе донесе слобода и подобар живот: Има ги, има – мачат се, копат, копачи копат по темнината, копачи копат и тунел дупат. От далечините модри се веат на *слнцето златните* далги, от далечините модри се леат на утринта *росните* влаги. И има, има – *радост* голема, радост длабока во темнината: да *светиш*, Вело, *жар* да се стопиш – во борба гроб ти душа не зема.

Во песната „Балада за непознатиот“ светлите тонови ги забележуваме во стиховите: Горските бистри езерца в силна светлина светеа; Зора се зори – петлите скоро ќе в село пропеат!

Смртта која е претставена како црна, мрачна, темна ја среќаваме во следниов стих: „Мојата смрт е – карасмрт!“ Овој стих алудира на тешкиот живот на човекот, живот поминат во постојани маки и страдања.

Со стиховите на Рацин, за првпат во нашата поезија, црнотрудовиот живот на нашиот работен народ, народната мака и народната борба, добија еден реалистичен одраз и воспев. Во целата Рацинова поезија црната мака на аргатскиот народ се проткајува како крвава нишка: „Роди се човек – роб биди, / роди се човек - скот умри, / скотски цел живот работи / за други, туѓи имоти“ (Денови). Печалбарскиот тежок живот и тутуноберачката жолта мака – тие се основните теми во лириката на Рацин. По нив тој ги има напишано најубавите свои песни: „Ленка“ – којашто ќе остане како една прекрасна песна на жестоката трагедија на тутуноберачите – скапи жртви, фрлени во утрото на својата младост од жолтата гостинка – туберкулозата; „Тутуноберачите“ – песна за црнотрудовиот тутуноберачки живот; „Проштавање“ – патот на печалбарот и „Татунчо“ – печалбарот – борец, што по патиштата на тешкиот печалбарски живот го наоѓа патот на борбата.

1. Табела со примери

примери поврзани со мракот, црнината, црната боја, ропството и тешкиот живот	примери поврзани со светлината, белата боја, новиот живот, слободата
– навечер тага донеси	– наутро радост понеси
– црни гробови	– бели дворови
– темни зори	– утрини летни
– жолти отрови	– утрини росни
– ноќта црна	– мугри пресни
– карпа-мрак	– китки розови
– темнината пие	– зората се зори
– на трудот црн народ	– светнал ден
– од далечините модри се веат	– бел ден
– од далечините модри се леат	– ќе б’сне сонце златно
– мртви и темни сурови гламњи	– подигни очи-очи засвети
– од темно темен веков за мака	– да светиш
– копачи копат по темнината	– в силна светлина светеа
– радост длабока во темнината	– зазори зората
– мојата смрт е карасмрт	

Можеме да кажеме дека Кочо Рацин со целосна поетска сугестивност и емотивност ги изразува црнилата на животот на македонскиот човек и вечните стремежи и желби за подобар, поправичен свет.

2. Етимолошка анализа на лексемите од поезијата на Рацин низ призмата:

светлина – мрак, ден – ноќ, црн – бел

Анализата на Рацин, ја започнуваме со посочување на изданието на Тодор Димитровски *Речник на „Бели мугри“ на К. Рацин*, Скопје (1990). Во *Речникот* на Димитровски се опфатени полнозначните и службените зборови при што сите лексеми содржат нужни граматички и етимолошки податоци. Овде ќе додадеме дека авторот со посебна грижа се задржува на објаснувањата на одделните значења. Своите описни толкувања авторот редовно ги поткрепува со повеќе цитати од песните, а не ретко дава и синоними што одговараат на значењата што ги имаат лексичките единици во контекст на одделните песни (Димитровски 1990: 6–7)[3]. Посебно интересно за нас е тоа што авторот посочува и на потеклото (етимологијата) на зборовните единици, но само кај заемките од несловенските јазици (пр. *балаѳа; ѳуќан* итн).

Уште на почетокот на нашиот труд укажавме на стремежот во лексиката на Рацин кон двата поларитети, спротивности, кои ги среќаваме не само во поезијата на Рацин, ами и во животот. Одамна е познат фактот дека сродството на односот: светлина – темнина, ден – ноќ, радост – тага, живот – смрт, е неодминлив дел од најстарата човечка мисла, а до нас стигната преку најстарата литература.

Мислата на човекот претставува непроменета единка, без разлика на милениумот, векот односно времето. Не се менува времето од аспект на мислата како категорија зашто таа е иста, побрзо би рекле се менуваат алатките и околностите, како и нашата интерпретација за овие сознанија.

Во поезијата на Рацин, како и многумина пред него, колоритноста, а во нашиот случај отсуството на разнобојноста најчесто е претставена преку присуството (на светлина) и отсуството (односно мрак) што се забележува преку претходно разгледаните лексеми. Кај Рацин, следствено на тоа од една страна ги среќаваме лексемите: *светлина*, *утро*, *радост*, *бел, ден* итн., а од друга страна *темнина, мрак*, *црн*, *навечер*, *роб*, *тага*, *скотски*, *гроб*. Меѓу поретко застапените нијанси односно бледата светлина го среќаваме колоритот преку: *жолтата боја, сонцето, муграта, тутунот, машни*, *солзи*, а најретко преку т.н. *живи* бои: *црвена, алово*, *розово* итн. Неразнобојноста на боите, не се должи на фактот оскудност на изразот, ами на една многу

[3] *Речникот* содржи 840 зборовни единици, колку што има во песните во стихозбирката „Бели мугри“ (објавена во Загреб 1939). Зборовите се ексцерпирани како од посоченото издание, така и од изданието на Кочо Рацин „Стихови и проза“ (второ издание, уредник Александар Спасов, Скопје 1961, 36–67).

повисока цел на поетот. Таа цел ја опфативме преку современиот пристап, а сега ќе ја заокружиме и со етимолошка анализа на лексемите: *светлина* наспроти *мрак*/*темнина*, *ден – ноќ* односно *бел – црн*.

Семантичкиот развој на лексичките етимони претставува посебен проблем. Историски разгледано често се јавуваат семантички проблеми кои во голема мера се пренесени од наследениот јазичен сојуз затоа срекаваме и по неколку различни значења за еден ист термин, но тешко е да се следат семантичките промени воопшто зашто не се документирани сите поранешни форми со нивните значења во различните стари јазици. Преку аналогии од т.н. wanderwörter во поновите и современите јазици сепак може да стане појасен начинот како се селеле одредени зборови од еден јазик во друг и притоа како го менувале своето значење (Илиевски 1988: 250). Во овој труд со секој анализиран збор во заграда ќе бидат наведени примери со цитати од строфи за претходно посочените лексеми од стихозбирката „Бели мугри“.

1. СВЕТЛИНА

Според Берк (2015: 32) сите бои зависат од светлината. Самата светлина е толку многу присутна што остава силна импресија врз умот. Но таква светлина како што е сончевата, директно употребена врз окото го совладува сетилото и пред сè е мошне величествена идеја. Светлината што има помала сила од ова, ако се движи со голема брзина, ја има истата моќ; зашто молњата сигурно може да создаде грандиозност (сп. силно *светнал* ден п. „Копачите“; сонце *светло* ми *свете*ше, п. „Селска мака“; да *свети*ш, Вело, *жар* да се стори ш, п. „Проштевање“; в силна *светлина светеа*, п. „Балада за непознатиот“; угаснете и *светлини*; нешто живо пак да *свети*; а болката кога *свети*, п. „Елегии за тебе“; по народни думи *свети*; сонце *сјае*, сонце трепти п. „Татунчо“).

Етимолошкиот библиски аспект на претходно споменатата двојност на поставената теза за присуство и отсуство на светлина, го започнуваме со цитат од „Прва книга Мојсеева“ (Свето писмо 2001: 9), *Создавање на светот. Човекот образ Божји*:

1. Во почетокот + Бог ги создаде небото и земјата.

2. Земјата беше безоблична и празна; и имаше темнина над бездната; Духот Божји лебдеше над водата.

3. И рече Бог: Нека биде светлина! И би светлина.

4. И виде Бог дека светлината е добра; и ја оддели Бог светлината од темнината.

5. И *светлината* Бог ја нарече ден, а *темнината* ја нарече ноќ. И би вечер, и би утро – ден први.

Токму преку овој цитат ја разгледуваме нашата дилема. Нашата анализа започнува со светлината односно темнината, а не со денот односно ноќта (бело : црно), зашто последниве настанале како резултат, последица од

создавањето на првите, што понатаму ќе се покаже како правилен избор, опфаќајќи ги и другите погледи.

Ќе започнеме со лат. lūx, -cis ‘светло, светлина’; lucere ‘емитува светлина, сјае’, lucĕre ‘запали, предизвикува блескот’, lucidus ‘светол, сјае’, оттука и Луцифер – најсветлиот ангел на бог, во чие име стои потеклото односно светлината lūcifer ‘носач на светлина’; ‘утринска ѕвезда’, а поради завист кон Бог, е истеран, протеран од кај него и станува најтемниот односно сатана, демон, ѓавол (de Vaan 2008: 355–356), уште една поврзаност на светлината со темнината.

Праие.*leuk- ‘светло, светлина’, се поврзува со *louk-eie- ‘да се направи светлина’, *luk-eh$_1$,- ‘да се биде светлина’, *le/ouk-s-mn ‘светло’, грч. λευκός ‘чист, јасен’, λεύσσω ‘да се види’, рус. црксл. *lučo* ‘зраци, светлина, сјае’, чеш. *louč* ‘факел’ < **louki*-, стсл. *lučiti sę* ‘да се случи’ кои содржат иста семантика.

Според потеклото, словенската лексема *светлина* претставува теоним. Доаѓа од праслов. *světьlina односно од *světьlъ (‘светло’), што се доведува во врска со стсл. лексеми свѣтъ (*světй*), од прасл. *světъ (‘светлина’; ‘свет’); светски –световен (мн. светови); *svętъ, од прабалт. **śwentas*, праие. **ḱwentos*, од коренот **ḱwen*-.

Синоними на светлина се: виделина, светло, видело, ден итн., односно од *светлина* произлегуваат дериватите светител, просветител, просвета, просветлен, светилник, светло, осветлување итн. Кај Белчев (2016: 152) ја среќаваме и лексемата *свеќа* со архаичното значење ‘единица за мерење на силата на светлината’.

Значењето на глаголот *гледа* често е поврзано со идејата за светлината, сп. гер. Glanz (cjaj), glänzen (свети) одговара на македонскиот збор *гледа* од ие. корен ghel- со значење ‘свети, и разни светли бои како жолт, зелен, сив или син’ или пак гер. blicken ‘гледа’ одговара мак. *бел* од ие. корен bhel- ‘бел’. На стсл. зьрѣти, зьрѫ, македонски *сирка* одговара гер. grau ‘сив’ од ие. корен ĝher- ‘зрачи, свети’ (Томовски 1974: 241–242).

Според Наневски (*Елиптика 10*, 1988: 70), во светлоста на зборот е наведена тријадата *свет*, *светлост, свест* – чудесна звучна тријада зашто светот е дело на светлоста, јазикот е свест за светот, а свеста е светлост во умот. И како што ни потврдува и тој во старословенскиот јазик *свет* значело *светлост*, позната, стара филозофија создадена уште од создавањето на зборот. Така паралелата *свет – светло – Светло* како поим од примарната култура е еден цел обред, ритуал, во кој, кога ќе се пронајде вода, таа прво се давала на животни ако е добра – дали е здрава за пиење; а потоа се прогласувала за *света вода*. Токму поради тоа, постои можна тријада меѓу: светла мисла – света мисла – светска мисла, а поврзаноста на светилката со светлината е дадена и во *елиптика 64*. Шахот има 64 полиња, а индискиот збор за ‘шах’ во превод значи *светилка*, значи шахот изобилува со зрак на разум, што претставува варијанта на убавината (Наневски 1988: 71).

2. ТЕМНИНА/ МРАК

Асоцијацијата дека темнината е ужасна се поврзува со приказните за злите духови, демони. Таа е болна според природното дејствување, без оглед на какви и да било асоцијации. Брзиот премин од темнина кон светлина има поголем ефект од преминот светлина кон темнина, но темнината создава повеќе возвишени идеи отколку светлината (Берк 2015: 74). Сп. од *темни* зори на утрини летни, п. „Тутуноберачите“; тој ни остави од *темно темен*; копачи копат по *темнината*; радост длабока во *темнината*, п. „Проштевање“; сонцето грее ти *темнееш*; за тија *темни* дубрави; у *темно* засидан; *мрак* да биде *каракамен*; но има в *темнината*, п. „Елегии за тебе“; наквечер – в прва *темница*; слушаш ли со *темницата*; по *темни* изби мемливи п. „На Струга дуќан да имам“; се рути карпа – *мрак*!; и *темнината* пие, п. „Копачите“.

Лат. *tenebrae* означува ‘темно, мрак’. Темно (адј.) со значење ‘полно со темнина’, од праие. корен **temsro-* ‘темно’. праие. **temH-s-ro-* (адј.) ‘темно’. Ие. сродници се: санск. támisrā- ‘темна ноќ’; старо високогер. *demar* ‘самрак’ (< праие. **temH-só-* (de Vaan 2008: 612).

Праслов. **markъ* е со значење ‘мрак’ (БЕР 1995: 278–279), црксл. *мо́рок*. ‘мрак’ (Vasmer 1964–1973), додека пак прабалслов. **markas* е од праие. **merg*^{w}- е со значење ‘да трепери; да се затемне; да биде темно’.

Според Наневски (1988: 38), ингениозна е уметноста во создавањето на зборовите *зрак* и *мрак* кои се еднакви, само со различни иницијали. Космички спротивности, во совршени форми на зборот. Истата форма се сретнува и во англискиот јазик: light ‘светлост’; night ‘ноќ’.

3. ДЕН

Колоквијалната лексика се чини едноставна и лесна, прозирно јасна, јасна како ден, како бел ден. А сепак знаеме дека дури и дневната светлина, која ни изгледа бела, всушност не е бела. Постои цел спектар на различни бои, кои може да се видат само кога се распаѓаат, кога сончевите зраци ги пробиваат капките на летниот дожд, а потоа на небото се појавува прекрасно виножито. Така е и со јазикот и поезијата на Рацин (сп. *ѳенови* ли се *ѳенови*; нижи си ѓердан *ѳенови*, п. „Денови“; *ѳен* да е над *ѳеновиите*; *ѳен* – сонце вишен високо, п. „Печал“; *ѳеноѿ* ли дојде тој да се мери, п. „Тутуноберачите“; *ѳенови* – крепи тешки си редиш, п. „Проштевање“; од *ѳен* на *ѳен* се умира, п. „На Струга дуќан да имам“; нема ли бел *ѳен*, нема ли; *ѳен* – сонце вишен високо, п. „Печал“; не видовме *бел* ден, п. „Копачите“).

Македонската народна етимологија како творечка креација на мислата на човекот случајно или промислено содржи слична концепција на библиската. Имено, во приказната за создавањето на *Небесните светила*, Цепенков („Македонски народни приказни“, книга петта, 1989, приказна 620: 7–9) пишува дека денот и ноќта настанале како резултат на две клопчиња, односно едниот конец се одмотува – денот, а другиот се замотува – ноќта.

Нам лингвистите, сосема ни е јасно дека *конецоm, врвцаm* како материјал, во стсл. се поврзува и со нематеријата зашто семантиката на лексемите *конец*, *врвца* се поврзува и со текот односно крајот, смртта на овоземниот живот.

Зборот *ѳен* го содржи античкиот корен *di* – ‘светол’ и *dei* – ‘сјае, свети’. Овој корен најдобро се забележува во лат. *diēs*, *diēi* ‘ден, денски’, анг. *dej* ‘day’. (de Vaan 2008: 170). Праие. *di-eu- упатува на значењето ‘бог на ведрото, чисто небо’. Лат. diēs е поврзано со акуз. едн. *dijēm (лат. diem) < праие. *di(i̯)eu-m ‘(бог на) небото’, со di- аналогно на ген. едн. од *diwos. Семантиката на зборот *ѳен* е базирана на период во кој небото е чисто т. е. тоа е денот. Староанглискиот збор за *ѳен* (*day*) гласи dæġ, се поврзува со гер. *tag* и хол. *dag* со значење ‘период во кој сонцето е над хоризонтот’. Оваа етимологија се поврзува со ие. корен ***agh* со значење ‘ден’ што се смета за временски распон, а овој збор означувал должина на времето или делење на времето што упатува на дневните часови. Во англосаксонско време, зборот *ѳен* ја проширил својата дефиниција односно семантика за означување 24-часовен период (Watkins 2000). Првото значење на лексемата *ѳен* е *светлина* или *светло*, за разлика од *ноќта*, која означува *темнина*. Всушност тоа е период односно временска дистанца од изгрејсонце до зајдисонце. Така *ѳеноm* почнал да се употребува како временско обележје, но и да се проширува неговото значење. На пример, *ѳва ѳена паштуваме*; *поминаа пеm ѳена оѳ нашаta среѳба* итн., се разбира, во овој временски период се вклучени и ноќите затоа што ако поминале два-три дена, мора да поминале и ноќи. Така денот добива пошироко значење односно времето од една зора до друга или ден и ноќ заедно, или како што би рекле денес, 24 часа (Šipka 2007).

Стсл. *дьпь ‘ден’, мак. ‘исто’, во речниците се поврзува со праие. *d(e)i-n-. (Derksen 2008: 134–135) со значење ‘денеска, денешен, денски’ итн. Семантиката на овој збор, се проширила и добила и нови значења како што се: *ѳобар ѳен*, *ѳен за ѳен*; *оѳ ѳен на ѳен*; *ѳневно*; *цел ѳен; ѳен за оѳмор* итн. Кај Рацин: така на плешки *ѳенови*; *ѳенови* ли се *ѳенови* итн.

4. НОЌ

Ноќта е повозвишена и посериозна од денот (Берк 2015: 33) (сп. Се к‘ти ноќта *црна*, п. „Копачите“; *ноќе* чума ли одеше, п. „Селска мака“; и *ноќе* кога месечко, п. „Ленка“; в *полноќ* се над ним дрвјата, п. „Балада за непознатиот“; и *ноќе* слушаш! – баботат, п. „На Струга дуќан да имам“).

Лат. nox ‘ноќ’ (синоними: вечер, навечер, ноктурно итн.) доаѓа од праие. *nóg-^{wh}-t-s (ном. едн.), nég^{wh}t-s (ген. едн.) ‘ноќ’. Ие. сродници се со староирското *innocht* ‘вечерва’, хитското neku-zi ‘да стане ноќ’ (< *nég^{wh}-ti), *nekuz* (адв.) ‘навечер’ (= ген. едн.); грч. νύζ (νύκτ-) ‘ноќ’ (<*nok^{w}ts), литв. *naktìs* ‘ноќ’ (ген. мн. *nakt-ų*), стсл. nošть ‘ноќ’; гот. *nahts* ‘ноќ’ (de Vaan 2008: 416–417).

Формата *пох* ‘навечер’ се смета за остаток од старата ген. форма во едн. *nok^{w}-t-es, но фонетски поверојатно е од ген. едн. од *nok^{w}-t-s. Но, пох

навечер се објаснува со стариот лок. един. **nok^{w}t* > **nok*, кој бил преправен во *нох* по аналогија на *dius* ‘од ден’. Исто така *noctu* и *nocturnus* во лок. един. се претпоставува дека доаѓаат од **nok^{w}t-eu*, што всушност е процес од претходната фаза по примерот односно по аналогија на лок. един. **dieu* ‘по ден’. Всушност *nocturnus* ‘вечерта’ следи по *diurnus* ‘дента’, што од друга страна пак, се совпаѓа со библиското толкување дека прво настанала светлината односно денот, а потоа темнината односно ноќта (de Vaan 2008: 417).

Како што е познато ие. консонантска група *sk* во старословенскиот дава *шт͡* (на пример, лат. nox<noks, ст.-сл. Ношть), која понатаму дава различни рефлекси во словенските јазици, сп. срп. *ć*; мак. **ќ**; словен. **č** (Томовски 1974: 244).

5. БЕЛ

Компонентата *бел* е придавка која води потекло од псл. **belъ* < ие. **bhelH-* ‘бел’. Томовски (1974:61), ги наведува следниве варијации ие. корени кои во групата корени влегуваат: bheN-: од bhel- – *бел*; од II. тема bhl-ed- – *блед*: од bher- одн. од II. тема bhr-e^{g}- или bhr-eH- *бреза* (бело дрво) итн. Во врска со паралелноста на и.е. корени bhel- и pel со значење „бел“, „светла боја“, па оттука и „гледа“, како паралелни треба да се сметаат и зборовите макед. *ѿули* и с.-х. *бленуѿи* (вкочането гледа) од bhel- одн- bh̥l-en-. Сп. насловот на стихозбирката „*Бели* мугри“; нема ли *бел* ден, п. „Печал“; за туѓи *бели* дворови, п. „Денови“; кој ни ги скрши *белиѿе* крилца / крилца на галаби *бели*?, п. „Елегии за тебе“; дигнавме *бели* градови; *бело* фиданче писано, п. „На Струга дуќан да имам“; не видовме *бел* ден, п. „Копачите“.

Семантиката на зборот *бел* се поврзува со лат. лексема *канд͡ид͡ат͡*. Секој од нас барем еднаш во животот бил или ќе биде кандидат за упис на факултет, за полагање возачки испит, за вработување, за избор на некое место, државна служба итн. Во времето (антички Рим) кога бил создаден зборот *канд͡ид͡ат͡*, оние кои се натпреварувале за позиција или функција, кои се пријавувале сами или биле номинирани од други, носеле бели тоги и долги наметки, обвиткани преку левото рамо бидејќи белата боја е знак за невиност, искреност и интегритет, непорочност. Белата тога на лат. се нарекува toga kandida (candida) или само kandidata (candidata) од лат. kandiddus (candiddus): *бело*, *сјајно бело*, *бело како снег̅* односно kandidatus (candidatus), кандидатот бил *бел* односно *облечен во бело*, иако нашето денешно значење на *канд͡ид͡ат͡* се променило.

6. ЦРН

Идеите за темнина и црнина се приближно исти, а се разликуваат само во тоа што црнината е поограничена идеја. Црнината е само делумна темнина, а по самата нејзина природа, таа не може да се смета за боја (Берк 2015: 74–75). Сп. копај си *црни* гробови, п. „Денови“; мојата смрт е *карасмр͡т͡*, п.

„Балада за непознатиот“; и *каракамен* на гради; очи *црни* ископајте, п. „Елегии за тебе“; се к’ти ноќта *црна*; на трудот *црн* народ п. „Копачите“.

Црната е боја која произлегува од отсуството или целосната апсорпција на видливата светлина. Таа е ахроматска боја, без нијанси како белата и сивата. Често се користи симболично или фигуративно за да ја претстави темнината. Се користела во стариот Египет и Грција како боја на подземјето. Во Римската Империја, таа станала боја на жалост, а низ вековите често била поврзувана со смрт, зло, вештерки и магија. Во 14 век црна облека носеле членовите на кралското семејство, свештенството, судиите и владините службеници во поголемиот дел од Европа. Таа е боја што ја носеле поетите, бизнисмените и државниците во 19 век, а била боја и на високата мода во 20 век.

Црната и белата боја често се користеле за да се опишат спротивностите како што се доброто и злото, мрачниот век наспроти добата на просветителството и ноќта наспроти денот. Од средниот век, црната е симболична боја на свеченоста и авторитетот, и поради оваа причина сè уште најчесто ја носат судиите.

Праслов. *čьrnъ, е од прабалтслов. *kiršnas, праие. *kr̥snós, а анг. *црно* доаѓа од староанг. *blæc* ‘црно, темно’, но со значење и на ‘мастило’, од прагер. **blakkaz* ‘изгорено’, од праиндоевр. **bhleg-* ‘гори, блеска, сјај, трепка’, од основата *bhel- ‘бел, да свети’, поврзана со старосакс. blak ‘мастило’, старо високогерм. *blach* ‘црно’, старонорд. *blak* ‘темно’, хол. *blaken*. Подалечните сродници ги вклучуваат и лат. flagrare ‘да се запали, свети, гори’ и старогрчки phlegein ‘гори’.

Поетската лексика на Рацин доминира преку социјалните нијанси на светлината и мракот. Како современиот, така и етимолошкиот светоглед отсликуваат човечка и меѓучовечка перспектива. Страшен е денот, а тешка и ноќта во лексиката на Рацин, но свесноста за менувањето на денот и ноќта, белото и црното се одлика на животот затоа што лексемата *ѳен* потекнува од *свѣтлостѣ*, а лексемата *ноќ* е создадена по аналогија на *ѳен*. Во етимологијата на придавката *црн/црно* покрај *тѣмнината* влегуваат и значењата *гори, блеска, сјае*. Тука се повикуваме на општо познатото знаење дека животниот циклус се состои од постојана хоризонтала и вертикала, од тежина кон леснотија, затоа што по секој ден, следи ноќ, а по секоја светлина – темнина, а по секој почеток и крај, како што е случај и со нашиов труд.

Литература

Белчев, Т. 2016: *Речник на ѿурцизми, архаизми, ѳијалекѿизми и рећко уѱоѿребувани зборови во макеѳонскиоѿ јазик*, Штип.

БЕР – *Български етимологичен речник* I– VII. БАН, София 1971–2010.

Георгиев, В. Дуриданов, И. 1995: *Български етимологичен речник* 4, София БАН. Димитровски, Т. 1990: *Речник на „Бели муѓри“ на К. Рацин*, Скопје.

Едмунд, Б. 2015: *Филозофско исѿражување за ѱоѿеклоѿо на нашиѿе иѳеи за возвишеноѿо и убавоѿо*, Скопје.

Илиевски, П. 1988: *Балканолошки лингвисѿички сѿуѳии*, Скопје.

Илиевски, П. 1994: „Мотивот светлина во делата на св. Климент Охридски“, Прилози МАНУ/ОЛЛН 19/1–2, 105–131.

Стојчевска-Антиќ, В., Драгојловиќ, Д. 1990: *Миѿолоѓумена на среѳновековнаѿа кирилска ѱисменосѿ*, Македонска книга, Скопје.

Свеѿо ѱисмо 2000, Македонска православна црква, Скопје.

Томовски, Д, 1974: *Еѿимолошки мисцели*, MJ XXV, 237-248.

Цепенков, М. 1989: *Макеѳонски народни ѱриказни*, книга петта, Скопје.

Фамсер, М. 1964–1973: *Этимологический словарь русского языка*, Москва.

de Vaan M. 2008: *Etymological Dictionary of Latin and the Other Italic Languages*, Brill Leiden.

Derksen R.2008: *Etymological Dictionary of the Slavic Inhereted Lexicon*, Brill, Leiden – Boston.

Šipka, M. 2007: *Priče o rečima*, Drugo izdanje, Novi Sad.

Watkins, Calvert. 2000. *The American Heritage Dictionary of Indo-European Roots*. Houghton Mifflin Harcourt.

Summary

The poetic lexicon of Racin is dominated by the social nuances of light and darkness. Both from a modern and from an etymological perspective, this contrast reflects the human and the supra-human condition. The day is fearful, and the night heavy in Racin's lexicon – yet the awareness of the perpetual alternation between day and night, light and shadow, belongs to the very essence of life. As previously mentioned, the word *ѳен* 'day' originates from the root 'light', while the lexeme *ноќ* 'night' was formed by analogy to *ѳен* (den). The etymology of the adjective 'black' alongside 'darkness' encompasses meanings such as to burn, to shine, and to gleam. This calls upon the well-known idea that the human life cycle consists of a continuous movement between the horizontal and the vertical, of an inevitable gravitation toward transience — for after every day comes night, and after every illumination follows darkness. Every beginning is thus accompanied by an end, just as every brightness carries its shadow, as is the case with the present study and its conclusion.

УДК 323.1:340.13(496.5)
УДК 323.1:340.13(495)
УДК 323.1:340.13(497.7)

Кристина Тодоровска[1]

КАКО СЕ ОПИШАНИ КАРАКТЕРИСТИКИТЕ НА ЕТНИЧКИТЕ И ЈАЗИЧНИТЕ МАЛЦИНСТВАТА ВО СТАТИЈАТА „ЕТНИЧКИТЕ И ЈАЗИЧНИТЕ МАЛЦИНСТВА ВО ПОГРАНИЧНИОТ РЕГИОН НА АЛБАНИЈА, ГРЦИЈА И МАКЕДОНИЈА: ПРЕГЛЕД НА ПРАВНИОТ И ОПШТЕСТВЕН СТАТУС“

Апстракт: Предмет на анализа во оваа статија е општествениот и правниот статус на малцинствата што живеат во пограничните региони на Република Албанија, Република Грција и Република Македонија врз основа на податоците во статијата со наслов „Етнички и јазични малцинства во пограничниот регион на Албанија, Грција и Македонија: Преглед на правниот и општествениот статус“ (*Ethnic and linguistic minorities in the border region of Albania, Greece, and Macedonia: An overview of legal and societal status*) што е објавена од страна на Катедрата за современи јазици при Универзитетот во Хелсинки во Финска во 2016 година.

Клучни зборови: малцинства, општествен и правен статус, погранични региони во Албанија, Грција, и Северна Македонија.

Во оваа статија се осврнуваме на општествениот и правниот статус на малцинствата што живеат во пограничните региони на Р Албанија, Р Грција и Р Македонија, врз основа на статијата со наслов „*Ethnic and linguistic minorities in the border region of Albania, Greece, and Macedonia: An overview of legal and societal status*“ (Етнички и јазични малцинства во пограничниот регион на Албанија, Грција и Македонија: Преглед на правниот и општествениот статус) што е објавена од страна на Катедрата за современи јазици при Универзитетот во Хелсинки во Финска во 2016 година во зборникот „SLAVICA HELSINGIENSIA 49“ (Славица Хелсингенсија 49) со наслов „*IN SEARCH OF THE CENTER AND PERIPHERY: LINGUISTIC ATTITUDES, MINORITIES, AND LANDSCAPES IN THE CENTRAL BALKANS*“ (Во потрага по центарот и периферијата: јазични ставови, малцинства и пејзажи на

[1] Универзитет „Св. Кирил и Методиј“, Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков“ – Скопје, kristina_todorovska8@yahoo.com

Централниот Балкан“)[2]. Статијата е изработена од страна на стручни професори од меѓународен состав и тоа: Јани Корхонен (Универзитет во Хелсинки) и Максим Макарцев (Институт за славистика при руската академија на науките), Милица Петрушевска и Људмил Спасов од Скопје (Универзитет „Св. Кирил и Методил“ – Скопје). Целта на оваа статија е содржана во самиот наслов, т.е. да се направи пресек на општествениот и правниот статус на малцинствата што живеат во трите погранични соседни земји: Албанија, Грција и Северна Македонија. Истражувачите своите истражувања ги имаат направено на терен со помош на прашалник и врз основа на добиените одговори од страна на населението. Границите во регионот на Централен Балкан биле поставени во почетокот на дваесеттиот век. Во одредувањето на овие граници голема улога имало населението кое според јазикот, културата, а секако и религијата почнало да се дели на држави.

Малцинства во Албанија

Малцинствата што се среќаваат на територијата на Република Албанија се: Грците, Македонците, Србите, Ароманците, Ромите, Египќаните и Бошњаците.

Најбројното малцинство во Албанија се ***Грците***, (алб. Grekë) коишто живеат главно јужниот дел на Албанија, односно во Химара (Himarë), Делвина (Delvinë), Саранда (Sarandë), Ѓирокастро (Gjirokastër) и во областа Дропул (Dropulli), која се наоѓа во Јужна Албанија во округот Ѓирокастро (Gjirokastër)[3]. Грчката заедница броела голем број членови, но оваа бројка значително се намалила со отворањето на границите во 90-тите години на минатиот век. Во населбите каде што живее грчкото малцинство доминира грчката култура и источното православно христијанство. За зачувување на грчкиот јазик, грчкото малцинство во Албанија има создадено свое радио и телевизија, како и неколку весници на грчки јазик. На радиото Ѓирокастро се емитува дневна програма на грчки јазик, а на телевизијата Ѓирокастро секоја недела се емитува едночасовна програма на грчки јазик (Perpatóntas ston tópo mas или „Прошетка низ нашата земја“). Постојат и три грчки весници: To órama tou néou aióna, I foní tis Omónoias и Krataiós lógos.

Второто по големина малцинство се ***Македонците***, (алб. Maqedonas). Тие живеат во општините Пустец (Pustec), Голо Брдо (Gollobërdë), Гора (Gorë) и Девол (во селото Врник), како и во поголемите албански градови како Тирана (Tiranë), Драч (Durrës), Елбасан (Elbasan) и Корча (Korçë).

[2]Jani Korhonen, Maxim Makartsev, Milica Petruševska & Ljudmil Spasov, „*Ethnic and linguistic minorities in the border region of Albania, Greece and Macedonia: An overview of legal and societal status*“, Slavica Helsingiensia. In search of the Center and Periphery: Linguistic Attitudes, Minorities, and Landscapes in the Central Balkans, eds.Maxim Makartsev & Max Wahlström, Department of Modern Languages, University of Helsinki,Helsinki, 2016, c. 13-49. https://blogs.helsinki.fi/slavica-helsingiensia/files/2019/11/sh49.pdf (стр.13-49); (пристапено: 26.11.2024)

[3] https://en.wikipedia.org/wiki/Dropull. (пристапено: 17.12.2024)

Македонското малцинство е православно христијанско население. За македонското малцинство особено се важни градот Корча и селото Врник. Овие области претставуваат центри низ кој поминувале различни групи луѓе – Преспанците, луѓето од селото Верник и Егејските Македонци, кои беа принудени да ја напуштат Грција по падот на Демократската армија во 1949 година по Граѓанската војна во Грција. Божидар Видоевски упатува дека во овој крај живеат Македонци кои зборуваат различни западни дијалекти на македонскиот јазик (Видоески 1998, 339–352)[4]. Стандардниот македонски јазик се изучува во училиштата на регионот на Долна Преспа. Од 1989 година, голем дел од членовите на македонската заедницата мигрираат во Македонија, во потрага за подобар живот, при што бројот на населението во некои од овие македонски региони значително се намалува.

Во Дибранскиот регион, општина што се наоѓа во округот на Дибр, во североисточна Албанија, постојат многу албански села што се поврзани со македонскиот град Дебар, бидејќи населението од овој регион често пазарува таму и многу од Албанците комуницираат на македонски јазик. На Радио Корча се емитува дневна програма на македонски јазик, исто така, на македонски се издаваат списанието *Илинден* и весникот *Преспа*. Во 2010 година на телевизија Кристал во Корча започнал проект за емитување на телевизиски програми на македонски јазик, но истиот завршил неуспешно.

Tab. 14 Popullsia banuese sipas përkatësisë etnike dhe gjinisë
Resident population by ethnicity and sex

Përkatësia etnike *Ethnicity*	Gjinia | *Sex*		
	Gjithsej | *Total*	Meshkuj | *Male*	Femra | *Female*
Gjithsej | *Total*	**2 402 113**	**1 190 448**	**1 211 665**
Shqiptare | *Albanian*	2 186 917	1 082 031	1 104 886
Greke | *Greek*	23 485	12 063	11 422
Maqedonase | *Macedonian*	2 281	1 136	1 145
Malazeze | *Montenegrin*	511	260	251
Aromune | *Aromanian*	2 459	1 314	1 145
Rome | *Roma*	9 813	5 000	4 813
Egjyptiane | *Egyptian*	12 375	6 304	6 071
Boshnjake | *Bosnian*	2 963	1 476	1 487
Serbe | *Serbian*	584	315	269
Bullgare | *Bulgarian*	7 057	3 691	3 366
Tjetër grup etno-kulturor | *Other ethnic identity*	3 798	2 133	1 665
Grup etno-kulturor i përzier | *Mixed ethnic identity*	770	392	378
Asnjë | *None*	1 142	588	554
Preferoj të mos përgjigjem | *Prefer not to answer*	13 507	6 774	6 733
Nuk disponohet | *Not available*	134 451	66 971	67 480

Попис 2023[5]

[4] Видоески Божидар, 1998. Дијалектите на македонскиот јазик, том 1, Скопје, МАНУ / Фонд Трифун Костовски Скопје.

[5] https://www.instat.gov.al/media/13615/cens-i-popullsise-2023.pdf. (пристапено:10.1.2025)

1.1.13 Popullsia banuese sipas përkatësisë etnike dhe kulturore
1.1.13 Resident population by ethnic and cultural affiliation

Përkatësia etnike dhe kulturore Ethnic and cultural affiliation	Popullsia banuese Resident population	Përqindja e popullsisë banuese Percentage of resident population
Gjithsej **Total**	**2 800 138**	**100**
Shqiptare Albanian	2 312 356	82,58
Greke Greek	24 243	0,87
Maqedonase Macedonian	5 512	0,20
Malazeze Montenegrin	366	0,01
Arumune Aromanian	8 266	0,30
Rome Roma	8 301	0,30
Egjiptiane Egyptian	3 368	0,12
Tjeter Other	2 644	0,09
Preferoj të mos përgjigjem Prefer not to answer	390 938	13,96
E pavlefshme /e papërcaktuar Not relevant/not stated	44 144	1,58

Попис 2011[6]

Според податоците од спроведениот последен попис во 2023 година, објавен од страна на албанскиот Институтот за статистика ИНСТАТ, во Албанија живеат 2 281 Македонец. Од вкупната бројка на Македонци 1135 се од машки, додека 1145 се од женски пол. На претпоследниот пописот од 2011 година околу 5 512 се декларирале за Македонци.

Треба да се истакне дека на последниот попис од 2023 година се вршени големи притисоци, агресивна политика, но и асимилација на македонското население коешто живее во Албанија. Жителите земаат бугарски пасоши за подобра егзистенција, пред се поради економски причини. Најчесто населението емигрира во поголемите градови во западноевропските земји, но и во прекуокеанските земји во САД, Канада и др. Освен тоа, од страна на бугарската држава и невладините организации се донираат бесплатни таблети и телефони, потоа противпожарно и амбулатно возило за општината Пустец.

Помали малцински групи се ***Србите*** (алб. Serbë) и ***Црногорците*** (алб. Malazezë). Во Албанија овие малцински групи се третирани како една група. Овие народи ги населуваат селата што се наоѓаат покрај јужниот брег на Скадарското Езеро. Во селата од областа Врака и во околните места населението традиционално било православно, но Фиер (Fieri) и околните села биле населувани со словенски муслимански мигранти, кои во 1924 година го напуштиле Санџачкиот регион од Јужна Србија. За ова има пишувано Макарцев[7].

[6] https://www.instat.gov.al/media/3058/main_results__population_and_housing_census_2011.pdf. (пристапено:10.1.2025)

[7] Makartsev, Maxim. Linguistic identity and language management of two Slavic speaking (sub)urban groups in Albania: Fier and Elbasan. Études balkaniques.

Од дијалектолошки аспект секако треба да се истакне дека во областа Врака како и во Зетско-Рашкиот регион (Окука 2008, 318)[8] продолжила употребата на некои дијалекти и тоа: босанскиот, хрватскиот, црногорскиот и српскиот (БХЦС). Во Фиер и околината, мигрантите од Санџак го користат новопазарско-сјеничкиот дијалект и карактеристично за нив е што третата и четвртата генерација од оваа заедница почнала да го користи албанскиот јазик. По иницијатива на локалното население тие почнале да го изучуваат српскиот стандарден јазик на јазични курсеви, но и покрај изучувањето, не можеле да комуницираат на нивниот мајчин јазикот.

Ароманците (алб.мн. arumunë или vlleh) биле населени во областите меѓу Лушња (Lushnjë), Фиер (Fieri), Берат (Berat), Валона (Vlorë), Корча (Korçë), Пермет (Përmet), Гирокастро (Gjirokastër), Саранда (Sarandë) и нивната околина[9]. Ароманците во Албанија се нарекуваат и Аромуни[10] (Армања или Армани), Цинцари[11] (по професија сточар, трговец или занаетчија) или Чобани (Çobani)[12].

Важен центар за Ароманците бил Воскопоја (Voskopojë) (аром. Москополе). Воскопоја во XVIII век, врз основа на бројот на жители бил вториот град по големина на Балканот и во тоа време имал свој универзитет и печатница. Во 1788 година Воскопоја била речиси уништена но и напуштена. Порастот на ароманското население започало во 90-тите години. Во времето на режимот на Енвер Хоџа, границите биле затворени и седентеризацијата на Ароманците довела до значителни промени во етничката структура на неколку региони на Албанија. Во регионот на Корча, се случиле два различни процеси и тоа прво почнала големата преселба на словенско население од Бобоштица (Boboshticë) и Дреново (Drenovë) до Корча, а потоа и во другите албански градови и седентаризацијата на локалните Ароманци.

Во врска со Ароманците постојат два спротивни дискурси. Според пророманскиот дискурс Ароманците зборуваат на дијалект на романскиот јазик, додека според прогрчкиот дискурс Ароманците се „vlachófonoi (или latinófonoi) Éllines – (Елинес) „Грци што зборуваат аромански/латински“. Тие имаат свој весник на аромански јазик, Фратија, а на ТВ Аполон во Фиер програмата се емитува на аромански јазик.

---

[8] Okuka, Miloš. 2008. Srpski dijalekti. Zagreb: SKD Prosvjeta.

[9] Kahl, Thede. 2009. Gia tin taftó tita ton Vláxon. Ethnopolitismikés proseggí seis mias valkanikí s pragmatikó titas. Athens: Bibliórama

[10]https://mk.wikipedia.org/wiki/%D0%92%D0%BB%D0%B0%D1%81%D0%B8%D1%82%D0%B5_%D0%B2%D0%BE_%D0%90%D0%BB%D0%B1%D0%B0%D0%BD%D0%B8%D1%98%D0%B0. (пристапено:11.1.2025)

[11] https://sr.wikipedia.org/wiki/%D0%A6%D0%B8%D0%BD%D1%86%D0%B0%D1%80%D0%B8. (пристапено:11.1.2025)

[12] https://belegbg.wordpress.com/2024/02/01/pojmovi-vezani-za-knjige-na-cincarskom-jeziku/. (пристапено:11.1.2025)

Роми (алб. мн. romë; ром. rroma; на север се нарекуваат gabelë, на југ се нарекуваат arixhinj, а во Корча kurbatë)[13]. Зависно од тоа каде живеат, Ромите според религијата припаѓаат на исламската вероисповед или се православни христијани. Раселеноста на Ромите во Албанија довела и до појава на различни ромски дијалекти. Најчесто тие живееле во неколку блиску лоцирани населби, што довело и до појава на различни ромски дијалекти во кои се среќава мешање на дијалектите. Во Корча постои и телевизија ТВ Кристал на која секоја недела се емитува двојазична получасовна телевизиска програма на албански и ромски јазик, *„Na njihni, pastaj na paragjykoni!"* („Запознајте не, па потоа пресудете ни!").

Египќани (алб. egjiptianë; но постојат и други називи како magjurë во Скадар, потоа evgjitë во Корча и Берат и jevgj во Елбасан (види Gëdeshi & Miluka 2012, 16). Тие живеат во поголемите албански градови: Скадар, Берат, Елбасан и Корча (Hada 2015, 118)[14]. Египќаните зборуваат на албански јазик, а од останатото население се разликуваат според нивните воочливи физички карактеристики. Египќаните најчесто по занимање биле ковачи и музичари.

Бошњаци (алб.мн. boshnjakë) го населуваат селото Бораке во близина на Драч и населбата Коџас, односно во поширокиот регион на Шијак. Според едно усно предание, се смета дека во 1875 година Бошњаците пристигнале од регионот на Мостар во Босна и Херцеговина. Селото Боракај се наоѓа на само неколку стотини метри од автопатот SH2 (Rruga Shteterore 2), односно е во непосредна близина на државниот пат меѓу Драч и Тирана.

Правата и предизвиците на малцинствата во Албанија

Во Албанија постојат 60 основни училишта во кои образованието се изведува на грчки јазик, и тоа на различни нивоа, во градовите Ѓирокастро, Саранда и Пермет (Хада 2015, 66). Во осум училишта образованието се изведува на македонски јазик и тоа во сите општина во Пустец. Исто така, во Албанија постојат и три приватни албанско-грчки училишта: Арсакеио во Тирана, Омирос во Корча и Омирос во Химара. На територијата на Албанија другите јазици се изучуваат и:

- во Корча, каде што се изучува македонски јазик од страна на членовите на Македонска алијанса за европска интеграција (алб. Aleanca e Maqedonasve për Integrim European);
- во селото Либофш (Фиер), каде што се изучува српскиот јазик во локалното друштво „Јединство";

[13] Gëdeshi, Ilir, Juna Miluka. 2012. Studim për vlerësimin e nevojave të komuniteteve rome dhe egjiptiane në Shqipëri, Tiranë, 29 shkurt 2012. Tirana: UNDP of the United Nations. http://www.al.undp.org/content/dam/albania/docs/roma%20report%20in% 20Albanian.pdf (15 October, 2016).

[14] Hada, Jonlinda. 2015. Mbrojtja e minoriteteve dhe trajtimi i tyre në Republikën e Shqipërisë. Tirana: Botimet Toena.

- во селото Бораке, каде што босанскиот јазик го предава локален наставник по албански јазик со поддршка на локалната бошњачка иницијатива;
- во Корча, каде што се изучува аромански јазик со поддршка на Романскиот културен центар;
- во Корча, ромскиот јазик се изучува во училиштето „Наим Фрашери“.

Треба да се истакне дека на општинските избори во јуни 2015 година политички биле застапени и малцинствата во Албанија. Учествувале следниве партии: Aleanca e Maqedonasve për Integrim Europian (Македонска алијанса за европска интеграција), Minoriteti Etnik Grek për të Ardhmen, Partia Bashkimi për të Drejtat e Njeriut (PBDNJ; грчка партија) и Aleanca për Barazi e Drejtësi Europeane (аромански партија).

Грција

На територијата на Грција не се знае точниот број на малцинства. Бројот зависи од тоа дали тие се засновани на јазикот или пак на етничката припадност. На пописот од 1951 година што бил спроведен за евидентирање на информации за мајчиниот јазик на населението имало 7.297.878 грчки говорители (95,6 % од вкупниот население), 179.895 говорители на турски јазик (2,4 %), 41.017 словенски говорители (0,5 %), 39.885 влашки говорители (0,5 %) и 22.736 албански говорители (0,3 %) (Clogg 2002, xi)[15].

Во извештајот на грчкиот Хелсиншки монитор во 1999 година (ХМ 1999)[16] за грчките малцинства се наведува следново:

- локалните власти признавале присуството на околу 100.000 „Славофони“, додека од страна на истражувачите оваа бројка била многу поголема (200.000);
- со македонски национален идентитет се предвидувало дека има помеѓу 10.000-30.000. [...];
- грчката држава признава присуство на околу 300.000 Роми, додека други независни процени покажувале дека бројката е поголема – 350.000).

Според податоците на Министерството за надворешни работи во 1999 година , се покажува дека во Тракија имало 98.000 муслимани, односно педесет проценти од нив биле „со турско потекло“, триесет и пет проценти биле „Помаци“, а петнаесет проценти биле „Роми“.

[15] Clogg, Richard. 2002. Introduction. In Clogg, Richard (ed.) Minorities in Greece. ix–xiv. London: Hurst & Company.

[16] HM 1999 = Report about compliance with the principles of the Framework convention for the protection of national minorities (along guidelines for state reports according to Article 25.1 of the Convention). Athens: Greek Helsinki Monitor. http://miris.eurac.edu/mugs2/do/blob.html?type=html&serial=1044526702223 (20 September, 2016).

Малцинствата во Грција

Малцинствата што се среќаваат на територијата на Грција се: Македонци, потоа Помаци, Турци, Ароманци, Мегленороманци, Албанци од Грција, Ерменци и Роми.

Македонци (грч. Slavomakedónes) се една од двете поголеми словенски групи во Грција, коишто живеат претежно во северниот дел на земјата. Овие словенски групи се населиле во Касторија (мак. Костур), Флорина (Лерин), Несторион (Нестрам) и Едеса (Воден). Населението на територијата на Грција го користи грчкиот јазик, но било забележано дека кога се среќаваат меѓусебно зборуваат на словенски јазик.

Во Грција македонските културни друштва сè уште не се официјално признаени од страна на грчките власти. Исто така, во Грција постои и македонска подземна црква (YLE, 27 октомври 2014)[17]. Македонската политичка партија „Виножито“ еднаш месечно го објавува и весникот „Нова зора“ на македонски јазик.

Помаци (грч. Помакои; буг. Помаци и балгари-мохамедани; тур. Помаклар). Тие се среќаваат и живеат во Бугарија, Североисточна Грција, европскиот дел на Турција и Македонија. Помаците се етнички Македонци со исламска вероисповед. Исламот го прифатиле за време на турското владеење на Балканот.

Најчесто името Помаци се користело за означување на словенското муслиманско население од Западна Тракија и тоа главно во околината на Ксанти (Скеча), Ѓумурџина (Комотини) и Дидимотеихо. Образованието во училиштата се одвивало на грчки и на турски јазик. Познавањето на турскиот јазик им отворило многу повеќе можности за работа, но тоа значело и вклучување во заедницата на Западна Тракија. Со тоа голем број Помаци почнале да го прифаќаат турскиот јазик и турскиот идентитет. Во Грција имало неколку неуспешни обиди за кодифицирање и учење во училиштата од регионот на помачкиот јазик, притоа користејќи ја грчката азбука. Помачкиот весник *Zagálisa* почнал да се објавувал од 1997 година, а изданијата до 2012 година можат да се најдат онлајн и се издадени на грчки јазик, но се среќаваат и статии напишани на помачки турски јазик. Постои и телевизиски канал (Kanáli 6 – Anatolikí Makedonía – Thráki) на кој трипати на ден се емитува информативна програма на помачки јазик.

Турското малцинство (грч. Toúrkoi) живее во Западна Тракија. Населението е со муслиманска вероисповед, а малцинските права ги има добиено со Договорот од Лозана во 1923 година (Papademetriou 2012, 2)[18]. Исто така и на

[17] YLE 27 October 2014 = Rose-Marie Sundström. 2014. Han tog stryk för att få vara präst. Online news article by Svenska YLE, 27 October, 2014. http://svenska.yle.fi/ artikel/2014/10/27/han-tog-stryk-att-fa-vara-prast (20 September, 2016).

[18] Papademetriou, Theresa. 2012. Greece: Status of Minorities. Washington D.C.: The Law Library of Congress. http://www.loc.gov/law/help/greece-minorities/greece-status-ofminorities.pdf (20 September 2016).

островот Додеканези живее едно мало турско малцинство. Со признанавањето на муслиманското малцинство во Западна Тракија се овозможува учењето на турски јазик во образованието (Papademetriou 2012, 34–45). Постојат неколку турски културни здруженија кои сè уште не се официјално препознаени поради тоа што во нивните имиња го содржат етнонимот „турски“. На пример, Турскиот сојуз во Ксанти, формиран во 1983 година, е едно од најважните здруженија, но сè уште нема официјален статус и покрај неколкуте обиди за официјализирање (OSCE 2012)[19]. На турски јазик излегуваат четири весници, потоа три месечни списанија и постојат и четири радиостаници на турски јазик (WTMUGA 2013, 1)[20].

Ароманците во Грција (влашки: **Armãnji** tu Gãrtsii; грчки: Βλάχοι/Αρμάνοι στην Ελλάδα, Βλαχόφωνοι) живеат во неколку региони на Грција. Сместени се во областа околу планинскиот масив Пинд, но се среќаваат и во други области со аромански села низ низините покрај реките Аксиос (Вардар) и Алијакмон (Бистрица). Група села се наоѓаат и во Тесалија во близина на реката Пинеиос, а друга група села се наоѓаат во Серската област. Покрај крајбрежната област во околината на Игуменица има уште 6 села и тоа главно покрај реката Ахелој (Ахелоус) во регионот Етолија-Акарнанија (Кал 2009). Многу е важно да се напомене дека повеќето Ароманци во Грција се идентификуваат како Грци, а секундарно како Ароманци (Winnifrith 2002, 113)[21].

Мегленороманците се населени во историскиот регион Моглена што се наоѓа на границата меѓу Грција и Република Македонија. Фридман (Фридман 2001, 28)[22] смета дека и двете малцински групи (Ароманците и Мегленороманците) се православни христијани, при што муслиманските Мегленороманци биле испратени во Турција за време на размената на населението во 1920-тите години. Постојат неколку културни здруженија што ги претставуваат Ароманците или Мегленороманците, како на пример Панеленската федерација на културните здруженија на Власите. (гр. Panellínia Omospondía Politistikón Syllógon Vláchon).

Албанците од Грција (грч. Alvanoí) пристигнале на териотријата на Грција во три групи и тоа по пат на имиграција или со доселување.

[19] OSCE 2012 = Freedom of association in Western Thrace – Greece, 8–9 November 2012 (OSCE, Supplementary human dimension meeting on freedom of assembly and association, Session 1). http://www.osce.org/odihr/97061 on (20 September, 2016)

[20] WTMUGA 2013 = Western Thrace Minority Universtity Graduates Association. 2013. Freedom of Minority Media in Western Thrace, Greece (OSCE, Human Dimension Implementation Meeting, 23 September – 4 October 20, Working session 4). Warsaw: OSCE.

http://www.osce.org/odihr/105695?download=true (20 September, 2016).

[21] Winnifrith, Tom J. 2002. The Aromanians. In Richard Clogg (ed.), Minorities in Greece, 112–121. Hurst & Company. London.

[22] Friedman Victor A. 2001. The Vlah minority in Macedonia: Language, identity, dialectology, and standardization. In Juhani Nuorluoto, Martti Leiwo, Jussi Halla-aho (eds.), Selected papers in Slavic, Baltic, and Balkan studies (Slavica Helsingiensa 21). 26–50. Helsinki: University of Helsinki.

Последното мигрирање од овие три групи се случило по распадот на социјализмот во Албанија. Две групи кои се среќаваат се: Арванитите (грч. Arvanítes; алб. arbëreshë, arbërorë) и Чамите Албанци (грч. Tsamídes; алб. çamë). Арваните зборуваат на албански тоскиски дијалект. Карактеристично е што во неколку албански села во Епир (на пр. Пликати во Јанина) луѓето со албанско потекло понекогаш се нарекуваат Арванити. Сепак треба да се истакне дека постои битна разлика меѓу нив и Арванитите од централна и јужна Грција. Арваните во централна и јужна Грција си имаат создадено свој арвански јазик, бидејќи не биле географски поврзани со главното албанско говорно подрачје. Но селата во Епир граничеле со говорното албанско подрачје и поради близината создале повеќе јазични особини кои подоцна се појавиле на територијата која била населена со Тоски.

Другата албанска малцинска група, Чами Албанци (или попознати како Чами), живееле во дел на Епир, односно во делот што бил во непосредна близина на јужна Албанија или познат и како Чамерија. По Првата балканска војна од 1912 до 1913 година, Епир станал дел од Грција. Исто така кон крајот на Втората светска војна, многу Чами побегнале или биле протерани во Албанија. Не се знае точната бројност на малцинството Чами.

Ерменците (грч. Arménoi) претставуваат мало малцинство во Грција. Нивното доселување на територијата на Грција се одвивала во текот на многу векови. За време на Првата светска војна, во 1915 година, од страна на Отоманската Империја било извршено етничко чистење, протерување и масовни убиства на ерменскиот народ или уште познат како ерменски геноцид (Хасиотис 2002, 94–95)[23]. Во Грција постојат неколку ерменски училишта и тоа во различни градови и населени места. Исто така во Грција постојат и дванаесет ерменски цркви (Badalyan 2010)[24]. Ерменската заедница издава и свој весник, Азат Ор (Azat Or).

Ромите (грч. Ρομά) се распространети и живеат во сите делови на Грција. Позначајната ромска заедница, којашто се состои од емигранти од Турција се наоѓа во Агиа Варвара, предградие на Атина (Матрас 2004, 60)[25]. Се смета дека деведесет и пет проценти од Ромите во Грција зборуваат ромски јазик (Liégeois 2007, 50)[26].

[23] Hassiotis, I.K. 2002. Armenians. In Richard Clogg (ed.), Minorities in Greece. 94–109. London: C. Hurst & Company.

[24] Badalyan, Arevik. 2010. Greek Armenian community: The struggle continues. Blog text by Arevik Badalyan. https://arevik.wordpress.com/2010/06/27/greek-armeniancommunity-the-struggle-continues/ (20 September, 2016).

[25] Matras, Yaron. 2004. Romani: A linguistic introduction. Cambridge: Cambridge UP.

[26] Liégeois, Jean-Pierre. 2007. Roms in Europe. Strasbourg: Council of Europe Publishing.

Правата и предизвиците што ги имаат малцинствата во Грција

Единственото малцинство во Грција коешто е официјално и целосно признаено е муслиманското малцинство од Западна Тракија. Нивните права се загарантирани со Мировниот договор на Лозана во 1923 година. Малцинствата во Грција имаале право да посетуваат настава на турски јазик во основното и средното образование. На универзитетите припадниците на муслиманското малцинство имале квота од 0,5 отсто (Papademetriou 2012, 34–45; OSCE 2008, 4).

Во Грција не постоеле владини организации што ги штителе малцинствата. Но од невладиниот сектор постоеле невладини организации што се занимавале со малцинските прашања, како што е Грчкиот хелсиншки монитор и Групата за малцински права – Грција. Треба да се истакне дека Комитетот за човекови права на ОН во својот годишен извештај за човековите права во Грција изразил загриженост дека тие немаат гаранции за еднаквост на нечија култура, професија или за практикување на нечија религија како и употреба на нечиј јазик од страна на сите лица, притоа земајќи ги предвид оние малцинства што се изјасниле за свој јазик, вера и етничка припадност. Но, секако не треба да се заборави дека Комитетот изразил загриженост и околу недостатокот на статистички податоци во кои се покажувал етничкиот и културниот состав на државата членка, како и за употребата на мајчините јазици и за јазици што најчесто се зборувале (Covenant 2015)[27].

Во однос на политиката, треба да се истакне дека Македонската партија „Виножито“ е дел од Европската слободна алијанса (ЕФА). Партијата за пријателство, еднаквост и мир (тур. Dostluk Eşitlik Barış Partisi; грч. Kómma Isótitas, Irínis kai Filías) ги застапувала интересите на турското малцинство во Западна Тракија.

Грчката држава и понатаму го негира постоењето на македонското малцинство во Грција. Освен тоа Република Македонија не беше призната под нејзиното уставно име.

Но, со потпишувањето на Преспанскиот договор[28] на 17 јуни 2018 година, овие недоразбирања беа надминати. Република Македонија го промени своето официјално и уставно име во Република Северна Македонија, а македонските граѓани од Грција беа признаени како македонски граѓани на

[27] Covenant 2015 = Concluding observations on the second periodic report of Greece, 3 December 2015. Geneva: Committee on Economic, Social and Cultural Rights (CESCR) of the United Nations. http://tbinternet.ohchr.org/_layouts/treatybodyexternal/Download.aspx?symbolno=E%2fC.12%2fGRC%2fCO%2f2&Lang=en (20 September, 2016).

[28] https://mk.wikipedia.org/wiki/%D0%9F%D1%80%D0%B5%D1%81%D0%BF%D0%B0%D0%BD%D1%81%D0%BA%D0%B8_%D0%B4%D0%BE%D0%B3%D0%BE%D0%B2%D0%BE%D1%80. (пристапено:11.1.2025)

Република Северна Македонија, а македонскиот јазик во Македонија остана да се именува како македонски јазик.

Македонија

Според спроведениот попис во 2002 година во Република Македонија вкупниот број на населението е околу два милиони, од кои 65,1 % од населението се изјасниле како Македонци, 25,1 % како Албанци, а 3,8 % како Турци. Покрај тоа, 2,6 % се изјасниле како Роми, 0,5 % како Ароманци, 1,7 % како Срби и 0,8 % како Бошњаци (Попис 2002,34). Во Македонија се зборува македонски, албански, турски, ромски, ароманскиј, српски и босански. Официјален јазик во државата е македонскиот јазик, но други јазици (албански, турски, ароманскиј, ромски, босански и српски) имаат ограничен официјален статус (Близнаковски 2014).

Албанската паравоена формација (ОНА) во 2001 година ги нападна безбедносните сили на Македонија, со што почна воениот конфликт. Овој конфликт се одвиваше во северозападниот дел на Македонија и тоа во градовите Тетово, Скопје и Куманово. Истиот воен конфликт заврши со потпишување на *Охридскиот рамковен договор* од страна на главните македонските и албанските политички партии.

Меѓу другото, во Охридскиот рамковен договор се предвидени механизми со кои на националните малцинства им се обезбедуваат права што се однесуваат на нивните културни, образовни и јазични права и на донесување одредби за нивното образование и за официјалната употреба на нивните јазици. Службен јазик е македонскиот јазик и неговото кирилско писмо. Исто така кој било друг јазик што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните, е исто така службен јазик. Во однос на локалната самоуправа, во општините каде што одредена заедница сочинува најмалку 20% од граѓаните на општината, дополнително со македонскиот јазик ќе се употребува и јазикот на заедницата, како и неговото писмо. Една од најважните промени во однос на малцинствата по 2001 година беше новата Преамбула на Уставот.

Малцинствата во Македонија

На територијата на Македонија се среќаваат малцинствата: Албаници, Роми и Египќани, Турци, Ароманци и Мегленороманци, Срби и Бошњаци.

Албанци (мак.Албанци) се најголемото малцинство на територијата на Македонија. На спроведениот попис во 2002 година, 509.083 лица се изјасниле дека зборуваат албански како мајчин јазик – 25 % од вкупниот број на населението во земјата. Албанското малцинство претежно е населено во западните и северозападните региони од државата, во општините и градовите што се наоѓаат покрај албанската и косовската граница. Така, во седум општини (општините Желино и Сарај – Скопје, Врапчиште, Теарце, Арачиново, Боговиње и Липково), албанското малцинство сочинува над 75 % од населението. Во други осум градови (општина Чаир – Скопје, Кичево, Струга,

Дебар, Брвеница, Гостивар, Студеничани и Тетово) малцинството опфаќа помеѓу 50 и 75 % од вкупното население. Понатаму, во осум други општини (Шуто Оризари и Бутел – Скопје, Долнени, Куманово, Зелениково, Сопиште, Чашка и Јегуновце) процентот на албанското население е меѓу 25 и 50 проценти, а во пет други општини и градови (Крушево, Петровец, Чучер Сандево, Гази Баба, Маврово и Ростуше) е помеѓу 15 и 25 проценти[29] (Адресар 2010).

Повеќето од Албанците во Македонија се муслимани со исламската вероисповед. Но, освен нив, се среќава и мала заедница Албанци коишто се католици. Во Дебарско-реканскиот регион порано постоела и православна албанска заедница. Повеќето од Албанците според дијалектот припаѓаат на гегискиот, но во југозападниот дел од Македонија постојат и неколку села кои припаѓаат на тоскискиот дијалект.

Во албанските училиштата се изучува стандардниот албански јазик и тоа на сите нивоа од основното до високото образование. Во Македонија, албанскиот јазик е службен јазик заедно со македонскиот, во согласност со Законот за јазици (објавен во „Службен весник“ донесен во јануари 2019 година[30]. Значаен развој за албанското малцинство има и отворањето на високообразовните институции на албански како наставен јазик и тоа приватниот тријазичен Универзитет на Југоисточна Европа во 2000 година и Државниот универзитет во Тетово во 2004 година. Претходно, Албанците во Македонија не можеле да добијат диплома на својот јазик и затоа оделе да студираат во Приштина, Косово, а многу поретко во Албанија (Ортаковски 2001 година; Дескоска-Тренеска & Спасов 2012; Близнаковски 2013). Како резултат на новоотворените високообразовни институции и бројот на студенти Албанци во Македонија значително се зголемил и тоа во 1992–1993 година, Албанците претставувале само 3,4 насто од студентската популација, додека во 2004–2005 година, бројот се зголемила и достигнал 15,5 % (Атанасовски 2008, 258). На Македонската национална телевизија се емитуваат програми на албански јазик, но постојат и голем број приватни телевизии и весници кои до јавноста се обраќаат на албански јазик. Исто така е битно да се напомене дека на телевизијата Алсат-М програмите се одвиваат на двата јазици (македонски и албански). Ако програмата е на албански јазик, има македонски преводи и обратно. На овој канал се организираат различни емисии со албански и македонски учесници со симултан превод во студио.

Роми и ***Египќани*** – за Египќаните во пописите биле избирани различни називи (Тоскари, Југословени, муслимани итн.; види Marushiakova, Popov,

[29] Adresar 2010 = Адресар на општините во Република Македонсија. Скопје: За меѓународниот центар за меѓународна соработка. http://www.mcms.mk/mk/za-nasata-rabota/ istrazuvana-i-publikacii/istrazuvana/879-adresar-na-opstini-vo-makedonija.html (20 September, 2016).

[30] https://dejure.mk/zakon/zakon-za-upotreba-na-jazicite-1. (пристапено:12.1.2025)

2001)[31]. На спроведениот попис во 2002 г. од вкупното население на државата, 53.879 поединци или 2,66 насто се изјасниле дека имаат ромска националност (Попис 2002) [32]. Повеќето од Ромите во Македонија припаѓаат на муслиманската вероисповед[33] (Трикс 2013, 202). Во Македонија има три главни ромски дијалекти: арли, џамбаз и бургуџи. Најраспространет е арли, кој се зборува главно во Скопје, Штип, Кочани и Куманово. Се смета дека 80 проценти од македонските Роми зборуваат на ромски како мајчин јазик, а останатите зборуваат на македонски, албански или турски како мајчин јазик (Фридман 1999)[34]. Постојат бројни здруженија и партии што го претставуваат ромското малцинство во Македонија, меѓу кои се: Сојузот на Ромите во Македонија, Партијата за единство на Ромите, Партијата за целосна еманципација на Ромите од Македонија (ПЦЕР), Сојузот на Ромите во Македонија и Културното друштво на Ромите.

Египќаните имаат отворено неколку здруженија и тоа: Сојузот на Балканските Египќани во Македонија, Здружението за заштита на културниот идентитет на Египќаните „Изида 41/21“ и Коалицијата на Египќаните.

Ромскиот јазик во основните училишта како предмет е воведен во академската 1993–1994 година, а првиот буквар е објавен во 1996 година. Денес, ромскиот е коофицијален јазик со македонскиот во општините Шуто Оризари и Куманово. Покрај Македонското радио и Македонската телевизија кои се поддржани од државата, постојат и две приватни телевизиски станици што се емитуваат на ромски јазик: БТР Национал (од 1993 година) и ТВ Шутел (од 1994 г.). Списанијата Романа (за жени), Чивили (за деца) и Вило (за тинејџери) престанале да се издаваат во 2008 година.

Турците според пописот од 2002 година сочинуваат 3,9 отсто од населението во Македонија. Нивниот стандарден јазик е турскиот, а традиционално населението е муслиманско. Постојат и Македонци муслимани или Торбеши, односно Македонци со исламска вероисповед кои зборуваат на македонски јазик и тие се распространети во западниот дел на Македонија. Турскиот јазик е официјален јазик во осум општини во Македонија: Центар Жупа, Пласница, Маврово, Ростуше, Врапчиште, Долнени, Гостивар, Студеничани, и Чаир (Близнаковски 2014, 25)[35].

---

31 Marushiakova, Elena, Vesselin Popov. 2001. *New ethnic identities in the Balkans: The case of the Egyptians*. Philosophy, Sociology, Psychology and History (Facta Universitatis) 2(8). (465–477)

32 Попис 2002 = Попис на населението, домаќинствата и становите во Република Македонија, 2002, Скопје. Државен завод за статистика, Скопје. http://www.stat.gov.mk/Publikacii/knigaIX.pdf (20 September, 2016)

33 Trix, Frances. 2013. Ethnic minorities of Macedonia: Turks, Roma, and Serbs. In S.P. Ramet, O. Listhaug, & A. Simkus (eds.), Civic and Uncivic Values in Macedonia Value Transformation, Education, and Media. 194–213. London, New York: Palgrave McMillan.

34 Friedman Victor A. 1999. The Romani language in the Republic of Macedonia: Status, usage, and sociolinguistic perspectives. Acta Linguistica Hungarica 46(3–4). 317–339.

35 Близнаковски Јован, 2014. Локални јазични политики за немнозинските заедници. Можности за поефективна имплементација. Институт за демократија „СОЦИЕТАС ЦИВИЛИС“ – Скопје.

Во Македонија се издава и весник на турски јазик, Јени Балкан (Yeni Balkan), кој се дистрибуира само во Скопје (Трикс 2013, 198). Постои и турски театар, наследник на Малцинскиот театар, кој е основан уште во 1949 година[36]. Има и неколку турски партии, меѓу кои: Türk Demokratik Partisi „Демократска партија на Турците“, Türk Hareket Partisi, „Партија на движењето на Турците во Македонија“, Türk Milli Birlik Hareketi „Движењето за национално единство на Турците“.

Во Скопје постои само една џамија во која проповедите се изведуваат на турски, додека во Гостивар постојат неколку такви џамии. На територијата на Македонија постојат основни и средни училишта во кои наставата се изведува на турски јазик. Од образовните институција на кои настава се изведува на турски јазик се: основното училиште Тефејјуз „Tefeyyüz İptidai Okulu“ во Скопје, како и мрежата колеџи и основни училишта „Јахја Кемал“.

Ароманците и ***Мегленороманците*** се балкански романски говорни групи. На пописот од 2002 година не се прави разлика меѓу овие две малцински групи – се попишуваат под името Власи. Најчесто Ароманците се среќаваат во урбаните центри, како што се: Штип, Скопје, Крушево и Струга, додека Мегленороманци ги населуваат селата околу Гевгелија. Мегленороманскиот јазик не се изучува како јазик, а во некои државни училишта има паралелки со аромански јазик.

Во Крушево, секоја година на почетокот на август, се одржува семинар за аромански јазик и култура. Курсевите на аромански јазик се достапни на Евробалкан-универзитетот во Скопје. Исто така, ароманскиот е и официјален јазик во една македонска општина и тоа во градот Крушево. Постојат и неколку ароманските партии: Демократски сојуз на Власите од Македонија и Партијата на Власите од Македонија. На македонското национално радио и телевизија (МРТ 2 и на МРА 3) се емитува прилог на аромански (мак. влашки), а во Охрид на Супер радио се емитува и програма на аромански јазик.

Срби (мак. Срби) и ***Бошњаци*** (мак. Бошњаци) се двете словенски малцинства во Македонија. Овие групи се среќаваат низ целата територија на Македонија, од кои повеќето од нив живеат во урбани центри. Според пописот од 2002 година, во Македонија има 35.939 Срби (од кои 24.773 се изјасниле дека српскиот јазик им е мајчин) и 17.018 Бошњаци (8.560 изјавиле дека зборуваат на бошњачки јазик).

Во три општини, Чучер-Сандево, Старо Нагоричане и Куманово, српскиот е официјален јазик, додека во општината Долнени, се користи босански (Близнаковски 2014, 25).

---

http://idscs.org.mk/wp-content/uploads/2009/08/ljp-nemnozinski-zaednici-mkd.pdf (20 September, 2016).

[36] http://www.turktiyatrosu.mk/osnovanje/

Сè до 1991 година овие јазици: српскиот, босанскиот и македонскиот јазик, го одразуваат југословенско минато на Македонија и овие јазици биле познати и се користеле како српскохрватски. Но по распаѓањето на Југославија, по 1991 година, јазиците почнаа да функционираат одвоено и тоа: стандарден босански, хрватски, црногорски и српски. Бошњаците припаѓаат на муслимската вероисповед, додека Србите се православни.

Постојат неколку српски и бошњачки партии во Македонија: Српската напредна партија во Македонија и Демократската партија на Србите во Македонија, потоа Демократската лига на Бошњаците во Република Македонија и Партијата за демократска акција на Македонија.

На Македонската национална телевизија (МРТ 2) и Македонското национално радио (МРА 3) постојат и локални програми на српски и босански јазик. Настава на српски јазик во Македонија се изведува во три основни училишта и тоа: Кучевиште, Табановце и Старо Нагоричани.

Литература

Близнаковски, Ј. 2014: *Локални јазични политики за немнозинските заедници. Можности за ефективна имплементација*. Институт за демократија „СОЦИЕТАС ЦИВИЛИС“ – Скопје.
http://idscs.org.mk/wp-content/uploads/2009/08/ljp-nemnozinski-zaednici-mkd.pdf (20 September, 2016).

Видоески, Б. 1998: *Дијалектите на македонскиот јазик*, том 1, Скопје, МАНУ / Фонд Трифун Костовски, Скопје.

Попис 2002 = *Попис на населението, домаќинствата и становите во Република Македонија*, 2002, Скопје. Државен завод за статистика, Скопје. http://www.stat.gov.mk/Publikacii/knigaIX.pdf (20 September, 2016).

Adresar 2010 = *Адресар на општините во Република Македонсија. Скопје: За меѓународниот центар за меѓународна соработка*.
http://www.mcms.mk/mk/za-nasata-rabota/istrazuvana-i-publikacii/istrazuvana/879-adresar-na-opstini-vo-makedonija.html (20 September, 2016).

Advisory 2012 = *Advisory committee on the Framework convention for the protection of national Minorities*: Third opinion on Albania adopted on 23 November 2011. Strasbourg: Council of Europe.
https://www.coe.int/t/dghl/monitoring/minorities/3_FCNMdocs/PDF_3rd_OP_Albania_en.pdf (20 September, 2016).

Badalyan, A. 2010: Greek Armenian community: *The struggle continues. Blog text by Arevik Badalyan*. https://arevik.wordpress.com/2010/06/27/greek-armeniancommunity-the-struggle-continues/ (20 September, 2016).

Clogg, R. 2002: *Introduction. In Clogg, Richard (ed.) Minorities in Greece*. ix–xiv. London: Hurst & Company.

Covenant 2015 = *Concluding observations on the second periodic report of Greece*, 3 December 2015. Geneva: Committee on Economic, Social and Cultural Rights (CESCR) of the United Nations. http://tbinternet.ohchr.org/_layouts/treatybodyexternal/Download.aspx?symbolno=E%2fC.12%2fGRC%2fCO%2f2&Lang=en (20 September, 2016).

Friedman, V. A. 1999: *The Romani language in the Republic of Macedonia*: Status, usage, and sociolinguistic perspectives. Acta Linguistica Hungarica 46(3–4). 317–339.

Friedman, V. A. 2001: *The Vlah minority in Macedonia: Language, identity, dialectology, and standardization*. In Juhani Nuorluoto, Martti Leiwo, Jussi Halla-aho (eds.), Selected papers in Slavic, Baltic, and Balkan studies (Slavica Helsingiensa 21). 26–50. Helsinki: University of Helsinki.

Gëdeshi, I., Juna, M. 2012: *Studim për vlerësimin e nevojave të komuniteteve rome dhe egjiptiane në Shqipëri*, Tiranë, 29 shkurt 2012. Tirana: UNDP of the United Nations.
http://www.al.undp.org/content/dam/albania/docs/roma%20report%20in%20Albanian.pdf (15 October, 2016).

Hada, J. 2015: *Mbrojtja e minoriteteve dhe trajtimi i tyre në Republikën e Shqipërisë*. Tirana: Botimet Toena.

HM 1999 = *Report about compliance with the principles of the Framework convention for the protection of national minorities* (along guidelines for state reports according to Article 25.1 of the Convention). Athens: Greek Helsinki Monitor. http://miris.eurac.edu/mugs2/do/blob.html?type=html&serial=1044526702223 (20 September, 2016).

Hassiotis, I.K. 2002: Armenians. In Richard Clogg (ed.), Minorities in Greece. 94–109. London: C. Hurst & Company.

Kahl, Th. 2009: *Gia tin taftó tita ton Vláxon. Ethnopolitismikés proseggí seis mias valkanikí s pragmatikó titas*. Athens: Bibliórama.

Liégeois, J-P. 2007: *Roms in Europe*. Strasbourg: Council of Europe Publishing.

Makartsev, M. *Linguistic identity and language management of two Slavic speaking (sub)urban groups in Albania: Fier and Elbasan*. Études balkaniques.

Marushiakova, E., Vesselin, P. 2001: *New ethnic identities in the Balkans: The case of the Egyptians*. Philosophy, Sociology, Psychology and History (Facta Universitatis) 2(8). 465–477

Matras, Y. 2004: Romani: *A linguistic introduction. Cambridge*: Cambridge UP.

Okuka, M. 2008: *Srpski dijalekti*. Zagreb: SKD Prosvjeta.

OSCE 2012: *Freedom of association in Western Thrace – Greece*, 8–9 November 2012 (OSCE, Supplementary human dimension meeting on freedom of assembly and association, Session 1). http://www.osce.org/odihr/97061 on (20 September, 2016)

Papademetriou, Th. 2012: Greece: *Status of Minorities. Washington D.C.: The Law Library of Congress*. http://www.loc.gov/law/help/greece-minorities/greece-status-ofminorities.pdf (20 September 2016).

Pettifer, J. 2001: T*he Greek minority in Albania in the aftermath of communism. July 2001*. (G 97). https://www.files.ethz.ch/isn/38652/2001_Jul_2.pdf, (20 September, 2016).

Korhonen, J., Makartsev, M., Petruševska, M. & Spasov, Lj. 2016: „*Ethnic and linguistic minorities in the border region of Albania, Greece and Macedonia: An overview of legal and societal status*“, Slavica Helsingiensia. In search of the Center and Periphery: Linguistic Attitudes, Minorities, and Landscapes in the Central Balkans, eds.Maxim Makartsev & Max Wahlström, Department of Modern Languages, University of Helsinki, Helsinki, c. 13–49. https://blogs.helsinki.fi/slavica-helsingiensia/files/2019/11/sh49.pdf (13–49); (пристапено: 02.12.2024)

Trix, F. 2013: *Ethnic minorities of Macedonia: Turks, Roma, and Serbs. In S.P. Ramet, O. Listhaug, & A. Simkus (eds.), Civic and Uncivic Values in Macedonia Value Transformation, Education, and Media*. 194–213. London, New York: Palgrave McMillan.

Winnifrith, T. J. 2002: *The Aromanians. In Richard Clogg (ed.), Minorities in Greece*, 112–121. Hurst & Company. London.

WTMUGA 2013 = *Western Thrace Minority Universtity Graduates Association*. 2013. Freedom of Minority Media in Western Thrace, Greece (OSCE, Human Dimension Implementation Meeting, 23 September – 4 October 20, Working session 4). Warsaw: OSCE.

http://www.osce.org/odihr/105695?download=true (20 September, 2016).

YLE 27 October 2014 = Rose-Marie Sundström. 2014. *Han tog stryk för att få vara präst*. Online news article by Svenska YLE, 27 October, 2014. http://svenska.yle.fi/ artikel/2014/10/27/han-tog-stryk-att-fa-vara-prast (20 September, 2016)

https://www.instat.gov.al/media/13615/cens-i-popullsise-2023.pdf

https://www.instat.gov.al/media/3058/main_results__population_and_housing_census_2011.pdf

https://en.wikipedia.org/wiki/Dropull.

http://www.turktiyatrosu.mk/osnovanje/.

Summary

The subject of this article is the minorities in these three neighboring countries Albania, Greece and Macedonia consist of the same cultural, religious and linguistic groups. In Albania, only Macedonians and Greeks have the right to education in their native language. In the municipality of Pustec, teaching is conducted in Macedonian, while in several cities, teaching is conducted in Greek. Greece does not recognize minorities, as well as their rights. The only minority that is officially recognized is the Muslim minority from Western Thrace. In Macedonia, minorities are recognized and they have their rights. The official language is the Macedonian language, but with the Ohrid Framework Agreement some changes were made and supplemented with Annexes.

Keywords: minorities, social and legal status, border regions in Albania, Greece, and North Macedonia.

УДК 811.163.3:811.112.2
УДК 811.112.2:811.163.3

Сашка Грујовска-Миланова[1]

ЗА ДЕКОМПОНИРАНИОТ ПРИРОК ВО МАКЕДОНСКИОТ И ВО ГЕРМАНСКИОТ ЈАЗИК

Апстракт: Во трудот се разгледува декомпонираниот прирок во македонскиот и во германскиот јазик од теоретска гледна точка. Даден е преглед на дел од морфосинтаксичките и семантичките особености на конструкциите што влегуваат во рамките на овој вид прирок во двата јазика одделно, а потоа е направена контрастивна анализа, која ги покажува сличностите и разликите меѓу декомпонираниот прирок во македонскиот и во германскиот јазик.

Клучни зборови: декомпониран прирок, морфосинтакса, семантика, македонски јазик, германски јазик.

1. Вовед

Во класификацијата на видовите прирок во македонскиот јазик, освен глаголскиот и глаголско-именскиот, се вклучува и т.н. декомпониран, перифрастичен, аналитички прирок, кој се состои од синсемантички глагол и именски дел кој содржи именка чие значење е блиско до концептот nomen actionis (сп. Тополињска 1982: 36). Поради номиналниот карактер, овој вид прирок се претпочита во административниот, публицистичкиот и научниот стил (Минова-Ѓуркова 2000: 189, сп. Митковска 2006: 36, Саздов 2009: 13, Јанушева 2018). Декомпонираниот прирок постои и во германскиот јазик, каде што исто така му се дава предност во научни, новинарски и административни текстови (Nagyné Kavalecz 1993: 113), што отвора можност за бројни истражувања повразни со неговото место во стручниот јазик.

Причината за честата употреба на декомпонираниот прирок во пишаниот јазик е неговата специфична структура. Во продолжение ги разгледуваме морфосинтаксичките и семантичките особености на декомпонираниот прирок во македонскиот и во германскиот јазик врз основа на примери од стручната литература, корпусот DeReKo[2] за германскиот јазик и новинарски текстови. Последниот дел од трудот опфаќа контрастивна анализа чија цел е издвојување на сличностите и разликите меѓу двата јазика на овој план.

[1] Универзитет „Св. Кирил и Методиј“, Скопје, Филолошки факултет „Блаже Конески“, Скопје, grujovskasashka@gmail.com

[2] Deutsches Referenzkorpus (DeReKo) е најголемиот корпус со современи текстови на германски јазик што е наменет за потребите на лингвистичките истражувања. Изработен е од Институтот за германски јазик во Манхајм.

2. Декомпонираниот прирок во македонскиот јазик

Според Минова-Ѓуркова (2000: 189), декомпонираниот прирок во македонскиот јазик е „составен од глагол што именува дејство во поширока смисла (*прави; врши; води* и сл.) и именка во функција на директен објект, со која се прецизира карактерот на дејството: *прави напори; врши операција; води разговори* и сл.“. Слични дефиниции даваат и Бојковска и др. (2008: 263), Саздов (2009: 13) и Стојановска-Илиевска (2016: 241) надоврзувајќи се на Тополињска (1982: 36), така што може да се заклучи дека декомпонираниот прирок во македонскиот јазик се состои од семантички испразнет глагол и именска синтагма што е носител на лексичкото значење и ја извршува функцијата на директен предмет. Најголем дел од примерите што се опфатени во истражувањето на Јанушева (2018) го потврдуваат овој заклучок, но, примерите со глаголите *доаѓа* и *дојде* покажуваат дека во рамките на именскиот дел може да се употреби и предлог (*доаѓа до заклучок, дојде до поместување*) со што во овие случаи се исклучува можноста за интерпретација на именскиот дел како директен предмет во реченицата со декомпониран прирок.

Во голем број случаи постои можноста за замена на декомпонираниот прирок со соодветен синтетички еквивалент (*води разговор(и) = разговара*) (Минова-Ѓуркова 2000: 189, Саздов 2009: 13). Иако, глаголот што влегува во рамките на декомпонираниот прирок го губи своето основно лексичко значење, ги задржува граматичките значења, како на пример означувањето на категоријата глаголски вид. Следствено, често постојат варијанти од овие перифрастични конструкции и со свршен (1) и со несвршен (2) глагол, кои потоа можат да се заменат со соодветниот свршен или несвршен глагол.

1) *Танкерот останува во пристаништето во Гибралтар и неизвесно е дали и кога ќе отплови оттаму, откако судот му* ***даде дозвола*** *(= дозволи) да го стори тоа.*(dw.com, 17.8.2019)

2) *Град Скопје не* ***дава дозвола*** *(= дозволува) да се гради уште еден монтажен паркинг во населбата Капиштец.* (sdk.mk, 22.9.2024)

Сепак, постојат конструкции за кои не постои синтетичка замена: *врши инспекција, врши геноцид, врши егзодус* (Јанушева 2018: 96–97), а постојат и контексти кога поради употребата на придавски атрибут, иако постои соодветна замена, парафразирањето со синтетички прирок е блокирано (3) (сп. Саздов 2009: 13), што покажува дека употребата на декомпониран прирок може да отвори нови начини на изразување што не ги нуди синтетичкиот глаголски прирок.

3) *Генетичарите* ***вршеа*** *сомнителни* ***испитувања****.* (**Генетичарите сомнително* ***испитуваа****.*)

Врз основа на ексцерпираните примери во рамките на истражувањето на Јанушева (2018) може да се заклучи дека употребата на придавски атрибут е широко распространета. Дополнително, постојат примери во кои е употребен атрибут во форма на релативна реченица (4). И во овие случаи, како и кај дел

од примерите со придавски атрибут, замената на декомпонираниот со синтетички глаголски прирок не е можна.

4) *Украина **донесе одлука** која ќе предизвика хаос во светот на спортот.* (makfax.com.mk, 1.4.2023)

Иако при цитирањето, именката што влегува во составот на декомпонираниот прирок најчесто е употребена во еднина, при употребата во конкретен пример постои можноста формата за еднина (5) да се замени со формата за множина (6) без последици врз изборот на соодветниот синтетички глаголски прирок. И во двата наведени примера (5, 6) декомпонираниот прирок може да се замени со глаголот *разговара* во соодветната форма.

5) *Турција и Русија **водеа разговор** (= разговараа) со Иран во обид за мирно решавање на кризата во Сирија, но нивните напори беа пречекани со сомнеж од Западот*. (lokalno.mk, 27.10.2018)

6) *Новата влада на Сирија, која изјави дека не сака конфликт со своите соседи, **водеше разговори** (= разговараше) со Израел за ублажување на тензиите пред најновото избувнување на насилство.* (meta.mk, 16.7.2025)

Анализата на декомпонираниот прирок во македонскиот јазик покажува и дека именката освен без членска морфема (7), како што всушност и се цитира, може да се употреби и со соодветната членска морфема од низата *-от, -та, -то, -те* (8). Се чини дека додавањето на членска морфема од другите две низи е блокирано, но оваа претпоставка треба да се провери во рамките на некое идно емпириско истражување. Причината за оваа појава се крие во видот на именките што се користат во рамките на декомпонираниот прирок. „Апстрактните именки најчесто се врзуваат со низата ***-от***“ (Бојковска и др. 2008: 167), а голем дел од именките што се дел од декомпонираниот прирок се претставници токму на оваа група.

7) *Во средината на јануари, пред да се појават наводите од персоналот, Лазарини рече дека **ќе изврши преглед** на организацијата и нејзиното работење.* (mk.voanews.com, 5.2.2024)

8) *Системот „Мој термин“ според докторката, утринава не дозволувал да **се изврши прегледот** на пациентите […]* (politika.com.mk, 26.2.2025)

Начелно, синсемантичкиот глагол може да се појави во форми за сите три лица, во еднина и во множина и во различни глаголски форми. Сепак, неговата употреба во прво (9) и второ (10) лице е можна само кога подметот е лице, што е значително почесто во примерите без предлог во рамките на именската синтагма. Причината за оваа појава е пасивното значење на голем број декомпонирани прироци со предлог (11), што го потврдуваат и понудените парафрази кај Јанушева (2018: 98–99).

9) *Пред две недели **вршевме анализа** на терен со серолошка анализа, која ни покажува каков е вкупниот имунитет на нашето општество […]* (mia.mk, 15.3.2022)

10) *Дали **водиш грижа** за исхраната [...]* (www.ubavinaizdravje.mk, 2.3.2023)

11) *Очекуваат во вторник да се прецизираат мерките за да не **дојде до кршење** на други закони [...]* (lokalno.mk, 20.11.2021)

Примерите 1–11 илустрираат дека реченицитe со декомпониран прирок имаат неутрален збороред – синсемантичкиот глагол ѝ претходи на именската синтагма и целата конструкција стои заедно, односно ниеден реченичен член не може да се употреби меѓу глаголот и именскиот дел. Во примерите со негација, честичката *не* стои непосредно пред глаголот (2, 11). Иако спорадично, сепак, постои можноста за маркиран збороред, односно именската синтагма да се употреби пред синсемантичкиот глагол (12) кога станува збор за контрастирање или фокусирање.

12) *Ваква **одлука донесе** денеска Советот на кавадаречката општина на 42 седница.* (netpress.com.mk, 14.3.2016)

3. Декомпонираниот прирок во германскиот јазик

За декомпонираниот прирок во германскојазичната литература најчесто се користи терминот *Funktionsverbgefüge*. Станува збор за перифрастична конструкција што се состои од т.н. фукционален глагол, односно глагол чие лексичко значење е избледено, но изразува аспекти како залог, модалност итн. (сп. Fabricius-Hansen 2006: 259), и именски дел што опфаќа именка која всушност е носителот на лексичкото значење (сп. Piątkowski 2020: 238). Според Реш (Rösch 1993: 19), двата дела градат семантичко-синтаксичка целина, што се надоврзува на ставот дека станува збор за сложен предикат (сп. von Polenz 1987: 169).

Најголем дел од авторите го застапуваат ставот дека именскиот дел може да биде именска синтагма во акузатив[3](*die/eine Erlaubnis geben/erteilen* ‘дава дозвола’) или предлошка синтагма[4] (*zur Anwendung kommen/gelangen* ‘се употребува (букв. доаѓа до употреба)’). Двата вида конструкции покажуваат различни карактеристики на морфосинтаксичко рамниште, така што добиваат различен статус при нивната класификација. Конструкциите во чии рамки влегува предлошка синтагма се морфосинтаксички постабилни, така што важат за прототипични претставници (сп. Eisenberg[5] 2020: 333). Овој став се надоврзува на поделбата на конструкциите што градат декомпониран прирок на прототипични и периферни претставници врз основа на нивните карактеристики.

[3] Хелбиг/Буша (Helbig/Buscha 2001: 84) наведуваат и примери со именски фрази во номинатив (*eine Abrechnung erfolgt* ‘се врши пресметка’), генитив (*der Meinung sein* ‘мисли’) и датив (*jemanden einer Prüfung unterziehen* ‘подложува некого на испит’), кои претставуваат периферни феномени.

[4] Во германскојазичната литература, терминот *предлошка синтагма* (или фраза) се користи за означување синтаксички единици составени од предлог и именска синтагма (сп. Engel [3]1996: 691). Од валентноста на предлогот зависи во кој падеж (акузатив, датив или генитив) ќе биде употребена именската фраза, така што тој се смета за нејзин центар.

Според Камбер (Kamber 2008: 26), прототипичните претставници содржат функционален глагол којшто кога е употребен како полнозначен глагол, означува движење и предлошка синтагма што опфаќа апстрактна именка која е дериват мотивиран од глагол, најчесто nomen actionis. Отстапките од овие особености, односно употребата на фукционален глагол со друг вид примарно лексичко значење или употребата на именска синтагма во акузатив која содржи друг вид именка, како на пример дериват мотивиран од придавка или конкретна именка, се толкуваат како знак дека не станува збор за прототипичен претставник на групата. Истото важи и за отстапувањето од другите морфосинтаксички особености – употребата на именски атрибути и на релативни реченици е ограничена, именката не се менува по граматичката категорија број, употребата на членот е однапред определена, може да се негира само со честичката *nicht*, дозволени се само одредени отстапки во зборoредот (сп. Duden 2009: 418–424, Eisenberg[5] 2020: 332–339, Engel 1996: 407–408, Helbig 1979: 274–284, Helbig/Buscha 2001: 68–92). Дополнително, Ајзенберг (Eisenberg 2006: 302), укажува на фактот дека, иако фунционалниот глагол може да се употреби во сите три лица, доминираат формите за трето лице. Бидејќи конструкциите со именска синтагма во акузатив често опфаќаат форми од функционалниот глагол за првото (13) или второто (14) лице и содржат именки од различен вид кои може да се употребат и во еднина и во множина (13), како и да се поврзат со различни атрибути (13) и членови, вклучително и членот за негација *kein* (14) (сп. Helbig 1979: 277, Helbig/Buscha 2001: 90), начелно се сметаат за периферни претставници на групата конструкции кои градат декомпониран прирок.

13) *Ich **stelle** den Personen der Handlung **Fragen**, die uns beschäftigen [...]* (DeReKo)

‘На лицата од дејството им поставувам прашања што нас нè засегаат.’

14) *Du **hast keine Frage gestellt***. (DeReKo)

‘(Ти) не постави прашање.’

Разлики во ставовите за двата вида конструкции се забележуваат и во поглед на валентноста и статусот на именскиот дел. За Хелбиг/Буша (Helbig/Buscha 2001: 68) и именските и предлошките синтагми имаат ист статус – лексички делови на прирокот. Од друга страна, Шторер (Storrer 2006: 279–282) смета дека именските синтагми имаат сличности со директниот предмет, а дека предлошките синтагми покажуваат повеќе особини на делови од прирокот. Колиандер (Colliander 2003: 268) укажува на една од можните причини за различните гледишта – несовпаѓањето на синтаксичката и на семантичката валентност. Според него, именската и предлошката синтагма синтаксички се самостојни реченични членови, но семантички се дел од прирокот. Неговото гледиште соодветствува на ставот дека валентноста на целата конструкција е комбинација од валентноста на функционалниот глагол, кога е употребен како полнозначен, и валентноста на глаголот од кој е изведена именката (сп. Duden 2009: 420, Fabricius-Hansen 2006: 263, Rösch

1993: 19). Функционалниот глагол ја наследува валентноста на истоименот полнозначен глагол, односно употребата на именска или предлошка синтагма, пред сè, зависи од видот на предметот што се користи со тој глагол (Rösch 1993: 21), додека употребата на другите реченични членови зависи од валентноста на глаголот од кој е изведена именката.

Конструкциите со предлошка синтагма важат за прототипични претставници и затоа при нивната употреба се очекуваат пропишаните морфосинтаксички особености, но, сепак, постојат примери во кои се засведочени одредени отстапки, кои најчесто се толкуваат како отворање нови начини на изразување. Во продолжение за илустрација ќе ги разгледаме отстапките кај неколку конструкции со глаголите *kommen* и *gelangen* ‘дојде/доаѓа’.

Според германскојазичната стручна литература, замената на еден вид член со друг во рамките на декомпонираниот прирок не е можна. Емпириските истражувања покажуваат дека, сепак, таа можност постои. Замената на определениот (15) со нуловиот (16) член обично нема последици врз значењето на конструкцијата. Од друга страна, со употребата на неопределениот (17), присвојниот (18) или негацискиот (19) член, фокусот се насочува кон резултатот, а не кон дејството како во примерите со определениот член, но и се изразуваат дополнителни значења, како неочекуван (17) или очекуван (18) резултат. Важно е да се напомене дека ретко доаѓа до замена на определениот член со другите видови членови во конструкциите со предлошка синтагма, во споредба со примерите со именска синтагма, каде што оваа појава може често да се засведочи.

15) *Bevor das gespendete Blut **zur Anwendung gelangt**, wird es im Labor getestet, in seine Bestandteile aufgespalten und verarbeitet.* (DeReKo)

‘Пред да се употреби, дониранатa крв се тестира во лабораторијата, се дели на нејзините составни делови и се преработува.’

16) *Begrifflichkeiten wie Postfaschistin oder Populisten **gelangten** im Fall Meloni gewohnt inflationär **zu Anwendung**.*(DeReKo)

‘Термини како постфашистка или популисти вообичаено се користеа прекумерно во случајот на Мелони.’

17) *Es ist ein riesiges Vorhaben, das nach drei Jahren nun **zu einem Abschluss gekommen ist**: [...]*(DeReKo)

‘Тоа е огромен потфат кој по три години конечно дојде до крај.“’

18) *[...] es geht um die Gebietsreform, die im Taunus 1972 **zu ihrem Abschluss kam**:[...]*(DeReKo)

‘Станува збор за територијалната реформа која во Таунус дојде до (својот) крај во 1972 година.’

19) *Es gab Gespräche, die aber **zu keinem Abschluss kamen**.*(DeReKo)

‘Имаше разговори што не завршија.’

Во рамките на именскиот дел, можна е само употреба на придавски атрибут (20). Кај конструкциите со предлошка синтагма не се очекува атрибут во форма на релативна реченица, но корпусот DeReKo опфаќа и такви примери (21). Сепак, мора да се напомене дека во примерите со овој декомпониран прирок се појавуваат и други отстапки од прототипичните особености што се предвидени за овие конструкции. Интересни се случаите, во кои наместо да се употреби придавски атрибут и именка, целата синтагма се заменува со сложенка (22), што всушност е во духот на германскиот јазик.

20) *Kaum ein Mitglied der Wehr dachte im Traum daran, dass die 2019 begonnenen Vorbereitungen erst in 2022* ***zum krönenden Abschluss gelangen sollten***. (DeReKo)

'Речиси ниту еден член на единицата ни во сон не помислуваше дека подготовките што започнаа во 2019 г. ќе стигнат до својот конечен (букв. крунисувачки) крај дури во 2022 г.'

21) *Wir in der Generalversammlung* ***sind****[...]****zu einer Entscheidung gelangt****, die heute am Tisch liegt*. (DeReKo)

'Ние, во Генералното собрание, донесовме одлука што денеска е на маса.'

22) *Von 50 seit 1984 auf die Bühne gebrachten Shows –„Echo", die 51.,* ***kommt*** *im Frühjahr 2023* ***zur Erstaufführung****[...]* (DeReKo)

'Од 50 претстави што се изведени на сцена од 1984 година – „Ехо", 51-та, ќе има премиера во пролетта 2023 година.'

Именката што влегува во рамките на прототипичните декомпонирани прироци во германскиот јазик не се менува по граматичката категорија број. Изборот дали ќе се употреби формата за еднина или формата за множина е однапред определен. Сепак, постојат случаи кога промената на бројот отвора нов начин на изразување. Именката *Aufführung* 'изведба' обично се користи во еднина во рамките на декомпонираниот прирок *zur Aufführung gelangen* 'доаѓа до изведба/се изведува' (23). Но, постојат и примери во кои именката е употребена во множина за да се изрази повторување на настанот (24) (сп. Grujovska-Milanova 2025: 234–235).

23) ***Zur Aufführung gelangen*** *Werke von Bach, Händel, Telemann, Vivaldi und Stamm.* (DeReKo)

'Се изведуваат дела од Бах, Хендел, Телеман, Вивалди и Штам.'

24) ***Zu drei Aufführungen gelangte*** *das Stück „Hubertus und die Bürgermeisterwahl"*. (DeReKo)

'Делото „Хубертус и изборите за градоначалник" се изведе трипати.'

Зборoредот во германските реченици зависи од нивниот вид. Во рамките на независните реченици, личната глаголска форма стои на второ место, додека во зависните дел-реченици, оваа глаголска форма ја зазема последната позиција во реченицата. При употребата на декомпониран прирок, именскиот дел се очекува да биде на крајот на реченицата, така што во независните

реченици, личната глаголска форма од функционалниот глагол и предлошката синтагма градат реченична рамка (16). Во зависните дел-реченици, целиот декомпониран прирок стои на крајот на реченицата (15), така што реченичната рамка ја градат сврзникот и личната глаголска форма (сп. Симоска 2014: 200). Според Ајзенберг (Eisenberg [5]2020: 338–339), во рамките на независните реченици може да се употреби и маркиран збороред, односно предлошката синтагма да стои на првото место во реченицата (23). Оваа појава е посебно изразена кај конструкциите *zur Aufführung gelangen*и *zur Aufführung kommen* ‘се изведува (букв. доаѓа до изведба)’. Предлошката синтагма може да ја заземе првата позиција заедно со некој реченичен член што зависи од целиот прирок (25), а кога е употребена перифрастична конструкција од функционалниот глагол, на прво место може да стојат предлошката синтагма и неличната глаголска форма од функционалниот глагол (26) (сп. Grujovska-Milanova 2025: 234–236).

25) *Erstmals**zur Aufführung kam** das neu geschaffene Werk vor einer Woche im Ligaspiel der „Reds“ bei Manchester City (2:2)*. (DeReKo)

‘Новосоздаденото дело првпат беше изведено пред една недела на натпреварот од лигата на „Црвените“ против Манчестер Сити (2:2).’

26) ***Zur Aufführung gelangen wird** das Stück " Power" nach dem 2020 erschienenen Roman von Verena Güntner: [...]* (DeReKo)

‘Ќе се изведе претставата „Сила“ според романот на Верена Гинтнер објавен во 2020 г.’

Бидејќи голем дел од конструкциите со предлошка синтагма имаат пасивно значење, не изненадува доминацијата на лични глаголски форми од функционалниот глагол во трето лице. Токму пасивното значење е и причината за можноста во некои примери заменката *es* формално да ја заземе првата позиција во реченицата (27), како во некои реченици без декомпониран прирок што содржат пасивни конструкции (сп. Helbig & Buscha 2001: 151), иако постои подмет кој би можел да стои на првото место.

27) *Es**kommt** die 2Gplus-Regel **zur Anwendung** [...]* (DeReKo)

‘Се применува правилото 2Г-плус.’

Декомпонираниот прирок најчесто може да се замени со синтетички глаголски прирок. Во најголем број случаи станува збор за глаголот од кој е изведена именката, кој во зависност од значењето на декомпонираниот прирок може да се употреби во актив или во пасив. Но, важно е да се напомене дека често значењето на синтетички глаголски прирок не соодветствува целосно со значењето на декомпонираниот прирок, бидејќи со нив се изразува различен начин на дејство (Aktionsart)[5]. Станува збор за семантичка категорија која се однесува на врската меѓу дејството што е означено со глаголот и текот на времето, односно дали станува збор за изразување почеток (*in Anwendung kommen/geraten* ‘(почнува да) се

[5] За разликите меѓу категориите *глаголски вид* и *начин на дејство* сп. Станкова (2016: 75–118).

употребува'), траење (*in Anwendung sein* 'е во употреба') или крај на дејството (сп. DUDEN 2009: 408). Дополнително, со изборот на декомпониран прирок може да се изрази и каузативност (*in Anwendung bringen* 'употребува'). Во случаите кога не постои соодветен глагол за замена на декомпонираниот прирок, конструкцијата се смета за начин да се пополнат одредени дупки во лексичкиот систем, што всушност е и една од најважните функции на декомпонираниот прирок во германскиот јазик (Helbig 1979: 278).

4. Контрастивна анализа и заклучок

Прегледот на морфосинтаксичките и на семантичките особености на декомпонираниот прирок во македонскиот и во германскиот јазик покажува дека постојат сличности, но и разлики меѓу двата јазика.

И во двата јазика, во рамките на именскиот дел може да се употреби предлог. Во германскиот јазик, голем дел од овие конструкции имаат статус на прототипични претставници на групата, додека во македонскиот јазик не постои таква класификација, но може да се забележи дека фокусот на македонистичките истражувања за декомпонираниот прирок е насочен кон конструкциите без предлог. Останува во иднина потемелно да се истражат конструкциите со предлог во рамките на именскиот дел за да можат да се анализираат потенцијалните разлики меѓу двата вида декомпониран прирок и во македонскиот јазик.

Заеднички за двата јазика е начинот на анализа на валентноста на декомпонираниот прирок. Од синтаксичка гледна точка, именскиот дел претставува предмет, чиј вид зависи од видот на синтагмата, додека семантички тој е дел од прирокот. И во македонскиот и во германскиот јазик декомпонираниот прирок може да се замени со синтетички глаголски прирок, но во германскиот јазик често не постои целосно поклопување на значењето меѓу перифрастичната конструкција и парафразата, бидејќи со декомпонираниот прирок може да се изразат начини на дејство што не се опфатени во значењето на синтетичкиот прирок. Во македонскиот јазик обично има соодветна замена, бидејќи постојат свршени и несвршени глаголи со кои може да се изрази истото значење како со декомпонираниот прирок.

Анализата на декомпонираниот прирок во македонскиот и во германскиот јазик на морфосинтаксичко рамниште покажува дека и во двата јазика конструкциите без предлог се подложни на варијации. Именката може да се употреби и во еднина и во множина, со различни видови членови и атрибути, а синсемантичкиот глагол се користи во различни глаголски форми во сите три лица. Голем дел од конструкциите со предлог и во двата јазика имаат пасивно значење што влијае на нивните особености. Во германскиот јазик, овие конструкции обично не се склони кон промени, а спорадичните отстапки од очекуваните особености најчесто се толкуваат како отворање нови начини на изразување. Декомпонираниот прирок со предлог во именската синтагма не е детално анализиран во македонскиот јазик, така што овој труд може да биде основа за идно емпириско истражување кое ќе даде појасна слика за

морфосинтаксичките карактеристики на овој вид конструкции во македонскиот јазик.

Литература

Бојковска, С., Минова-Ѓуркова, Л., Пандев, Д., Цветковски, Ж. 2008: *Општа граматика на македонскиот јазик*, Просветно дело, Скопје.

Јанушева, В. 2018: „Аналитичкиот прирок во новинарскиот потстил во македонскиот стандарден јазик“,*Mundo Eslavo17*, Universidad de Granada, Granada, 90–106.

Минова-Ѓуркова, Л. 2000: *Синтакса на македонскиот стандарден јазик*, Магор, Скопје.

Митковска, Л. 2006: „Номинализациите во административно-правниот стил“, Зборник на трудови од научниот собир *Функционалните стилови во македонскиот јазик*, Јазикот наш денешен кн. 14, Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков“, Скопје, 36–46.

Саздов, С. 2009: *Современ македонски јазик 4*, Или-Или, Скопје.

Симоска, С. 2014: „Субјунктивот во македонскиот јазик и неговите еквиваленти во германскиот“, *Морфосинтаксички студии* III. Субјунктив. Со посебен осврт на македонските да-конструкции, МАНУ, Истражувачки центар за ареална лингвистика, Скопје, 185–206.

Станкова, Б. 2016: *Глаголските времиња претеритум и перфект во германскиот јазик и нивните македонски еквиваленти*, докторска дисертација, Филолошки факултет „Блаже Конески“, Скопје.

Стојановска-Илиевска, Н. 2016: „Перифрастичните предикати (ПП) со *глава* во кои е присутно метафоричкото проширување на меѓучовечката комуникација“, *Филолошки студии 14*(2), Институт за македонска литература, Скопје, 240–259.

Тополињска, З. 1982: „Перифрастични предикатски изрази на међусловенским релацијама“, *Јужнословенски филолог* XXXVIII, Институт за српскохрватски језик, Београд, 35–49.

Colliander, P. 2003: „Dependenzstruktur und grammatische Funktion“, V. Ágel et al. (Hrsg.): *Dependenz und Valenz. Ein internationales Handbuch der zeitgenössischen Forschung*, 1. Halbband, Walter de Gruyter, Berlin/New York, 263–269.

Duden. 2009: *Die Grammatik*, Dudenverlag. Berlin.

Eisenberg, P. 2006: „Funktionsverbgefüge – Über das Verhältnis von Unsinn und Methode“, E. Breindl et al. (Hrsg.): *Grammatische Untersuchungen. Analysen und Reflexionen. Gisela Zifonun zum 60. Geburtstag*, Gunter Narr Verlag, Tübingen, 297–318.

Eisenberg, P.[5] 2020: *Grundriss der deutschen Grammatik*. Der Satz. Unter Mitarbeit von Rolf Schöneich, J. B. Metzler, Berlin.

Engel, U. [3]1996: *Deutsche Grammatik*, Julius Groos Verlag, Heidelberg.

Fabricius-Hansen, C. 2006: „Wie fügen sich Funktionsverben in Funktionsverbgefüge ein?“, E. Breindl et al. (Hrsg.): *Grammatische Untersuchungen. Analysen und Reflexionen. Gisela Zifonun zum 60. Geburtstag*, Gunter Narr Verlag, Tübingen, 259–274.

Grujovska-Milanova, S. 2025: „Funktionsvergefüge mit Funktionsverben in synonymischen Beziehungen – eine korpusgestützte Untersuchung am Beispiel von *zur Aufführung gelangen* und *zur Aufführung kommen*“, S. Simoska (Hrsg.): *Festschrift zu Ehren des 90. Geburtstages von Prof. Dr. Wolfgang Motsch. Grundzüge deutscher Sprachstrukturen in Wort, Satz und Text*, Philologische Fakultät „Blazhe Koneski“, Skopje, 227–241.

Helbig, G. 1979: „Probleme der Beschreibung von Funktionsverbgefügen im Deutschen“, *Deutsch als Fremdsprache* 5, 273–285.

Helbig, G., Buscha, J. 2001: *Deutsche Grammatik. Ein Handbuch für den Ausländerunterricht*, Langenscheidt, Berlin/München.

Kamber, A. 2008: *Funktionsverbgefüge – empirisch. Eine korpusbasierte Untersuchung zu den nominalen Prädikaten des Deutschen*, Max Niemeyer Verlag, Tübingen.

Nagyné Kavalecz, A. 1993: „Funktionsverbgefüge. Ein kurzer Forschungsbericht“, *Germanistische Studien =Acta Academiae Paedagogicae Agriensis* 21, 113–127.

Piątkowski, Ł. 2020: „Funktionsverbgefüge als Ausdruck von Höflichkeit in geschäftlicher Korrespondenz“, I. Bartoszewicz et al. (Hrsg.): *Linguistische Treffen in Wrocław*, Vol. 17(I), Neisse Verlag, Wrocław, 237–247.

Rösch, O. 1993: „Interne Struktur der Funktionsverbgefüge“, *Germanistische Mitteilungen*, Zeitschrift für deutsche Sprache, Literatur und Kultur in Wissenschaft und Praxis 37, Brüssel, 19–33.

Storrer, A. 2006: „Zum Status der nominalen Komponenten in Nominalisierungsverbgefüge“, E. Breindl et al. (Hrsg.): *Grammatische Untersuchungen. Analysen und Reflexionen. Gisela Zifonun zum 60. Geburtstag*, Gunter Narr Verlag, Tübingen, 275–296.

von Polenz, P. 1987: „Funktionsverben, Funktionsverbgefüge und Verwandtes. Vorschläge zur Satzsemantischen Lexikographie“,*Zeitschrift für germanistische Linguistik* 15(2), 169–189.

Корпус

Deutsches Referenzkorpus / Archiv der Korpora geschriebener Gegenwartssprache 2023-I (Release vom 31.03.2023), Leibniz-Institut für Deutsche Sprache, Mannheim. Abrufbar unter: *www.ids-mannheim.de/dereko* (Stand: 1.9.2025).

Електронски извори

dw.com/mk./сад-сакаат-да-запленат-ирански-танкер/a-50062292 пристапено на: 30.10.2025.

https://lokalno.mk/samitot-na-erdogan-putin-makron-merkel-vo-istanbul/ пристапено на 30.10.2025.

https://lokalno.mk/trajkovska-so-paushalni-neizdrzhani-i-nekompletni-preporaki-ne-se-menuvaat-uslovite-za-rabotene-vo-privatna-kompanija/ пристапено на 30.10.2025.

https://makfax.com.mk/sport/ukraina-donese-odluka-koja-kje-predizvika-haos-vo-svetot-na-sportot/ пристапено на 30.10.2025.

https://meta.mk/izrael-go-napadna-shtabot-na-siriskata-vojska-vo-damask/ пристапено на 30.10.2025.

mia.mk/story/сали-за-миа-сѐ-додека-не-сме-доволно-имунизирани-не-може-да-се-зборува-за-целосно-укинување-на-ковидмерките пристапено на 30.10.2025.

https://netpress.com.mk/2016/03/14/socijalnite-semejstva-od-kavadarci-ke-bidat-oslobodeni-od-plakanje-voda-komunalii/ пристапено на 30.10.2025.

https://politika.com.mk/archives/27692 пристапено на 30.10.2025.

https://sdk.mk/index.php/dopisna-mrezha/arsovska-ne-ni-dava-dozvola-da-napravime-ushte-eden-montazhen-parking-vo-kapishtets-veli-gerasimovski/ пристапено на 30.10.2025.

https://www.ubavinaizdravje.mk/kosa-lice-telo/lice/jovana-kostadinovska-botoksot-i-shminkata-nema-da-vi-gi-dadat-nasmevkata-i-sjajot-na-zadovolna-i-srekna-zhena-a-samo-taka-ke-se-chuvstvuvate-ubavo-vo-svojata-kozha/ пристапено на 30.10.2025.

https://mk.voanews.com/a/7472171.html пристапено на 30.10.2025.

Resümee

Sowohl im Mazedonischen, als auch im Deutschen können Funktionsverbgefüge (FVG) aus einem Funktionsverb (FV) und einer Nominalphrase (NP) oder einer Präpositionalphrase (PP) bestehen. Zahlreiche Konstruktionen mit einer PP gelten im Deutschen aufgrund ihrer morphosyntaktischen Stabilität als prototypische Vertreter der FVG, während im Mazedonischen eine derartige Klassifikation fehlt.Auffällig ist jedoch, dass sich die bisherigen Untersuchungen vor allem auf FVG mit einer NP konzentrieren. Die kontrastive Analyse zeigt, dass die FVG mit einer NP in den beiden Sprachen anfällig für Variationen sind, während die FVG mit einer PP häufigeine passivische Bedeutung haben, was ihre Merkmale beeinflusst. Die FVG mit einerPP im Deutschen sind morphosyntaktisch stabiler und die geringen Abweichungen von den prototypischen Eigenschaften werden als Schaffung neuer Ausdrucksmöglichkeiten betrachtet. Die genauen Merkmale der FVG mit einer PP im Mazedonischen sollten in der Zukunft detaillierter untersucht werden.

УДК 811.163.3’373.23:821.163.3-31
УДК 821.163.3-31:811.163.3’373.23

Жанета Набакова
Универзитет „Св. Кирил и Методиј“, Филолошки факултет „Блаже Конески“ – Скопје
zaneta.savik@flf.ukim.edu.mk

АНТРОПОНИМИТЕ ВО РОМАНИТЕ „ПАПОКОТ НА СВЕТОТ“ И „ВЕШТИЦА“ ОД ВЕНКО АНДОНОВСКИ

Апстракт: Предмет на трудот се антропонимите во одбраните романи од Венко Андоновски. Во „Папокот на светот“ се разгледуваат имиња како *Иларион Сказник*, *Сѫтефан Писмородецот* и низа други монашки имиња со јасен историско-религиски потенцијал. Се истакнува и играта со „позајмени“ имиња (*Јан Луѳвик*, *Луција Земанек*). Во романот „Вештица“ анализата ги опфаќа антропонимите како *ѣадре Бенџамин*, *Јована*/*Joana*, *Среќко* и други, при што се покажува како имињата функционираат како семантички кондензати на карактерот, судбината и меѓутекстуалните врски. Особен акцент се става на иронискатa употреба на имиња чијашто семантика е во спротивност со карактерните особини и со дејствата на ликот. Заклучокот е дека антропонимите кај Андоновски ја надминуваат чистата идентификациска функција и стануваат клучни елементи во градењето на естетската стварност на делото.

Клучни зборови: книжевни антропоними, Венко Андоновски, „Папокот на светот“, „Вештица“.

1. Вовед

Венко Андоновски е познат македонски писател, есеист, критичар и книжевен теоретичар. Неговиот роман „Папокот на светот“ е закитен со наградите „Роман на годината“, „Стале Попов“, „Балканика“, „Југра“ и др. Тој сосема сигурно влегува во редот на најзначајните македонски книжевни дела од поново време, со што на својот автор му го потврдува статусот на великан меѓу македонските писатели.

За романот „Вештица“, пак, Петре М. Андреевски ќе каже дека се одликува со „јазик кој и по својата синтаксa и по својата сензибилност има една благородна мелодика и промислена сигурност“, а Андоновски е „супериорен мајстор да ги вработи сите зборови и на сите да им даде еднакви, речиси рамносилни задачи и значења“ (Андоновски 2017а: 498).

2. Функцијата на книжевните антропоними

Во трудот од Живко Ризовски, „Стилската функција на ономастичката лексика во македонската поезија и проза“, е истакнато дека „анализата на ономастичката лексика во литературното дело произлегува од тезата дека и

преку неа се реализира семантикумот на делото, дека и таа учествува во градењето на таканаречената естетска стварност“ (Ризовски 2002: 6). Тој појаснува: „Дури на фонот на вака конципираната интерпретација е возможно да се објаснат и другите стилски релевантни признаци на секоја лексема во кој било уметнички текст, т.е. да ѝ се оцени естетската ефективност што произлегува од нејзината фонолошка структура, нејзините морфолошки модификации, нејзината графичка реализација и сл.“ (Ризовски 2002: 8).

За разлика од објективно постојниот ономастикон, во кој значењето на имињата може да биде делумно или комплетно исклучено од анализата, во уметничката литература личните имиња често се семантички исполнети со свесна интенција на авторот, со што освен означувачка и диференцијална, добиваат и значенска, поточно стилска функција, која игра значајна улога во неговиот стремеж да ја реализира својата замисла, порака и да го достигне максималното ниво на естетска вредност на делото (сп. Коробар-Белчева 2006: 85).

Фактот што постојат уметнички реалии што не се навистина егзистентни е доказ дека уметноста не е буквален одраз на фактите на објективната реалност. „На овој начин експлицитно е нагласена извесната автономност на светот на уметноста што постои преку зборот“ (Ризовски 2002: 19). Ризовски понатаму нагласува дека поради различниот степен на измисленоста на имињата, разликите од ваков вид понекогаш не се забележливи. Имено, писателот може да ги именува своите јунаци со имиња што се сосема слични со некои од постојните во реалниот ономастикон или во уметничката литература.

Значи, имињата можат да имаат само референцијално значење, но во книжевноста често референцијално значи и сигнификативно значење (лат. *signum* ’значи нешто е знак‘). Впрочем, името на литературниот лик не е само етикета на личноста, во него се испреплетуваат многу значења – оние што се содржани во етимологијата на името, оние што произлегуваат од знаењето за носителот на името и оние што посочуваат на афективно-естетските карактеристики што му ги наметнал авторот на определен лик (сп. Šimunovuč 1976: 242).

Како што истакнува Ризовски (2002: 30), „сопствените имиња во јазикот на секојдневната комуникација имаат претежно номинативна функција, додека во уметничките текстови се јавуваат како стилски изразни средства“. Со оглед на тоа што средишното место во едно уметничко дело го зазема токму литературниот лик, доминантните ономастички системи можат да се согледаат токму преку неговата номинација:

Укажувајќи на уметничкиот лик како на доминантен елемент од структурата, ја одредуваме истовремено и позицијата на уметничко-литературниот антропонимикон. Оттука имињата на лицата заземаат средишна позиција во литературниот ономастикон, ако воопшто постои во текстот, се јавуваат како едно од средствата за

создавање на разни литературни ликови кои, како што истакнуваат некои естетичари, се функција на хуманите вредности – единствено непоминливата општа тема на секоја вистинска литература. (Ризовски 2000: 23)

3. Антропонимите во „Папокот на светот“ и во „Вештица“

3.1 Антропонимите во „Папокот на светот“

Дејството во првиот дел од книгата „Папокот на светот“, кој носи наслов „Клучалница“, се одигрува во 9 век во Византиската Империја. Она во вториот дел, пак, „Клуч“, се одвива во втората половина на 20 век во Југославија, на многу места пресликувајќи ги случувањата од првиот дел. Книгата „Светлина“ би можела да се набљудува како продолжение на делот „Клуч“, со оглед на тоа што во неа е претставено судското сведочење на Луција Земанек, која е лик токму од љубовната приказна што се одигрува во Југославија. *Луција Земанек*, пак, не е име оригинално смислено од Андоновски, како што, впрочем, не е ниту едно од имињата во „Клуч“ и во „Светлина“. Авторот преку зборовите на братот на имплицитниот писател В., наречен со „позајменото“ име *Јан Луѳвик*, уште во предговорот ќе рече:

[…] биѳејќи сме мала средина во која се коментира со јазикот на паланката, јас решив сите личности оѳ ѳневникот на брат ми, како и оѳ судското вештачење на Луција Земанек (па и неа самата) ѳа ѓи преименувам со имиња земени оѳ оваа книѓа [„Шеѓа“ оѳ Милан Кунѳера] […] (белки нема Кунѳера мене, како сметководител, ѳа ме тужи за зајмување имиња оѳ неѓовата книѓа) […] Така, брат ми не е В., туку Јан Луѳвик, ѓоспоѓа Ж. станува Луција Земанек, и така со ред, сите. Само за мене не најѳов име во „Шеѓа“. Затоа и се потпишувам како: ЈАС. (Андоновски 2017б: 8)

На ова ќе изреагира и доцентот по литература, професионалниот и почитуван книжевен критичар (Андоновски со ова станува лик во својот сопствен роман), кој во поговорот пишува:

Имено, проблематично е воопшто тој текст [приказната за Јан Луѳвик и Луција Земанек] ѳа се нарече „роман“, затоа што во ѓолема мера отстапува оѳ она што теоретичарите на овој век ѓо викаат „правило на жанрот роман“. Има во неѓо многу „зајмени“ ликови оѳ нам (кои се занимаваме професионално со литература) познати ѳела, т.н. „цитирани ликови“. Највиѳливи се оние преземени оѳ „Шеѓа“ на Кунѳера, на пример. (Андоновски 2017б: 315)

Но, Андоновски не застанува тука, па безмалку го обвинува Јан Лудвик за „плагијаризам“, и тоа по однос на „Азбука за непослушните“, дело токму од Андоновски.[1]

И таму и овде се изнесуваат некои тези за писмата, азбуките и воопшто, именувањето, кои кај мене, како доцент по литература, се резултат на долгогодишно, систематско, макотрпно образование од областа на семиологијата, односно теоријата на знаците, како и од други, гранични дисциплини на науката за текстот. (Андоновски 2017б: 316)

А во неофицијална размена на размислувања на оваа тема, професорот Андоновски ми го кажа следново:

Што се однесува до мене, јас често давам мотивирани имиња на моите поважни ликови. Сакам иконични имиња, такви кои ја отсликуваат и природата (суштината) на ликот и неговата појавност. Често користам и иконични имиња кои функционираат како кондензанти на наративната програма на ликот – во името се содржат неговите можни наративни предикати (претпоставени дејства). Често знам и да се поиграм иронично со тие дејства, кои можат да бидат целосна спротивност на името на ликот и на она што од него се очекува (да речеме ако некој отец се вика Посник, да не пости на Велики Петок). Или: ако некој се презива Благородник, иронично можам да му припишам дејства кои немаат ништо благородничко во себе.
Сакам, значи, често да си играм со тој ирониски регистар, кога името е спротивност на дејствата на ликот. Но, тоа не е секогаш така.
Често знам, како во Пајокот на светот, да позајмам и имиња на ликови од некој познат роман – Јан, Земанек и Луција се позајмени имиња од ликови на Милан Кундера, од неговиот ран роман Шега. За оние кои го читале романот на Кундера, тие влечат и наследуваат значење од тој мачен идеолошки роман; за оние кои не го читале, овие ликови се „празни форми“ (како фонеми) кои се исполнуваат со значења исклучиво од мојот текст. Така што – оној што ја читал Шега на Кундера, кога го чита Пајокот чита два романа, а оној кој не го читал – еден. Сакам такви двоплански игри со ликовите. Моите

[1] Значи, Андоновски не само што „позајмил“ имиња од друг автор туку и „рециклирал“ елементи и од своите претходни дела и ги искористил повторно, но облекувајќи ги во едно ново руво.

Луцијa, Земанек и Јан се засилени варијанти на истоимените ликови кај Кундера. Како да сум ги „надградил“.[2]

При натамошната анализа на имињата од „Папокот на светот“ ќе бидат земени предвид само оние што се креација на Андоновски, и тоа во делот „Клуч“.

1. *Иларион Сказник*

Иларион е раскажувачот и еден од главните ликови во овој дел од романот. Тој е млад советник на почитуваниот логотет, а *Сказник* е наречен токму од отците штом проговориле устата и јазикот негов уште како бебе. Но, тоа не било името што првобитно го добил:

На скали сум најден пред триесет и три години, па затоа сакале ***Лестивичник***[3] *да ме крстат. […] И така било, Лестивичник сум бил, сè додека устата моја не се отворила, на шест месеци, и додека Бог не ги уврдил зборовите под јазикот мој. А кога слушнале отците што ме нашле дека дете половингодишно знае најразлични собитија да преподава, и дека тие собитија корен немаат во стварноста, туку се дрво во воздух, измислица чиста, ме нарекле* ***Сказник****. […] Името Сказник ми прилега сосем, и малкумина ме знаат како Иларион; Сказник бев додека не дојде Филозофот. И оттогаш сум* ***Сказник-Казник****; сам себеси така се именувам, оти наказа божја, казна божја е душата моја во ова недолжно тело мое!* (Андоновски 2017б: 20 и понатаму)

Симболиката на „папокот“ како место на создавање е јасно артикулирана и во именувањето на Иларион, каде името се појавува како центар на моќ и на самоопределување:

Јас пред малку ви преподадов дека првин Лестивичник, а потем Сказник ме нарекоа, и дека гледам она што за другите невидливо е. Ме нарекоа, а значи тоа дека ме нарече владетелот, логотетот, со указ царски, со печат, оти во царството наше обичај имаше да те викаат онака како што ќе те именуваат логотетот и отците […]. Имињата потем одеа на печат кај царот, кој не ја проверуваше исправноста на името, туку само печат ставаше со прстенот свој врз тајната со името, нишан дека одобрува тоа нешто или тој некој отсега да се вика така и така. Веќе ви реков дека власта им ги дава имињата на нештата, буквите на предметите. Но не ви реков дека јас самиот си се нарековсо име за мене најпригодно: ***Мозаичник****.*

[2] Извадок од писмената комуникација по електронски пат со професорот Андоновски од 19.8.2020 г., преземен со негова дозвола.

[3] Истакнувањето на примерите со болдирани букви во сите наведени извадоци од делата се интервенција на авторката.

И ѳека за ѿоа име никој ѳруг̄ освен Бог̄, кој г̄леѳа сѐ, не знае. (Андоновски 2017б: 37)

На крајот од патешествието, повеќе од десет века подоцна, на именувањето на Иларион е додадено и уметничкото име на (во тој момент) циркузантот Јан Лудвик – *Соломон Лесѿвичник*, кој, како што може да се претпостави, многу умешно се искачувал по скали – и тоа не обични, туку скали потпрени на небото. Името *Соломон*, секако, повторно е поврзано со приказната на Иларион Сказник, во која царот Соломон е автор на стиховите што се кријат токму таму – во папокот на светот.

2. *Сѿефан Писмороѳецоѿ*

Токму Стефан бил отецот на писмото со кое требало да почне да пишува целото царство (да не дошол Кирил Филозоф). Иларион Сказник ќе ни каже дека „ниедно нешто за кое немаше слика во писмото на Стефан Писмородецот – не постоеше веќе, оти нештата постојат само доколку имаат име за да можеме да ги именуваме“ (Андоновски 2017б: 31).

Но, отец Стефан нема долго да го задржи ова благородно име: поради неговата лага, која Сказник ја нарекува „бескрајна“, „логотетот, со царски указ, со печат царски му го сменил името на Стефана, и тој веќе не беше Писмородец, туку Лествичник!“ (Андоновски 2017б: 61). На едно место во романот, тој од Сказник ќе биде наречен и *Лесѿвичник Беѳен*.

3. *Пелазг̄ij Асикриѿ*

Пелазгиј е уште еден многупочитуван отец, советник на логотетот и одговорен за библиотеката.[4] За неа, премудриот Кирил Филозоф ќе рече:

А вашаѿа библиоѿека сиг̄урно има наѳ илјаѳа чекори, ког̄а ќе г̄и обиколиш сиѿе ѕиѳови. Но ѿоа не значи ѳека не знаеш оѿи знаењеѿо не се мери во чекори; ако беше ѿака, оној кој везѳен чекори и си нема ѳруг̄а рабоѿа освен ѳа нѐ сѿава во искушение, ќе беше најумен, асикриѿ на сиѿе асикриѿи! (Андоновски 2017б: 28)

Вредни за истакнување се и зборовите на логотетот кога при приемот на Константин Кирил Филозоф, претставувајќи му ги своите најценети советници, вели:

Оѿец Иларион, Сказник шѿо г̄о викаме, оѿи сказанија сочинува без корен на земјаѿа. Оѿец Сѿефан, Писмороѳец по име, шѿо измисли нова азбука, поѳобра оѳ сег̄ашнаѿа. И оѿец Пелазг̄ij, Асикриѿ мој и царски, оѳг̄оворен за библиоѿекаѿа, учен мног̄у, кому ѳеновиѿе на живоѿоѿ ѳосег̄ашен му се ѳвојно помалку оѳ словаѿа прочиѿани. (Андоновски 2017б: 21)

[4] Во Византиската Империја асикритите учествувале и во активностите што се однесувале на државната политика.

Но, уште повредни ни се зборовите на Сказник, кој на ова ќе рече:

Така нѐ ѿпрѣдставѝ, небаре имињата ја исцрпуваат смислата на нештата шѿо ѓи носат, и небаре секоѓаш ѿочно, ѿо ѿравда и заслуѓа ни се ѕадени. А ѕадени ни се оѕ ѓрешнаѿа уѹа човечка, и заѿоа чесѿо ѓрешни се, ѿа чесѿо се случува свеѿи имиња на арамии и ѕрумски разбојници ѕа им се ѕадаѿ; само Боѓ ѓи знае виѹинскиѿе имиња на ѿојавиѿе и ѿредмеѿиѿе, но не ни ѓи ѿкрива, ѿѹи времеѿо не е ѕојдено, како во сказанијаѿа мои. (Андоновски 2017б: 21)

Умниот Сказник, значи, нѐ подучува дека имињата се, сепак, човечка, а не Божја креација. Така, тие сами по себе имаат грешна, а не безгрешна природа. Конечно, името може, но не мора верно да го отсликува својот носител.

Но, од уката што бедниот во душа Стефан Писмородец ќе му ја каже на Сказник, читателот ќе узнае приказна за еден друг бедник, придружена со зборовите: „Бедникоѿ, останувајќи беден и лукав до крајоѿ (оти името треба да им одговара на нештата што ги означува) […]“ (Андоновски 2017б: 118).

4. Имињата на другите отци

Ги редам овде сиѿе ѿо ред, о бедни, името ѕа не им се заборави; во летоѿис ѓи ставам, ѕа не се сѿре сѿоменоѿ на нив: […] ***Марко Посник, Марѓариѿ Духовник, Филареѿ Херсонецоѿ***[5]***, Јулијан Граматик, Матеј Боѓослов, Теофилакѿ Златоуѹиоѿ, Авѓуѹѿин Блаженоиѿ, Кирил Боѓомолец, Гриѓориј Боѓумил […]*. (Андоновски 2017б: 45)

Очекувано, имињата на отците се од грчко (*Гриѓориј*, *Илариона*, *Кирил*, *Сѿефан*, *Филареѿ*), од латинско (*Марко*, *Јулијан*) и од еврејско потекло (*Маѿеј*), и сите се застапени во Библијата.

Синџирот од именските определби на отците, пак, е пример за тоа како Андоновски со едно редење имиња гради цел ономастички систем, а истовремено и „мини-иконографија“ на духовниот свет во романот: *Посник* јасно го профилира ликот преку аскетска практика; *Духовник* укажува на исповедник, духовен пастир; *Херсонецоѿ* го вкотвува во конкретен топос (Херсон) и во историско-географски контекст; *Граматик* ја нагласува неговата ученост и писменост; *Боѓослов* директно асоцира на теолог, толкувач на Божјото слово; во *Златоуѹиоѿ* „се вселува“ традицијата на црковниот оратор, проповедник со „златна уста“; *Блаженоиѿ* сугерира духовна полнота, истовремено упатувајќи на традиционалната христијанска димензија на блаженството како есхатолошка награда и состојба на душевен мир;

[5] Херсон – град во денешна Украина, чие подрачје до 16 век му припаѓало на Кримското Ханство. Во христијанството е познат по светите седум херсонски свештеномаченици: Василиј, Ефрем, Евгениј, Елпидиј, Агатодор, Етериј и Капитон.

Богомолец го дефинира како човек на молитвата; *Богумил*, пак, го активира асоцијативното поле на богомилството.

3.2 Антропонимите во „Вештица“

Во поговорот кон маестралниот „роман во сурова состојба“ од Андоновски, Петре М. Андреевски ќе истакне дека авторот „е супериорен мајстор да ги вработи сите зборови и на сите да им даде еднакви, речиси рамносилни задачи и значења. Да ги стави во една неделива заедница на едно неповторливо фармациско дејство. И за наша радост, речиси никаде да не можеш да му најдеш колебливи места во избраната матрица. Да му откриеш реченица во која зборовите меѓусебно нема да се поднесуваат“ (Андоновски 2017а: 498).

Овој увид на Андреевски особено се потврдува во начинот на кој Андоновски ги избира и ги обликува антропонимите во „Вештица“. Имињата на ликовите и во овој роман се исполнети со семантичка, со етичка и со културна резонанца, станувајќи клучни носители на значенската многуслојност на романот.

1. *Падре Бенџамин*

Бенџамин е еврејско име, а значи ’љубен син‘. Интересно е и тоа што името на еден од главните ликови во романот би можело да е и автобиографски мотивирано.[6] Името, *Венко*, според „Православниот календар“, произлегува и претставува скратена, галовна форма на словенското име *Венцислав*, но според Марков (1968: 362), тоа потекнува од *Венџамин*, т. е. *Бенџамин*.

Како и да е, дури и мотивацијата за името *Бенџамин* навистина да потекнува од сопственото име на авторот, тој му ја дава можноста на читателот од 21 век да го промени зашто, навистина, нему би можело да му звучи туѓо, несоодветно или, со зборовите на Андоновски: „[…] смисли ти поубаво име за падре Бенџамин, ако тоа е ’кретенско‘“ (Андоновски 2017а: 114).

2. *Чарли Хиѿ*

Псевдонимот на имплицитниот писател под кој пишува крими-приказни за еден дневен весник потекнува од името *Чарлс*, чиј корен, пак, е германското *Карл* ’слободен човек‘. Истата семантика ја носи и името на неговата баба, *Слобоѿка Аѿанаскова*. Значи, нашиот писател очајно, дури и преку имињата го покажува својот стремеж кон ослободувањето – ослободување од „стегите“ на жена си, на уредникот, на болеста на татко си. А и слободата ќе ја најде – во прегратките на црвенокосата Јована.

3. *Јована* и *Јоана*

Јована е еврејско име со значење ’Бог е милостив‘. За разлика од *Бенџамин*, *Јована* е име карактеристично за нашите краишта, на што укажува и

[6] За овој указ ѝ благодарам на мојата менторка, проф. д-р Силвана Симоска.

авторот: „Овде [во Хрватска] ја викаат Јохана“ (Андоновски 2017: 191).

Црвенокосата убавица од 17. век се сретнува и под името *Јована Македонска*, а татко ѝ, *Исијан од Македонија*, носи име што исто така потекнува од *Јован*.

Јована од денешницата ја среќаваме под прекарот *Црвенокоса̄та*. И ако Јована од 17. век се сретнува како *Јована Македонска*, а имајќи ја предвид доследноста на Андоновски, не е за изненадување тоа што модерната Јована е наречена и *Црвенокоса̄та Македонка*.

Јоана е сестрата близначка на Јована. Алитерацијата на имињата ја има задачата да го засили чувството на припадност кон семејството, а нераскинливата врска меѓу овие сестри близначки е дополнително засилена преку фонетската сличност на нивните имиња: „[...] ти од две половини си сочинета, како месечина. Сама себеси си близнак. До пола си Јована, од пола Јоана (исти се половините во близниот плод), но никогаш двете заедно. […] И зарем само едно ’В‘ ве разделува и ве спојува […]?“ (Андоновски 2017а: 343).

4. *Вода*

Интересен е и разговорот меѓу падре Бенџамин и Јована за името на детето што си го посакуваат: *Вода* или *Водан*. *Вода*, зборот кој падре Бенџамин од Хрватска најпрво нема да го разбере, според „Толковниот речник на македонскиот јазик“ (2003–2014: 217) значи „молња, секавица, молскавица, секавица“, а како второ значење се наведува митолошкото, односно дека означува „вештерка, зла самовила; суштество што талка ноќе“. Освен тоа, Ведите се најстарите свети писанија за хиндуизмот и се сметаат за најраниот облик на книжевност на санскритски јазик, на кој *vedana* значи ’знаење, мудрост‘. Но, кога падре Бенџамин, кој доаѓа од Хрватска, за првпат ќе го чуе ова име, го поврзува и со зборот *вода*, па ќе помисли на својата огнена Јована, сочинета и од оган и од вода.

5. *Џон* и *Бен*

За постојаноста и за доследноста на авторот сведочат и ликовите од крими-приказните на имплицитниот писател. Имено, името *Џон* потекнува од *Јован*, а *Бен*, се разбира, од *Бенџамин*. Врската меѓу Јована и нејзиниот Папà, како што таа го нарекува падре Бенџамин, се отсликува и на очекувани и на не толку очекувани места, па дури и во навидум неважните имиња на фиктивните ликови од крими-приказните на Чарли Хит.

Сепак, на уредникот на весникот воопшто нема да му се допаднат овие туѓи, далечни имиња, па ќе му замери на надежниот писател – чиј псевдоним е исто така несвојствен за македонскиот читател на весникот – дека „приказната не е лоша, иако е малку [...] претерана, пренадуена... кај нас нема ни Бен ни Џон, има Бошко и Ѓорѓија[7]; направете ја поблиску малку до нашата стварност […]“ (Андоновски 2017а: 35).

[7] Словенската адаптација на *Џон* не е *Ѓорѓи*(*ја*) туку *Иван*/*Јован*. За овој указ ѝ благодарам на мојата менторка, проф. д-р Силвана Симоска.

6. *Флоријан Грацијанчиќ* и *Цветан Благородниќ*

Флоријан Грацијанчиќ, нељубениот сопруг на Јована од 17 век, наспрема *Цветан Благородниќ*, исто толку нељубениот партнер „про форма“ на Црвенокосата од модерната доба, е само уште еден од низата примери во романот каде што името на ликот укажува на неговото повторно и повторно „воскреснување“ во годините и еоните, но и на ироничната игра на Андоновски со имиња чија семантика е во целосна спротивност со особеностите на ликот – ниту кај Флоријан ниту кај Цветан не постои ништо благородничко.[8]

А ако некој, сепак, не ја воочи оваа толку јасна паралела, Црвенокосата ќе му помогне со следните зборови: „Флоријан, а? И уште Грацијанчиќ? Мислиш не знаев и пред тоа дека Флоријан е Цветко? А Грацијанчиќ – Благородниќ?“ (Андоновски 2017а: 435).

7. *Винко*

Семинаристот *Винко*, верниот пријател и придружник на падре Бенџамин, кој е именуван со словенската варијанта на името *Винсент* (лат. *vincentius* ’победник‘), и навистина ќе биде победник во моментот кога ќе го „сети мирисот на светлината, а тоа никој, никој друг не го осетил на овој свет“, по што од школата на Бога ќе стигне во школата на Галилео, каде што сите ќе узнаат дека Галилео се преторил токму во овој семинарист и „дека како заборавен покојник, по цела вечност, се враќа дома“ (Андоновски 2017а: 24).

Како што видовме погоре, меѓу името *Бенџамин* и она на авторот, *Венко*, постои етимолошка нишка, додека во случајот со името на верниот сопатник на Папà врската е фонетска.

8. *Амат Португижанин*/*Луситанус* и *Среќко*

Дека Андоновски вешто го искористил сето богатство што може да го содржи едно име, сведочат и примерите со името на угледниот дубровнички лекар од 17 век, *Амат Португижанин*, наречен *Амат Луситанус*[9], како и со она на македонскиот пулмолог, почитуваниот доктор *Среќко*, чие име ќе го инспирира авторот на многу места во романот, па „среќа од човек“ безмалку ќе му стане и прекар („Среќко, среќа од човек“ (Андоновски 2017а: 158). Среќко е опишан и како „среќа од Бога сотворена, среќка од лотарија неизмислена […]. Среќко, среќка Божја, невидена“, среќа која „договор со ѓаволот ти нуди“, договор да му го продолжи животот на болниот татко на имплицинтниот автор за бедни шест месеци:

И потем тој го пополнува формуларот, договорот со ѓаволот, заверен со негов печат, од прим. д-р Среќко, а ти си велиш: па ова „примариус“ значи прв меѓу најпрвите, на латински. Среќко мој е тоа, не е шега. Ѓаолот лично, Примус и Примариус! (Андоновски 2017а: 228)

[8] В. т. **3.1** и коментарот од Андоновски.

[9] Луситанци, жители на римската провинција Луситанија – денешна Португалија.

Го одведе кај Среќко, среќка твоја, другар крвен. Преку врска. (Андоновски 2017а: 230)

За жал, името на лекарот нема да му донесе среќа ниту на нашиот писател, а уште помалку на неговиот татко, кој не е заинтересиран да потпишува договори со ѓаволот и сам си ги скратува маките:

[...] ги интересира што бараш ти тука, кај Среќко, среќка невидена, од лотарија неизмислена, со ѓаволот уједисана. Оти кој кај Среќко оди, далеку не доодува. (Андоновски 2017а: 231)

9. *Целадин-бег* и *Зорица*

Целадин-бег е џелатот на Јована од 17 век („џелат Џеладин“ (Андоновски 2017а: 246)), но џелатот на нашиот автор има многу понеочекувано име – *Зорица*, име кое ниту фонолошки ниту значенски никако не потсетува на некаков страшен крвник, безмилосен мачител. Авторот ќе ни открие дека првпат го запознал својот „џелат“ кога имал пет години, а потоа со него бил во постојана војна, војна до истребување. И кога бегајќи од неа ќе се скриел во шпајзот, таа го покажувала своето вистинско, најтемно лице. Го оставала внатре заклучен, исклучувајќи му го светлото, оставајќи го преплашен во страшна, црна темница! На идниот писател не му останувало ништо друго освен да ја моли: „Или барем пушти ми светло, Зорице, Зоро, те молам!“ (Андоновски 2017а: 316), и потем ќе го чуел студеното чкрапање на прекинувачот, по што доаѓала измолената светлина. Секако, ниту името на овој џелат во тело на девојче, кое управува со светлото во шпајзот (’зора, изгрејсонце‘) не е избрано случајно. Како, впрочем, и секое друго име во овој роман.

Интересно е што додека Андоновски за дел од своите ликови од „Папокот на светот“ „рециклирал“ имиња од Милан Кундера (в. т. **3.1**), во романот „Ќерката на математичарот“ задржал ликови и од овој роман и од романите „Вештица“ и „Азбука за непослушните“, но овој пат давајќи им нови имиња:

*Значи, овој чуден роман го напишаа моите ликови **Црвенокосата**, **Русокосата** и **Чарли Хит** (од Вештица), кои најверојатно самоиницијативно се сретнале на тајно заседание, каде дискутирале колку праведно сум постапил кога сум им ги определувал судбините во претходниот роман. [...] Црвенокосата и Русокосата од Вештица решиле дури и да си ги сменат имињата, така што Црвенокосата Јована сега се вика Ема Пил, понекогаш само Пи, а Русокосата – Меглена. Ним, не знам како и кога, им се приклучил и еден тежок негативец, гнида од човек, што во Азбука за непослушните се вика отец Ефтимиј, во Папокот на светот **отец Стефан Писмородецот**, а овде си го зел името Алваро Муертес.* (Андоновски 2019: 7 и понатаму)

4. Заклучок

Анализата на антропонимите во романите „Папокот на светот“ и „Вештица“ покажува дека именувањето кај Андоновски има централна стилска функција.

Во „Папокот на светот“ антропонимите се вградени во сложена постмодернистичка структура, во која се мешаат позајмени имиња и оригинални креации, се активира историско-религискиот регистар (грчки, латински, еврејски имиња на отци), се тематизира именувањето и врската меѓу писмото, јазикот и стварноста.

Во „Вештица“, пак, антропонимите ја нагласуваат двојноста и повторливоста на ликовите и на судбините, овозможуваат иронична игра меѓу значењето на името и дејствата на ликот, создаваат слоевит меѓутекстуален простор преку автобиографски и интертекстуални конотации.

Од перспектива на книжевната ономастика, антропонимите на Андоновски потврдуваат дека во уметничката литература референцијалното значење на имињата често се претвора во сигнификативно, симболично и стилско значење. Името станува кондензирана наративна програма и клуч за карактерот. Конечно, може да се заклучи дека ономастичкиот систем кај Андоновски е своевиден „папок на неговиот книжевен свет“ – место каде што се врзуваат јазичните, културните, теолошките и поетичките нишки на неговите дела.

Resümee

Der Beitrag untersucht die Anthroponyme in Venko Andonovskis Romanen *Der Nabel der Welt* und *Die Hexe* und zeigt, wie Personennamen als bedeutungstragende, stilistisch markierte Zeichen fungieren. Nach einer theoretischen Einführung richtet sich die Analyse auf Andonovskis bewusst eingesetzte Benennungsstrategien. In *Der Nabel der Welt* schaffen Namen wie *Ilarion Skaznik* und *Stefan Pismorodecot* ein pseudo-historisches monastisches Universum, das religiöse, soziale und moralische Kategorien sprachlich abbildet. Die Verwendung „entliehener“ Namen aus Milan Kunderas *Der Scherz* (*Jan Ludvik*, *Lucija Zemanek*) eröffnet eine postmoderne Intertextualität und thematisiert die Macht des Benennens sowie die Fragilität der Identität. In *Die Hexe* wirken Namen wie *Jovana*/*Joana*, *Florijan Gracijančikj/Cvetan Blagorodnikj* und *Srekjko* als semantische Verdichtungen von Charaktereigenschaften, Schicksalslinien und kulturellen Codes. Andonovski arbeitet häufig mit ironischen Brechungen, indem er Namen wählt, deren ursprüngliche Bedeutung dem Verhalten der Figuren widerspricht. Andonovskis Namengebung stellt ein zentrales poetisches Mittel dar, durch das er ein vielschichtiges fiktionales Universum aufbaut, historische und mythische Ebenen verknüpft und die kulturelle wie ideologische Dimension des Benennens reflektiert.

Литература

Андоновски, В. 2017а: *Вештица*, ТРИ, Скопје.

Андоновски, В. 2017б: *Папокот на светот*, ТРИ, Скопје.

Андоновски, В. 2019: *Ќерката на математичарот*, ТРИ, Скопје.

Коробар-Белчева, М. 2006: „Личните имиња во функција на уметничката порака“, Велковска, С. (ред.): *Зборник на трудови од научниот собир„Функционалните стилови во македонскиот јазик“. 13 – 14 април 2006*, Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков“, Скопје, 85–91.

Марков, Б. 1968: „Образување на македонските галовни имиња“, *Годишен зборник на Филозофскиот факултет*. Скопје, 339–382.

Ризовски, Ж. 2002: „Стилската функција на ономастичката лексика во македонската поезија и проза“, Аргировски, М. (ред.): *Македонистика*, Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков“, Скопје, 3–71.

Толковен речник на македонскиот јазик I–VI, 2003–2014, Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков“, Скопје.

Šimunovuć, P. 1976: „Ime u funkciji književnog dela“, *Onomastica jugoslavica*: *glasilo Međuakademijskog Odbora za Onomastiku*, Natisnil Prosvetni Servis, Zagreb/Ljubljana.

УДК 811.163.3(062)(049.3)

НОВИОТ ЗБОРНИК НА ТРУДОВИ ОД IX МЕЃУНАРОДНА НАУЧНА КОНФЕРЕНЦИЈА „МАКЕДОНСКИОТ ЈАЗИК – ИЗВОР НА НАУЧНИ ИСТРАЖУВАЊА“

Пред нас имаме нови испечатени 439 страници, вметнати меѓу кориците на новиот Зборник „Македонскиот јазик – извор на научни истражувања“ (Скопје, 2025), од триесет и деветте рецензирани трудови на колегите што ни ги испратија своите текстови, со чиј број се достигна вкупниот број од речиси петстотини рецензирани и објавени трудови во деветте зборници во десет книги, сите прикачени во електронска форма на интернетската страница на Институтот за македонски јазик „Крсте Мисирков“ – Скопје.

На IX меѓународна научна конференција, која се одржа на 16 и на 17 октомври во 2024 година во рамките на Отворените денови на Институтот за македонски јазик „Крсте Мисирков“ – Скопје, како и секоја година, имаше централна тема/централни теми, па во таа насока, најпрвин ги издвојуваме да ги претставиме насловите пријавени за минатогодишната централна тема: „150 години од раѓањето на Крсте Мисирков“, меѓу кои е вклучен трудот: „Славистичко-политичките полемики за односот *наречје – јазик* во времето на Мисирков од Димитар Пандев, кој, во својот труд ги разгледува различните ставови и погледи за концептите „наречје“ и „јазик“ во славистиката (во контекст меѓу панславизмот и неославизмот), и односот на Мисирков кон нив – до кристализацијата на неговото становиште за издигнување на централното македонско наречје на степен на македонски литературен јазик. Со интерпретација од историскојазичен, историскодијалектен и социолингвистички аспект на Мисирковата програма на кодификацијата на македонскиот јазик во книгата „За македонцките работи“, Пандев ја зафаќа и второнаведената централна тема од минатогодишната конференција „80 години од кодификацијата на современиот македонски јазик“.

Нови истражувања за пасивните конструкции и нивната употреба, особено со перифрастичниот *сум*-пасив и рефлексивниот *се*-пасив, од типот: (1) Во ноата книга *се зборуаѿ* и за отцепуаін'е и за соединуаін'е (*е зборувано) и (2) Језуитите *сеѿ иѕѿерани*, тукуречи, от сите европеіцки земіи.... (*се истераа) од делото „За македонцките работи“ на К. П. Мисирков, во споредба со нивните употреби во современи текстови од сличен академски стил, се предмет на истражувањето на колешките Лилјана Митковска и Елени Бужаровска, при што авторките доаѓаат до заклучок дека споменатите

конструкции во текстовите на Мисирков не се разликуваат многу од современите состојби во таков тип на текстови (иако забележуваат одредени непоклопувања).

Во рамките на текстот, именуван според Мисирковиот наслов: „Шчо напраифме и шчо требит да праиме за однапред?“, на почетокот од трудот, и Мисирковите зборови дека „... свеста и чувството дека сме Македонци кои зборуваат македонски јазик треба да стојат повисоко од сè друго на светов“, како дел од заклучната последна реченица на трудот, авторките: Виолета Јанушева, Марија Стојаноска и Елизабета Јончиќ претставуваат дел од современата состојба, односно употребата на стандарднојазичната норма во насловите од електронските медиуми во РСМ, во однос на интерпункциските и на правописните знаци, задржувајќи се на нивните отстапувања. Низ својата анализа, авторките даваат опсежен преглед на развојот на македонскиот јазик, по ослободувањето – до денес, со што се допираат до двете (предложени) централни теми од минатогодишната конференија.

***

Словенското ракописно наследство, како тема, беше предизвик за нови истражувања на колегите: Борче Арсов, кој го истражува можниот начин во *Македонското евангелие на Поп Јован* (правејќи паралели со преводите на новиот завет на современ македонски јазик од 19 в.); а Михајло Марковиќ, Соња Новотни и Мери Цубалевска ги анализираат сложенките со компонента *благо-* и *добро-* во: Слоештичкиот патерик, Слепченскиот патерик и Македонскиот патерик бр. 4.

***

Со анализата на одделни лексеми, како и со нивната етимологија и семнатика се занимаваат: Дарко Томовски и Веселинка Лаброска, во чиј труд се разработуваат потеклото и значењето на етнонимот *Словени*, преку интердисциплинарен пристап, кој ги вклучува ономастичките проучувања, историјата, индоевропеистиката, споредбената граматика и зборообразувањето; потоа Александра Гецовска, која пишува за лексемата *бутин*, па Душко Деспотовски, кој ја анализира лексемата *страна* и Сунчица Трифуновска-Јаниќ, која ни ги претставува називите што го означуваат ‘местото низ кое тече реката, како и местото покрај река’.

***

Дијалектолошките истражувања на Васил Дрвошанов, овој пат, се насочени кон фонетските дијалектизми во збирката раскази „Смеа низ сокаците“ од Кочо Урдин, во чија основа лежи струмичкиот говор, а е пишувана и е објавена пред публикувањето на (како што вели авторот) „главните македонски лексикографски трудови“.

Називите на растенијата *јаглика* и *комоника* во македонските дијалекти и нивната етимологија е предизвик за анализа на авторките Веселинка Лаброска и Катица Трајкова, чиј текст е збогатен со описот на народните верувања поврзани со овие растенија и со нивните својства.

За растенијата во песните од пролетно-летниот обреден циклус пишува Катерина Петровска-Кузманова, која ни ја открива повеќекратната нивна симболика.

Давор Јанкулоски и Соња Миленковска ги анализираат етимолошки македонските дијалектни називи за 'необработена земјена површина', при што се осврнуваат и на нивната географска дистрибуција.

***

На ономастички план, етниците и ктетиците од имињата на населените места во областа Подгор – Тетовско е предизвик за анализа на колешките Мери Јосифовска и Мирјана Велјаноска-Томовска.

Повторно за Тетовско, но овој пат, за именувањата на роднинските односи преку примерите: *јетрвица, свекрвица, ќитена неества* и други, во тетовските народни песни, пишуваат Марина Спасовска и Марина Даниловска.

Зоран Спасовски се задржува на одредени културолошки и јазични карактеристики, кои укажуваат на потесни врски меѓу *полските* и *македонските Словени* за периодот од околу X в. од н. е., при што, во заклучоците, го истакнува фактот дека ономастиката може да даде помош во истражувањата на други науки (археологијата, географијата и историјата).

За топонимиската лексика, извлечена од стиховите на поетите на руската емиграција (од првиот бран), во која е споменато и Охридското Езеро, пишува Наталија Лапаева-Ристеска.

***

Преведувањето на правните акти се предмет на интерес на Елена Јованова-Грујовска, Весна Костовска и Кристина Тодоровска, кои ги анализираат *интернационализмите во македонската јазична средина*, преку поимите што се во службена употреба во институциите и во телата на Европската Унија, а се преведени на македонски јазик; и на колешките Љубица Кардалеска-Радојкова и Татјана Срцева-Павловска, кои ја анализираат *интердисциплинарната динамика на лингвистиката* преку примерот на правните акти на ЕУ, пресликано во прирачниците за изедначување и за стандардизирање на терминологијата.

***

Низ призмата на лингвистичкиот пуризам, Симона Груевска-Маџоска го анализира односот кон србизмите и кон божемните србизми (меѓу кои авторката вбројува лексеми од кулинарската лексика и некои дијалектни зборови) од современиот македонски јазик.

Често пати истражувањата од лексиката се насочени на еден автор или еден роман, како што е трудот на Антоанета Тримчевиќ, „Лексиката според потеклото во Романот 'Свадбата на Мара' од Владимир Костов", којашто ја издвојува црковнословенската лексика како најзастапена во рамките на словенската, а турската – на несловенската лексика.

***

Со терминологијата, во рамките на трудовите од минатогодишниот зборник, се занимаваат авторките Македонка Додевска и Лидија Аризанковска, анализирајќи го „Словенечко-македонскиот медицински терминолошки речник“, како и: Марија Пандева, која прави преглед на терминологијата поврзана со да-конструкцијата, истакнувајќи ги специфичностите на термините употребени во македонскиот јазик.

Понатаму, англизмите во информатичката терминогија во македонскиот и во словенечкиот јазик е предизвик за споредбена тема на која се задржува Моника Трпковска.

Со контрастивна анализа, Томислав Ќужиќ прави преглед на математичката терминологија во двата терминолошки јазични системи (хрватскиот и македонскиот), запишана во Хрватско-македонскиот речник, објавен во Загреб (2015).

***

Фразеологијата како јазична дисциплина е предмет на интерес на Ивана Блажевска-Ристовска, која го истражува концептот *сиромаштија* во македонската фразеологија; потоа на Лилјана Макаријоска и Бисера Павлеска-Георгиевска, кои ги истражувааат имињата како фразеолошки компоненти во македонската литература, а Николае Станчу, преку компаративен пристап, прави споредба на културните и на јазичните маркери во двата јазици (македонски и романски).

Авторот Иван Котев ги анализира поговорките и изразите од Струмица и Струмичко, осврнувајќи се на стилските фигури употребени во нив.

***

Во својот труд, Снежана Петрова-Џамбазова, преку анализа на неколку изданија од современата македонска уметничка литература, се фокусира на јазичните можности и на правописните правила на македонскиот јазик, давајќи препораки да се подобри јазичниот израз на писателите.

Предмет на анлиза на трудот на Звонко Никодиновски е употребата на заменките: *што, нешто, ништо, сешто*, во четири видови комуникативни единици во македонскиот јазик (*интерактивни единици, пословици, афоризми* и *вицеви*), со прецизна математичка избројаност.

Низ контрастивна анализа меѓу германскиот и македонскикот јазик, Сашка Грујовска-Миланова ги издвојува граматичките средства за означување индиректен говор (со фокус насочен кон употребата на формите за конјунктив) во расказот „Преобразба“ од Франц Кафка.

***

Целта на истражувањето на трудот „Сите бои на сливата“ (од Лидија Тантуровска) е да се покаже дека со игра на зборови (преку една шега во македонскиот јазик) може да се отвори простор за анализа на повеќезначноста на називите на боите (не само да означуваат/да не означуваат боја,

туку, некои од нив, на пример, зелената наспроти жолтата/црвената да означуваат зрело наспроти незрело).

Марија Антевска го анализира македонскиот политички дискурс низ определен број концептуални метафори, а јазичниот израз на Петар Костов го анализираат колешките Лилјана Макаријоска и Мери Цубалевска.

Предмет на анализа на текстот на Јордана Марковиќ е функцијата и формите за обраќање во „Село зад седумте јасени“, од Славко Јаневски, при што авторката заклучува дека најголемиот дел од овие форми му припаѓаат на антропонимискиот систем и дека поголемиот дел се форми што се однесуваат на машкиот пол, а помал дел – на женскиот, а во однос на граматичката категорија број, доминираат еднинските форми на сметка на формите за множина.

***

Во однос на наставата по македонски јазик е трудот на Борјана Прошев-Оливер, која прави анализа со која ни дава слика на сопственото и туѓото во учебниците по македонски јазик како странски, а колку „грешат“ и како „грешат“ верзиите од чатџипити-моделите на вештачката интелигенција пишуваат Андријана Павлова и Татјана Гочкова-Стојановска со темата: „Проверка на граматичката компетенција на (GPT-моделите) на македонски јазик: зборовна група именки“.

Со еднаква вредност го споменуваме и последниот труд од Зборникот: „Теренски записи поврзани со орската традиција во Источното игроорно подрачје на Македонија“, на авторот Стојанче Костов, кој ни ги „открива“ записите од Архивот на Институтот за фолклор, кои се напишани на дијалекти и кои можат да бидат подлога за јазична анализа.

Научноистражувачките трудови од минатогодишната конференција, објавени во најновиот Зброник, се подредени по азбучен ред на авторите, а ние се обидовме да ги групираме тематски иако не може секогаш да се врамат стрикно, што пак е една од доблестите на современата наука.

Во импресумот на објавениот Зборник се наредени имињата на членовите на Редакцијата, кои истовремено се и членови на МОО „Македонскиот јазик – извор на научни истражувања“ и тоа: проф. д-р Елена Јованова-Грујовска (директорка на Институтот), проф. д-р Лидија Танту-ровска (претседателка на МОО), проф. д-р Борче Арсов (секретар на МОО), проф. д-р Катица Трајкова, проф. д-р Веселинка Лаброска (дописен член на МАНУ), проф. д-р Весна Костовска, проф. д-р Снежана Петрова-Џамбазова и ас. истражувач м-р Андријана Павлова, како и колегите од странство: акад. Јан Соколовски (Вроцлав) и акад. Виктор Фридман (Чикаго), и професорите: д-р Вера Смоле (Љубљана), д-р Емине Инанир (Истанбул), д-р Маќеј Кавка (Краков), д-р Ален Калајџија (Сараево), д-р Жарко Бошњаковиќ (Нови Сад), д-р Наталија Бороникова (Перм), д-р Бранко Тошовиќ (Грац), д-р Станислав Станковиќ (Косовска Митровица), д-р Борјана Прошев-Оливер (Загреб) и д-р Јуси Нуорлуото (Упсала), кон кои се додадени и почесни членови на

Меѓународниот организациски одбор: д-р Мито Аргировски, н. сов., д-р Љубица Станковска, н. сов., д-р Марија Коробар-Белчева, н. сов., д-р Димка Митева, н. сов., д-р Васил Дрвошанов, н. сов., д-р Стоја Поп-Атанасова, н. сов., д-р Снежана Велковска, н. сов. (која беше претседателка на првата конференција посветена на Крсте Мисирков) и д-р Олгица Додевска-Михајловска, н. сов.

Со надеж дека и седумдесетината трудови што беа презентирани на X меѓународна научна конференција (на 12 и на 13 ноември 2025 година) во рамките на Отворените денови на Институтот годинава ќе си го најдат своето место во Зборникот, кој го очекуваме да се испечати следната календарска година, продолжуваме да реализираме едно од основните начела на Институтот, а тоа е афирмација на македонскиот јазик како дел од светското јазично семејство.

Лидија Тантуровска[1]

[1] Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков“ – Скопје, lidijatanturovska@yahoo.com

УДК 811.163.3'35(038)(049.3)

КОН ПРАВОПИСНО-НОРМАТИВНИОТ РЕЧНИК НА МАКЕДОНСКИОТ СТАНДАРДЕН ЈАЗИК

Со особена чест и со чувство на радост, го промовираме **Правописно-нормативниот речник на македонскиот стандарден јазик (Том I)**, капитален труд кој ја одразува динамиката на нормативниот развој на македонскиот јазик.

Во секој стандардизиран јазик, како што е добро познато, постоењето на нормативен речник е нужност од причина што нормата, како систем на јазични правила, не може да егзистира само во теориско-описна форма, таа мора да биде јасна, применлива и јавно достапна. А преку овој Речник со висока научна и практична вредност, токму тие функции се во целост реализирани – правописните и правоговорните решенија се јасно пропишани, при што: се потпираат врз јазичната традиција, произлегуваат од современата правописна норма и се надоврзуваат на потребите на јазичната реалност.

Објавен со поддршка на Министерството за култура на РСМ, како проект од национален интерес од областа на литературата и издавачката дејност за 2024 г., Речникот е дело на тимски, темелен и високостручен ангажман на автори кои доаѓаат од двете водечки научни институции во земјата – Институтот за македонски јазик „Крсте Мисирков“ и Катедрата за македонски јазик при Филолошкиот факултет „Блаже Конески“. Тој претставува резултат на систематска анализа изведена преку примена на современата лексикографска методологија, а се потпира врз релевантни извори, како што се: важечките правописни и граматички правила, корпусот на македонскиот јазик, неговите нормативни документи и врз практична лингвистичка анализа.

Пристапот на авторите: *Људмила Спасов, Симон Саздов, Искра Пановска-Димкова, Елена Јованова-Грујовска, Виолета Јанушева, Снежана Велковска, Елизабета Бандиловска и Лидија Аризанковска*, кој во својата основа е академски прецизен, лингвистички интуитивен и во духот на јазикот, е конкретизиран преку три главни одлики:

- прво, Речникот се надоврзува на Правописот на македонскиот јазик и првенствено ја актуализира правописната и правоговорната норма на македонскиот стандарден јазик во првата половина на 21. век,

- второ, во согласност со основната задача на еден нормативен речник, тој ја определува претпочитаната форма на зборот и, во најголемиот број

случаи, предлага една форма на местото на досегашните две, притоа, како критериуми, применувајќи ги: бројот на употреби на фомата во практиката или, во отсуство на значителна разлика во употребата на двете форми, се застапува строгиот критериум на силата на научните факти, и,

- трето, Речникот го одразува процесот на стабилизација и на унапредување на македонската јазичностандардна норма во својот континуитет.

Според содржинската рамка, Речникот ги опфаќа зборовите со буквите од **А** до **Ж**, а изданието што е пред нас, го претставува **ПРВИОТ ТОМ** од пообемниот проект кој следи и кој има за цел да понуди комплетна лексичка основа на македонскиот стандарден јазик, обработена врз нормативна принципи.

Зборовите се дадени по азбучен ред, а за секој збор е назначена неговата стандардизирана правописна форма. Во однос на акцентот, пак, кај сите зборови што отстапуваат од третосложното акцентирање е обележано местото на акцентот, додека кај зборовите што продолжуваат да се приспособуваат кон акцентскиот систем на македонскиот јазик, бележењето на акцентот е двојно претставено.

На одредено рамниште, за овој Речник може да кажеме дека претставува придонес и кон уточнувањето на одделни граматички решенија во поврзаност со формите на именките што отворааат прашања од гледна точка на правописот, со дел од простите броеви за одредена и приближна бројност, со одделни форми на сложените придавки, на заменките во своите форми за подмет, а по нив и за индиректен и за директен предмет, како и со прашања во однос на правописот кај одделни свршени и несвршени глаголи; додека глаголските придавки и глаголските именки што имат почеста употреба се изделени како одделни речнички единици. Во тој поглед, Речникот обезбедува правописна сигурност поддржана со јасна граматичка насока, што дополнително помага во зацврстувањето на нормативната функција, особено таму каде што во практиката постои варијантност, несигурност или колебливост во примената на одделни морфолошки форми.

Со сите свои одлики, Речникот, кој не само што го регистрира она што е во употреба туку го потврдува и го препорачува она што е правилно во согласност со нормата, добива улога на продолжение на Правописот – како негова дополнителна верзија, неопходна во секојдневната јазична практика. Во таа смисла, Речникот нуди драгоцена помош за академскиот колектив – за лингвистите и за студентите, претставува водич за наставниците и за учениците, тој е потпора за медиумите и за новинарите, и „десна рака“ на лекторите, писателите, преведувачите и за сите што активно го користат македонскиот јазик во неговата пишана или говорна форма, соочувајќи се, не ретко, со лексички и со граматички дилеми.

Крајно, во актуелниов момент, кога јазикот е изложен на бројни предизвици – меѓу кои првенствено би можеле да ги издвоиме: технолошката

експанзија во форма на дигитализација, потоа, притисокот на туѓата лексика, празнините во терминолошката сфера и нивната поврзаност со јазичниот конформизам, како и недостатокот на писменост во јавната комуникација, итн., издавањето Речник од ваков тип претставува влог во сигурноста на јазичната иднина за генерациите што доаѓаат.

Уште еднаш, благодарност до институциите и до соработниците, но особено срдечна благодарност до авторите и до редакторите кои со сето свое професионално искуство и со педагошка одговорност создадоа Речник што го надградува и го афирмира македонскиот стандарден јазик, што ја одржува, но и ја унапредува неговата норма; Речник, чие постоење ќе има долгорочно влијание врз стабилноста на македонскиот јазичен стандард!

Татјана Гочкова-Стојановска[1]

[1] Филолошки факултет „Блаже Конески“ – Скопје, tanjag@ukim.edu.mk

УДК 811.163.3(062)(049.3)
УДК 821.163.3.09:81(062)(049.3)

НОВ ЗБОРНИК ПОСВЕТЕН НА ЈАЗИКОТ ВО УМЕТНИЧКАТА ЛИТЕРАТУРА

„Јазикот во уметничката литература“, Едиција „Јазикот наш денешен“, кн. 35, Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков“, Скопје 2025

Традицијата на објавувањето на зборниците од научните собири во рамките на Деновите на Благоја Корубин продолжува и со особено задоволство се осврнувам на зборникот „Јазикот во уметничката литература“, издаден како кн. 35 од едицијата „Јазикот наш денешен“ и како вљубеник во современата македонска литература и истражувач на јазичниот израз на писателите од различни генерации, искрено ви препорачувам да се запознаете со неговата содржина.

Современата македонска литература со децении се развива, ги проширува идејно-естетските рамки и со своите трајни вредности ги надминува националните граници, афирмирајќи го на своевиден начин и јазикот на кој е пишувана. Творечката дарба и креативноста на писателите е поврзана со нивната верба во моќта на зборот и изразните можности на јазикот на кој творат. Македонските автори со своите дела имаат несомнен влог во изградувањето на јазичниот систем, а пред сè во збогатувањето на лексичкиот фонд. Промените на лексиката се должат на историската преокупација на авторите, на големите општествени промени, но тие ја покажуваат грижата за односот на старото и новото, со критичкиот пристап кон она што не е во духот на македонскиот јазик, па даваат несомнен придонес потпирајќи се и врз традицијата и континуитетот на современиот македонски јазик.

Во Зборникот авторскиот јазик се разгледува од различни аспекти.

Кристина Димовска се осврнува на *Улогата на преводот на (книжевните) теории од англиски на македонски јазик* (7–17), укажувајќи на бројни дилеми и предизвици со кои е соочен преведувачот при изборот на најсоодветното решение за одреден термин или реченична конструкција, а со цел да понуди превод којшто ќе биде доволно едноставен и разбирлив за читателската публика. Книжевниот превод е важен, затоа што, како што истакнува Блаже Конески, „нашиот јазик се кове најмногу во ковачницата на преведувањето“.

Во својот труд *Интерполации или меѓустил: јазикот во творештвото на Ристо Лазаров* (18–25) Бобан Карапејовски и Марија Пандева истакнуваат дека јазикот на Лазаров се одликува со употребата на конструкциите

карактеристични за т.н. висок стил, а од друга страна, со разговорни конструкции, народна лексика и турцизми и архаични или архаизирани конструкции (на пр.: *стори се дикат, отвори ги четворни очите, за навек пизма ќе те следи*), со разговорни јазични елементи (*ем, аман, бе, демек, превара*).

Употребата на придавките во творештвото на Славко Јаневски (26–34) ја проследуваат Марија Стојановска и Виолета Јанушева за да укажат на стилистичката функција што ја имаат придавките во прозниот и поетскиот јазичен израз на С. Јаневски.

Лидија Тантуровска во трудот насловен *За шекерното дете* од Славко Јаневски (35–39), како што вели, прави обид да согледа што е тоа што ова лектирно издание го прави привлечно и дали јазичниот израз на авторот е еден од факторите за неговата безвременост.

И трудот на Марина Спасовска и Марина Даниловска под наслов *Фразеолошките изрази во прозниот дискурс на Славко Јаневски* (40–52) е посветен на творештвото на плодниот писател Славко Јаневски, но од фразеолошки аспект (врз примери од романите од циклусот Кукулино), со проследување на народната фразеологија, но и со осврт на стилистичката вредност на модификациите, на авторските фразеологизми, на пр.: *Го апнала змија, сега бега и од гушер; Сега со мои камења ќе ми ја крши тиквата; Од варено зрно не никнува пченица.*

Симона Груевска-Маџоска се посветува на *Лингвостилистичка анализа на збирките песни „Нерези“ и „Псалми“ на Михаил Рендов* (53–58) што се одликуваат со религиозните теми и мотиви, коишто наоѓаат свој одраз на повеќе јазични рамништа, на пр. со: специфичната интерпункција, индивидуалните неологизми, специфичниот збороред, повторувањата на зборови и синтагми итн.

Целта на Виолета Николовска во прилогот *Десанка Максимовиќ и Константин Миладинов: едно постмодернистичко согледување* (59–63) е споредбата врз основа на две песни од овие автори: „Копнеж“ („Стрепња“) и „Желание“, кои припаѓаат на различно време и различни културни традиции.

Ана Витанова-Рингачева во својот труд посветен на *Јазикот во поезијата на Иван Василевски* (64–73) се осврнува на употребата на архаичната лексика, односно на црковнословенизмите и заклучува дека со верба во моќта на словото, преку стилот на Климент Охридски, поетот успева, својата поетска мисла да ја преточи во порака дека чувајќи ги јазикот и верата, ќе го сочуваме и родот и породот. Според авторката, поезијата на Василевски е едно „пресоздавање на архаичната мисла, во нова форма, разбирлива за современиот читател“.

Тулај Чако разгледувајќи ги *Особеностите на поетскиот израз во творештвото на Нејати Зекерија* (74–83) укажува дека поезијата за деца на Зекерија се одликува со мотивската разновидност, фигуративноста, сликовитоста и метафоричноста на изразот, но и со изборот на лексиката,

употребата на архаични форми, варваризми.

Во коавторскиот труд Лилјана Макаријоска и Мери Цубалевска се осврнуваат на *Јазичниот израз на Ката Мисиркова-Руменова* (84–96) која со прозниот израз на „егејската“ тема се стреми да создаде сопствен стил, умешно ги вткајува дијалектизмите во контекстот за „да ги устоличи и да ги заштити“, но и грцизмите кои се резултат на меѓујазичниот контакт како и турцизмите со оглед на нивната застапеност во народниот јазик. Нејзината проза е богата со народни фраземи, кои понекогаш се изменети и приспособени на ситуацијата (*нема ни ќерамида на глава; од изварка сака масло да види*).

Во врска со авторите посветени на „егејската“ тема е и трудот на Лилјана Макаријоска *Јазично-стилските особености во прозата на Петре Бицевски* (104–119) посветен на плодниот автор Бицевски, кој откривајќи ја судбината на своите сострадалници со својот јазичен израз се вбројува меѓу вистинските мајстори на пишаниот збор кои потекнуваат од Воденско: Ташко Георгиевски и Георги Георгиевски, Иван Чаповски, Ристо Јачев, Георги Ајановски. Бицевски употребува бројни дијалектизми од воденскиот говор, а со фраземите во авторската реч и во дијалогот поцелосно ги оживува состојбите и карактерите на ликовите (*чека/најде месено-бесено*, *како сите ѓемии да му пропаднале*, *си ја чине водата*).

Олгица Додевска-Михајловска во трудот посветен на *Јазикот во романот „Девствена причесна“ на Трајан Петровски* (97–103) се определува за сеопфатна јазично-стилска анализа на романот на фонолошко, зборообразувачко, лексичко, фразеолошко и синтаксичко рамниште. Писателот автентично ги пренесува индивидуалните судбини на луѓето од славна Дебрца, служејќи се со дијалектната лексика и народната фразеологија (*сув како трап*; *рика како бик; се крие како полжав; оди како мува без глава; талка како шугава овца; маж како дрен* и др.). Од зборообразувачки аспект интересни се на пр. сложените образувања: *белокалица, веробожник, жалбописец, пелингори.* Според авторката „Разновидноста на лексиката (разговорна, архаична и дијалектна) се должи на авторовиот свесен стремеж неговиот текст да претставува јазична содржина која ќе нè врати носталгично кон битовиот и патријахален начин на живеење, со уметничка автентичност за трагедијата на раскорнатиците на Дебрца“.

Елена Јованова-Грујовска и Елизабета Кузмановска во својот труд за *Јазичниот израз во драмата „Светулки во ноќта“ од Томислав Османли* (147–152) се определиле за анализа на драмскиот дијалог во „Светулки во ноќта“ за да укажат на скопскиот градски говор во него, полн со жаргон, дијалектизми, србизми, турцизми и бугаризми.

Васил Дрвошанов ги разгледува *Дијалектизмите во романот „Белото Циганче“ од Видое Подгорец* (134–146) на повеќе рамништа, а особено на зборообразувачко и на лексичко рамниште (пр.: *бубаќерен, јонца, каруца, керна, клиска, коцаци, пала, шлибок*), каде што несомнено и влијанието на

народниот говор е најизразено и придонесува за збогатување на македонскиот лексички фонд.

Катица Топлиска-Евроска посветува внимание на *Сложените образувања во „Горчлив австралиски патопис“ од Трајан Петровски* (147–152) и тоа од структурно-формален аспект, изделувајќи интересни именски сложени образувања (*клошкајкапа, клошкапа, солзородица, пустикуќа*, *простосмртник, прворородица*), прилошки образувања (*памтивекови, гробунаврата, прекутрупа*).

Непосредно во врска со зборообразувачките тенденции во јазикот на македонските автори е и прилогот на Лидија Аризанковска и Македонка Додевска, посветен на *Сложените именски и придавски образувања во романот „Сестрата на Зигмунд Фројд“ од Гоце Смилевски* (153–160) и тоа од формален и семантички аспект, а особено впечатливи се ретките образувања, на пр.: *таткоубиство*, *лудилоизгонување*, *човекососвездие*, *мајкопосакување, себеомраза*, *себегубење, еднодневка* и др.

Во трудот посветен на *Раскажувачкиот стил на Атанас Раздолов* (124–133) Искра Тасевска се осврнува на раскажувачката постапка и специфичниот стил на Раздолов во контекст на македонската литература од 19 век, кога јасно се диференцираат стилските особености на јазикот на авторите.

Трудот на Михајло Марковиќ и Соња Новотни под наслов *Сличности и разлики на народниот јазик на Кирил Пејчиновиќ-Тетоец во делото „Огледало“ со тетовскиот дијалект* (161–168) е осмислен како споредбена анализа на дијалектните форми во јазикот на Кирил Пејчиновиќ во делото „Огледало“ со тетовскиот дијалект.

Искрено се надеваме дека прилозите објавени во Зборникот ќе го поттикнат интересот за богатиот јазичен израз на писателите чии дела имаат значаен придонес во развојот на македонскиот стандарден јазик и ќе претставуваат инспирација за нови истражувања, затоа што македонската литература тоа го заслужува. Само ако читаме домашна литература ќе ги осознаеме нејзините книжевно-стилски вредности и богатите изразни можности на сопствениот јазик.

Лилјана Макаријоска[1]

[1] Универзитет „Св. Кирил и Методиј“, Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков“, Скопје makarijoska@yahoo.com

УДК 27-246:811.163.3(047.31)(049.3)
УДК 811.163.3(091)(049.3)

НОВИ СОГЛЕДБИ ЗА СТАРИ ТЕКСТОВИ

(Борче Арсов, Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков“, Скопје 2025)

Во мај 2025 година излезе од печат книгата „Нови согледби за стари текстови“ од проф. д-р Борче Арсов. Станува збор за издание на Институтот за македонски јазик „Крсте Мисирков“ кое е дел од едицијата Посебни изданија, поточно книга 95.

„Нови согледби за стари текстови“, со поднаслов „Врски меѓу првите евангелски текстови на народен македонски јазик напишани со грчко писмо“, е книга посветена на првите преводи на Новиот завет на народен македонски јазик напишани со грчко писмо во текот на 19 век. Впрочем, оваа книга е резултат на посветената научноистражувачка работа на проф. д-р Борче Арсов и претставува надоврзување на неговата претходна монографија „Јазикот на првите преводи на Новиот завет на современ македонски јазик напишани со грчко писмо“ од 2019 година.

Книгата содржи 184 страници и е сочинета од 8 дела/глави: 1. Предговор; 2. За текстовите, 2.1. Опис, 2.2. Забелешки за транскрипцијата/транслитерацијата на текстовите; 3. Фонетско-фонолошки согледби; 3.1. За бележењето на редукцијата на неакцентираните вокали; 4. Морфолошки и лексиколошки согледби, 4.1. Анализа на Матеј 17 (14–23), 4.2. За минатите времиња, 4.3. За именувањето на Исус Христос; 5. Стилистички, социолингвистички и јазичнополитички согледби, 5.1. (Анти)традицискиот пристап при преведувањето, 5.2. Мотивацијата за стилизација, 5.3. Од Божигропски до Мисирков – чекори кон стандарди-зацијата на македонскиот јазик, 5.4. Спротивставени согледби; 6. Скратеници; 7. Литература и 8. Додаток – фотографии. Од самата содржина се забележува дека Арсов обработува теми од повеќе лингвистички рамништа, а како особено важни се издвојуваат стилистичките, социолингвистичките и ја-зичнополитичките согледби.

Уште на самиот почеток, уште насловот на книгата – „Нови согледби за стари текстови“ – буди интерес и ни ја прикажува оригиналноста и креативноста на авторот. Тој во првата глава, меѓу другото, ја преставува и мотивираноста за насловот: „Именувањето на книгава е мотивирано, од една страна од самиот факт дека станува збор за *нови* и/или дополнети *соѓледби* на веќе позната тематика, а, од друга страна, во насловот се крие и мојата желба за поттикнување на научната јавност на што поактивно и поревносно проучување на *сѓариѓе ѓексѓови*.“ Во првата глава Арсов дава кус предговор во кој ја преставува идејата за книгата, нѐ воведува во својата

научностражувачка работа и накусо загатнува што сè нè очекува во продолжение.

Вториот дел од книгата – *2. За текстовите* е сочинет од опис на текстовите и забелешки за транскрипцијата/транслитерацијата на текстовите. Авторот најпрво нè воведува во корпусот, односно во „првите досега познати посериозни преводи на Новиот завет на народен македонски јазик“ напишани со грчко писмо: Коникoвското евангелие, Кулакискoто евангелие, Трлискoто евенгелие и Бобошчанскoто евангелие. Во овој дел се дадени поспецифичните особености на говорите кои се врзуваат со текстовите (југоисточните македонски говори [Коникoвско евангелие, Кулакиско евангелие и Трлиско евенгелие] и југозападен македонски говор [Бобошчанско евангелие]) и појаснувања за транскрипцијата/транслитерацијата на тесктовите.

Како што споменавме и погоре, застапени се повеќе рамништа и, како што е редот, најпрво, во третата глава, авторот почнува од фонетско-фонолошките согледби, во чии рамки го разгледува бележењето на редукцијата на неакцентираните вокали како една од најважните карактеристики на југоисточното македонско наречје, секако, земајќи примери од трите текста што се врзуваат со југоисточните македонски говори.

Четвртиот дел од книгата е најобемен. Во него се сместени морфолошките и лексиколошките согледби на авторот: *Анализа на Матеј 17 (14–23)*; *За минатите времиња* и *За именувањето на Исус Христос*. Преку анализа на *Матеј 17 (14–23)*, Арсов ја потврдува својата теза дека Коникoвскoто евангелие е пишувано врз поширока дијалектна основа во споредба со Кулакискoто евангелие, поконкретно кај текстот на втората рака на Коникoвскoто евангелие забележува „свесна стилизација со цел да се прошири дијалектната база врз источните и врз западните јажномакедонски говори, но и централните говори на западното македонско наречје“. Во таа насока, тој заклучува дека: „Кај Коникoвскoто евангелие можеме да зборуваме за оформување на еден *библиски јазик*, а штом зборуваме за библиски, зборуваме и за *официјален јазик*...“.

Преку анализа на минатите времиња во сите четири евангелија, Арсов ја открива состојбата со формите за изразување на минатоста кон крајот на 18 и почетокот на 19 в. Како најчести глаголски форми за изразување минатост во текстовите на Коникoвскoто евангелие и на Трлискoто евангелие ги издвојува минатите неопределени времиња (аористот и имперфектот). Тој забележува дека овие форми се користат и во останатите евангелија, меѓутоа кај Кулакискoто евангелие мошне често му се дава предност на минатото неопределено време (перфектот), додека во Бобошчанскoто евангелие на *има*-конструкциите и *сум*-конструкциите.

Последниот дел од четвртата глава е посветен на именувањето на Исус Христос во сите четири евангелија. Притоа, Арсов ги разгледува непосредното (конкретно) именување и посредното именување на Исус Христос, претставувајќи примери од анализираните текстови во кои се среќаваат лексеми, именски групи и дел-реченици што се користат за именување на

Исус Христос. Во таа насока, тој заклучува дека текстовите на Коникoвскoто евангелие и на Трлискoто евангелие покажуваат карактеристики што повеќе ги доближуваат до црковнословенската писмена традиција, додека Кулакискoто евангелие, но многу повеќе Бобошчанскoто евангелие покажу-ваат поголема слобода при преведувањето.

Стилистичките, социолингвистичките и јазичнополитичките согледби се сместени во петтата глава. Преку примери од Коникoвскoто евангелие, од Кулакискoто евангелие и од Бобошчанскoто евенгелие, Арсов го разгледува (анти)традицискиот пристап при преведувањето, односно мошне умешно дава примери од претходнообработуваните теми со забелешка што се поврзува/придржува до црковнословенската традиција или се придржува до традицискиот пристап, а што не ја следи традицијата, односно претставува антитрадициски пристап при предевувањето. Во таа насока, тој истакнува дека во Коникoвскoто евенгелие се забележуваат и традициски и антитрадициски елементи, додека во Бобошчанскoто евангелие и во Кулакискoто евангелие преовладуваат антитрадициски елементи.

Во делот *5.2. Мотивацијата за стилизација*, Арсов најпрво се зафаќа со разгледување на терминот *стилизација*, за потоа од сето изнесено да дојде до дефинирањето што соодветствува на истражувањето, подвлекувајќи една т.н. работна дефиниција, којашто ја користи и во свои други истражувања, а се издвојува по својата теоретска прецизност.

> *Проширување на дијалектната основа, односно избегнување на форми што во тоа време би можеле да бидат разбрани како премногу локално обележани. Ваквите постапки на стилизација одат, од една страна, во насока кон поширока дијалектна база, а од друга страна, кон повисок стил. Конечно, станува збор за селекција на оние јазични црти/модели што опфаќаат поширок дијалектен ареал, како и такви што претставуваат „вештачки“ форми т. е. форми што се приближни или се во коресподенција со оние употребувани во црковнословенската и во современата писменост.*

Во тој контекст, ја истакнува стилизацијата на Павел Божигропски врз првата рака на Коникoвскoто евангелие. Всушност, забележува дека Божигропски создава текст кој не може да се поврзе со ниту еден говор од југоисточното наречје, така што станува збор за една наддијалектна форма, а тоа што е пишуван со грчко писмо овозможило да се оддалечи од црковнословенската традиција.

Арсов мошне умешно ја поврзува работата на Божигропски со работата на Крсте Мисирков, истакнувајќи дека Божигропски е предвесник на Мисирков. Тој тргнува од фактот дека, пред сè, овие две мошне значајни фигури ги поврзува истиот роден говор, еницевардарскиот. Јазичните карактеристики на долновардарските говори се илустративно прикажани и во првата рака на Коникoвскoто евангелие на Божигропски (како што забеле-

жува Арсов, која, „иако не му се пропишува на Божигропски, сепак го изразува неговиот роден говор, односно говорот на неговото родно место“) и во записите со описи на родниот крај на Мисирков и неговите записи на народни песни од родниот крај. Додека сопоставувањето на втората рака на Коникoвскoто евангелие на Божигропски наспрема книгата „За македонцките работи“ на Мисирков – што, всушност, значи употреба на еден (иако различен, кај Божигропски со елементи и од источните и од западните македонски говори, додека кај Мисирков со елементи од централните говори на западното македонско наречје) македонски наддијалектен јазик – е движење во иста насока, движење кон стандардизација на македонскиот јазик.

Последниот дел од петтата глава е мошне импресивен. Претставени се, од една страна, резултати од заедничко истражување на Борче Арсов, Људмил Спасов и Далибор Јовановски, од друга страна, ставовите на Генчо Банев. Спротивставените согледби се во однос на вистинскиот преведувач на Коникoвскoто евенгелие. „Сè до наоѓањето и до објавувањето на КЕ во 2008 г. во науката постоеше мислење дека негов преведувач од грчки на македонски е Павел Божигропски... се докажува дека постојат две раце во ракописот и дека првата рака го претставува вистинскиот преведувач, кој е непознат, а втората рака е на Павел Божигропски, кој претставува само редактор на првата рака.“ Додека Банев тврди дека преведувач на Коникoвскoто евангелие е Натанаил Зографски/Кучевишки/Охридски и Пловдивски. Изнесените факти на Арсов и коавторите даваат научно издржано заокружување на петтиот дел од книгата.

Во завршните делови на книгата, во шестиот дел се сместени скратениците, во седмиот се приложени користената литература и изворите, додека осмиот дел е додаток – фотографии, кои визуелно ја збогатуваат и заокружуваат монографијата.

Со овој труд, како и воопшто со својата повеќегодишна посветена научноистражувачка работа, проф. д-р Борче Арсов дава исклучително значаен влог во македонистиката, особено во областа историја на македонскиот јазик. Тој со својата оригиналност со изборот на темата и во нејзиното стилско обликување носи извонредна свежина во научноистражувачката работа. Сигурни сме дека оваа монографија ќе предизвика позитивни реакции како кај домашната, така и кај странската научна јавност и ќе поттикне натамошни истражувања на историјата на македонскиот јазик.

На проф. д-р Борче Арсов му посакуваме уште многу успеси и во иднина и со нетрпение го очекуваме неговото следно истражување.

Марија Антевска-Рисафова[1]

[1] Универзитет „Св. Кирил и Методиј“, Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков“ – Скопје, marija.antevska@imj.ukim.edu.mk

УДК 811(497)(091)(049.3)

КОН *БАЛКАНСКИТЕ ЈАЗИЦИ* ОД ВИКТОР ФРИДМАН И БРАЈАН ЏОЗЕФ

Покрај сите важни случувања во лингвистичката средина во 2025 година – особено со оглед на тоа што оваа година се одбележаа 80 години од кодификацијата на македонскиот јазик, 2025 ќе остане запаметена како годината кога излезе долгоочекуваната и долгонајавуваната книга *The Balkan Languages* (*Балканските јазици*) од Виктор Фридман и Брајан Џозеф. Станува збор за книга што била пишувана повеќе од 30 години – првичната идеја за ова издание потекнува од минатиот век, поточно од 1993 година. Книгата *Балканските јазици* е издадена од Кембриџ Прес (The Cambridge Press), достапна е во електронско издание со отворен пристап – што значи дека е достапна за сите. Книгата содржи 1092 страници, а на официјалната електронска страница, во посебен документ се наоѓа користената литература на 129 страници, како и документи со пронајдени грешки во објавеното издание и етничка мапа на Македонија (објавена со дозвола од Државниот завод за статистика на Македонија) која се наоѓа и на почетокот на оваа книга.

Книгата *Балканските јазици* е поделена на осум глави: 1. Балканскиот Полуостров и неговите јазици; 2. Историја на балканските јазици; 3. Концепти, теории, методи; 4. Лексика и семантика; 5. Фонологија; 6. Морфологија и морфосинтакса: Судбината на инфлексијата и создавањето парадигми; 7. Синтакса; 8. Заклучок: сумирање, причина и иднината. Покрај овие осум глави, во книгата се вклучени и индекси на имиња, поими и топоними и глосоними.

Во првата глава Балканскиот Полуостров и неговите јазици станува збор за географијата, историјата, народите, јазиците и ортографските системи на овој простор. Авторите на книгата напоменуваат дека користат податоци од географските, политичките, историските и лингвистичките дефинирани граници на Балканот и дека се ограничуваат на територииите на модерна (Европска) Турција, Бугарија, Грција, Македонија, Албанија, јужна Србија, Косово и Романија (Friedman and Joseph 2025: 16). Во потглавата 1.2. насловена Јазици се зборува за мртвите и за стандардните јазици на Балканот, како и за предците и дијалектите на стандардните јазици. Во оваа глава се зборува и за мапите и топонимите на овој простор, како и за ортографијата и азбуките што се користат во сите јазици што се среќаваат на територијата на Балканскиот Полуостров.

Втората глава *Историја на балканските јазици* ја разгледува балканската лингвистика како одделна дисциплина и ги сумира постојаните размисли на лингвистите што се занимаваат со оваа проблематика. Се

разгледува период од предисторијата до постмодерната и се претставуваат имињата, теориите, собирањето податоци и истражувањата на видни лингвисти, како: Ј. Копитар, А. Шлајхер, Ф. Миклошиќ, Х. Шугарт, Н. Трубецкој, Р. Јакобсон, А. Селишчев и К. Санфелд.

Концепти, теории, методи – третата глава започнува со еден цитат од Брајлсфорд (Brailsford 1906: 85–86) кој го посетил Скопје за време на Отоманскиот период: „Со малку среќа, патник низ Македонија може да слушне шест различни јазика и четири дијалекти што се зборуваат на истиот пазар. Ако станува збор за северен центар, на пример во Скопје, жената што има сирова волна и ја преде и ткае својата ткаенина, може да користи два словенски дијалекта кои се различуваат малку, но значително...“ Со ова Фридман и Џозеф го започнуваат објаснувањето за јазиците во контакт. Станува збор за врските меѓу јазиците и зборувачите – се разгледуваат јазиците во контакт од аспект на компаративната и историската лингвистика. Се разгледуваат механизмите што се релевантни за јазични промени предизвикани од меѓујазичен контакт како супстрати, суперстрати и адстрати, потоа се зборува за билингвизмот и заемањето зборови. Во потглавата 3.4 се зборува за Балканскиот јазичен сојуз, а во 3.5 се дефинира терминот „балканизам“.

Во наредната глава *Лексика и семантика*, се гледаат резултатите од јазичниот контакт во развојот на различни видови лексички материјал. Во оваа глава се вклучени размислувањата за лексичката семантика на Балканот под дејство на јазичен контакт, се идентификуваат заемките што имаат големо значење во Балканскиот јазичен сојуз. Во тој контекст, Фридман и Џозеф го воведуваат терминот ERIC loans - Essentially Rooted In Conversation. Станува збор за заемки што се суштински вкоренети во разговорниот стил и замислиле овој термин да се користи токму како што се чита – ЕРИК заменки. Овие заменки зависат исклучиво од интеракцијата меѓу зборувачите и може да се користат во различни контексти: тензични, интимни, случајни и опуштени. Во продолжение следи регистар на најчестите заемки од овој тип.

Во петтата глава *Фонологија*, според авторите, под „фонолошки“ се подразбира „сè што има врска со звукот“. Се разгледува досегашната позната теорија за фонологијата на балканските јазици, се објаснува механизмот на фонолошко заемање, се разгледуваат некои студии за случај за локализирана фонолошка конвергенција и билингвизам, како и одредени предложени фонолошки балканизми. Се објаснуваат различни прозодиски аспекти, морфофонемични алтерации, како и експресивната фонологија.

Морфологија и морфосинтакса: Суфинатата на инфлексијата и создавањето парадигми – во петтата глава се поставува прашањето за морфосинтаксични балканизми. Според тоа што терминот балканизам може да се користи за секаков тип лингвистички развој може да биде поврзан со историскиот мултијазичен контакт што е карактеристика на Балканското јазично семејство. Балканизмите се сметаат за срцето на современата балканска лингвистика. Во ова поглавје морфосинтаксата се разгледува како област

што се занимава со инфлексиска морфолофија, преминот од инфлексиска морфологија во аналитички парадигми и синтаксички конструкции и преминот од синтаксички конструкции во инфлексиски и аналитички парадигми. Во посебни потглави се обработуваат именската и глаголската морфологија и морфосинтакса.

Во наредното поглавје, *Синтакса*, се разгледува употребата на овие јазични појави во дискурсната структура, т.е. од синтаксичка, и во некои случаи прагматичка гледна точка. Поглавјата 6 и 7 заедно ги обработуваат темите што се предмет на интерес на морфосинтаксата, додека во главата 7 се обработуваат и чисто синтаксички теми, како на пример збороредот. Во *Синтакса* се прикажува балканската лингвистика од традиционален поглед (според истражувањата на Санфелд) и според начинот на којшто авторите ја претставуваат балканската синтакса, според: редоследот, комплементацијата, клитиките и видовите реченици. Во потглавата 7.4 се разгледува редоследот: внатрешно подредување на составните делови и подредување на главните компоненти на реченицата, прво се разгледува именската фраза, а потоа глаголската. Во потглавата 7.5 се разгледува употребата на клитиките – историски и на современ план во сите балкански јазици, додека во 7.6 е обработена негацијата во балканските јазици. Во 7.7 се опишуваат координацијата и видовите паратакса, паратаксата како балканизам, субординацијата и комплементацијата. Во 7.8 се опишуваат различните видови реченици, а 7.9 се занимава со предлошката синтакса.

Во последната глава *Заклучок: сумирање, причина и иднината* се сумираат резултатите од претходните глави, особено главите од 4 до 7, кои се базираат на предизвиците што произлегуваат од глава 3, односно прашањето за Балканскиот јазичен сојуз. На крајот на книгата се одговара ова прашање и одговорот нè носи кон нови прашања.

Книгата Балканските јазици од Виктор Фридман и Брајан Џозеф претставува капитално дело за балканските јазици, но и за лингвистичките проучувања воопшто. Во оваа книга се поставуваат и се одговараат голем број прашања, се разгледуваат голем број теории и методологии за истражување на јазиците. Секако, балканските јазици се во фокус, но оваа книга е клучна за истражувањата на сите лингвисти. Од македонистичка гледна точка, значењето на оваа книга е големо. Македонскиот јазик е застапен од почетокот до крајот на книгата и се опфатени сите негови аспекти.

Марија Пандева[1]

[1] Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков“
Универзитет „Св. Кирил и Методиј“, mpandeva@imj.ukim.edu.mk

УДК 929Мисирков, К.П.(049.3)

ЈАЗИКОТ КАКО СУДБИНА: „ОКРУЖЕНИЕТО НА МИСИРКОВ“ ОД ДИМИТАР ПАНДЕВ

(Димитар Пандев, „Окружението на Мисирков“, Матица македонска, Скопје 2024)

„Није имаме и прао, осем долгот, да бранime нашиот јазик и тоа прао ни јет свешчено. Секој кој шчо напаг`ат на нашиот јазик, ни јет исто таков….“

— Крсте Петков Мисирков (1903)

I. Вовед: Книга како историски и културен повик

Во културата постојат книги што не се само предмети на читање, туку чинови на препознавање и преосмислување – настани што ја прекинуваат инерцијата на знаењето и нè принудуваат да ја слушнеме повторно тишината околу зборовите. Такво дело е „Окружението на Мисирков“ од Димитар Пандев – книга што не се чита со леснотија, туку со будна свест; книга што не заведува со наративна динамика, туку обзема со прецизноста, интензитетот и аналитичката интуиција. Таа не бара согласност, туку вклученост – и го поставува својот читател во позиција на соучесник во еден чин на културна реконструкција и интелектуална мобилизација.

Издадена во 2024 година, по повод 150-годишнината од раѓањето на Крсте Петков Мисирков, книгата веднаш се издвои не како уште една монографија во низата, туку како акт на културно паметење, како научна гестура што прераснува во симболичка интервенција. Таа не нуди класична биографија, ниту линеарна реконструкција на животниот пат на Мисирков, туку создава синтеза – биографска, лингвистичка, идеолошка и културно-историска. Станува збор за текст кој го надминува жанровското стеснување и се движи на границата меѓу научниот есеизам и културната археологија, меѓу историскиот преглед и концептуалната критика.

Во таа жанровска амбивалентност лежи и суштинската сила на ова дело. Наместо да ја тргува прецизноста за ефектност, Пандев се впушта во долга, дисциплинирана анализа, каде што историјата не се реконструира како хронолошки ред, туку се реактивира како глас што нè засега и денес. Тоа е

историја што пулсира – низ архивите, писмата, контроверзиите, полемиките и мрежите на влијание што ја формирале Мисирковата интелектуална фигура.

Пандевата книга нè потсетува дека книжевноста може да биде и геополитички чин, дека биографијата може да биде метод на културна анализа, а дека историскиот лик може да прерасне во огледало на современоста. Токму затоа „Окружението на Мисирков“ не е само херменев-тичка постапка, туку културен повик – кон повторно читање, повторно именување и повторно артикулирање на она што значи да се биде народ, јазик, историја.

II. Крсте Мисирков – глас во многугласјето

Во фокусот на делото не е Мисирков како митологизирана фигура или како херој во национален пантеон, туку Мисирков како дел од сложен и динамичен интелектуален екосистем. Пандев свесно го избегнува портретирањето на Мисирков како изолиран мислител или пророк кој говори во пустина. Наместо тоа, тој го вградува во мрежа на влијанија, дијалози и судири, каде секој контакт е значаен, секој идеен допир остава трага.

Таквата хоризонтална перспектива му овозможува на Пандев да ја прикаже историската интелигенција на Мисирков — како фигура која не само што е родена од контекст, туку и активно го обликува тој контекст. Во тој простор на заемност, Мисирков станува точка на кондензација, каде се сретнуваат и судираат пансловенистичките визии на Бодуен де Куртене, позитивистичките модели на Петар Лавров, етнографската логика на Ламански, но и романтичарските интуиции на Прличев, национално-револуционерната стратегија на Даме Груев, дијаспорската ангажираност на Поп Арсов, како и филолошката култивација на Конески.

Оваа мрежна структура не е само методолошки избор, туку и теориска позиција: Мисирков е сфатен како глас во многугласјето, како културен медијатор што преведува и трансформира, не само низ јазикот, туку и низ концепти, визии и институционални форми. Во него се преклопуваат филологијата и револуцијата, правописот и уставот, научниот дискурс и политичката акција, националниот проект и империјалната реалност.

Пандев успева да го прикаже Мисирков не како пасивен објект на историските сили, туку како субјект што оперира низ повеќе кодови: тој е писател, организатор, лингвист, агитатор, но и аналитичар на историјата во реално време. Од таа перспектива, Мисирков станува медиумна фигура – не во современа смисла на медиумска изложеност, туку како интелектуалец што посредува, што пренесува идеи, адаптира и синтетизира, што го премостува јазот меѓу западните теории и балканската стварност, меѓу народниот јазик и модерната нација.

Таквото претставување на Мисирков ја надминува неговата класична историска рамка и го вградува во една отворачка гестура на историско разбирање – каде минатото не се чита само по вертикала (од Мисирков до денес), туку и по хоризонтала (од Мисирков низ мрежата на свои времиња,

јазици и влијанија). Тоа го прави делото на Пандев не само историографски релевантно, туку и методолошки продуктивно – текст што учи како да се читаат интелектуалните фигури не како изолирани величини, туку како јазли во историски и културни ткива.

III. Мисирков како лингвист и визионер

Еден од највредните и најсуштински сегменти на книгата на Пандев е посветен на Мисирков како пионер на македонската лингвистика со системска визија и јазичарска храброст што ја надминува неговата епоха. Пандев не го претставува Мисирков само како прв експлицитен глас што се залагал за посебноста на македонскиот јазик, туку како мислител што го проектирал јазикот како облик на иднината – не нешто затекнато, туку нешто што треба да се создаде, осмисли, нормализира и артикулира како централен дел од националната свест.

Не е претерување, пишува Пандев, ако се каже дека Мисирков – со своето капитално дело „За македонцките работи“ (1903) – ја формулира првата целосна програма за стандардизација на македонскиот литературен јазик, со речиси структурална дисциплина и систематичност која се натпреварува со најдобрите европски јазичарски проекти од тоа време. Во таа програма се вклучени: избор на дијалект што ќе служи како база за литературен јазик, нормирање на правописот, создавање литература со функционален и жанровски опсег, а сето тоа како дел од поширока стратегија за културна еманципација.

Мисирков, во тој контекст, не е само раноосвестен интелектуалец, туку предвесник на современата социолингвистика. Тој многу пред своето време разбира дека јазикот не е само акустична појава или граматички систем, туку општествена институција, инструмент на симболичка моќ и носител на колективна меморија. Во прочитот на Пандев, тоа разбирање е особено јасно во прочуената формулација:

„Да разработиме нашиот литературен іазик, да установиме нашиот праопис и да создадиме іедна наша литература“ — реченица што не функционира како молба за културна дозвола, туку како јасно артикулирана стратегија за културна автономија.

Она што го прави Мисирков навистина извонреден е фактот дека тој не ја предлага оваа визија од интелектуална периферија или аматерска интуиција. Тој настапува како школуван лингвист, формиран во најреномираните славистички и филолошки кругови на Царска Русија, каде бил непосреден сведок – па и учесник – во расправите на Јан Бодуен де Куртене, Петар Лавров, и други клучни теоретичари на јазикот, дијалектологијата и фонетиката. Неговото познавање на експериментите со фонетска транскрипција, на теориите за дијалектна динамика и семиотички системи, му овозможува да замисли македонски јазик кој не е само политичка декларација, туку јазик со граматичка внатрешна логика, функционална стабилност и културна продуктивност.

Во тој контекст, Мисирков е многу повеќе од симболичка фигура – тој е основоположник и прв теоретичар на македонскиот литературен јазик, со труд што не е само манифест, туку научен документ со методолошка строгост и визионерски обем. Пандев го прикажува овој аспект со исклучителна аналитичка чувствителност, ставајќи го Мисирков во јазичната историја на Европа, но и во битката за самостојност на еден народ преку јазикот – како негово најавтентично и најризично средство за постоење.

IV. Од биографија кон семиотика на отпорот

Но Пандев оди подалеку од обичната биографска наративија. Наместо да се задоволи со хронолошко набројување на факти од животот на Мисирков, тој гради една комплексна **семиотика на отпорот**, која не ја следи само надворешната историја на настаните, туку го осветлува нивниот **симболички и културен код**. Мисирковата судбина, во прочитот на Пандев, станува **алегорија на историската борба за признавање**, но и сведоштво за **константната изложеност на македонскиот идентитет на опасноста од исчезнување и разнебитување**.

Во тој контекст, **јазикот станува чин на отпор против асимилацијата** – не само инструмент на комуникација, туку и **знак на непокор** и потврда на културниот континуитет. **Писменоста**, пак, не се третира како техничка вештина, туку како **антидот против заборавот**, форма на индивидуална и колективна истрајност што се спротивставува на историската амнезија. А **книжевноста**, во анализата на Пандев, не е само продукција на текстуални артефакти, туку **облик на институционализирана самосвест**, чин преку кој нацијата се запознава самата себеси, се артикулира и се брани во просторот на дискурзивната моќ.

Особено трогателни се деловите каде се реконструираат неостварените биографии: шансата Мисирков да замине во Америка, да стане универзитетски професор или научник во слободна средина. Но тој останува блиску до Македонија, длабоко свесен дека неговата научна, политичка и културна задача е да боледува со народот, а не да лекува туѓи системи.

Во таа смисла, *Окружението на Мисирков* е не само книга за Мисирков, туку и книга за сите оние кои останале – во дух, на терен, во зборот. Таа е и книга за отсутните: за потенцијалните библиографи, дипломати, писатели и професори кои не ја напуштиле идејата за Македонија, дури и кога можеле.

V. Заклучок: дело од историска важност

Со *Окружението на Мисирков*, Димитар Пандев успева да направи нешто што ретко му поаѓа од рака на академскиот автор: да создаде **научна книга што прераснува во културен настан**, во интелектуален чин што продира надвор од границите на стручната заедница и се врежува во поширокиот културен дискурс. Оваа книга не само што го реафирмира Крсте Петков Мисирков како историографска и јазичарска фигура, туку го

реактуализира како мислител од иднината – визионер чие дело сè уште зборува, полемизира и опоменува.

Во епоха на нови идеолошки и геополитички прекројувања, кога повторно се доведуваат во прашање **културните, јазичните и идентитетските темели** на многу народи, *Окружението на Мисирков* функционира како **потсетник и предупредување**. Потсетник дека јазикот не е неутрален медиум, туку **кондензиран облик на историјата, борбата и опстојувањето**. Потсетник дека идентитетот не се наследува механички, туку се гради, одбрани и одново артикулира. И конечно, потсетник дека **јазикот не е само алатка – туку судбина**, бидејќи преку него народот не само што зборува, туку и се именува, се препознава и постои.

Во таа смисла, делото на Пандев е и **интервенција**: тивка, но моќна. Тоа не само што раскажува за минатото, туку поставува прашања за иднината – и го реоткрива Мисирков како симбол не на завршен историски наратив, туку на **континуирана потрага по смисла, по име и по глас**.

Маќеј Кавка[1]

[1] Јагелонски универзитет, Краков, mk1762@poczta.onet.pl

УДК 811.163.3'367.625(049.3)

„ОСОБЕНОСТИ НА ГРАМАТИЧКАТА КАТЕГОРИЈА ПРЕОДНОСТ НА ГЛАГОЛИТЕ ВО МАКЕДОНСКИОТ ЈАЗИК“ ОД ЉУДМИЛ СПАСОВ

(Скопје, Арт принт студио, 2024)

Ми причинува особена чест и задоволство да ја промовирам монографијата „Особености на граматичката категорија преодност на глаголите во македонскиот јазик“ од проф. д-р Људмил Спасов, издание на Институтот за македонски јазик „Крсте Мисирков“ – Скопје, 2024 година, особено затоа што низ заедничката работа и дружба со професорот, делејќи го заедничкиот кабинет повеќе од три децении, имав можност да ја следам неговата посветеност на македонистиката, и не само на македонистиката туку и пошироко, на јужнославистиката и на славистиката, што резултираше со бројни научни трудови, како што е и овој труд, којшто го промовираме и којшто го пополнува мозаикот на научни трудови особено значајни за македонистиката.

А животот е циклус. Почнуваме, трасирајќи го патот кон возможното, на моменти чинејќи ни се невозможно, чекорејќи истрајно и посветено, свесни за припадноста и улогата што ја имаме особено ние македонистите, соочени со низата предизвици во зачувувањето на македонскиот јазик и на сопствениот идентитет.

Монографијата е особено интересна затоа што своите почетоци на создавање ги бележи во далечната 1978 година, и како што истакнува и самиот автор во Предговорот на книгата, е создавана четирипати: од првичната ексцерпција на материјалот од весници, списанија, билтени, народна и уметничка литература од крајот на 19. век, сè до 80-тите години од 20. век; преку тема за докторска дисертација во 1982 година, потоа нејзино парцијално претставување на научни собири, сè до верзијата од 2024, којашто денес је претставуваме, што воедно говори за нејзината актуелност и во 21. век и за извонредното значење и по речиси педесет години.

Значењето на монографијата во науката за јазикот е уште поголемо бидејќи ја обработува проблематиката на глаголот, никогаш не доволно обработена тема на интерес во славистичкиот свет, а особено кога станува збор за македонскиот јазик.

Акцент се става токму на спецификите кои го изделуваат македонскиот јазик во семејството на словенските јазици, воедно претставени преку опозицијата народен наспроти литературен/стандарден јазик.

Согледувањата во книгата се преставени низ три главни дела со извонредно богата содржина, на којшто им претходи Општ дел, во којшто се претставува категоријата преодност, односно непреодност на глаголите во

науката за јазикот, задржувајќи се потоа на преодноста на глаголите во македонскиот јазик.

Првиот дел е посветен на проширувањето на валентноста на глаголите, претставена преку уводните предиспозиции; транзитивизацијата на непреодните глаголи по пат на асоцирање на значењето со значењето на преодните глаголи; процесот на фактитивизација на непреодните глаголи; префиксацијата на глаголите и преодноста; губењето на падежите и пренесувањето обрасци од балканските несловенски јазици и нивниот одраз врз преодноста/непреодноста; развивањето преодност од повратната форма на глаголите; развивањето предметна врска со безличен глагол; преодноста и тавтолошките изрази; збогатувањето на глаголската семантика кај преодните глаголи; како и на погледот врз некои непреодни глаголи кои врзуваат предмет во народниот јазик, а на-предмет во стандардниот јазик.

Вториот дел е посветен на преодноста на глаголите според некои морфолошко-синтаксички категории во македонскиот јазик претставена преку уводните предиспозиции, некои мислења и погледи на познати лингвисти за ова прашање; како и на глаголската придавка и на нејзината улога во сум-, односно имам-конструкциите и во други контексти. Во таа насока се надоврзува на ставот на Блаже Конески, изнесен во неговата *Граматика на македонскиот јазик* од 1954 година, кој смета дека до ваквиот развој дошло поради тоа што глаголската придавка во македонскиот јазик, чие потекло е од словенскиот пасивен партицип на претеритот, може да се образува и од непреодни и од преодни глаголи, за разлика од другите словенски јазици каде што тоа е можно само од преодни глаголи, со што се добива пасивно значење, кое во македонскиот јазик не е основното. Воедно, високиот степен на балканизацијата на македонскиот јазик, според Спасов, има голем придонес во губењето на границата меѓу непреодните и преодните глаголи.

Третиот дел од монографијата е посветен на народниот јазик наспроти некои аспекти во функционалните стилови на литературниот јазик, претставени преку уводните предиспозиции; преодноста и факторот на традицијата, народната раскажувачка традиција, други раскажувачки потходи претставени низ три круга (со акцент на проширувањето на валентноста, имам-конструкциите и сум-конструкциите); глаголската придавка во современото прозно творештво; преодноста на стилски план; преодноста и македонскиот поетски јазик; практична и теоретска област на комуникацијата и преодноста; како и преку разговорниот јазик и преодноста.

Што се однесува на односот меѓу дејството на факторот на традицијата и преодноста, Спасов забележува дека „него го гледаме од една страна, како ограничување на односната тенденција, а од друга, како нејзин специфичен насочувач.“

Богатството на содржината претставена преку анализираниот материјал резултира со заклучни согледувања, извонредно богата библиографија и ексцерпирана литература, што ја потврдува оригиналноста и вредноста на научната монографија.

„Во определувањето на преодноста, односно непреодноста на глаголите во македонскиот јазик како нејзина посебност – заклучува Спасов – се истакнува транзитивната употреба на инхерентно интранзитивните глаголи, што ја именуваме уште како вторична, неорганска преодност и, како што е претходно забележано во науката, размерите на оваа појава не се ограничени на единечни, инцидентни случаи, туку се протегаат долж границата меѓу преодните и непреодните глаголи, па така можеме да говориме за прилично затемнување на демаркациската линија меѓу нив.“

Што се однесува до распростанетоста на имам- и сум-конструкциите, како и на тразитивизираните непреодни глаголи, заклучокот е дека таа е поширока во разговорниот јазик (јазикот на секојдневната комуникација) и станува своевиден феномен на јазичниот израз, особено на помладата популација.

Авторот завршува со препораките дека „со внимание треба да ѝ се приоѓа на јазичната норма за да се добие очекуваниот позитивен ефект“, а во „примањето на јазичните манифестации, воопшто (и особено, што е специфично за нашиот јазик – на оние со преодноста) треба да се постапува динамички, да се негува функционалната разнообразност на јазикот, да се има на ум дека јазичната норма не е крут, затворен систем, туку, напротив, таа бара флексибилен пристап.“

Со други зборови, пред нас е извонредно значаен труд од областа на науката за јазикот, значаен од историски, лингвистички и функционален аспект, значаен за македонистиката и за славистиката, значаен за науката за јазикот, со којшто проф. д-р Људмил Спасов затвора едно поглавје во својата исклучително богата научноистражувачка дејност, чии темели се поставени пред речиси половина век.

Познавајќи го професорот Спасов, верувам дека тука не е крајот, туку напротив, почетокот кон уште едно неуморно следење на стремежот за решавање на уште многу нови јазични предизвици.

Лидија Аризанковска[1]

[1] Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје
Филолошки факултет „Блаже Конески“ – Скопје, larizankovska@yahoo.com

УДК 811.163.3'28'373.21(497.741)(043)(049.3)

НОВ ОНОМАСТИЧКИ ТРУД

(Зоран Спасовски, *Топонимијата на Радовишко,* Скопје: Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков“, 2025)

Академик Петар Шимуновиќ напиша дека „ономастиката е благородна наука која се занимава со спомениците на народното паметење, со највредните драгоцености на народното наследство, со зборовите кон кои се однесуваме со почит и пиетет и ги пишуваме со големи букви, со зборовите кои имаат најинтимна содржина и богата јазична семантика“. Тоа се топонимите, хидронимите и антропонимите, кои се сведоци за јазичното простирање на секој народ, за неговите преселби, за историскиот развој и за мешањето на јазиците низ времето. За среќа, проучувањето на македонската топонимија има подем уште од 70-те години на минатиот век. Излезени се повеќе монографии од повеќе региони во Македонија, а трудот „Топонимијата на Радовишко“ ќе биде уште еден значаен придонес. Се работи за печатење на докторската дисертација *Топонимијата во Радовишко* од д-р Зоран Спасовски, која содржи 640 страници компјутерски обработен текст распореден во неколку поглавја. Во *Предговорот* (1– 4 стр.) Спасовски го изложува начинот на собирање на топонимискиот материјал на терен, неговото надополнување и споредување со материјалот од Картотеката на топонимите во Институтот за македонски јазик „Крсте Мисирков“ и збогатување со потребната историска документација, со топографските карти и со катастарските планови со кои располага Катастарската управа во Радовиш. На тој начин е собран материјал од 5015 топоними од градот Радовиш и од околните 69 села. Поглавјето *Вовед* (5–12) содржи опис на Радовишкиот регион (неговата површина, опкружување, гранични синори, историјат). Се работи за планински предел расположен на југоисточниот дел на Македонија со површина од 841,5 км^2. Во овој дел прецизно се претставени елементите на конфигурацијата на теренот. Наведени се главните реки, планини, рамнини, климатски услови и сообраќајни врски. Селата се распоредени во рамките на општините и се дадени миграциските движења низ времето. Авторот истакнува дека на теренот има две јазични групи топоними, македонска и турска. Се разбира, се среќаваат и остатоци од старите јазици, од влашки топоними, српски и сл. Во продолжение, во воведниот дел, Спасовски ги набележува целите на истражувањето и ги образложува применетите методолошки постапки.

Централно и особено значајно поглавје во оваа дисертацијата има *Ојконимијата во Радовишко* (16–104). Се работи за 69 населени места (ојконими), лоцирани во општините Радовиш, Конче и Подареш.

Пред да почне со обработката, Спасовски исто така ги претставува населбите според географската поместеност (од север кон југ). Највисоко поставена е шопската група села и тоа Јуруклук –шопска регија, со македонско население и Јуруклук – турска регија со турско население. По долината на Стара или Радовишка Река е групата со измешано турско и македонско население и на крајот, нај на југ се селата во конечката област (со хомогено македонско население).

Ојконимите се обработени така што Спасовски дава општи податоци за населбите именувани со нив (географска лоцираност, опис на теренот, историски и демографски податоци итн.) и потоа се даваат толкувањата за нивните имиња. Обработени се и современите и исчезнатите населби од теренот, како и географските имиња кои даваат навесток дека некогаш означувале населби, но нема никаков пишан, историски или устен податок за нив.

Потоа следи главата со обработка на микротопонимите во Радовишко. Одделно се претставени македонските микротопоними, одделно чисто турските и на крајот мешаните македонско-турски топоними. Според Спасовски тоа е неопходно затоа што на теренот има 2 јазични групи топоними посебно, но има и голема интерференција меѓу јазиците. Се забележува дека мотивот за именување на местата е ист кај двата јазика, но различни се нивните структури, т.е. начините на нивната изведба. Класификацијата е направена по примерот на онаа (за нас) вообичаена која ја реализираше В. Пјанка во неговата монографија „Топонимијата на Охридско-преспанскиот базен“, но со нужно дополнување кое го наложува материјалот од Радовишко. Најпрвин е дадена **лексичко-семантичката класификација** на микротопонимите (стр. 109–267). Во неа детално се обработени топонимите изведени од нелични и лични апелативи, од придавски основи, од антропоними, од други топоними, итн. Потоа се дава **структурно-граматичката класификација** на турските топоними (стр. 166–192). Во неа топонимите се поделени на еднокомпонентни (неизведени и изведени) и сложени образувања. Неизведените македонски микротопоними се апелативи (*нетопономастички* и *топономастички*) кои покрај постоечката апелативна семантика добиваат и друга семантика, т.е. топономастичко значење. Тие се од областа на физиографијата (*Вис, Плочата*), хидрографијата (*Б'аарта, Изворо),* од растителниот и животинскиот свет (*Кап'инте*, *Р'акита; Л'ил'ако, Маѓ'аре*) итн. Структурно-граматичката класификација на турските топоними е поинаква од онаа на македонските. Имено, турската топонимија се покажува како посиромашна во однос на изведувањето со наставки, но многу побогата во изведувањето со граматички конструкции како што е конструкцијата изафет. Сепак, Спасовски прави обид да ја примени истата организираност и топонимите на турски јазик ги дели на еднокомпонентни и повеќекомпонентни.

Следното поглавје е *Јазичните карактеристики на радовишката топонимија* (стр.329–366). Во него Спасовски ја потенцира статичноста на топонимискиот материјал, неговата архаичност, но и динамичноста, бидејќи

го следи развојот на дијалектот, т.е. на македонскиот јазик низ времето. Како и претходно, посебно се претставени јазичните карактеристики на македонските топоними, посебно на оние од турскиот јазик. Обработени се областите фонетика и морфологија. Притоа многу добро се покажани јазичните особености на двете групи топоними.

Монографијата *Тоūономијаūа на Раḑовишко*, со својата детална анализа на зборообразувачката структура на македонските топоними во Радовишко, претставува значаен придонес на македонската наука од областа на ономастиката. Извршената анализа донесува согледби за развојот на македонскиот говорен јазик, особено за неговата лексика, која е отворен систем, а најмногу придонесува за неговото збогатување. Релевантната општа и специјална консултирана литература овозможува заклучоците да бидат добро фундирани. Затоа сметаме дека трудот „Топонимијата на Радовишко“ претставува особен придонес кон македонската ономастика и воопшто кн науката за јазикот.

Марија Коробар-Белчева[1]

[1] Универзитет „Св. Кирил и Методиј“, Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков“ – Скопје, (научен советник/редовен професор во пензија), marijakorobar@hotmail.com

УДК 811.163.3'367.625:[343.2/.7:340.13(497.7)(049.3)
УДК 811.163.3'367.625:[343.1:340:13(497.7)(049.3)
УДК 811.134.2'367.625:[343.2/.7:340.13(460)(049.3)
УДК 811.134.2'367.625:[343.1:340.13(460)(049.3)

НАУЧЕН ПРВЕНЕЦ НА МАРИЈА ПАНДЕВА

(Приказ за книгата „Модалноста во кривичните законици –македонско-шпански паралели“ од Марија Пандева)

Името Марија Пандева се среќава во триесетина труда од областа на македонистиката, на славистиката и на испанистиката, објавени во домашни и во странски научни списанија и зборници од меѓународни конференции.

Името Марија Пандева се среќава и меѓу кориците на пет книги, во чиј импресум е потпишана како преведувач од шпански на македонски јазик.

Името Марија Пандева се најде и на насловната страница на монографијата „Модалноста во кривичните законици – македонско-шпански паралели“ (2024), во издаваштво на Книгоиздавателството Ми-Ан.

Модалноста како категорија е предизвик за лингвистите, за логичарите и за филозофите.

Марија Пандева се зафаќа со модалноста од гледна точка на јазикот и умешно се справува во нејзиното претставување низ различните интерпретации, од оние со најстар датум до поновите лингвистички истражувања, во кои модалноста се дефинира како *однос на поимот зборувач кон слушателот и/или кон содржината на искажаното од зборувачот во реченичниот исказ*, но и: *како израз на ставот на зборувачот за односот меѓу сопштеното и светот околу нас*.

За Марија Пандева е предизвик истражувањето на *модалноста во македонскиот јазик* наспроти *модалноста во шпанскиот јазик*, односно, конкретно, *на модалните и на фазните глаголи* што го определуваат и го дополнуваат или го модификуваат конкретното значење на полниот глагол во да-конструкцијата, според кои модалните конструкции се употребуваат со широк спектар значења (адмиратив, дубитатив, оптатив, прохибитив, императив) во македонскиот јазик, наспроти *на модалните зборови и двата типа модални сложени конструкции* со инфинатив, во шпанскиот јазик.

Со оглед на фактот што искажувањето на можноста и на неопходноста во говорот, односно искажувањето дека според зборувачот некоја состојба е можна или, пак, е неопходно да се изврши некое дејство, а тоа *е заложено* во општествената природа на човековиот јазик и може да се оствари со различни средства, како што се (првенствено) модалните глаголи (во македонскиот: *може, мора, смее* и *треба*, наспроти во шпанскиот: *poder, deber, haber* и *tener*), е токму причината за определбата на Пандева да се зафати со нивната употреба во еден фунционален стил, односно во законодавно-правниот стил на административниот фунцкионален стил, имајќи ги предвид основите цели што се содржат во текстовите на овој потстил, во: Кривичниот законик на

Република Македонија и Законот за кривична постапка – на македонски јазик – и Кривичниот законик на Кралството Шпанија и Законот за казнено-поправна постапка на кралството Шпанија – на шпански јазик.

Па, така, во книгата „Модалноста во кривичните законици – македонско-шпански паралели“ Марија Пандева ја обработува модалноста во македонскиот и во шпанскиот јазик и начините на нејзиното искажување во одделната сфера на општествената комуникација, во која испраќачот на пораката е (во конкретниов случај) законодавната власт, која не го знае/не го познава крајниот примач на пораката (во конкретниов случај) – обвинениот, сето тоа регулирано во рамките на правните норми, со намерата од позиција на законодавната власт – да се посочат и да се санкционираат неправилностите во општеството и да се даде можноста, неопходноста и потребата тие да се отстранат на демократски начин, без да се повреди човековото достоинство, но, истовремено, да се зачува и угледот на општеството. Треба да се подвлече фактот дека токму во ваквиот тип текстови (оние што му припаѓаат во законодавно-правниот потстил) доаѓа до израз: објективноста, унификацијата, шаблонизацијата и стандардизацијата, што, пак, е условено од максимата – пред законот сите сме рамноправни. За таа цел соодветно е избран корпус од правни текстови, конкретно од кривичните законици, на македонски и на шпански јазик. Преку големиот број примери што ги нудат кривичните законици се следи искажувањето на: *забрана, наредба, обврска* или *дозвола* од страна на државата или на државните органи кон граѓаните, од една страна, и последиците за непочитувањето на правните норми, од друга страна. Земениот корпус претставува солиден материјал за да се анализира и да се проучи модалноста на еден дефиниран затворен корпус, во кој, како ретко каде можат да дојдат до израз особено синтаксичките особености на модалните глаголи во состав со да-конструкциите (во македонскиот), односно со инфинитивот (во шпанскиот јазик), со што, впрочем, се продлабочуваат и стилистичките истражувања на законодавно-правниот потстил, односно на административниот функционален стил. Истовремено, проучувањето на модалноста, каде што преовладува епистемичната и деонтичката модалност (од семантички аспект), отвора можност за подробна и попрецизна анализа на оваа категорија и во други функционални стилови.

Низ анализата на конкретните текстови на македонски јазик (Кривичниот законик на Република Македонија и Законот за кривична постапка) и на шпански јазик (Кривичниот законик на Кралството Шпанија и Законот за казнено-поправна постапка на кралството Шпанија) се согледува *што може, што мора, што смее и што треба,* а *што: не може, не мора, не смее и не треба да се прави/да не се прави*.

Според направеното истражување, во македонските законски акти, Марија Пандева го издвојува модалниот глагол *може* со да-конструкцијата како најфреквентен поради неговото основно значење, со кое се воспоставува границата меѓу можното и неможното, како и со она што треба да биде оневозможено, т. е. санкционирано со закон. Според бројот на употреба на глаголите *мора* и *смее* + да-конструкција, авторката ја навдува нивната честа

употреба и особено во случаи кога се среќаваат заедно, со тоа што формата на глаголот *смее* е даден, обично, во одречна форма (*нешто што не смее да се случи*). За глаголот *треба* + да конструкцијата, од сумираните резултати, се заклучува дека е најмалку застапен во Кривичниот законик на РМ, додека во Законот за кривична постапка на РМ се среќава често (и тоа во потврдна форма).

Во заклучните белешки за шпанските кривични закони се истакнува дека најчесто се употребува модалната перифраза *poder* + инфинитив, која е најбиска до значењето на модалниот глагол *може* + да конструкцијата во македонскиот јазик, со што се потврдува дека и во шпанскиот јазик горепосочената конструкција се користи со истото деонтичко значење – се дава дозвола или забрана за нешто. Следна е модалната перифраза *deber* + инфинитив, која одговара и е блиска со модалниот глагол *мора* + да-конструкцијата. Како пореткоупотребувани се среќаваат перифразите *tender que* + инфинитив и *haber de/que* + инфинитив со блиско значење на модалниот глагол *треба* (во некои случаи и *мора*) во македонскиот јазик. Како заклучна констатација Пандева наведува дека одречната форма кај глаголите во шпанските текстови ретко се среќава наспроти во македонските.

Со фактот што нијансирањето на исказите е од особена важност за законодавно-правниот потстил, во тој контекст и на јазикот и на стилот на Кривичниот законик на Република Македонија и на Законот за кривична постапка и на Кривичниот законик на Кралството Шпанија и на Законот за казнено-поправна постапка на кралството Шпанија, доаѓа до израз правилната употреба на јазичните средства со сите специфичности за успешно спроведување на законите во практиката, од една страна, а од друга, спроведување на хуманата компонента, што е од витално значење за правниот систем на една држава.

Од тие причини оваа книга „Модалноста во кривичните законици – македонско-шпански паралели“ од Марија Пандева има неоспорна вредност и во областа на лингвистиката и во областа на правото, и заслужува да се најде на полиците на книжарниците и во библиотеките (и градски, и домашни).

Во Предговорот на книгата, авторката Марија Пандева пишува дека изданието „Модалноста во кривичните законици – македонско-шпански паралели“ е засновано врз ракописот од одбранетата магистерска теза „Модалните глаголи во законодавно-правниот потстил на административниот функционален стил во македонскиот јазик“ (одбранета на 25.1.2021 година во Институтот за македонски јазик „Крсте Мисирков“), но, наша процена е дека овде станува збор за нов лик на она што го има истражувано д-р Марија Пандева, што може да се потврди како со внатрешната организација на текстот (12 наслови со соодветен број поднаслови, од кои некои во вид на прашање, кон кои се додадени Предговорот и Заклучокот на книгата итн.), така и со „научната прочистеност“ од „непотребна научна оптовареност“, а секако и со збогатувањето со нови научноистражувачки содржини, со умереност, за да се добие беспрекорно научно четиво, кое, покрај во

строгонаучниот потстил, слободно може да биде вклучено и во научно-учебничкиот, за идните академски граѓани. Богатата (соодветна) литература на крајот од книгата само го потврдува сето она што беше кажано претходно за нејзино претставување.

Лидија Тантуровска[1]

[1] Универзитет „Св. Кирил и Методиј, Скопје
Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков“ – Скопје, lidijatanturovska@yahoo.com

УДК 821.163.2-6.09Милетич, Љ.:811.163.3(093.2)(044)(049.3)
УДК 32(497.2):811.163.3(093.2)(049.3)

АРХИВИСТИКАТА ВО ФУНКЦИЈА НА МАКЕДОНИСТИКАТА

(Бранислав Светозаревиќ и Драган Јаќоски „Писмата на Љубомир Милетич до Афанасиј Селишчев (историја на една мистификација)“, Државен архив на Македонија, Скопје 2024)

Во поредицата значајни откритија во македонската архивистика и филолошка историографија, пред сè, во истражувањето на не така достапната, но бездруго неизбежно придружната епистоларија меѓу личностите што, од едната страна на комуникативниот медиум, ги одбележуваат значајните епохи во развојот на науката, а од друга страна се мимикрираат во нив со својата политичка издигнатост, спаѓа и оваа добродојдена книга насловена „Писма на Љубомир Милетич до Афанасиј Селишчев (историја на една мистификација)“ од Бранислав Светозаревиќ и Драган Јаќоски.

А во таа поредица спаѓаат значајните откритија на Харалампие Поленаковиќ, на Гане Тодоровски, на Блаже Ристовски и на други проучувачи, независно дали архивистиката им била основна, почетна или само помошна област во нивните понатамошни истражувања. Во секој случај, со помош на достапната кореспонденција, независно како е зачувана и архивирана и, се разбира, објавена и достапна за понатамошно вмрежување во систем од научни вреднувања, се решаваат загатки, меѓу другото, и од областа на македонистиката, но и пошироко на славистиката и лингвистиката. И секое од нив мозаично се вклопува во системот на јазикот, во тој контекст и на македонскиот јазик, во онаа смисла, во која овој поим, системот на јазикот, го сфаќал Афанасиј Матвеевич Селишчев, а пред сè, како општествена институција, надоврзувајќи се на теоретските поставки на Вилхелм фон Хумболт и на Бодуен де Куртене, чиј следбеник во науката и бил, и не само тој туку и голем број значајни лингвисти, меѓу нив најдиректно Крсте Мисирков, како и веднаш по него и Вјачеслав Шчерба и други руски лингвисти од закрилата на Бодуен де Куртене, кои ја продолжиле славистиката во она време кога не било пожелно да се биде славист во Советскиот Сојуз, од Киев преку Одеса, Москва и Ленинград до Иркутск и Владивосток. Зад секој од овие центри има определена линија на отпор против господствувачкиот маризам во советската лингвистика, а најзначајната трага ја остава токму Афанасиј Матвеевич Селишчев, не без поткрепа од неговата македонистичка знајба.

Но едно петно, што дури му било и префрлено на Селишчев, а значаен дел од вината за тоа му припаѓа на Љубомир Милетич, поточно на писмата, не кој и не кому туку што бил тој што ги испраќал писмата и што бил тој што требало да ги прими, се разбира потем нужната цензура што никој не може да

ја одрече дека ја немало. Бездруго, овие писма не му пристигнувале без претходно некој овластен за тоа да ги прочита, особено зашто критиките доаѓале од зборопревртувањата на директорот на Институтот во кој Селишчев бил вработен од 1931 до 1933 г. (Марк Наумович Бочачер), инаку литерат и публицист, и којшто ги избркал сите слависти од Институтот, меѓу нив и Селишчев и Семјуел Борисевич Бернштејн.

А вината што му ја припишува Бочачер е сокриена во исказот: *Профессор Селищев в этой борьбе за Македонию стал… сторонником болгарского империализма… Нужно уметь разглядеть за «учёными» выкрутасами политическое лицо царско-буржуазного разведчика… Перейду к книге «Язык революционной эпохи». Эта книга очень талантлива. В этой книге очень тонко и умело скрыта клевета на нашу революцию…* (В. Алпатов, Языковеды, востоковеды, историки. — М., 2012. — 374 с. — ISBN 978-5-9551-0515-4., с. 24).

„Професорот Селишчев во таа борба за Македонија стана... приврзаник на бугарскиот империјализам. Треба да се умее зад научните чудесии да се види политичкото лице на царско-буржуаскиот разузнач... Ќе се префрлам на книгата „Јазикот на револуционерната епоха“. Во таа книга мошне детално и вешто е скриена клевета на нашата револуција.“

Погледнато на глобален план, Селишчев успешно ја извојува својата борба за Македонија, оставајќи го успехот на неговиот следбеник С. Б. Бернштејн. Но, таа борба не била едноставна, и се водела на два фронта, отворено, но под превезот на борба против маризмот, што значеше, во одбрана на славистиката, и тоа во Советскиот Сојуз, каде што за тоа се гинело, и во Бугарија, под превезот на бугарската аспирација кон Македонија, за што се наградувало. Противречно, нели?!

Имено, од 1919 до 1933 г. и продолжително дури до 1939 г. во Советскиот Сојуз не било пожелно да се биде славист. Првиот стрелан, уште пред да се подигнат обвиненијата е Тимофеј Флорински, менторот на Крсте Петков Мисирков, а последниот стрелан – Григориј Илински, со кого Мисирков заедно студирал. Се разбира, не е мал бројот на емигрантите што се спасиле, независно што некои од нив сиот својот живот го поминале како беспаспортни граѓани, т. е. со Нансенски паспорт. Еден од нив е Михаил Попруженко, исто состудент на Мисирков. Не случајно се споменуваат во овој Мисирковски контекст и Илински и Попруженко, зашто тие му припаѓаат и на Селишчевиот контекст, особено Попруженко кому Љ. Милетич му ги доверува првите две коректури, како што пишува во овие писма на книгата за Полог, а третата коректура ја врши самиот тој Милетич. Станува збор имено за она писмо во кое Милетич пишува „Во картата треба, во согласност со направената поправка во текстот на книгата, зборот „Словени“ да се замени со зборот „Бугари“ за да нема противречност, за што верувам нема да бидете против. Картата излезе многу убава.“

Да потсетиме, Попруженко е несудениот цензор и лектор на списанието „Вардар“ на Мисирков од 1905 г., зашто го владеел македонскиот јазик. И, особено македонската дијалектологија, независно дали од книгата на Тимофеј Флорински, од комуникацијата со Мисирков, или од предавањата на професорот Борис Љапунов, лингвист што спокојно си го одживеа векот во закрилата на маризмот.

Иронија на судбината е што една од причините што Селишчев малку од малку извлекува жива глава, но не за долго, е неговиот курс по македонистика од аспект на етнологијата, што се вклопувало во шемата на Институтот што популарно во тоа време го викале Институт за флерт и љубовни интриги, што како кратенка е спомнат и во оваа книга.

И тоа именување, колку и да е подлога за сатира, а е само опис на сите обиди да се уништи, во името на маризмот, славистиката во Советскиот Сојуз, која инаку била поддржувана од мал број лингвисти, како Селишчев и Бернштејн, па и јапонисти, Евгениј Поливанов, саркастично провејува и во писмата на Милетич до Селишчев, во кој доминира концептот „ПАРА“, имено дека сè може да се купи, па и научник, особено ако е во тешка позиција, независно колку тоа му значело на Селишчев, ако се има предвид неговиот аскетски живот, за што сведочат неговите колеги. Имено, Селишчев е единствениот славист за кого веднаш по неговата смрт пофално се изразиле. Меѓу другото, зашто умрел природно во екот на Втората светска војна. А претходно успеал да ја возобнови Катедрата за словенска филологија на Московскиот државен факултет и да воведе емисии на словенските јазици на Радио Москва, по неговата смрт и на македонски јазик. Понатамошните обврски ги презел С. Б. Бернштејн, чија заслуга е и лекторатот и Катедрата за македонски јазик на истата катедра, чија дејност започнува во 1965 г., што ќе рече пред шест децении.

Селишчев им припаѓа на оние лингвисти кои од дијалектологија преку поетика се оформија како современи лингвисти, при сè што никогаш не го напуштија историцизмот во лингвистиката.

Таа широчина му овозможи да ги осуети намерите на Милетич и отсечно да ги отфрли неговите препредени игри околу македонската дијалектологија.

Оваа книга повеќе зборува за Милетич, тој е и главниот актер, а Селишчев е само објект на негова „обработка“, апокрифна, во редот на оние мистификации од времето на „Солунската легенда“ од кои бугарската лингвистика никако да се ослободи.

„Писма на Љубомир Милетич до Афанасиј М. Селишчев“ од Бранислав Светозаревич и Драган Јаќоски претставува аргументирано научно отфрлање на ненаучните манипулации со македонистичкиот опус на еден од најзначајните руски македонисти, Афанасиј Матвеевич Селишчев (1866 – 1942) од страна на официјалната политика на Р. Бугарија до која се држи дури и во

најново време бугарската лингвистика, а која се засновува на перфидните игри со кои бугарскиот филолог Љубомир Милетич (1863 – 1937) своевремено вршел редактирање во корист на бугарската кауза и на бугарската антимакедонска пропаганда на ракописите на книгите и статиите на Селишчев, што овој истакнат лингвист му ги доверувал за објавување преку Македонскиот научен институт.

Авторите Бранислав Светозаревиќ и Драган Јаќоски врз основа на беспрекорна експертиза ја проследуваат хронологијата на сите дезавуирања на македонистичките ставови изложени во делото на Селишчев преку груби фалсификати кои се надоврзуваат на подметнатите конструкции од страна на Љубомир Милетич, кои се провлекуваат до ден-денес, меѓу другото и во изданието на БАН од 2020 година под наслов „За официјалниот јазик на Република Северна Македонија“.

Во првото поглавје „Кратка хронологија: од мистификација до манипулации со книгата на Селишчев“, авторите профилирајќи го ликот и делото на Љубомир Милетиќ ја обелоденуваат неговата улога во негирањето на македонскиот јазик и прегледно ги изложуваат заложбите на Македонскиот научен институт, раководен од Љ. Милетич, во таа насока, како и понатамошното негирање на македонскиот јазик од страна на БАН врз основа на претходните негирања меѓу двете светски војни. Во средиштето на интересот на авторите е токму односот на Милетич кон Селишчев, во услови во кои Милетич се поставувал во надредена позиција, поради неможноста Селишчев (и не само тој туку и други истакнати слависти, како Попруженко, Илински и други) да ги објавува(ат) своите трудови во Советскиот Сојуз во односниот период, особено по 1933 г. кога се засилува прогонот на славистите заради нивното дело оквалификувано како реакционерно.

Врз основа на целокупното дело на Селишчев, врз искажувањата на С. Б. Бернштејн, ученик на Селишчев и негов следбеник во македонистиката, изложени во неговите книги кои се објавени во Москва врз основа на издржани рецензии, како и врз своевремената критика за ненаучниот однос кон филологијата на самиот Милетич од страна на Г. Д. Баласчев, во второто поглавје на ракописот „Како невистината се трансформира во *вистина* и *научен аргумент*?“ авторите мошне издржано го илустрираат перфидниот лик на Милетич и неговите обиди да се фалсификува делото на Селишчев, не неговата лингвистичка анализа туку оние места каде што Селишчев го нагласува посебниот карактер на македонските дијалекти да бидат заменети со формулации што не одговараат на вистината туку ѝ служат на бугарската шовинистичка политика и аспирациите кон Македонија.

Сето тоа јасно е поткрепено во третиот дел од ракописот во кој е извршена стручна анализа на писмата на Милетич до Селишчев, при што се приложени и оригиналните писма на Селишчев до Милетич во превод на македонски јазик, со назнака каде се архивирани.

Авторите Светозаревиќ и Јаќоски мошне студиозно и муниciозно ја проучиле проблематиката со која се зафатиле со цел да ги отфрлат грубите невистини со кои калкулира бугарската наука и во денешни дни, негирајќи го постоењето на македонскиот јазик како независен ентитет во словенската група јазици. А тоа е податок јасно изложен во делото на Селишчев и потврден не само од неговиот следбеник С. Б. Бернштејн, што е јасно претставено во ракописот, туку и од напреднатата светска лингвистика меѓу двете светски војни, меѓу другото и од Антоан Меје, име што високо се издигнало во лингвистиката, а што така безобразно е нападнато од Милетич во неговата коресподенција.

Низ трите носечки поглавја на ракописот авторите Светозаревиќ и Јаќоски вкрстено со низа аргументи го откриваат вистинското лице на Љ. Милетич, но што е уште поважно ја осветлуваат македонистичката линија на А. М. Селишчев со која денес се гордее не само македонистиката туку и славистиката и балканистиката во целост.

Димитар Пандев[1]

[1] Филолошки факултет „Блаже Конески“, УКИМ – Скопје, d.pandev@flf.ukim.edu.mk

УДК 811.163.41'373.45(049.3)
УДК 811.163.41'373.611(049.3)
УДК 811.163.41'37(049.3)

СЕМАНТИЧКО-ДЕРИВАЦИСКА АНАЛИЗА НА ТУРЦИЗМИТЕ ВО СОВРЕМЕНИОТ СРПСКИ ЈАЗИК (СЕМАНТИЧКО-ДЕРИВАЦИОНА АНАЛИЗА ТУРЦИЗАМА У САВРЕМЕНОМ СРПСКОМ ЈЕЗИКУ)

Чест ни е да ја претставиме монографијата под наслов *Семантичко-деривациска анализа на турцизмите во современиот српски јазик (Смеантичко-деривациона анализа турцизама у савременом српском језику)* од авторката Марија Ѓинѓиќ, издание на Институтот за српски јазик при САНУ, Белград 2023 година.

Честа е уште поголема што пишуваме приказ на докторската дисертација на Марија Ѓинѓиќ, научен советник во Институтот за српски јазик при САНУ, член на Комисијата за лексикологија и лексикографија при Одборот за стандардизација на српскиот јазик, член на Управниот одбор на Институтот за српски јазик во САНУ, како и дописен член на Турското лингвистичко друштво (Türk Dil Kurumu) во Турција. Марија Ѓинѓиќ се занимава со контактолошки прашања поврзани со турскиот и со српскиот јазик, пред сè со турцизмите. Авторка е на монографиите: *Yeni Türkçe Sirpça Sözlük* (2014) и *Саборно гробље у Сентандреју: прошлост и натписи* (2012).

Со излегувањето на уште една научна монографија како оваа, која го носи насловот *Семантичко-деривациска анализа на турцизмите во современиот српски јазик* се покажува богатото долгогодишно научноистражувачко искуство на врвен научник од областите на семантиката и на деривацијата на турцизмите во современиот српски јазик.

Монографијата е исклучително дело од областа на семантиката и на деривацијата на турцизмите во современиот српски јазик. Монографијата содржи 594 страници текст, а е составена од **Предговор**, **Вовед** (*Воведни размислувања: цели и историја на корпусот на темата*; *Српски и турски – поранешни јазици во контакт*; *За термините позајмени зборови и турцизми*), **Статусот на турцизмите во современиот српски литературен јазик**, **Семантичка анализа** (*Полисемантички лексеми*; *Семантичка адаптација*; *Нулта семантичка екстензија*; *Проширување на бројот на значења*; *Губење на семантичката врска помеѓу моделите и репликите*; *Семантичка промена преку промена на граматичката категорија*; *Застарените зборови во турскиот јазик*; *Тематски групи*), **Деривациска анализа** (*Лексеми со најбогати деривациски гнезда*; *Лексеми без деривациски гнезда*; *Лексеми без полисемија и деривација*; *Лексеми со полисемија, но без деривација*), **За турските суфикси** (*Суфиксот -чија/-џија*; *Суфиксот -лук*; *Суфиксот -лија*; *Суфиксот -ана*; *Суфиксот -суз*; *Суфиксот -џик*; *Суфиксот -иле*; *Суфиксот -дар/-тар*; *Суфиксот -ли*; *Суфиксот -баша*), **Домашни суфикси** (*Именски*

суфикси, *Придавски суфикси*, *Глаголски суфикси*, *Прилошки суфикси*), **Формирање на префикси** (*Именски сложенки*; *Сложени прилози*; *Глаголски изрази*), **Турцизмите во литературните дела денес, Методологија и концепт на создавање на Семантичко-деривацискиот речник на турцизмите** (*Легенда и скратеници)*, **Семантичко-деривациски речник на турцизмите**, **Заклучок**, *Извори*, *Литература*, *Резиме*, *Терминолошки регистар*, *Именски регистар*, а завршува со биобиблиографски податоци **За авторот**.

Монографијата *Семантичко-деривациска анализа на турцизмите во современиот српски јазик* претставува преработена и дополнета верзија на докторската дисертација под наслов *Турцизмите во современиот српски литературен јазик (семантичко-деривациска анализа)* одбранета од Марија Ѓинѓиќ на 22 јануари 2014 година на Филолошкиот факултет на Универзитетот во Белград.

Во *Воведот* е претставена главната цел на оваа научна монографија, т.е. системскиот опис на турцизмите во современиот српски јазик од перспектива на формирање зборови и, особено, семантиката, притоа одредувајќи го и нивниот статус во современиот српски јазик. Анализата на турцизмите вклучува подетална анализа на специфичните семантичко-деривациски карактеристики на турцизмите преку: 1. утврдување на семантичката разлика меѓу турцизмите во српскиот јазик и нивните еквиваленти во турскиот јазик на синхрониско ниво, споредба на моделите од современиот турски јазик и репликите од современиот српски јазик; 2. регистрација на турцизмите и регистрација на тематските групи зборови: *стан* (*куќа и нејзините делови*), *земјоделство*, *занаетчиство*, *роднински односи*, *коњарство*, *воена терминологија*, *кулинарство*, *билки*, *животни*, *занимање*, *титули* и сл.), во кои се јавуваат, и врз основа на кои може да се утврди од кои тематски групи лексемите имаат најразвиени гнезда; 3. испитување на губењето на турцизмите во литературниот јазик, особено при испитување на тематските групи во кои се јавува губењето на турцизмите; 4. утврдување на статусот на турцизмите, што би покажало кои турцизми се одомаќинети и активни во српскиот лексички фонд врз основа на нивната фреквенција во соодветниот компјутерски корпус и нивната застапеност во делата на современите српски писатели. Основниот корпус во оваа научна монографија е ексцерпиран од Речникот на Матица српска и е претставен во форма на семантичко-деривациски речник.

Во делот под наслов *Статусот на турцизмите во современиот српски литературен јазик* е даден појасен увид во статусот на турцизмите во современиот српски јазик, односно е утврдено кои турцизми се активни и одомаќинети. Врз основа на верификацијата на секоја лексема во корпусот е креиран статистички речник на појавување на најфреквентните лексеми (види табела број 1 во монографијата *Семантичко-деривациска анализа на турцизмите во современиот српски јазик*).

Семантичко-деривацискиот речник на турцизмите содржи 331 страница текст и е напишан по азбучен ред. Речникот вклучува вкупно 191 семантичко-деривациско гнездо, како и 1462 лексеми кои се без гнезда, што заедно со 4908 деривати прават вкупно 7461 обработени лексеми. *Семантичко-деривацискиот речник на турцизми* претставува посебен лингвистички речник што би можел да послужи како основа за понатамошни теоретски истражувања на турцизмите во српскиот јазик. Моделот на речникот конципиран на овој начин, исто така, дава можност за компаративни студии на лексиката во српскиот и во турскиот јазик преку претставување на семантичко-деривациски гнезда на одредени лексеми. Анализата на структурата на *Семантичко-деривацискиот речник на тур-цизми* покажува дека внатрешните лексички промени кај турцизмите имаат резултирано со создавање нови значења на одредени турцизми, нови деривати и фразеологизми, како и промени во употребата. Со направената анализа е покажано дека голем број турцизми застареле и станале дел од пасивниот лексички фонд на српскиот јазик.

Богатството од именски, придавски, глаголски и прилошки суфикси укажува на исклучително креативен развој на турцизми со текот на времето. *Семантичко-деривацискиот речник на турцизми* содржи 4908 деривати. Преку истражувањата утврдено е дека во современиот српски јазик има околу 3000 турцизми, од кои повеќе од 50 % се одомаќинети и фреквентни во употреба во српскиот јазик.

За квалитетот на оваа монографија зборуваат научните поглавја од областите на семантиката и на деривацијата на турцизмите во современиот српски јазик, како и *Семантичко-деривацискиот речник на турцизмите* сместен во оваа научна монографија, кои ги следат деривациските тенденции во развојот на науката за јазикот.

Монографијата *Семантичко-деривациска анализа на турцизмите во современиот српски јазик* од авторката Марија Ѓинѓиќ ја збогати лингвистичката ризница во српскиот и во турскиот јазик, а *Семантичко-деривацискиот речник на турцизмите* претставува извонреден придонес во збогатувањето на лексикографската наука и пошироко.

Македонка Додевска[1]

[1] Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков“ – Скопје, makedonka dodevska@yahoo.com

УДК 811.163.3(045)(049.3)
УДК 821.163.3(045)(049.3)
УДК 930.85(497.7)(045)(049.3)

СИНТЕЗА НА НАУЧНИ И УМЕТНИЧКИ ВРЕДНОСТИ

(Васил Дрвошанов. *Авторите и делата IX*. Скопје: Бата прес милениум, 2025)

Во секоја наука постојат дела кои не само што ја обликуваат својата област, туку и отвораат нови хоризонти за човечката мисла. Тие се трудови што го надминуваат времето и просторот, оставајќи траен белег врз културниот и интелектуалниот развој. Препознавањето на таквите дела бара не само знаење туку и етичка чувствителност – способност да се види нивната длабока вредност.

Авторот на ова дело, проф. д-р Васил Дрвошанов – долгогодишен истражувач во Институтот за македонски јазик „Крсте Мисирков“ и негов поранешен директор, автор на бројни научни и книжевни трудови и добитник на многубројни награди – одамна е препознатлив по својата етичка димензија, по искрената волја за признавање на значајни личности и по способноста да открива уникатни дела кои ја задолжиле науката и културата, приближувајќи ги до поширокатa публика.

Значајно е да се нагласи дека таа негова етичка димензија не се ограничува само на домашни автори: во своите прикази и обработки тој опфаќа и многубројни странски имиња, како *Соболев*, *Домисилецкаја*, *Ермолин* и други. За тоа сведочи и насловот на самата едиција – „Автори и дела *IX*“ – како и фактот дека станува збор за серија која досега претстави многу исклучителни личности и трудови со трајна вредност.

Во секоја книга од оваа едиција, авторот не само што избира личности и дела од особена важност туку успева да ги прикаже на несекојдневен начин – јасно, питко и со прецизно нагласена поента. Способноста да се спои научната длабочина со пристапност го прави секое издание уникатно и инспиративно.

Таков е случајот и со оваа книга, која ја претставуваме во овој број на почитуваното списание „Македонски јазик“. Книгата „Автори и дела IX“ претставува уникатен прозорец кон шест извонредни дела кои, секое во својата област, оставиле длабок и траен белег врз развојот на науката и културата. Избраните трудови опфаќаат книжевност, јазик, несекојдневни литературни истражувања, сликарство и историја – дисциплини кои, иако различни по природа, се испреплетуваат во стремежот кон вистината, убавината и човечката мисла. И авторот, познат по својата етичка чувствителност и способност да препознае дела со трајна вредност, ги претставува овие трудови не само како научни придонеси туку и како сведоштва за духовната и интелектуалната сила на македонската научна мисла.

Трудот насловен како „Автори и дела, книга деветта“ содржи шест статии претходно објавени во списанијата *Современост*, *Просветно дело* и *Зенит*. Овие текстови се појавиле во периодот од 2018 до 2023 година, а според авторот, нивното обединување било наложено од тешкотијата да се следат поради тоа што биле објавени во различни времиња и во различни изданија. Со нивното интегрирање во едно заедничко дело се создава целина која, се разбира, го олеснува нивното следење. Дополнителна предност е што статиите во книгата се распоредени хронолошки, во редоследот во кој првично биле објавени. Па сепак, ние би рекле дека потребата за ова дело била двојна; од една страна, да се олесни тоа следење, но од друга и да ѝ се претстават на публиката шест уникатни различни дела од различни гранки на науката на едно место, и со тоа да се укаже и богатството на нашата наука воопшто.

Овој аспект упатува кон уште една суштинска карактеристика на творештвото на проф. д-р Васил Дрвошанов – неговата македонистичка ориентација и стремежот кон афирмација на највредните достигнувања на македонската наука и на македонските научници. Препознатливата етичка димензија на авторот е испреплетена со патриотска компонента, што резултира со чест фокус врз автори кои се занимаваат со „македонските работи“. Покрај индивидуалната уникатност на делата презентирани во ова издание, заедничка им е и изразената намера на нивните автори да дадат максимален придонес за развојот на македонската научна мисла. На тој начин се афирмира богатството и оригиналноста на македонската научна традиција, како и аналитичката способност на македонските истражувачи за продлабочен и систематски пристап кон тематските области што ги обработуваат.

Во изданието „Автори и дела, книга деветта“, секој труд е претставен под соодветен и тематски прецизен наслов. Во книгата се обработуваат дела на следните македонски истражувачи:

- Васил Тоциновски, *Некои златни времиња* (Битола: Нова, 2018);
- проф. д-р Мери Јосифовска, научен советник во Институтот за македонски јазик „Крсте Мисирков“, *Топонимијата на Крушевско* (Скопје: Книгоиздателство МИ-АН, 2019);
- Мишо Китаноски, *Прстен и парфем (раскази)* (Скопје: Арс Ламина – публикации, Арс Либрис, 2020);
- Славчо Ковиловски, научен советник во Институтот за македонска литература, *Речник на псевдонимите во македонската книжевност во XIX век: Дешифрирање на скриените имиња на македонските културно-просветни дејци* (Скопје: Современост, 2022);
- Никола Пијанманов, Ниче Василев, Васко Ташковски и Тони Ќосев, *Сликарството на Ниче Василев*: 50 години творештво (Струмица: Култ-транзен, 2022);
- Невен Радически, *Мал историски калеидоскоп* (Скопје: Македоника литера, 2023).

Првата книга обработена во оваа монографија е „Некои златни времиња“ од Васил Тоциновски (Битола: Нова, 2018), претставена под насловот „Засведочени мигови“. Во својот осврт, проф. Дрвошанов, откако накратко го прикажува ликот и делото на Тоциновски, „осмелувајќи се да го нарече најпродуктивниот творец на македонското книжевно поле денес“, успешно ги издвојува централните теми и поетски преокупации што ја обликуваат длабочината на оваа поезија.

Анализата открива широк спектар мотиви – од секојдневното и незабележливото во животот, до суштински и филозофски теми како минливоста на времето, копнежот по изгубени мигови, љубови и убавина, заробеноста на колективниот дух. Лирските чувства се преточени во метафори со силна експресивност, како споредбата на зрелата доба со доцна есен или на врвот на зрелоста со „планински врв кој е заод на животот“. Во нив се препознаваат тага, меланхолија, осаменост, копнеж по неповратноста, разочараност од лаги и неверства.

Покрај тоа, авторот на приказот издвојува и стихови посветени на личности од минатото, настани со трајни последици, места со естетска и духовна вредност, како и мотиви на разделба, љубовни чувства и контемплација за човечката егзистенција. На тој начин, проф. Дрвошанов ни пренесува богат поетски свет, изграден преку длабоки духовни доживувања, кои се артикулирани во јазични структури со значајна емотивна и симболичка слоевитост – поезија што не се открива веднаш рационално, туку се осознава постепено и чувствено.

На тој начин, проф. Дрвошанов му пренесува на читателот едно значајно македонско поетско дело, кое не само што ја збогатува националната литература туку ја афирмира и длабочината на македонската поезија пред поширокатa, вклучително и меѓународната публика.

Втората книга претставува значаен придонес кон македонската лингвистичка наука: монографијата „Топонимијата на Крушевско“ од проф. д-р Мери Јосифовска, научен советник во Институтот за македонски јазик „Крсте Мисирков“, издадена од МИ-АН во Скопје, 2019 година.

Приказот на оваа монографија проф. Дрвошанов го започнува со нагласување на значењето на нејзиниот автор:

„Во македонската лингвистичка наука малкумина се авторите кои се определуваат да истражуваат само едно лингвистичко поле, каква што е Мери Јосифовска – комплетна ономастичарка, посветена и на антропономастиката и на топономастиката, која веќе три децении со свои трудови е присутна и во домашната и во странската научна периодика.“

Нагласувањето на значајната позиција што авторката ја зазема во македонската лингвистика претставува вовед во анализа на самата книга. Монографијата „Топонимијата на Крушевско“ не е изолирана лингвистичка студија, туку заокружување на истражувачката работа на проф. Јосифовска посветена на регионот Крушевско. Во претходен труд, кој проф. Дрвошанов

исто така го претставува пред научната јавност, авторката го обработува антропонимискиот систем во Крушевско. Новата студија се надоврзува на таа тема, испитувајќи го регионот во целост од ономастичка перспектива: систематски и детално се анализираат и антропонимите и топонимите, со што се обезбедува комплетен ономастички приказ на Крушевско.

Приказот на проф. Дрвошанов започнува со нагласување на посветеноста на авторката кон изработката на трудот, која се реализирала во неколку фази. Првата фаза опфатила теренско собирање материјал, при што авторката повеќепати се враќала на терен за дополнување и прецизирање на податоците, запознавање со конфигурацијата на просторот – значајна за толкувањето на топонимите – и стекнување чувство за ориентација. Втората фаза се состоела во споредба на теренскиот материјал со оној претходно собран и архивиран во картотеката на Институтот за македонски јазик, негово дополнување преку ексцерпција од пишувани извори (книги, монографии, статии, историски документи), како и од топографски карти и катастарски планови. Третата фаза опфатила азбучување и дигитализација на материјалот, како и концептуализација на изгледот на Регистарот на топоними, со додавање информации за населеното место, опис на именуваната локација и други релевантни податоци.

Проф. Дрвошанов истакнува дека дури во четвртата фаза започнала научната обработка на собраниот материјал, со примена на современи топономастички методологии.

Како резултат на оваа систематска и посветена работа, нагласува проф. Дрвошанов, е добиен современ и научно релевантен труд кој обезбедува детални податоци за испитуваниот терен во повеќе аспекти. Студијата содржи прецизно определени граници на регионот, географски опис (релјеф, сообраќајни врски, климатски карактеристики), историски потврдени информации за градот и околните населби, миграции, демографски промени, архитектура и културни особености. Дополнително, трудот нуди точни податоци за етничкиот и верскиот состав на населението (Македонци, Власи – дел од нив мијачко население), со прецизна локализација по села, како и за присуството на православно и муслиманско население (албанско или македонско). Вклучени се и детални описи на етнички групи (Хрвати, Турци, Санџаклии), податоци за доселувања и иселувања, како и региони на миграција.

Понатаму, проф. Дрвошанов истакнува дека делото содржи прецизен опис на географските граници на регионот, како и детален и исцрпен приказ на неговата хидрографска и орографска мрежа – до степен на именување на водотеци кои понираат или пресушуваат од различни причини. Дополнително, трудот нуди систематски опис на природните и стопанските карактеристики на теренот, релјефот, комуникациската инфраструктура, климатските особености и демографската состојба.

Проф. Дрвошанов истакнува дека трудот нуди нови податоци кои побиваат одредени вкоренети и традиционални сфаќања. На пример,

спротивно на општоприфатеното мислење дека Крушево е релативно нова населба оформена во XVIII век, главно од Власи-сточари, анализата на автентични турски документи покажува дека Крушево е многу постара населба, при што најраниот засега познат податок потекнува од 1467/68 година.

Понатаму, детално се опишува процесот на формирање на населбата, миграциите и нејзиното оформување како современа градска средина. Авторката забележува дека првичната населба најверојатно потекнува од македонско и албанско номадско население, а Власите, кои се доселувале во четири наврати од Москополе и Грамос, ѝ го дале градскиот карактер. Во првата половина на XIX век се доселуваат и Македонци од крушевски, демирхисарски, прилепски и мијачки села, што го забрзува стопанскиот, економскиот и општествениот развој.

Дополнително, трудот нуди исцрпни податоци за демографијата на градот, архитектурата, маалата, типовите на куќи, црквите и други елементи од урбаната структура.

Понатаму, проф. Дрвошанов забележува дека авторката детално ги обработува крушевските села, обезбедувајќи етимолошки податоци за нивните имиња и демографски карактеристики, со прецизни објаснувања за потеклото и значењето на топонимите.

Описот продолжува со анализа на преостанатиот материјал во студијата – имињата на места и мали објекти на теренот. Проф. Дрвошанов нагласува дека авторката ги обработува од лексичко-семантичка и структурно-граматичка перспектива, при што детално ја објаснува нивната етимологија (дали потекнуваат од имиња на географски објекти, луѓе, животни, растенија или зборови од секојдневниот јазик) и нивната морфолошка структура (основа, наставки, деривациски модели). Следува и систематски опис на јазичните карактеристики на материјалот од фонетско-фонолошки, морфолошко-граматички и историски аспект, со прецизно утврдување на прасловенски, влашки (латински) или албански лексеми кои учествуваат во нивната форма – анализа што проф. Дрвошанов внимателно ја следи во понатамошниот дел од својот приказ.

Приказот на проф. Дрвошанов завршува со осврт на завршните делови на монографијата: Регистарот на топонимите во Крушевско, Списокот на користени скратеници и Библиографијата, за кои авторот упатува неколку пригодни забелешки.

Проф. Дрвошанов го завршува приказот со оценка дека ова исцрпно топономастичко, пред сѐ јазично дело, во кое е вложен значителен труд и извонредна организација, претставува редок пример на студија што обезбедува толку сеопфатни податоци за еден македонски регион. Монографијата го заокружува истражувањето од сите аспекти – антропономастички, топономастички и дијалектолошки – и на извонреден начин ги опишува географските, стопанските, јазичните, културните и демографските карактеристики на теренот. Во неа јасно се нагласува улогата на Власите во

формирањето на градскиот живот во Македонија, како и нивната поширока културолошка улога во македонското општество.

Вредноста на трудот се потврдува и преку просторот што проф. Дрвошанов му го посветува: обработката зазема 99 страници (од 21 до 120 во книгата). Дополнително, значењето што авторот ѝ го припишува на проф. Јосифовска се гледа и во фактот дека ова не е прв негов приказ на нејзино дело; претходно се осврнал на други нејзини значајни трудови, со посебен акцент на целината на нејзината работа за крушевскиот регион. Пак е заслуга на проф. Дрвошанов што ја вклучува оваа монографија во својата колекција на големи и значајни македонски дела од различни научни области и така ја доближува и до стручната јавност и до поширокаата читателска публика.

Третата книга, обработена во приказот насловен „Пресеани сознајби“, е збирката раскази „Прстен и парфем“ од Мишо Китаноски (Скопје: Арс Ламина – публикации, Арс Либрис, 2020). Во воведот, проф. Дрвошанов најнапред ги информира читателите за професионалната биографија на авторот – неговата работа како новинар, уредник и главен и одговорен уредник на ревии и списанија – процес што го оформил како писател. Потоа нагласува дека плод на тој творечки развој е токму оваа збирка раскази, чија најголема вредност, според авторот на приказот, е нејзината посветеност на ќерката на писателот.

Според проф. Дрвошанов, вредноста на ова дело лежи во фактот што расказите се засновани на вистински историски случки, интерпретирани низ призма на авторската креативност. Станува збор за настани од различни делови на светот, секој со своја препознатливост и интерес. Првата приказна, насловена „Прстенот на Елен Стон“, се темели на познатиот настан – грабнувањето на американската мисионерка од четите на Јане Сандански, со цел обезбедување средства за македонската ослободителна борба. Акцентот, меѓутоа, авторот го става на симболиката на прстенот на Елен Стон, кој таа, разбирајќи ги идеалите на организацијата и возбудата на своите грабнувачи, му го подарува на едно момче што ѝ раскажувало за борбата. Со тоа, писателот на оригинален начин го интерпретира историскиот настан, внесувајќи личен печат во претставувањето на доживувањето на Елен Стон.

Сите следни приказни се развиваат во ист стил: раскажување на светски историски настани, секој со своја препознатливост и драматичност. Меѓу нив се „Стрелањето на Мирослав Крлежа“, патувањата на д-р Арчибалд Рајс и средбата на еден војник со Сара Бернар, опишани во расказите „Срцето на доктор Арчибалд Рајс“, „Парфемот на Сара Бернар“ и други. Секоја приказна носи силна поента преку еден клучен мотив: желбата на д-р Рајс неговото срце да биде донесено во Македонија и закопано на Кајмакчалан; враќањето на војникот од фронтот со шишенца парфем добиени лично од славната актерка.

Овој оригинален начин на раскажување продолжува и кулминира во единствениот расказ од вториот дел на збирката – „Истрагата ја води Агата Кристи“ – кој претставува врв на целата книга. Во него авторот вклучува

ликови како прославената писателка Агата Кристи и светски познатиот психолог Зигмунд Фројд, за да пренесе поента дека постојат настани кои не можат да се истражат и објаснат со човечката логика, туку понекогаш, ете, од некои причини, само со непроникливата Божја волја.

Овој наративен метод потсетува на пристапот на турскиот писател Омер Сејфетин во неговата збирка „Избрани раскази“ (Скопје: Бегемот). И таа колекција се состои од вистински приказни кои Сејфетин – поранешен воен офицер – ги собрал за време на своите патувања низ Балканот, како и од стари и познати историски случки, кои ги преточил во сопствен расказен модел и им дал оригинален печат. Сличен принцип применува и Мишо Китаноски.

Не станува збор за позајмување или преземање на наративна структура, туку за констатација дека ваков уникатен раскажувачки пристап се среќава и кај странски автори. Пак е тоа проф. Дрвошанов, кој ја препознава таа уникатна особеност и ја извлекува од релативна непознатост, претставувајќи ја пред читателите како вреден и несекојдневен придонес во македонската книжевност.

Четвртата книга, обработена под насловот „Зборовник на тајни имиња“, е литературната студија „Речник на псевдонимите во македонската книжевност во XIX век: Дешифрирање на скриените имиња на македонските културно-просветни дејци“ од Славчо Ковиловски, научен советник во Институтот за македонска литература. Делото е издадено од издавачката куќа Современост во Скопје, 2022 година.

Прикажувајќи го ова уникатно литературно-истражувачко дело, проф. Дрвошанов ја нагласува креативноста на авторот и во изборот на истражувачка тема и во начинот на нејзината обработка. Станува збор за тема која е ретка и тешка за истражување: псевдонимите во македонската книжевност, односно автори од XIX век кои, од различни причини, објавувале под псевдоним за да го сокријат својот идентитет. Псевдонимите често биле внимателно осмислени, што го отежнувало препознавањето на вистинскиот автор; во историските документи се појавувале само текстови потпишани со псевдоним, без други идентификациски податоци.

Проф. Дрвошанов ја препознава благородната намера на авторот да ги истражи овие случаи, да ги идентификува вистинските автори и да ги претстави пред македонската публика. Во својот приказ тој нагласува дека оваа задача е сложена, но дека авторот успешно ја реализирал.

Во својата анализа на ова дело, проф. Дрвошанов со право започнува со краток осврт на ликот и делото на авторот, нагласувајќи дека неговата творечка активност опфаќа книжевност, историја, културологија и белетристика, при што се јавува како раскажувач, драмски автор, поет и романсиер – синтеза што го афирмира и како научник и како уметник. Овој воведен опис служи како контекст за подобро разбирање на самото дело.

Темата на истражување е креативен избор, а начинот на обработка дополнително ја потврдува таа креативност. Професорот забележува дека

станува збор за „прв труд од ваков вид во Македонија“ и го опишува неговиот концепт: текстот е структуриран во два главни дела – „За природата на лажните имиња“ и „Анализа и синтеза“, на кои им претходи вовед, а по кои следат заклучок и резиме на англиски јазик, заокружени со користена литература и белешка за авторот. Оваа јасна и добро осмислена структура овозможува читателот најнапред да се запознае со предметот на истражување, потоа со материјалот, анализата и заклучоците.

Проф. Дрвошанов дополнува дека со резимето на англиски јазик авторот ги презентира резултатите и пред меѓународната научна јавност – забелешка што сведочи за високото ниво на концептуализација на трудот.

Понатаму, проф. Дрвошанов нагласува дека авторот се зафатил со тема која е одамна истражена во повеќето европски книжевности, но не и во македонската, и детално ја опишува применетата методологија и структурата на делото. Освртот накратко се задржува на обработката на прашањето за псевдонимите во светската и особено во македонската литература, на анонимните објави регистрирани во богатата книжевна продукција од XIX век, на авторите кои се „сокривале“ зад псевдоними и причините за тоа, како и на анализата на самите псевдоними, нивните носители, делата во кои се јавуваат и нивната структура и значење.

Приказот завршува со детална анализа на заглавните единици и сите делови од трудот, нагласувајќи дека Ковиловски успеал да идентификува голем број македонски дејци од XIX век, да дешифрира досега непознати автори и, со трпеливост и систематска работа, да открие значајно богатство од автори и дела од богатата ризница на македонски публицисти од XIX и првата половина на XX век, со што го потврдува континуитетот на македонската книжевност низ вековите. Но пак е проф. Дрвошанов на кого треба да му благодариме што успеал да ја препознае вредноста и уникатноста на уште едно наше несекојдневно дело и се потрудил да го доближи до поширокатa стручна и заинтересирана публика.

Петтата книга, обработена под насловот „Потрага по совршениот ликовен клуч“, е монографијата „Сликарството на Ниче Василев: 50 години творештво“, изработена од група автори (Никола Пијанманов, Ниче Василев, Васко Ташковски и Тони Ќосев). Делото е издадено од издавачката куќа Култ-транзен во Струмица, 2022 година.

Во овој случај, проф. Дрвошанов избира дело од областа на ликовната уметност – монографија посветена на творештвото на академскиот сликар Ниче Василев. Станува збор за публикација од редок карактер во македонското издаваштво, што професорот со право ја издвојува за поширока промоција. Во воведот тој нагласува дека во нашата издавачка практика ретко се среќаваат дела од областа на ликовната уметност, а уште поретко монографии за поединечни уметници.

Имајќи го предвид фактот дека станува збор за меѓународно афирмиран сликар со интересна животна и авторска приказна, проф. Дрвошанов одговорно го доближува ова дело до читателите, претставувајќи го како

значајно четиво и за стручната јавност и за поширокатa публика. Воедно, монографијата се афирмира како уште еден уникатен придонес што го збогатува корпусот на македонски пишани дела од различни сфери.

Професорот истакнува дека монографијата е структурирана во три целини: првата го претставува животот и творештвото на уметникот низ призмата на авторите – негови критичари и почитувачи; втората го прикажува опусот преку репродукции на неговите дела; третата содржи материјали од јавниот живот – извадоци од печатот, информации за индивидуални и групни изложби, добиени награди и други релевантни податоци. Со оглед што се работи за автор со исклучително интересен животен тек – автор кој од својата родна Струмица отишол да студира во Софија, а оттаму продолжил во Полска, каде „поради својот квалитет бил избран за индивидуален тип на студирање“, и автор кој со својата работа го задолжил својот македонски народ и го промовирал насекаде низ светот, со оваа убава монографија, професорот Дрвошанов и во овој случај ни пренесува една интересна приказна, едно интересно издание, со кое се збогатува македонската литература и со кое македонската јавност му се одолжува на еден свој заслужен член. На тој начин, професорот Дрвошанов избира уште еден мошне интересен текст да го доближи до нашата поширока публика.

Шестата и последна книга во изборот на професорот, вклучена во збирката прикази на заслужни автори и дела, е *Мал ист҃ориски калеи҆доскоӣ* од Невен Радически, издадена од „Македоника литера“ во Скопје (2023). Делото е сместено под насловот „Промислувања на историски теми“.

Во оваа книга професорот Дрвошанов претставува значајно дело од сосема различна област – историјата. *Мал ист҃ориски калеи҆доскоӣ* има особена вредност за македонската историографија, бидејќи авторот критички обработува бројни аспекти од поновата историја на македонскиот народ кои досега биле недоволно истражени. Меѓу темите се: ставовите на српски интелектуалци во Македонија кон домашното население и нивниот развој низ времето, судирот меѓу националните политики на југословенските републики и југословенската официјална унитаристичка политика, верските прашања во рамките на југословенската држава, македонската емиграција, развојот на културата и науката, странската пропаганда, како и општествени настани од типот на природни катастрофи, меѓу кои поплави и земјотресот во Скопје.

Професорот го завршува приказот нагласувајќи дека авторот, користејќи автентични архивски извори и релевантна домашна и странска литература, осветлува значајни историски прашања и недоволно истражени аспекти од поновата македонска историја. Делото се надоврзува на претходни истражувања на експликативен и научно аргументиран, но ненаметлив начин, кој ги разгледува македонските теми без да навлегува во прашања од други историографии или надворешни политики.

На овој начин, професорот Дрвошанов повторно претставува избор од дела со значење за македонската публицистика и научна мисла, кои носат силна нишка на македонскиот идентитет и придонесуваат за развојот на

културата и народниот дух. Со тоа тој ја афирмира својата етичка димензија, појавувајќи се како автор кој, покрај научната работа, се грижи за уште еден суштински аспект на општественото дејствување: промоција и заштита од заборав на автори и дела значајни за македонската култура.

Зоран Спасовски[1]

[1] Универзитет „Св. Кирил и Методиј“, Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков“ – Скопје, (виш научен соработник/вонреден професор), spasovski@imj.ukim.edu.mk

УДК 811.163.3(091)(049.3)
УДК 821.163.3(091)(049.3)

КОН КНИГАТА „80 ГОДИНИ АЗБУКА И ПРАВОПИС НА МАКЕДОНСКИОТ СТАНДАРДЕН ЈАЗИК“

(КЕЦ „Небрегово“, Скопје 2025)

Културниот и едукативен центар „Небрегово“, како продолжувач на активностите и дејностите на Фондацијата за македонски јазик „Небрегово“, во изминатите 25 години создаде две едиции: „Македонски збор“ и „Поттикот на Конески“, во кои се издадени дваесетина книги. Посебно радува фактот дека преку редовните конкурси за литературни творби инспирирани од ликот и творештвото на Блаже Конески се привлекува импозантен број млади ученици и студенти, како и научни работници кои пишуваат поетски и прозни творби и научни дела посветени на Конески. Така е и оваа година. На конкурсот во чест на 80 години азбука и правопис на македонскиот стандарден јазик добиени се 22 текста и со уште дополнителните 6 создадена е една убава целина за осмата книга од едицијата „Македонски збор“ со околу 180 страници.

Веќе првиот текст предизвикува силна возбуда. Автор на текстот „Просветителот од нашето време“ е **Неговото блаженство Архиепископ охридски и македонски, г. г. Стефан**. Тој истакнува дека во миговите кога на нашиот народ му биле потребни личности кои го просветлуваат народот, „*нашиот род од древноста бил даруван со такви личности*“. Тука тој ги спомнува прво светите солунски браќа Кирил и Методиј и нивните ученици светите Климент и Наум Охридски, па ги спомнува уште Гоце Делчев, Крсте Мисирков, Кочо Рацин и Архиепископот Доситеј. Веќе следната мисла има голема вредносна тежина*: „...веднаш по Втората светска војна, кога македонскиот народ конечно, на дел од македонската земја, се изборува за своја слободна држава, токму кога е најпотребно, Бог ни испраќа премудар новопросветител, во личноста на великиот јазичен возобновител и кодификатор - Блаже Конески*“. Јас ќе си дозволам да издвојам уште два цитата од овој величествен текст.

... „*Пред твојата родна спомен-куќа и пред твоите споменици се топориме како млади ученичиња, за да ти ја изрецитираме напамет и да ти покажеме дека многу добро ја научивме твојата најважна лекција која ни ја упати, а која гласи:*

„Послушајте, Македонци! Јазикот е единствената наша комплетна татковина! Сè додека го чуваме, го негуваме, го вардиме, го гледаме јазикот наш македонски – сè дотогаш ќе можеме да сметаме дека ја имаме и татковината. Како куќа, како дом, како огниште“.

„Те величаме зашто си достојно чедо на свети Кирила и Методија, на свети Климента и Наума, на свети Кирила Тетоец и Јоакима Крчовски и на мнозината како нив. Те ублажуваме за сè што си направил, за сè што си ни оставил и за сè што си, обидувајќи се светлината на твоето дело и на твоето име да ја пренесеме незатемнета и незгаснатa на сите идни македонски поколенија!“

Следниот текст е на **Даниела Андоновска-Трајковска** под наслов „Македонскиот јазик се чува и секогаш одново се раѓа во книжевноста“. Во него таа се задржува на односот меѓу јазикот и книжевноста и своите размислувања ги завршува со следниов исказ: „*Јазикот е светиот грал во кој се чува животот, но истовремено книжевноста е свет грал во кој се чува јазикот, а ние како научници и книжевници треба да сториме сè за да го заштитиме, но и да му овозможиме доволно слобода за да се погледне себеси одвнатре и секогаш одново да се раѓа – автентичен и свој, а сепак свеж и модерен*.“

Иван Антоновски во текстот „Сиромашен ли е нашиот македонски јазик?“ (осум децении подоцна) се осврнува на соодносот меѓу личната и колективната одговорност во нашиот однос кон јазикот. Иван Антоновски истакнува: „*Ама, сакам да верувам и верувам – си ја сакаме нашата единствена комплетна татковина и покрај сите предизвици што ѝ ги задаваме и однатре. А тоа е најважно за да ја сочуваме, браниме и развиваме!“*

Следат два текста во кои авторките ги изнесуваат своите ставови во врска со јазикот. **Елизабета Бандиловска** во текстот „За јазикот, за нас“ своите ставови во врска со јазикот и грижата за него ги завршува со зборовите: *„Јазикот сум јас, јазикот си ти, јазикот сме ние. Пиреј от на новото време!“*. Размислувањата за јазикот, правописот и правилната употреба на јазикот е темата на **Марија Бигорска** во текстот „Јазикот е нашата татковина“. Бигорска заклучува: „*Само со правилна употреба на јазикот, со правоговорот и правописот ние го негуваме најсветото нешто на еден народ затоа што без јазик сме никој и ништо“*.

Катерина Велјановска во написот „Кон јазикот на списанието „Нов ден“ (по дваесет и девет години) врши анализа на јазикот во споменатото списание, односно главно на бугаризмите и србизмите во него во периодот од 1945 до 1955 година. Својата анализа Катерина Велјановска ја завршува со констатацијата: „*Денес, ситуацијата е сосема изменета, така што можеме да зборуваме за големо влијание од англискиот јазик“*.

„Англиските заемки со суфиксот –ing наспрема глаголската именка во македонскиот јазик – насушна потреба или тренд“ е текстот во кој **Катерина Видова** прави опсежна анализа на овие соодноси и завршува со: „*Топла препорака до сите нас е секојпат кога имаме соодветна лексема во македонскиот јазик да ѝ се даде предност во употребата.“*

„Правописот во електронската комуникација со студентите“ е написот на **Марија Гркова-Беадер** во кој е извршена детална анализа за примената

на правописните правила во ваквата комуникација и се регистрирани отстапувањата од нормите на правописот. Таа заклучува дека *„треба да се збогатат содржините од правописот во наставните програми по македонски јазик, а со тоа и во учебниците по предметот.“*

Елка Јачева-Улчар во својот текст „80 години од донесувањето на Одлуката за воведување на македонскиот јазик како службен јазик во македонската држава (историјат, состојба, песпектива)“ дава историски преглед на развојот на македонскиот јазик од кирилометодиевскиот период до АСНОМ и по неговите одлуки со анализа на сите правописи до денес. Таа се осврнува и на најновото издание на правописот, завршувајќи го својот текст со цитат од самиот Правопис: *„Како што ниеден национален јазик не останал конзервиран и без свој развој, така ни правописот на кој било национален јазик не претставува конечно затворена книга. Редакцијата на ова издание на Правописот смета дека е потребно почесто подновување и дополнување на Правописот на македонскиот јазик, кои ги налага практичната писмена употреба на македонскиот стандарден јазик“.*

Луси Караниколова-Чочоровска во написот „Во почетокот беше словото“ дава пригоден осврт на развојот на нашиот јазик и истакнува дека со својот напис сака да упати *„на ПРВОСТА НА СЛОВОТО, на неговата насушност и нужност во растежот на човекот како личност, и на нацијата како засебен ентитет.“*

Јадранка Клисарова исто така пишува пригоден текст под наслов „80 години азбука и правопис“ во кој ја истакнува нивната важност за секое дете, за секој човек и за придобивките што јазикот ги дава за секој од нив. Таа истакнува: *„Денес децата, пеат и сонуваат на својот мајчин јазик, благодарение на трудот и визијата на Блаже Конески и неговите современици. Нивната посветеност ни вдахна љубов кон наследството, кое сме должни да го чуваме и негуваме за идните генерации, да можат со горност да го користат и развиваат македонскиот јазик“.*

Атанас Конески со својот напис „Македонската литература и македонскиот литературен јазик, национален идентитет и континуитет“ се осврнува на првото предавање што Блаже Конески го одржал за македонската литература и македонскиот литературен јазик на 26 мај 1945 година и кое веќе во јуни истата година е објавено во посебна книшка. Осврнувајќи се на завршните зборови на Блаже Конески во неа Атанас Конески истакнува: „*Овие блажеконески историски мисли го потврдуваат патот на нашата самобитност, на нашиот македонски јазик, на македонската литература, на нашата национална култура и на македонскиот идентитет и континуитет!“*

Ивона Маркова во написот „Блаже Конески чувар на македонскиот јазик и култура“ истакнува: *„Со своето дело, Блаже Конески го заслужи местото на вечен чувар на македонската култура и јазик. Неговото наследство е повик до сите нас да го чуваме и негуваме нашиот јазик, да ја славиме нашата традиција и да го продолжиме патот што тој го*

трасираше – патот на единството, суверенитетот и духовната длабочина.“

Во својот краток, но содржински богат текст „Јазикот на Конески“ **Владимир Мартиновски** пишува дека „*за македонскиот (јазик). – слободно можеме да кажеме :„ јазикот на Конески“!* Осврнувајќи се на придонесот на Блаже Конески, Мартиновски потенцира: *„Неговиот влог во македонскиот литературен јазик како поет, раскажувач, есеист и преведувач е огромен, но не е помал ни научниот.“*

Цане Мојаноски во текстот под наслов „Јазичен и културен идентитет и континуитет“ се осврнува на историјатот и на значењето што го имаат одлуките за азбуката и правописот и во своите завршни зборови истакнува: *„Азбуката и правописот на македонскиот литературен јазик се духовен бисер чија вредност и значење е непроценливо за читателите, критичката, книжевната, литературната, јазична и друга јавност, која секој од својот ракурс, го цени и проценува, го мери и нијансира, нуди, критикува и преку духовна и творечка симбиоза го оваплотува својот дух, а преку делата и творбите влијае на оние нишки кои зборуваат за луцидноста и на нивните творци, нив да ги стават во современиот контекст и да ги придвижат со „најновата јазична акција“.*

Тони Павлески ги искажува своите мисли за јазикот, азбуката и правописот и за историјатот на кодификацијата на македонскиот јазик во текстот „Осумдесет години азбука и правопис на македонскиот стандарден јазик“, а **Елена Петкова** во написот „Блаже Конески е нашиот јазичен и културен идентитет“ се осврнува на значењето на ликот и делото на Блаже Конески за сите Македонци.

Ленче Смилевска во статијата „Потпирајќи се на минатото – ја градиме иднината“ опширно се осврнува на значењето на јазикот, историјатот на кодификацијата, значењето и придонесот на Конески. Таа опширно се осврнува и на прашањето за јазичната култура и воопшто за односот кон стандардниот јазик, лекторирањето, грижата за правилниот изговор и за акцентирањето, како и за напливот од туѓи зборови и влијанија. Таа истакнува: „*Мора да внимаваме на своето однесување кон нашиот јазик!“*

Во книгата е објавен и написот на **Трајко Стаматоски** „Длабоко нурнување во македонството“ објавен во книгата на Стаматоски „Македонски јазик: идентитет и континуитет – доискажување“, Култура, 2016. Во написот се опишува односот и ставовите на италијанскиот лингвист Нуло Миниси кон Блаже Конески и кон неговото дело. Во него Стаматоски ја наведува есенцијалната мисла на Нуло Миниси: *„Никогаш не ќе можам да не го истакнам фактот дека Конески беше голем македонски лингвист и голем македонски поет. Лингвистите треба да научат: јазикот треба да се сфати со интуиција, не на лингвист, туку на поет, на уметник, на вреден човек. Конески беше поет, меѓутоа и многу вреден работник. Да ја напишеше македонската граматика некој друг, ќе немавме македонска граматика - ќе имавме сосема спротивна граматика, според некои теории од*

генералната и деформираната реторика, според шеми од латинската или од француската граматика. Конески, со интуицијата на уметник и со интелигенција на лингвист, знаеше да му го даде на македонскиот јазик неговиот вистински изглед. Ова е факт што никој не треба да го заборави“.

Соња Стојменска-Елзесер во написот „За македонскиот јазик, интимно“ пишува за својот однос и своето доживување на јазикот. Таа сама си поставува прашање што е за неа нејзиниот јазик и, се разбира, самата одговара на тоа прашање: *„Мојот јазик е срцевината на моето битие! Тој е моја професија, моја меморија, мое уживање, мој завет, мој долг. Мојот најзначаен идентитетски белег е мојот јазик!“* Во текстот таа искажува уште една значајна и голема мисла: *„Не постои никаква сила на светот што би можела да го поколеба мојот однос кон македонскиот јазик, барем додека имам разум и свест! Се надевам дека не сум единствена, ни последна. Нè има такви, нели? Секако дека нè има!“*

Написот на **Живко Цветковски** „Шеесет години на азбуката и правописот на современиот македонски литературен јазик“ не загубил ништо од својата вредност и актуелност и денес, дваесет години подоцна. Ова се однесува дури и на неговата забелешка за значењето на селото Рамно во историјатот на нашата азбука.

Емилија Црвенковска во статијата „Интердисциплинарен пристап во историскојазичните проучувања на македонскиот јазик (или: последниот разговор со Конески) го опишува својот последен разговор со Конески воден во врска со нејзината докторска дисертација, ги анализира неговите совети и заклучува: „*Од советите што ми ги даде Конески, излегува на видело неговото визионерство. Ако погледнеме каде се движат истражувањата во палеославистиката, воопшто во историјата на развитокот на словенската писменост денес, во тој контекст и на историјата на македонскиот јазик, ќе видиме дека Конески бил визионер по повеќе прашања.“*

Во книгата има и еден дополнителен дел посветен на 100-годишнината на Трајко Стаматоски, 25-годишнината на Фондацијата за македонски јазик „Небрегово“, а сега веќе Културен и едукативен центар „Небрегово“ и 20 години Спомен-дом на Блаже Конески во Небрегово. Во овој дел се објавени два текста. Првиот е на Блаже Конески и се однесува на Трајко Стаматоски. Една голема мисла на Блаже Конески е искажана од него при промоцијата на книгата од Трајко Стаматоски „Борбата за македонски литературен јазик“ на 29 март 1986 година. Таа мисла, која сега стои напишана на споменикот на Блаже Конески пред МАНУ и на сите ни е добро позната гласи: *„јазикот е единствената наша комплетна татковина“*. Самиот факт што оваа, би рекол, легендарна мисла, е искажана од Б. Конески токму во врска со споменатата книга на Трајко Стаматоски покажува колку Б. Конески го ценел ликот и делото на Трајко Стаматоски и колку Стаматоски останува посветен и доследен соборец и истомисленик на Конески. Македонскиот јазик и македонскиот идентитет се нивната заедничка определба на која и двајцата ѝ ги посветуваат своите животи.

Вториот текст е на Атанас Конески под наслов „Традиционално постоење и растеж“, а се однесува на дејноста на Фондацијата „Небрегово“ во изминатите 20 години и влогот на Трајко Стаматоски во нејзините активности. Стратешките насоки на Трајко Стаматоски за целите и активностите на Фондацијата за македонски јазик „Небрегово“ успешно се реализираа под негово раководство повеќе од дваесет години. Создадени се две едиции: „Македонски збор“ и „Поттикот на Конески“ и во нивните рамки се веќе издадени дваесетина книги. Посебно радува фактот дека преку редовните конкурси за литературни творби инспирирани од ликот и творештвото на Конески се привлекува импозантен број млади ученици и студенти, како и научни работници кои пишуваат поетски и прозни творби и научни дела посветени на Конески.

Со силен и енергичен ангажман на Т. Стаматоски обновена е родната куќа на Блаже Конески и создаден е Спомен домот на Блаже Конески. Замислата овој дом да стане култно место за сите Македонци и почитувачи на неговото дело веќе стана реалност и тој е посетуван од ученици, студенти, учесници на манифестации со учесници од странство како што се Меѓународниот семинар за македонски јазик, литература и култура, Струшките вечери на поезијата, учесници на меѓународни филолошки конференции и многу други. Тука се одржуваат и редовни настани, меѓу кои е и редовната промоција на најновото издание со литературни и други прилози како резултат од редовниот конкурс.

Во овој контекст ја спомнувам и иницијативата за воведување државна награда за македонистика „Блаже Конески“, која е поддржана и од Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ и за која искрено се надевам дека во текот на оваа година ќе завршат собраниските процедури и ќе биде распишан првиот конкурс за нејзино доделување.

Кон одбележувањето на 100-годишнината од раѓањето на Трајко Стаматоски ќе го додадам уште следново: Својата посветеност и доследност во продолжувањето по патот трасиран од Блаже Конески за развојот на македонистиката, Трајко Стаматоски ја покажува и ја докажува, покрај другите свои дејствувања и активности, вложувајќи се целосно во дејностите на Фондацијата за македонски јазик „Небрегово“. Тој беше нејзин претседател од основањето на Фондацијата и остана нејзин доживотен претседател повеќе од дваесет години, до крајот на својот живот. За тоа време Трајко Стаматоски ги насочи своите професионални и стратешки размислувања во смисла на продолжување и заштита на ликот и делото на Блаже Конески. Во програмските цели на Фондацијата „Небрегово“ стои запишано: „*Големото дело на Блаже Конески да биде поттик, патоказ и инспирација и за идните генерации. Блаже Конески и неговото дело се повеќе од реченото и напишаното, бидејќи засекогаш останува живиот спомен за него и неговата бесмртност, а славата на бесмртните е бесконечна.*“

Спомен-домот на Конески стана и дел од туристичката понуда кај нас за домашните и странските туристи. Сериозен исчекор во таа смисла направи

КЕЦ „Небрегово“ и туристичката агенција „Војажер“ пред неколку години, кога спомен-куќата на Блаже Конески беше внесена во туристичката мапа на Македонија и пошироко. Притоа беше усвоена посебна Декларација за развој на локалниот туризам во општините Прилеп и Долнени, со што овие општини треба во своите програми да дефинираат стратегии за развој на локалниот туризам и јакнење на нивната економија. Традиционалната манифестација ФНИП „Пеце Атанасовски“ и новата манифестација „Зборот на Конески – гајдата на Пеце“ да стане традиционална манифестација од големо значење за развојот на туризмот во овој крај, збогатена и со други содржини од локално значење.

Книгата завршува со два прилога во кои се наведени досегашните изданија на „Небрегово“, а во вториот под наслов „Ние и другите за нас“ поместени се копии од интервјуа и написи во врска со активностите на „Небрегово“. Сосема на крајот книгата завршува со десет мудри пораки од Ива Каимовска со заеднички наслов „Јазикот македонски“. Првата од нив е „*Јазикот македонски е непобитна вистина.“*

Сакам овде и сега да го изразам своето задоволство што КЕЦ „Небрегово“ издаде уште една драгоцена книга и ѝ дава на македонската, а би рекол и на светската јавност, важно дело со ставови и видувања на македонските филолози и други научни работници.

Максим Каранфиловски[1]

[1] Универзитет „Св. Кирил и Методиј“, Филолошки факултет „Блаже Конески“ Скопје, професор во пензија
mkaranfilovski1@gmail.com

УДК 316.774:811.163.3'271.14(049.3)

НОВ ТРУД – СЛИКА ЗА ЈАЗИКОТ ВО ПРАКТИКАТА ДЕНЕС

(Васил Дрвошанов, „Јазично огледало I“,Бата Прес Милениум, Скопје 2025 год.)

Книгата „Јазично огледало I“ од авторот проф. д-р Васил Дрвошанов, објавена од Книгоиздателството *Бата Прес Милениум* во едицијата *Лингвистика*, претставува збирка од текстови посветени на современата состојба на македонскиот јазик, на неговата употреба и развој, како и на јазичните предизвици во македонското општество денес.

Идејата за овој творечки потфат на Васил Дрвошанов е благородна и добредојдена, особено ако се земат предвид социолингвистичките фактори кои го загрозуваат македонскиот стандарден јазик денес. Авторот третира теориски и практични проблеми во врска со животот на нормата на македонскиот стандарден јазик во најново време. Оттука, и метафоричкиот наслов на трудот, ЈАЗИЧНО ОГЛЕДАЛО, е целесообразно избран затоа што во книгата, на 180 страници, се застапени околу стотина кратки написи, објавени, главно, во печатените медиуми кои обработуваат различни прашања од повеќе дисциплини на македонистиката, поврзани со проблеми од секојдневната употреба на македонскиот јазик во практиката. Согледувањата во сите написи се темелат врз јазична анализа на ексцерпиран материјал од повеќе извори, во најголем дел, од дневните весници. Тие се подредени тематски според актуелни јазични проблеми во мас-медиумите, така што претставуваат извесни целини и даваат јасна слика за различниот карактер на отстапките на стандардната форма на македонскиот јазик. Содржината на прилозите во книгата е богата со толкувања во кои е преточено долгогодишното лингвистичко искуство во научноистражувачкиот и во образовниот процес на проф. д-р Васил Дрвошанов. Авторот го воведува читателот на книгата со реторско обраќање за потребата од јазична рубрика во дневниот печат и во неделниците. Тој дава кус историјат на ангажманот на претходници и современици, познати и истакнати македонисти, кои се занимавале и дебатирале за секојдневните проблеми со кои се соочувала нормата. Со таквата дејност помагале во градењето на јазичната култура во нашата средина. Со оглед на фактот што во македонистиката отсуствуваат ваков вид заложби, делово е за почит, особено зашто нормата е динамичен феномен и треба да се негува и насочува во нејзиниот развој, за да се заштити од обезличување и од силата на стихијата. Книгата под наслов *Јазично огледало I* е обемно, систематично и методолошки издржано дело, со научен пристап во обработката на темите.

На почетокот од книгата се застапени написите посветени на правописните правила и принципи во македонскиот јазик, поточно на почитувањето на правописните правила во пишувањето на одделни гласови (ш, њ, ј, џ). Од гласовниот систем на македонскиот јазик авторот изделува и примери на несообразеност со стандардот во јазичната практика кај гласовите кои претрпеле промена во историскиот развој. Во неколку свои текстови проф. д-р Васил Дрвошанов го регистрира и непочитувањето на правописните правила во употребата на големата буква кај имињата, како и кај интерпункциските знаци. Според него, овие отстапувања од правописните правила, во извесна смисла, се резултат и на недоволната грижа за јазикот кај дел од неговите корисници. Понатаму, во содржината следуваат написи за несоодветната употреба на граматичките категории (род и број), за нарушениот збороред и за неправилната употреба на одделни зборови (од домашно и туѓо потекло) во македонскиот јазик. Проф. д-р Васил Дрвошанов е одличен познавач на дијалектниот систем на македонскиот јазик, а лексиката, како ризница на дијалектното богатство, е негова специјалност и долгогодишна преокупација, која, годинава се овенча со добивањето на државната награда *Гоце Делчев* за колективниот труд *Македонски дијалектен атлас*, особено значајно остварување во науката за зачувување на македонското јазично наследство. А лексиката, тој најпроменлив дел од јазичниот систем, нужно бара постојано следење на состојбата во речникот. Во врска со изграденоста и усвоеноста на стандарднојазичната лексика се јавуваат најмногу отстапувања, па поради ова и делот што се однесува на лексиката е најголем по обем во овој труд. Нарушувањето на нормата во практиката, особено на лексички план, меѓу другото, може да се поврзе и со слободата на печатот и медиумите воопшто, како особеност на периодот по осамостојувањето. Големиот број написи од ова јазично рамниште се всушност и авторски согледувања на понатамошните перспективи, а се во интерес на зачувувањето и доследното применување на стандарднојазичната норма, особено со подемот на современите комуникации и процесот на глобализација. Во овој контекст, авторот Дрвошанов отвора редица прашања, со сериозен научен пристап ги анализира, и предлага заживување на обрасците од народниот јазик со научна аргументација на предложените решенија. Добар дел од лексичките теми се разгледуваат од зборообразувачки, морфолошки и семантички аспект. Нарушувањето на употребата на стандардизираните зборови во македонскиот јазик се проследува и кај туѓојазичните лексички елементи. При обработката на темите поврзани со овој вид лексички единици (заемки, калки), силен впечаток остава суптилноста на авторот да ја предаде семантичката содржина на зборовите во кои е скриена колективната меморија на македонскиот народ, неговата историја и јазичните контакти, во минатото и денес.

На крајот од книгата се сместени написите што произлегуваат од актуелни прашања во врска со нарушувањата во именскиот систем кај Македонците.

Значењето на овој труд е особено истакнато денес кога нарушувањето на нормата на сите јазични рамништа во практиката е сè поизразено.

Објавените написи, обединети во книга, ја претставуваат оваа состојба на македонскиот стандарден јазик, а релевантните научни аргументи во нив ја носат пораката за неопходноста од постојано следење, негување и грижа за македонскиот јазик, како од поединецот така и од општеството.

Ќе заклучиме дека е неопходна поддршката за развивање стратегија за негување и афирмација на македонскиот јазик, што ќе ја подигне медиумската писменост и ќе ја издигне јазичната свест на неговите корисници на повисоко ниво. Во таквата стратегија, публикациите од овој вид ќе бидат драгоцен прилог во македонистиката. Книгата „Јазично огледало I“ од проф. д-р Васил Дрвошанов со задоволство ја препорачуваме на македонската читателска публика. Таа е драгоцено четиво за проучувачите и почитувачите на убавиот македонски збор, но и јазичен потсетник за сите заинтересирани за правилната употреба на македонскиот стандарден јазик.

Со ова издание, авторот Васил Дрвошанов најдостојно се вклучи во одбележувањето на овогодишниот значаен јубилеј – 80 години од кодификацијата на македонскиот стандарден јазик. Публикацијата *Јазично оѓледало I* заслужува да доживее успех како значаен прилог во унапредувањето на современиот македонски јазик и на македонската јазична култура, а нејзиниот наслов упатува на нов труд со актуелни теми од науката за јазикот. Досегашната активност и објавените дела на Васил Дрвошанов ја прават ваквата увереност сосем очекувана и оправдана.

Олгица Додевска-Михајловска[1]

[1] Универзитет „Свети Кирил и Методиј“, Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков“ – Скопје, н.сов. во пензија, olgicadodo@yahoo.com

УДК 811.163.3'282.2(496.546)(049.3)
УДК 811.163.3'282.4(496.546)(049.3)
УДК 398(=163.3:496.546)(049.3)

КРИСАНТА ЈАНКУЛА, ПРЕСПА ПОД АЛБАНИЈА, БОЖЈА УБАВИНА

(„Јазикот наш денешен“, кн. 33, Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков“)

Книгата *„Преспа под Албанија, божја убавина“* од Крисанта Јанкула, е објавена во 2024 година како книга бр.33 во едицијата „Јазикот наш денешен“, во издание на Институтот за македонски јазик „Крсте Мисирков“ во Скопје, во редакција на проф. д-р Људмил Спасов и м-р Кристина Тодоровска.

Во ова дело, авторката ја искажува својата поврзаност и љубовта кон родниот крај – Преспа. Книгата, како и нејзините претходни две дела, претставуваат значаен придонес во афирмацијата и зачувувањето на македонскиот јазик, како и јазичниот идентитет на Македонците коишто живеат во Албанија. Преку собирање и обработка на изворниот материјал, авторката дава преглед на јазичната состојба на Македонците од овој регион, со посебен осврт на особеностите на западнопрепанскиот говор и неговите дијалектолошки обележја.

Книгата се состои од повеќе тематски целини: Краток вовед за авторката, Топоними што се употребуваат во регионот Преспа во Албанија, Македонски топоними во Албанија, Македонските топоними во Албанија што ги собрала самата авторка, Македонски зборови во албанскиот говор, Албански зборови во нашиот говор, Поговорки, Легенди, Поговор и Додаток (фотографии), како и рецензии од проф. д-р Весна Костовска и проф. д-р Борче Арсов.

На почетокот на книгата има *Посвета*, со која авторката му изразува благодарност на својот сопруг, а потоа следи нејзина кратка *Биографија*.

Почетниот дел, насловен *Топоними што се употребуваат во регионот Преспа во Албанија* (12−16), ги претставува македонските топоними во Албанија, прикажани во табеларна форма. Во табелата, левата страна ги содржи топонимите на македонски јазик, додека десната страна ја прикажува нивната транскрипција на албански јазик (на пример, Боболец − Bobolec, Катејца − Katejca, Осо − Oso, Требуш – Trebush). Покрај тоа, во средината на овој дел се наоѓа уште една табела, насловена како „*Етимологија*“, која дава опис и објаснување за значењето и потеклото на топонимите и местата што ги носат.

Потоа следуваат *Македонски топоними во Албанија* (17−18), каде самата авторка дава кратки објаснувања на топонимите коишто се наоѓаат во близина на границата со Република Македонија.

Во делот насловен како *Македонските топоними во Албанија што ги собрала самата авторка* (19−24), го имаме истиот принцип на прикажување на топонимите како и во претходниот дел. Топонимите се претставени во табеларен формат, при што на левата колона ги содржи македонските топоними, додека десната колона ги прикажува нивните транскрипции на албански јазик. Дополнително, може да се забележи дека секој топоним е проследен и со етимолошко објаснување.

Во *Македонски зборови во албанскиот говор* (25−27), се забележува влијанието на македонски јазик врз албанската лексика, додека во делот *Албански зборови во нашиот говор* (28−61), се забележува јазичното влијание врз македонскиот говор на населението во Мала Преспа. Особено е нагласено присуството на албански зборови со потекло од грчкиот и латинскиот, како и присуство на турцизми и интернационализми кои се употребуваат со секојденвниот говор.

Во делот на *Поговорки* (62−65) се собрани вкупно шеесест и четири, а потоа следуваат четири *легенди* (66−75), напишани на западнопреспански говор. Во овој дел се вклучува и приказна за потеклото на името *првата Крисанта во Преспа* под Албанија. На крајот од оваа содржинска целина среќаваме една песна посветена на авторката Јанкула, како и кратко објаснување за именувањето на нејзиниот крај, каде што авторката го изразува своето несоглесување со називот „*Мала Преспа*“ и преферирајќи го именувањето „*Долна Преспа*„ и „*Преспа по Албанија*“ .

Следува *Поговор* (77−79) напишан од самите редактори на изданието, а книгата завршува со *додаток од фотографии* кои се сместени од 81−88 страна, кои визуелно го прикажуваат културниот пејсаж од овој крај. На самиот крај се вклучени рецензии од проф. д-р Весна Костовска и проф. д-р Борче Арсов.

Ова дело претставува значаен изворен материјал за проучување на македонскиот јазик во Мала Преспа. Со својата богата содржина, книгата може да послужи како основа за понатамошни истражувања во областа на лингвистиката, социолингвистиката, фолклористиката и етнологијата. Самата авторка настојува овие записи да се чуваат и да се пренесуваат на идните генерации.

Кристина Тодоровска[1]

[1] Универзитет „Св. Кирил и Методиј“, Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков“ – Скопје, kristina_todorovska8@yahoo.com

УДК 929Стаматоски, Т.
УДК 811.163.3-112
УДК 811.163.3'373.2

ПО ПОВОД СТОГОДИШНИНАТА ОД РАЃАЊЕТО НА ТРАЈКО СТАМАТОСКИ

Годината во која се одбележува големиот јубилеј 80 години македонски стандарден јазик е година во која македонистиката слави и други не помалку значајни јубилеи како што се: 145 години од објавувањето на *Речникот од три јазика* (тријазичник) и 150 години од првата публикувана граматика на македонскиот јазик „Слогница Речовска" на Ѓоргија Пулевски; 100 години од публикувањето во Атина на, напишан на леринско-битолски говор со латинично писмо што претставува прво политичко меѓународно признавање на македонскиот јазик итн.

Значи, меѓу сиве овие значајни јубилеи за македонскиот јазик и македонистиката, воопшто, секако, исто толку значаен е и јубилејот 100 години од раѓањето на Трајко Стаматоски, лингвист, ономастичар, еден од првите генерации ученици на големиот Блаже Конески со кого бил не само колега и пријател но и соработник на првиот *Речник на македонскиот јазик* во три тома. За неговата релација со Конески, не од личен агол ами повеќе од професионален, говорат неговите дела *Во одбрана на македонскиот литературен јазик*, *Мислата на Блаже Конески*, *Македонски јазик: идентитет и континуитет, одискажување*. Овие дела вклучително и она под наслов *Борба за македонскиот литературен јазик* се примарно и задолжително четиво за секој што решил да се занимава со проучување на националниот јазик на Македонците, скоро еден век пред неговата стандардизација. Во делото *Борба за македонскиот литературен јазик* Стаматоски особено внимание обрнува на графискиот систем во Македонија во 19. век, и тоа на Пејчиновиќ, Пулевски и Мисирков. Во посебно поглавје насловено „Изградена свест за македонскиот јазик", Стаматоски пишува за јазикот на *Слогница речовска* на Пулевски, на статијата „Кој е крив" на Темко Попов, на македонските буквари од осумдесеттите години на 19 век, на кодификацијата на Мисирков, на јазикот меѓу двете светски војни, како и на јазикот за време на Втората светска војна. Ова дело на Стаматоски е меѓу најзначајните дела посветени на кодификацијата на македонскиот јазик.

Второто социолингвистичко дело на Стаматоски е книгата *Македонскиот јазичен идентитет* (2004), во кое повеќе се осврнува на националниот и на јазичниот идентитет на Македонците низ историјата. Во ова дело авторот ги анализира карактеристиките на македонскиот јазик и неговата самобитност, потоа прави дијахрониска анализа на македонскиот јазик, а го следи и дијахронискиот развој на некои македонски јазични појави, потоа пишува за македонската писмена традиција, за јазичните особености на преродбениците од 19. век и за други теми поврзани со карактеристиките на македонскиот јазик.

Третата книга на Стаматоски на овие теми е *Македонски јазик: идентитет и континуитет – дополнување* (2016). Како што наведува авторот во предговорот: „Книгата претставува на некој начин заокружување на мојот интерес сврзан со борбата за македонскиот литературен јазик, неговиот идентитет и континуитет, со одбраната на тие вредности.“ Во ова дело Стаматоски ја анализира успешноста на кодификацијата на македонскиот јазик „во деценииите на слободниот живот“, односно „во денешни услови“. Се осврнува на уште една значајна тема од неговото творештво, а тоа е ликот и делото на Блаже Конески, но и на Крум Тошев, Благоја Корубин, Тодор Димитровски, Хорас Лант, Атанас Вангелов, Рада Угринова-Скаловска и други значајни личности, како и значајни институции и списанија.

Покрај ова, Стаматоски, речиси како истоврсник со Блаже Конески, истовремено со него, е сведок на низа настани што се однесуваат на македонскиот јазик, некогаш и неповолни, кои останале незабележани од Конески, а за кои можеме да прочитаме и да дознаеме токму во последните книги на Т. Стаматоски. Така, од неговото соопштение дознаваме дека што-туку дипломираниот студент по славистика, Б. Конески, кој со неполни 23 години бил вклучен во Комисијата за кодификација на македонскиот литературен јазик, пред овој ангажман, односно уште во текот на НОБ, по сугестија на народниот херој Борка Талески, составил и мал преглед на правописните и на граматичките правила на македонскиот литературен јазик. Непознато е, исто така, дека првиот Македонски правопис отпечатен на 20 страници голем формат кој содржи четири поглавја кои ги потпишуваат Б. Конески и Крум Тошев, првите три поглавја, а имено 1. Основните правописни правила; 2. Преглед на формите; 3. Употреба на големи букви, се во авторство на Б. Конески, додека четвртото поглавје под наслов Интерпункција (со интерпункциски знаци) е на Крум Тошев.

Во статиите на Трајко Стаматоски *Блаже Конески и Мисирковата книга „За македонците работи“* од книгата под наслов „Мислата на Блаже Конески“ од 2006 година, како и *Блаже Конески за Мисирковата книга* од книгата со наслов *Македонски јазик: идентитет и континуитет, дополнување,* издадена 10 години подоцна (2016 г.). Стаматоски на еден мошне минуциозен начин го дава целиот историски контекст, со сите ликови и настани кои не се спомнати во краткиот исказ на Конески за неговата средба со Мисирковата книга, дури во јуни 1945 година, а кој ни го дава во познатите „Разговори со Конески“ што ги направил нашиот писател во својство на новинар на Македонското радио, Цане Андреевски. Во врска со ова Стаматоски ќе забележи: „Тоа што Конески не доаѓа до книгата на својот голем претходник, Крсте Мисирков, за време на своите студии поради што таа нема да му послужи како ориентир во неговата работа во Комисијата за кодификација на македонскиот литературен јазик во слободната земја, а што сепак, речиси, сето предложено во книгата на Мисирков, се нашло при стандардизацијата на македонскиот јазик – го прави Блаже Конески, не само одличен познавач на стурктурата на македонската реч и реченица туку и визионер чии видувања се совпаднале со оние на Крсте Мисирков!“

Овој пристап на внесување историска хронологија на настаните се огледа речиси во сите негови студии. Така во студијата прочитана како промотивен текст за книгата на современиот бугарски историчар Чавдар Маринов, под наслов *Македонското прашање од 1944 до денес*, Стаматоски со јазик на очевидец и директен учесник во настаните ги дообјаснува контекстот и стојалиштата на видни лигвистички имиња како Хорас Лант и акад. Далибор Брозовиќ во врска со полемиката за статусот на македонскиот јазик меѓу македонските и бугарските лингвисти водена во 1978 година. Зборувајќи за грдата врева што ја кревале бугарските лингвисти во однос на секој прочитан реферат од македонска страна на славистичките конгреси, Стаматоски нè информира и за отстранувањето на бугарскиот лингвист Иван Леков од Славистичкиот конгрес во Прага во 1968, како и за неговото исклучување од Меѓународниот комитет на слависти на следниот конгрес во Варшава (1973 г.), само поради тоа што во својата *Кратка споредбено-историска и типолошка граматика на словенските јазици* внимателно го споменал „новопојавениот македонски литературен јазик“. Во сличен контекст зборува и за бугарскиот дијалектолог Стојко Стојков во чија монографија *Бугарска дијалектологија*, постхумно е направен фалсификат: имено, кон оваа монографијата по неговата смрт се додава текст што не е напишан од него, за да може да се анулира тоа што овој бугарски дијалектолог ги третира македонските говори како различни од бугарските.

Трајко Стаматоски е и еден од пионерите во македонската ономастика. Неговата потесна определба за ономастиката како специјалност се врзува со 1965 година, кога во Институтот за македонски јазик биле формирани 5 одделенија меѓу кои и Одделението за ономастика, за чијшто раководител бил поставен токму тој. На оваа функција бил и по пензионирањето во 1986 година. Како раководител на Одделението за македонска ономастика, коешто во тој период било во зародок кај нас, Стаматоски се нашол пред нималу лесна задача. Најпрво да селектира и да обезбеди соодветен кадар, кој подоцна ќе го обучува за потребите на научните истражувања во неговото одделение. Во тој контекст Стаматоски го истакнал својот изострен осет во изборот на соработници во Одделението за ономастика, коешто набрзо прераснало во едно од најбројните и би рекле најтимските одделенија во Институтот за македонски јазик. Од ова одделение произлегуваат познатиите имиња на првенците во македонската ономастика, како што се: Олга Иванова, Љубица Станковска, Марија Коробар-Белчева и Маринко Митков, кои под раководство на Трајко Стаматоски ги поставиле темелите на современите ономастички истражувања кај нас.

Во тоа време Трајко Стаматоски, кој веќе имал сериозно лексикографско и научно искуство со кое се стекнал со работата врз *Тритомниот речник на македонскиот јазик*, точно знаел која е базата за започнување со работа на неговото одделение. За таа цел најпрво се започнало со ексцерпција на ономастички материјал од старите текстови, потоа од документите за историјата на македонскиот народ, од турските дефтери, од топографски карти и други архивски материјали, а бил користен и материјалот со кој располагал

тогашниот Сојузен завод за статистика. Овој материјал, ексцерпиран со години, паралелно бил надополнуван со континуирани теренски истражувања во и надвор од државните граници на Македонија, односно секаде каде што се зборува македонски јазик. Така се создале нашите богати картотеки, т.е. базата без која денес е невозможно да работиме: Историска картотека, Картотека на презимиња (со поткартотека на лични имиња), Картотека на хипокористици, Картотека на прекари и Топонимиска картотека. Вкупниот број на онимиски единици во овие картотеки е преку 3 милиони.

По завршувањето на оваа фаза од работата, Трајко Стаматоски се наоѓа пред нов предизвик: да одлучи со кои проекти да започне работата на одделението што го раководи, Ономастичкото. Се одлучува за два: еден од областа антропонимија, а тоа е *Речникот на презимиња кај Македонците* и втор од областа топонимија, односно *Речникот на ојконимите во Македонија*. На двата проекта тој е главен истражувач.

Речникот на презимињата кај Македонците е одамна завршен и објавен проект на Институтот за македонски јазик. Објавен е во два тома под редакција на Трајко Стаматоски: Првиот том (А–Љ) е објавен во 1994, а вториот во 2001 г. Негови рецензенти се акад. Оливера Јашар-Настева и Тодор Димитровски, а автори се покрај Трајко Стаматоски и Марија Коробар-Белчева, Маринко Митков и Олга Иванова (само во вториот том). *Речникот на презимињата кај Македонците* наиде на позитивна критика не само во регионални туку и во поширок словенски и светски рамки, со што уште еднаш македонската ономастика беше неминовно врзана со името на нејзиниот основач – Трајко Стаматоски.

За жал, вториот проект, кој исто така паралелно се работел долги години, под наслов *Речникот на ојконимите во Македонија*, не се реализирал како финален продукт. Некои од авторите на овој речник, како што се: Љубица Станковска, Олга Иванова и Маринко Митков, во одделни студии го имаат објавено својот материјал,

Во периодот на постоењето на југословенската федерација, Трајко Стаматоски бил претставник на МАНУ во Југословенскиот одбор за ономастика во Загреб (од основањето, па сè до згаснувањето) и бил еден од предлагачите за основање на престижното списание *Onomastica jugoslavica*, како и за одржување на југословенските ономастички конференции. На овие конференции нашите ономастичари предводени од Трајко Стаматоски редовно учествувале и достојно ја претставувале македонската ономастика, која тогаш сè уште била во зародок. За жал овие конференции престанаа да се одржуваат со распаѓањето на СФРЈ, а исто така престана да излегува и списанието *Onomastica jugoslavica*, на чиишто страници често беа објавувани статии на наши ономастичари и лингвисти. Во овој период Стаматоски бил и член на поткомисијата за словенска антропономастика при Меѓународниот комитет на слависте.

Негово капитално дело од областа на ономастиката, објавено во 1990 година во издание на Институтот за македонски јазик, е книгата „Македонска

ономастика“. Во неа се сублимирани негови веќе објавени стручни текстови во други научни списанија, весници и зборници. Рецензенти на оваа книга се акад. Блаже Конески и акад. Петар Шимуновиќ од Хрватска. Оваа книга содржи околу 40 статии од Трајко Стаматоски на разни ономастички теми. Поделена е на 2 тематски целини: 1. Антропономастика и 2. Топономастика. Во делот посветен на антропономастиката Стаматоски пишува за личното име со разните негови изведенки, за прекарот и за презимињата кај Македонците. Во делот посветен на топономастиката тој пишува статии и расправи за имињата на местата, како и за проблемот на стандардизацијата на македонските топоними. Во многу од прилозите се разгледуваат општите закономерности на одделни класи сопствени имиња, а има и статии посветени на актуелни проблеми на именувањето. Книгата, како што вели Стаматоски во нејзиниот предговор, не претендира на целосно исцрпување на проблематиката. Со разработка на нови аспекти на сопственото име (само во антропонимијата, на пример: личното име во предосманлискиот период, во народната поезија и во литературните дела, на псевдонимот, етимологијата на разни оними итн.) секогаш ќе може таа корисно да се пополнува. Доволно е за овој момент, смета Стаматоски, ако таа укаже на правците на развојот на македонскиот систем на именување, на контактите на македонскиот народ со други народи во оваа област, на перспективите на понатамошните проучувања.

Стаматоски беше научник, но и општественик. Тој во еден период беше и претседател на Советот за македонски јазик, советодавно тело на Владата, и уште во 2004 година ја истакна потребата од подновување и дополнување на *Правопис на македонскиот литературен јазик*, нешто што се успеа да се направи дури во 2015 година, кога излезе од печат новото издание на *Правопис на македонскиот јазик* под редакција на Живко Цветковски, Снежана Веновска-Антевска, Симона Груевска-Маџоска, Елка Јачева-Улчар и Симон Саздов (второ издание 2017, трето издание 2025).

Во својот плодотворен творечки век, Стаматоски искажа еден длабок сенс за актуелните состојби и потреби на македонскиот јазик. Пишуваше и анализираше во повеќе јазични области и остави богата архива, на која треба да ѝ се навраќаме, особено што одредени состојби за кои пишуваше Стаматоски сè уште не се надминати.

Беше привилегија лично да се познава Трајко Стаматоски. Тој беше личност со многу знаење, подготвен секогаш да го сподели, но и личност со многу човештина во себе, подготвен секогаш да помогне и на човечко ниво.

Елка Јачева-Улчар[1]
Симона Груевска-Маџоска[2]
Мери Јосифовска[3]

[1] Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков“, Скопје, elka.jaceva.ulcar@gmail.com
[2] Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков“, Скопје, simonagrum@yahoo.com
[3] Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков“, Скопје, merijosifovska@yahoo.com

УДК 811.163.3(091)
УДК 811.163.3’26

ПО ПОВОД 80 ГОДИНИ ОД КОДИФИКАЦИЈАТА НА МАКЕДОНСКИОТ СТАНДАРДЕН ЈАЗИК[1]

Со денешната прослава го продолжуваме чествувањето на јубилеите – од 2024 година, кога чествувавме 80 години од прогласувањето на македонскиот јазик како службен на Првото заседание на АСНОМ на 2 Август 1944 година, кога се формираше и првата современа македонска држава во рамките на југословенската федерација, потоа оваа 2025 година кога се чествуваат 80 години од кодификацијата на македонскиот стандарден јазик, кога на 5 мај 1945 година се усвои македонската азбука, а на 7 јуни македонскиот правопис. Целата 2025 година е обележана во знакот и со логото на овој голем јубилеј − 80 години од кодификацијата на македонскиот стандарден јазик. Во јануари 2026 година ќе чествуваме уште еден јубилеј – 80 години од објавувањето на првата „Македонска граматика“ од Круме Кепески.

Оваа година одбележуваме 80 години од кодификацијата на македонскиот стандарден јазик – еден од најзначајните настани во нашата современа културна историја. Во 1945 година, со усвојувањето на азбуката и правописот, македонскиот јазик доби официјален статус и со тоа стана рамноправен носител на книжевноста, науката, образованието, администрацијата и јавниот живот.

Кодификацијата не беше само лингвистички чин — таа беше потврда на долгото културно-историско наследство, на борбата за писмо и право на сопствен литературен израз. Со тоа се зацврсти јазичната самобитност, а македонскиот јазик стана столб врз кој се разви модерната македонска држава, литература, култура и академска мисла.

Денес, 80 години подоцна, македонскиот јазик е жива и динамична стандардна норма — јазик што создава, што се модернизира, што се дигитализира и што продолжува да биде главниот простор на нашата заедничка смисла, на нашата меморија и на нашата современа иднина.

Годишнината не е само повод за чествување туку и за свесност: јазикот не е еднаш засекогаш даден — тој се чува, се негува, се унапредува и се брани со секојдневната употреба, со истражувањето, со создавањето, со критичкото мислење и со институционалната грижа.

Кодификацијата на македонскиот јазик во 1945 година не беше само техничка формалност — тоа беше цивилизациски чин.

[1] Говор одржан на 10. 11. 2025 г. на свеченото отворање на 10. Отворени денови на Институтот за македонски јазик „Крсте Мисирков“ – Скопје, УКИМ.

Тоа беше момент кога македонскиот јазик доби стандарден облик, службена азбука, правопис и со тоа — право на јавен живот.

Оттогаш, зборот стана институција.

Но, кодификацијата не се случи наеднаш. Таа беше резултат на повеќевековна борба на македонскиот народ за свој сопствен нормиран јазик. Таа беше резултат на размислувањата, идеите и залагањата на повеќемина дејци од 19 век, а името на нашиот патрон Крсте Мисирков е референтна точка за кодификацијата и неговото дело „За македонцките работи“ е камен темелник за кодификацијата на македонскиот стандарден јазик. Во 1945 година, научно аргументираните идеи на Мисирков станаа реалност. Основата на македонскиот стандарден јазик да биде централното наречје, правописот да биде фонетски и речникот да се збогатува од сите дијалекти. Визионерството на Мисирков уште во 1903 година ја артикулираше научната и културната легитимност на македонската јазична самобитност.

Со кодификацијата, јазикот кој со векови живеел низ народната песна, низ усната традиција, низ локалните говори и книжевни обиди, конечно стана официјален носител на нашата колективна мисла.

Кодификацијата значеше признание на нашата самобитност, и истовремено — почеток на еден нов слој историска трајност.

Во изминатите 80 години, на македонски јазик се создаде современото книжевно творештво, научната терминологија, законите, се користи во образованието, во медиумите, во културните институции.

Со него се градеше држава, со него се развиваше академија, со него се пишуваше историја — и се пишува и денес.

Но, јазикот не е само систем од знаци. Тој е еден од најнежните и најсофистицираните облици на заедништво. Тој е полето каде што се обликуваат вредности, каде што се создаваат значења, каде што една заедница се именува себеси и своето место во светот.

Затоа 80-годишнината не е само повод за честитка — туку и за интегритет, за грижа, за вложување, за институционално внимание.

И денес, во дигиталната ера, таа одговорност станува уште поголема. Ние сме генерацијата која треба да го внесе македонскиот јазик во светот на големите дигитални корпуси, во неговата автоматска обработка, во машинското учење, семантичките анализи, дигиталните архиви, јазичните платформи, терминолошките бази.

Корпусната лингвистика, дигиталните текстуални бази, компјутерската лингвистика и јазичната технологија се новите полиња на јазичен престиж. Денес, прашањата „која форма циркулира“, „која форма доминира“, „што значи норма во дигиталниот простор“, стануваат прашања од суштинско значење.

Нашиот јазик има право да биде во современите модели, машински читлив и алгоритамски релевантен — затоа што тој е европски стандарден јазик со сопствена историја и научна традиција.

Нашата задача денес е да бидеме тие кои ја продолжуваат линијата — линијата што почнала многу пред 1945, линијата што 1945 ја направи видлива и линијата што ние треба да ја направиме современа и функционална.

Да го чуваме македонскиот јазик не значи да го заклучиме, туку да го живееме, да го создаваме, да го правиме компетентен, современ, прецизен — во науката, во образованието, во дигиталната комуникација, во секојдневието.

80 години кодификација значат 80 години одговорност.

И таа одговорност продолжува со нас.

Нека ни е честита оваа годишнина!

И нека живее македонскиот јазик — јазикот кој нè именува, нè поврзува и нè претвора во заедница што мисли.

Симона Груевска-Маџоска[2]

[2] Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков“ – Скопје, УКИМ, simonagrum@yahoo.com

УДК 001.32:811.163.3(091)

ОМАЖ ЗА ОДДЕЛЕНИЕТО ЗА ИСТОРИЈА НА МАКЕДОНСКИОТ ЈАЗИК ВО ИНСТИТУТОТ ЗА МАКЕДОНСКИ ЈАЗИК „КРСТЕ МИСИРКОВ“

Омажот како форма претставува уважување и почитување на дејноста на другите што се занимаваат со иста проблематика. Ова уважување особено било значајно во историјата на палеославистиката, па така останало и до ден-денес, меѓу другото, и во македонската филолошка средина. Впрочем, филологот по правило се загледува во дејноста на другиот, особено ако се има предвид дека ракописите што се нивни основен предмет на проучување не се секогаш достапни за сите, а и не е лесно да се измине филолошкиот пат или круг што некој друг го изминал, од времето кога речници составувал Франц Миклошич, не без да се загледува во докторатот на Ватрослав Јагиќ, чија македонска теорија меѓу првите ја прифатил Стефан Куљбакин, професорот по старословенски јазик на Блаже Конески, еден од основачите на Катедрата за македонски јазик и книжевност.

Институтот за македонски јазик произлезе од Катедрата за македонски јазик и постепено ги презеде речиси сите оптоварувачки задачи поставени пред Катедрата, меѓу нив и лексикографската дејност и особено ја рашири дејноста врз историјата на македонскиот јазик, дејност за кои е неопходна смиреност и стрпливост, но и упорност и истрајност.

Институтот за македонски јазик започнува со работа во 1953 г., а во веќе во идната 1954 г. излегува на јаве првата книга во едицијата „Стари текстови“: „Македонско евангелие на поп Јована“, подготвено од Владимир Мошин. Во тоа време, Мошин бил и останува врската меѓу славистичките центри во Загреб, Белград и Скопје, а бездруго го имал во себеси оној предреволуционерен славистички жар од Петербург во 1914 г., од она време кога Петар Лавров го заокружува својот Палеографски албум. И сето тоа Мошин го таи во себеси сè до Скопје и Охрид.

Во Институтот веќе во наредната деценија, 1963 г., се пристапи кон работа врз Речникот на македонските црковнословенски текстови, за во 1978 година да излезе од печат пробната свеска на Речникот, подготвена од Вангелија Десподова, Зденка Рибарова и Радмила Угринова-Скаловска (редактор), а во 1985 г. во четвриот број од списанието Македонистика“ да излезе од печат Индексот кон речникот на македонските библиски ракописи. Составувачи на Индексот се Мито Аргировски, Кита Бицевска, Георги Георгиевски, Вангелија Десподова, Зденка Рибарова. Индексот е во редакција на Вангелија Десподова и Зденка Рибарова, а рецензент е Блаже Конески.

Во овој тридеценискиот период воспоставени се основните критериуми за понатамошна работа во Одделението за историја на македонскиот јазик во Институтот за македонски јазик, преку понатамошно излегување на едицијата „Стари текстови“ и преку интензивна работа врз Речникот на црковнословенскиот јазик од македонска редакција, при што резултатите се видливи особено по 2000 година, со постапното излегување на свеските и томовите од Речникот. Главен уредник на првиот и вториот том е Зденка Рибарова. Главен уредник во најновите свески е Наталија Андриевска.

Врската меѓу едицијата „Стари текстови“ и Речникот доаѓа до израз во изданието на „Радомирово евангелие“, објавено во 1988 г. од Радмила Угринова-Скаловска и Зденка Рибарова. Имено, Радомировото евангелие е првиот ексцерпиран текст, врз кој се применети правилата за транскрипција и ексцерпција врз веќе воспоставените принципи во работата врз Речникот. Значи се работело врз него подолг период, со увид во ракописот, а не само врз фотоснимки, како што е случајот со повеќето од ракописите што се наоѓале низ библиотеките во странство, или пак врз објавени текстови, некои од нив и транскрибирани. И тоа е четвртата книга во едицијата, потем која следат низа монографски изданија, од кои повеќето се резултат на одбранети магистерски и докторски дисертации.

Тоа се во кратки црти основните податоци за Одделението за историјата на македонскиот јазик во Институтот за македонски јазик „Крсте Мисирков“. Македонските ракописи кои дотогаш биле предмет на проучување на странски слависти и се чувале во странски библиотеки, со дејноста на Одделението стануваат предмет на проучување во македонистиката и даваат значајни податоци за историјата на македонскиот јазик и историската дијалектологија, прецизно ја дефинираат македонската редакција на црковнословенскиот јазик. Истовремено, со прифаќањето на иницијативата на Четвртиот конгрес на славистите одржан во Москва во 1958 г., за опфаќање на словенското книжевно наследство од првите негови почетоци до создавањето на книжевност на современите словенски јазици, македонскиот јазик се проучува врз општо поставените принципи во историјата на словенските литературни јазици, меѓу стремежот да се зачува јазикот на кирилометодиевската традиција и проникнувањето на карактеристичните црти на живата народна реч. Во материјалите од Конгресот јасно се одделени една од друга бугарската од македонската писменост.

Овие податоци, бездруго, можат да се постават на една широка основа во славистиката, преку заложбите за оформувањето на словенската лексикографија меѓу тезите на Прашката школа изложени на Првиот конгрес на славистите во Прага и Четвртиот конгрес во Москва во 1958 година. Впрочем, меѓу Четвртиот конгрес во Москва и Пробната свеска изминуваат само две децении, во кои доаѓаат до израз и специфичностите на идниот Речникот на македонските црковнословенски текстови, а изборот на зборовите за пробната свеска изнесува 7042 заглавни зборови. Притоа, треба да се има предвид дека проектот за подготовка на речникот на црковнословенскиот јазик го предлага Франтишек Вацлав Мареш, и е објавен во

Вопросы языкознания во 1966 г., а нецели две децении подоцна излегува Индексот заснован врз азбучна картотека од 11 664 заглавни зборови. Приближно толку изнесува и бројот на зборовите во Речникот на старословенскиот јазик објавен во Москва во 1994 г. Чешкиот превод на проектот на Мареш е објавен во 2007 г., што би значело дека е во употреба.

Речникот на црковнословенскиот јазик од македонска редакција, колку и да се потпира врз претходни речници, од времето на Миклошич, и врз речниците во другите средини, чешката, хрватската, има и свои препознатливи особености, што произлегуваат и од ексцерпираниот лексички материјал, низ бројноста на посочените контексти низ кои доаѓаат до израз особеностите на македонската редакција на црковнословенскиот јазик, односно црковнословенскиот јазик од македонска редакција, како што е во насловот на Речникот.

Што се однесува до Индексот од 1985 г. станува збор за заглавни зборови што се среќаваат само во библиски текстови, т.е. што се распространети во просторот и во времето на македонските библиски ракописи низ македонската јазична територија во периодот од XII до XIV век, што претставува само една репрезентативна лексика својствена за македонската редакција на црковнословенскиот јазик, која само со внесување на два-три специфични текста како прологот и паренезисот, исто од XIV век значително се зголемува, а ако кон тоа се додаде и лексиката од дамаскинот, како што впрочем и е направено во Речникот што се објавува во свески од 2000 година, лексичкиот фонд речиси двојно се зголемува. Лексиката на Станиславовиот пролог била предмет на посебно проучување на Катица Трајкова.

Наведените години, 1966, 1985, се особено значајни за меѓународниот пробив на македонистиката и особено на македонистичката палеославистика во светски рамки, почнувајќи со одбележувањето на јубилеите на свети Климент Охридски, како и на светите Методиј и Кирил Солунски. Впрочем, и во самиот индекс стои посветата на 1100-годишнината од смртта на Методиј. Притоа, треба да се одбележи дека прославата на свети Климент Охридски во 1966 г. е надополнета со Палеографскиот албум на јужнословенското кирилско писмо, подготвен од Владимир Мошин, кој излегува половина век потем претходниот ваков албум на Петар Лавров. Без да се навлегува што сè се случувало во славистиката во овој период, но и во подготовката на двата албума, на Лавров и на Мошин, доволно е само да се истакне литературата наведена во Пробната свеска, меѓу Класификацијата на ракописите на Стефан Куљбакин од 1924 г. и статиите на Конески и Угринова од 1975 и 1976 г. за македонската варијанта на црковнословенскиот јазик, како и бројните статии за доуточнувањето на особеностите на македонскаат варијанта изложувани на повеќе меѓународни собири, меѓу нив и на собирот посветен на Кирил Солунски, првиот симпозиум на МАНУ, од кој доволно е само да го цитирама Јосип Врана: „Асемановото евангелие има локален македонски карактер“. Голема е таа тема, но лесно може да се прескокне, впрочем, како и многу други теми ако не се инсистира на престижното свое

меѓу просечното во препишувачката дејност. А обработката на особеностите на македонската варијанта тргнала од еден пример на Јагиќ и еден поглед на Лавров до муниционза инвентаризација и каталогизација на македонските ракописи врз основа на истражувањата во Одделението за историја на македонскиот јазик во Институтот за македонски јазик.

Оттаму, може да се зборува и за еден филолошки круг во проучувањето на старите македонски ракописи меѓу кодиколошката, лингвистичката и текстолошката анализа на старите текстови, независно во која сфера ќе се насочат резултатите од „пипавата ексцерпција“. Кон текстологијата, независно дали нејзина цел се првобитните преводи на текстовите, што секако нѐ води кон кирилометодиевскиот период, или кон типовите текстови, како на пример на псалтирот, во кој особено е значајна лексиката на коментарот, што ја обработиле Мери Цубалевска и Лилјана Макариовска, или пак кон лингвистиката, што нѐ води кон живата народна реч, како во Шафарковиот триод, лингвистички анализиран од Лилјана Макариовска и Емилија Црвенковска. Од коментарот кон псалтирот еден од најинтересните зборови е светило, а од Шафариковиот триод, во интерес на граматиката, доволно е да се истакне формата: пиіамъ (прво лице еднина сегашно време) во пиіамъ іако пиво. Впрочем, формата пијам ја има и во Житието на свети Кирил во Загрепскиот зборник препишан од Владислав Граматик. И сѐ е тоа резултат на пипава ексцерпција што е вклопува во структурните особености на македонскиот јазик. Од времето на Шафариковиот триод, што ќе рече XIII век преку 1469 г. до денес. А што сѐ се подразбирало под јако пиво? И овој збор, јако, опстоил.

А токму овој израз, „пипава ексцерпција“ на кој Конески особено инсистира во статијата „Стилски синтези“, е клучен за работата во Одделението за историја на македонскиот јазик, и тоа е нешто што е воспоставено уште од самите почетоци на работата врз Речникот, а што Конески го дефинира „на фонот на Епохата“ независно од неговата поврзаност со другите речници што се резултат на плодната активност во другите одделенија во Институтот, во кои предмет на интерес е современиот македонски јазик, како и дијалектологијата, а во последно време и етимологијата, да не го заборавиме ниту Речникот на македонската народна поезија.

Зашто Речникот на македонските црковнословенски текстови, онака како што е претставен во пробната свеска има за цел врз воспоставените критериуми да ја определи горната граница на употребата на црковнословенскиот јазик во македонската писменост и да ги идентификува елементите на книжевните споменици што ја допираат горната граница. Оваа задача не само што не е едноставна туку од различни причини била одложувана во славистиката. Впрочем, пред славистиката се јавувале голем број прашања, при што секое новопојавено ги минимизирало претходните, и сѐ така до теоријата за литературните јазици, во кои се вбројува и старословенскиот јазик. А во македонистиката таа проблематика солидно е поставена и од Крсте Мисирков и од Блаже Конески. Да не испуштиме од вид дека

Мисирков бил еден од најдобрите познавачи на псалтирот (го усвојувал во Полтава), впрочем како и Прличев, исто како што Конески бил беспрекорен познавач на апостолот, но и на црковната книжнина воопшто, впрочем како и Крчовски. Мисирков се насочува кон теоријата за брз развој на литературата како подлога за литературниот јазик, теза што Вјачеслав Шчепкин ја поставува врз Болоњскиот псалтир, а Конески ја пренебрегнува книжевната текстологија, што одлично ја владеел, во интерес на историјата на македонскиот јазик, меѓу другото и преку нагласување на стилските синтези во јазикот на македонските писатели во XIX век. Од друга страна, пипавата ексцерпција на македонските црковнословенски текстови, со инсистирање на она текстолошко „текстови“ нужно претпоставува синтеза меѓу текстологијата и лингвистиката, што во дејноста на Одделението за историја на македонскиот јазик на своевиден начин е поставено во функција на македонистиката преку насочување на интересот кон библиските ракописи и проширување на корпусот опфатен со концептосферата на црковнословенскиот јазик од македонска редакција.

Односот меѓу долната и горната граница на сферата на употребата на црковнословенскиот јазик може да се илустрира и преку постдипломските студии на Катедрата за македонски јазик токму преку првите магистерски тези на Вангелија Десподова за лексиката на Добромировото евангелие, и на Мито Миовски, за лексиката во текстовите на Крчовски, за кои Конески вели дека се антологија на средновековната книжевност. А во Добромировото евангелие евидентни се особеностите на живата народна реч. Конески инсистира на „лапка“, со значење „јаболко“, но и со стилска адаптација на библиската приказна. А горната граница на употребата на црковнословенската лексика и живата народна реч, епозодно, како што вели Конески, се вклопуваат македонските евангелски текстови со грчко писмо, што се предмет на проучување на Борче Арсов.

Со други зборови, овие прашања се добро поставени во македонистиката, муниционо обработени во славистиката и претставени во бројни статии и реферати и и солидно обработени во Одделението за историја на македонскиот јазик, во соодветни речнички статии во Речникот, но и во оддели монографии.

Обработката на речничките статии се надоврзува на прецизно усвоените заклучоци од лингвистичката анализа на ракописите на сите рамништа, од палеографско, правописно и фонетско раниште, како на пример, за меѓусебното заменување на јат и ја во македонските ракописи, прашање на кое посебно се задржала Угринова, до лексичко и зборообразувачко, особено по однос на архаичната лексика во македонската редакција, но и на иновативните процеси на зборообразувачки план, кои биле предмет на особен интерес на Зденка Рибарова, но и на Лилјана Макариовска, како и сложенките во проучувањето на Весна Костовска, и синтаксичките особености на ракописите во обработката на Александра Ѓуркова Од друга страна, за историјата на македонскиот јазик особено е значајна глаголската префиксација што наоѓа одраз на лексичко рамниште, што е особен предизвик за

Наталија Андриевска. Така, во Одделението за историја на македонскиот јазик се развива и една супстилна супспецијалност по одредени лингвистички прашања, што во основа е несфатлива за повеќе области од науката, особено за хуманистичките. Но секако треба да се има предвид дека промените на едно рамниште упатуваат на промени на други рамништа, како што е сугерирано во статијата на Конески за „зборот и фонетските промени“.

Притоа, уште во Пробната свеска даден е опис на речничката статија, со продлабочена забелешка дека супставизираните придавки и партиципи секогаш се обработуваат самостојно, а како пример е наведена формата ништии. А токму во зборникот посветен на Блаже Конески (1984) има одделна статија од Владимир Мошин за библискиот стих: и ништии благоветствујут. Во пробната свеска даден е мал речник кој завршува со глаголот ѣати, чии форми предизвикуваат интерес на сите јазични рамништа, не само на фонетско и морфолошко, туку особено на лексичко и семантичко. Одбрани се, значи, примери што се од особен интерес за историскиот развој на македонскиот јазик. Но, бездруго, и за етимологијата, како и за дискурсната лингвистика. Во тој поглед евидентен е зборот **а,** во Индексот определен прво како сврзник, а потоа како партикула, а во Речникот од 2000 година прво е обработен како партикула, а потоа како сврзник. Колку за споредба, зборот **да**, во речникот прво е обработен како сврзник, а потоа како партикула. И тоа се едни од основните прашања на етимолошките и лексичките проучувања уште од времето пред Јагиќ да стане Јагиќ.

Во тој поглед, значајна е и едицијата „Стари текстови“, како и посебните изданија на Институтот, од кои во оваа пригода упатно е да се спомнат оние интерполации што упатуваат на посебниот однос на препишувачите кон својата дејност,како што е тоа поетски кажано на маргините на „Битолскиот триод“, лингвистички обработен од Стоја Поп Атанасова, која подоцна се зафатила да ја обработува и лексиката на македонската црковна поезија, и самостојно, но и со Весна Костовска, но како што е тоа направено во изданието на „Орбелскиот триод“ подготвен од Емилија Црвенковска и Лилјана Макариовска. Имено, препишувачите знаеле да ги преработат контекстите и да се внесат не само себеси туку и сета словенска писменост, како што е тоа со споменуваниот: **новозванныи ѧзыкъ** во една од стихирите во Орбелскиот триод. И не само еднаш туку трипати.

Триодот, исто така, бил предмет на лингвистичка обработка на Елка Јачева-Улчар, а псалтирот на Љупчо Митревски, своевремено вработени во Институтот за словенска култура – Прилеп.

Особени се значајни и транскрибираните изданија на ракописите кон кои се приклучува и најновото: „Кратовско евангелие“. Ова издание е поткрепено и со издржани и проверени статии од Георги Георгиевски и Лилјана Макариовска за јазикот на евангелието. Деловите од Георгиевски датираат од 1971 и 1972 година, а од Макариовска од 2005 и меѓусебно се надополнуваат.

Кратовското евангелие е еден од оние ретки ракописи што им бил достапен на истражувачите. Имено, се чува во НУБ „Свети Климент Охридски“ во Скопје, а во ова издание е транскрибиран да биде уште подостапен и почитлив.

И така, Одделението за историја на македонскиот јазик преку монографските трудови и Речникот ја запознава македонската и светската јавност со македонското културно наследство, за кое сосема слободно може да се истакне дека е живо вткаено во современиот македонски јазик, не само во црковниот стил и во разговорниот јазик туку и во литературата, особено во поезијата, меѓу другото и во песни како онаа на Блаже Конески „Лажни пророци“. А токму таа читање од светото евангелие, Матеј 7.15-16, најчестото испитно прашање по старословенски јазик со толку многу фонетски и јазични особености, што мора да се знае сета граматика, е едно од најинтересните во Кратовското евангелие. Впрочем, во ова евангелие доаѓаат во судир збирните именки и збирната множина. Едно од клучните прашања со кое македонската граматика се разликува од другите. А живата народна реч особено се концентрира во тие форми. И бара уважување, а уважувајќи ја, се уважуваме и себеси, не само како зборувачи туку и како истражувачи на македонскиот јазик, особено на неговата историја, како што тоа збор по збор, црта по црта, се прави во Одделението за историја на македонскиот јазик во Институтот за македонски јазик.

Димитар Пандев[1]

[1] Филолошки факултет „Блаже Конески“ – Скопје
Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ – Скопје, d.pandev@flf.ukim.edu.mk

УДК 929Рибарова, З.
УДК 091:003.349.8(497.7)

ПРИДОНЕСОТ НА Д-Р ЗДЕНКА РИБАРОВА ЗА ПРОУЧУВАЊЕТО И АФИРМАЦИЈАТА НА МАКЕДОНСКОТО РАКОПИСНО НАСЛЕДСТВО

(по повод 80-годишнината од раѓањето)

По повод одбележувањето на 80-годишнината од раѓањето на д-р Зденка Рибарова, наша раководителка, посветена менторка, се осврнуваме на нејзината научна дејност, на објавените трудови од кои се упатувавме во научната работа, трудови кои постојано беа и се пред нас, на нив се навраќаме и ќе се навраќаме и ние и идните генерации, а се поврзани со особеностите на црковнословенскиот јазик од македонска редакција, поконкретно со јазичните особености на повеќе македонски ракописи, кои се значајни за историјата на македонскиот јазик, за историската дијалектологија и за развојните текови во дејноста на Охридската и на Кратовската книжевна школа.

Зденка Рибарова е родена на 13 јуни 1945 г. во Прага, каде што го стекнува основното, средното и високото образование и докторира на Карловиот универзитет во 1969 г. Во Македонија доаѓа како веќе изграден познавач на структурата на старословенскиот јазик, што се потврдува и со нејзината докторска дисертација за развојните тенденции при употребата на императивот во старословенскиот јазик врз основа на компаративна анализа.

Во Охрид, во Македонија, првпат доаѓа во придружба на својот татко, познатиот палеославист Јозеф Курц, со чие име се поврзува иницијативата за меѓународна изработка на црковнословенски речник, во далечната 1958 год., како и работата на четиритомниот „Речник на старословенскиот јазик“, т.н. Прашки речник.

Од своето вработување во Одделението за историја на македонскиот јазик при Институтот за македонски јазик „Крсте Мисирков“ во 1975 г., таа учествува во сите фази од работата врз „Речникот на црковнословенскиот јазик од македонска редакција“, ангажирајќи се во: прибирањето на материјалната база; испишувањето на картотечните ливчиња на кои до денес, меѓу сите се изделуваат нејзините калиграфски старословенски и старогрчки записи; изработката на „Индексот кон Речникот на македонските библиски ракописи“ (1985); методологијата за работа врз Речникот во воведните свески од Речникот (2000); лексикографската обработка и редакцијата на речничките статии од двата тома на Речникот (2006, 2023); континуираното изградување на помладите научноистражувачки кадри итн.

Рибарова учествува во збогатувањето на картотечниот фонд на Одделението за историја на македонскиот јазик, што е своевидна ризница на македонската средновековна писменост и тоа *азбучната*, *предметната, грчко-црковнословенската* и *помошната* картотека. Поконкретно станува

збор за два милиона рачно испишани картотечни ливчиња, ексцерпирани од скоро 10 000 листови од 29 македонски средновековни текстови од XII до XVI век.

Со максимално ангажирање на Зденка Рибарова интензивно започна дигитализирањето, компјутерското расчитување на текстовите и индексирањето на зборовите со програмата STINO, што овозможи достапност до комплетните *индекси на зборформи, на заглавни зборови* и *обратни индекси*. Беа опфатени 9 нови ракописи, со повеќе од 4 000 листови, што значеше обработка на речиси еден милион нови зборформи, а бројот на заглавните зборови за Речникот се зголеми на 20 000.

Рибарова има голем придонес и како долгогодишен претседател на Комисијата за црковнословенски речници, како и еден од основачките членови на Комисијата за електронска обработка на стари ракописи и старопечатени книги при Меѓународниот славистички комитет.

Според Рибарова познавањето на јазичните особености на ракописите кои се извори за „Речникот на црковнословенскиот јазик од македонска редакција“ е неопходен услов за разрешување на проблемите на лексикографската обработка.

Во индивидуалната научноистражувачка работа, во центарот на нејзиниот научен интерес се наоѓа старословенското книжевно наследство, јазикот на македонските средновековни текстови на сите рамништа, односно особеностите на црковнословенскиот јазик од македонска редакција, особено оние со кои се одликува во однос на другите редакции.

Таа подетално го истражуваше јазикот на повеќе ракописи: Радомировото и Карпинското евангелие, Григоровичевиот и Лобковскиот паримејник, Дечанскиот псалтир, Хлудовиот триод и др., а кон таа цел нè поттикнуваше и нас, укажувајќи ни за важноста на примерите што се најзначајни за историјата на македонскиот јазик, за историската дијалектологија и за развојните појави во текстовите од Охридската и Кратовската книжевна школа.

Исто така сеопфатни се и нејзините трудови за меѓуредакциските контакти во македонската писменост, за русизмите, односно моравизмите, за соодносот на некои македонски и хрватскоглаголски текстови.

Би сакала посебно да ги истакнам нејзините пообемни трудови, монографски изданија, пред сè „Радомировото евангелие“ во соавторство со Р. Угринова-Скаловска што ја потврдува сложената положба на македонската писменост во втората половина на XIII век, особено во северномакедонските културни средишта. На пр. како морфолошки промени се посочуваат: прераспределбата на одделни падежни форми, зачестената употреба на предлошките конструкции, повторувањето на предлозите, удвојувањето на објектот, зборообразувачките подновувања кај придавките, обопштувањето на императивната наставка -ите, замената на инфинитивот со да-конструкција и др. Врз основа на компаративната лексичка анализа се укажува дека во

ракописот се чува дел од лексичките архаизми, подновувањата се појавуваат преку тенденцијата за преведување на грцизмите и замената на постарите лексеми со понови, непотврдени во канонските ракописи, а впечатливо е и присуството на бројни русизми.

Првиот том од едицијата посветена на „Григоровичевиот паримејник“ (1998) го содржи целосниот текст и богат критички апарат како потврда за разликите во текстот и меѓусебните односи на паримејните текстови. Ова издание овозможува текстуални и структурни, како и лингвистички проучувања на паримејникот, за кој постои голем интерес во славистичката научна јавност. Во издание на МАНУ во 2014 г. е издаден вториот том од едицијата посветена на „Григоровичевиот паримејник“ (II. Лексика, Index verborum), со комплетниот индекс од околу 3 700 единици, што овозможува целосен увид во речничкиот фонд на ракописот и е основа за останатите три индекси: Индексот на заглавни зборови, Обратниот индекс, како и Грчко-старословенскиот индекс, што ја потврдува старословенската синонимија, семантиката на словенските зборови, но и адаптацијата на заемките.

Ќе го споменеме и изданието „Индекси кон Старословенскиот речник“ / *Indexy k staroslovenskému slovníku* (2003), под редакција на Е. Блахова, засновано на лексикографската обработка на новото дополнето издание на „Старословенскиот речник на канонските ракописи“ од X до XI век.

Монографскиот труд под наслов „Јазикот на македонските црковнословенски текстови“ во издание на МАНУ (2005), го претставува сеопфатниот поглед на Рибарова врз јазикот на македонските црковнословенски текстови, преку развојните појави на правописно-фонолошки, морфосинтаксички и лексички план. Застапени се прилозите: *Кириометодиевско наследство во македонската ракописна традиција, Поглед врз јазикот на македонските црковнословенски текстови, Кириометодиевскиот паримејник во македонската ракописна традиција, Јазичните особености на Лобковскиот паримејник* итн.

И монографскиот труд „Палеословенистички студии“ (2009) е плод на долгогодишните истражувања на лексиколошки и лексикографски проблеми, на јазикот на црковнословенската писменост од фонетско-правописен, морфосинтаксички и лексички аспект, како и на појавите што се значајни за историската дијалектологија и за историјата на македонскиот јазик воопшто.

Под раководство на Зденка Рибарова, во рамките на Комисијата за црковнословенски речници при Меѓународниот славистички комитет се работи на „Споредбен индекс кон речниците обработувани во рамките на Комисијата за црковнословенски речници“ *(Srovnávací index k slovníkům zpracovávaným v rámci Komise pro církevněslovanské slovníky)* од кој се издадени два тома под нејзина редакција (и во коавторство со Наталија Андријевска, Барбара Балантич и Петра Станковска) кои се достапни на вебстраницата на МАНУ. Споредбениот поглед овозможува подобро да се согледаат специфичностите на лексиката на секој одделен речник, а евидентен е и големиот влог на Речникот на црковнословенскиот јазик од

македонска редакција во збогатувањето на црковнословенскиот лексички фонд.

Во 2015 год. Зденка Рибарова во коавторство со Славомира Рибарова објави обемна „Чешка граматика со вежби“, која во хрватската средина е оценета како „прва научна граматика на чешкиот јазик што се одликува со научност, исцрпност, темелност, сеопфатност, изворност во концепциска и методолошка смисла“.

Би го истакнале и активното учество на Рибарова на голем број домашни и меѓународни научни собири и конгреси, на Меѓународниот семинар за македонски јазик, литература и култура со предавања и циклуси предавања од областа на историјата на македонскиот јазик итн.

Нејзините трудови објавувани во научни списанија и зборници во државава и во странство претставуваат корисна литература и своевиден образец за младите научни кадри, за сериозен систематски пристап кон истражувањето.

Во 2009 г. Рибарова е избрана за член надвор од работниот состав на МАНУ во *Одделението за лингвистика и литературна наука,* а за својата неуморна работа, заслугите во афирмацијата на македонскиот јазик има добиено награди и признанија: наградата „Гоце Делчев“ (1989), меѓународното признание „Блаже Конески” (2012), а исто така е добитник и на високата награда Јозеф Добровски на Чешката академија за животно дело (2015).

Под менторство на Рибарова се одбранети 12 магистерски и докторски дисертации на соработниците на Одделението за историја на македонскиот јазик. Тоа се: *Радомировиот псалтир (со посебен акцент врз фонетиката и морфологијата)* и *Девербативните именки во македонските црковнословенски ракописи од XII–XVI век* од Лилјана Макаријоска, *Лексиката на коментарот кон Поѓодиновиот псалтир* и *Ваташкиот минеј (со посебен акцент врз лексиката)* од Мери Цубалевска, *Македонското четвороевангелие* и *Сложенките во македонските црковнословенски текстови* од Весна Костовска, *Лексиката на Станиславовиот пролог* и *Nomina instrumenti во македонските црковнословенски ракописи* од Катица Трајкова, *Преводот на грчкото привативно алфа во старите македонски текстови* и *Зборообразувањето во Крнинскиот дамаскин* од Наталија Андријевска, *Декларативните зависносложени реченици во Крнинскиот дамаскин* и *Сврзувачките средства во црковнословенските ракописи од македонска редакција* од Александра Ѓуркова.

Сите се издадени во едициите Стари текстови и Посебни изданија на Институтот, а заедничка нишка им е поддршката на Зденка Рибарова.

Несомнено, Одделението за историја на македонскиот јазик функционираше како едно семејство, чија движечка сила беше З. Рибарова, која знаеше кога, како, што треба да се работи и секогаш се знаеше рокот за секоја активност. Имаше должно почитување кон сите, а нашата почит кон неа се

огледуваше и во нашите извештаи за работата, што течеше онака како што беше осмислено од неа, со нејзината безрезервна помош. По нејзиното физичко заминување во 2019 г., се чини како да ни недостасува нејзината движечка, организациска активност и посветеност.

Чувствувам потреба да кажам дека со вработувањето во Институтот во 1987 г., јас станав дел од Одделението што искрено и го почувствував како свое второ семејство, во кое и подавав и добивав подадена рака секогаш кога ми беше потребно, ја имав поддршката на З. Рибарова од првиот ден, а тоа беше од 1 јуни, месецот на нашето раѓање (на 13 е нејзиниот, на 15 мојот роденден). На мојот прв работен ден таа ги донесе со себе фото-снимките од Радомировиот псалтир што почнав да го истражувам, веруваше во мене, а јас се трудев да не ја разочарам.

Од првиот ден добивав работни и татковски совети од Мито Аргировски и Георги Георгиевски, што тогаш многу ми значеа, со Кита Бицевска и Стоја Поп-Атанасова разменував мислења и за работни и за животни искуства, со Мери Цубалевска го изодувавме истиот пат, а подоцна имав убава соработка и пријателски односи и со помладите колешки и колеги што станаа дел од нашето Одделение.

Први под менторство на Рибарова својот магистерскиот труд го одбранивме јас и само една седмица подоцна колешката Мери Цубалевска. Радоста на нашата менторка ѝ се читаше во очите. Следеа нови работни задачи, нови предизвици, а т.н. „школа на Зденка Рибарова“ добиваше и нови ученици: Весна Костовска, Катица Трајкова, Наталија Андријевска, Александра Ѓуркова.

Секоја наша статија, секој реферат, секој дел од магистерскиот и докторскиот труд, беше внимателно виден со очите на Рибарова, имаше одговори и сугестии за сите наши прашања, ни предлагаше научна литература, нѐ поттикнуваше да ги следиме и постарите и новите изданија, а тематската одделенска библиографија сите заедно постојано ја збогатувавме. За советите и нејзините забелешки во прегледуваниот материјал никогаш и никој од нас не чекаше долго, но се очекуваше и од нас исполнување на обврските. Таа секогаш поттикнуваше расправа по одделни прашања, даваше предлози, беше неуморна и во работата претставуваше образец за посветен научен работник, кому не му беше проблем останувањето во Институтот до завршувањето на започнатата работа и во доцните вечерни часови.

На нашите одделенски работни средби, периодично и во првата сабота во месецот, честопати ни се придружуваше и колешката Емилија Црвенковска, која иако ја имаше привилегијата да работи под менторство на проф. Радмила Угринова-Скаловска од чии трудови сите учевме, се вклучи во работата на Проектот, разменуваше мислења и споделуваше искуства со нас.

Чувствувам потреба да кажам дека дел од нашето семејство беа и Кирил и Славомира Рибарови. Кирил се вложуваше нам, на повозрасните и помалку упатените, да ни пренесе многу од комјутерските вештини, креираше фонтови со желба да помогне во нашата работа.

И денес, секојдневно, во работата на Речникот, па и во работата на Кратовското евангелие што во нејзина чест го издадовме, Зденка Рибарова е нашата водилка. На нејзините совети, укажувања, секогаш се потсетуваме, тие искуства се вткаени во нашите трудови, а во нашиот растеж несомнен е нејзиниот влог. Останаа во нас и работни навики што ѝ ги должиме, а остана и големата вистина дека единствено на неа меѓу истражувачите од областа на средновековната писменост (и не само кај нас) ѝ успеа да изгради и обедини покрај себе толку помлади кадри.

Несомнен е големиот влог на Зденка Рибарова, со неуморното четиридеценискo ангажирање во проучувањето и афирмирањето на македонското ракописно наследство. Затоа и спомените и благодарноста за сè што остави зад себе ќе бидат вечни.

Лилјана Макаријоска[1]

[1] Универзитет „Св. Кирил и Методиј“, Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков“, Скопје makarijoska@yahoo.com

УДК 811.163.3'351"1925"(049.3)
УДК 37.091.64:323.1(=163.3:495)"1925"(049.3)

ЕДЕН ВЕК ОД БУКВАРОТ ШТО НЕ ПРОЗБОРЕ: ШТО НÈ УЧИ „АБЕЦЕДАРОТ“ ДЕНЕС?

Појавата на *Абецедарот* во 1925 година претставува кулминација на долг, сложен и повеќеслоен политички и демографски процес што го обликува Балканот од почетокот на XX век. Основата на тој процес се поставува во Балканските војни (1912 – 1913), кога со повлекувањето на Османлиското Царство од регионот, етнографска Македонија е поделена меѓу Грција, Србија и Бугарија. Со Букурешкиот договор (1913), Егејска Македонија влегува во рамките на грчката држава без обезбедени јазични и културни права за локалното словеномакедонско население, што отвора долгорочни прашања за неговиот статус и третман.

По Првата светска војна, новиот Версајски систем воспоставува строги обврски за заштита на малцинствата. Во оваа рамка се вклучува Нејскиот договор (1919), кој, иако се однесува на Бугарија, индиректно ја насочува меѓународната внимателност кон положбата на словенските групи во соседните држави, вклучително и во Грција. Нејскиот договор создава правен преседан и му овозможува на Друштвото на народите систематски да ги следи малцинските состојби на Балканот. Следниот чекор го претставува Договорот од Севр (1920), кој поставува јасни обврски за Грција во однос на правата на малцинствата – јазични, образовни и верски. Иако Севр не се имплементира целосно и подоцна се заменува со Лозана, тој создава нормативна рамка во која прашањето за словеномакедонското население станува дел од меѓународно надгледуван правен систем. Со тоа, Грција се става пред потреба да демонстрира минимално усогласување со оваа меѓународна агенда. Клучниот предуслов за непосредната појава на *Абецедарот* го претставува Лозанскиот мировен договор (1923), кој ја утврдува масовната размена на населението меѓу Грција и Турција. Приливот на голем број малоазиски Грци во северните области создава нова мултиетничка конфигурација и дополнително ја засилува грчката политика на национална хомогенизација. Истовремено, меѓународната заедница, предводена од Друштвото на народите, инсистира Грција да ги уреди и правата на внатрешните малцински групи, меѓу кои и на „Славомакедонците“, како што се означени во тогашните документи.

Во 1924 година се склучува Протоколот Калфов–Политис, кој предвидува елементарни образовни права за „Бугарите“ во Грција. Иако протоколот се ратификува само од бугарска страна и не стапува во сила, тој создава сериозен дипломатски притисок врз Грција. За да ја избегне терминологијата „бугарски“, Грција посегнува по компромисна формулација – „мајчин јазик на домородното словенско население“ – со што се отвора можност за создавање наставен материјал што нема да ја имплицира ниту бугарската, ниту српската, ниту македонската национална определба.

Во оваа атмосфера, Друштвото на народите спроведува мисии во Лерин, Костур и Воден, кои укажуваат дека локалното словеномакедонско население нема пристап до учебници на разбирлив јазик. Под директен меѓународен притисок, Грција мора да изработи учебник што ќе одговара на јазичните потреби на населението, но без да го официјализира неговиот идентитет. Затоа *Абецедарот* се составува врз јазична основа блиска до леринско-битолските говори, но се пишува со латиница, избрана како политички неутрален компромис со кој се избегнуваат асоцијациите со кирилицата и со бугарскиот културен модел.

Паралелно, поделбата на Македонија и притисоците што ги вршат новоформираните држави врз словеномакедонското население создаваат атмосфера во која секоја форма на јазична посебност се смета за политички ризична. Оттука, *Абецедарот* се појавува како документ на половично признавање – признавање на потребата од јазична достапност, но без прифаќање на конкретна етничка или национална идентификација.

Затоа *Абецедарот* претставува прв материјален доказ за меѓународното признавање на постоењето на словеномакедонско население во Грција во меѓувоениот период. Неговата појава ја открива комплексноста на јазичните, идентитетските и дипломатските прашања во Егејска Македонија и суштината на обидите на големите сили да создаваат „балканска стабилност“ во длабоко турбулентен историски миг. И покрај тоа што никогаш не се имплементира во практиката на грчкото образование, *Абецедарот* останува клучно сведоштво за: политиката, јазикот и историјата на регионот.

Во сложениот дипломатски и правен амбиент создаден по Балканските војни и Првата светска војна, меѓународниот притисок кон Грција постепено се конкретизира преку механизмите на Друштвото на народите. Токму во оваа фаза се профилираат главните актери чија соработка – понекогаш синхронизирана, понекогаш формално-прагматична – доведува до изработката на *Абецедарот* во 1925 година. На меѓународно ниво централна фигура е норвешкиот дипломат Ерик Колбан, директор на Одделот за малцинства при Друштвото на народите (1919 – 1927), кој ја поставува институционалната логика на малцинската заштита и го следи спроведувањето на обврските на балканските држави. Во неговите редовни контакти со грчката дипломатија – особено во пролетта 1925 година – Колбан го нагласува очекувањето дека Грција не само декларативно, туку и материјално ќе ја покаже својата подготвеност да обезбеди образование на разбирлив јазик за своето словеномакедонско население.

Од грчката страна, во Женева се издвојува Василис Дендрамис, претставник на Грција при Друштвото на народите, кој ја формулира политичката линија на Атина пред меѓународните органи. Дендрамис во своите разговори со Колбан го најавува подготвувањето на посебната читанка како доказ за исполнување на грчките обврски според Протоколот Калфов–Политис. Во тие преговори тој внимателно ја дефинира „словенската македонска“ говорна база како „небугарска“ и „несрпска“, со што ја подготвува

територијата за појава на учебник кој ќе ја задоволи формата на меѓународниот надзор, а нема да ја наруши грчката политика на национална хомогенизација.

Изработката на самиот буквар – *Абецедарот* – ѝ се доверува на мала тричлена стручна комисија составена од Грковласи филолози: Георгиос Сагијаксис, Папазахариу и Јосиф Лазару. Овие филолози, поврзани со педагошките служби на Министерството за просвета, се вклучени токму поради нивниот периферен етнолингвистички статус и политичка „безопасност“: како влашкофони интелектуалци, тие не се поврзуваат со ниту една од двете соседни држави што традиционално претендираат на словенскиот јазик во Македонија, Бугарија и Србија. Нивната задача е јазично да го моделираат учебникот врз база блиска до леринско–битолските говори, кои меѓународните комисии ги идентификуваат како разбирливи и широко распространети во Егејска Македонија.

При изработката на „Абецедарот“ особено значаен е изборот на латиничната графија наместо кирилицата. Од академски аспект, тоа претставува свесна политичко-јазична стратегија. Кирилицата во 20-тите години на минатиот век силно се поврзува со бугарската писмена традиција, а дејствува и како симболичен маркер на културна и историска поврзаност со словенскиот православен круг. Нејзиното користење во учебникот би можело да биде протолкувано како индиректна верификација на бугарскиот карактер на словеномакедонските говори, што Грција – во услови на интензивна национална политика – сака да го избегне по секоја цена. Латиницата, пак, функционира како политички неутрален медиум: таа не е обележана со бугарски, српски, ниту, во тоа време, со македонски национални конотации, и овозможува Грција да понуди „учебник на мајчин јазик“ без симболичко признание на специфична словенска писмена традиција.

Така, *Абецедарот* се оформува на пресекот меѓу меѓународниот надзор и државната стратегија. Колбан ја овозможува дипломатската рамка и го создава притисокот, Дендрамис ја артикулира грчката „контролирана кооперативност“, а трите филолошки стручни лица вршат техничка изведба со јазично и графиско решение што истовремено ги исполнува условите на Друштвото на народите и ја минимизира политичката видливост на словенскиот елемент во грчката држава. Во тој сложен баланс, *Абецедарот* станува документ што користи латиница како стратегиско средство: графија доволно неутрална да не ја загрози грчката национална политика, а доволно функционална за Друштвото на народите да ја прифати како доказ за исполнетата обврска.

Судбината на *Абецедарот* по неговото создавање е истовремено одраз на ограничените можности на меѓународниот малцински систем и на силата на внатрешните државни политики во меѓувоена Грција. Иако официјално се печати и се доставува до Друштвото на народите како доказ за исполнета малцинска обврска, *Абецедарот* никогаш не преминува од ниво на документ

во вистинска образовна практика. Тој станува алатка за дипломатска презентација, а не учебник што навистина се употребува во училиштата.

Случајот со *Абецедарот* станува уште појасен кога ќе се погледне реакцијата на локалното население. Парадоксално, иако учебникот е наменет за словеномакедонските деца, значаен дел од самото население не го прифаќа. Според една студија на грчкиот истражувач Ј. Д. Михајлидис ("Minority Rights and Educational Problems in Greek Interwar Macedonia: The Case of the Primer 'Abecedar' ", 1996) кај дел од луѓето се јавува отпор да се бара или да се користи книга на сопствениот јазик. Причината не е „нелогична", туку длабоко социјално и историски условена: долготрајната асимилација, стигматизацијата и казнувањето за говорење на својот јазик произвеле самонегација и страв од јавна јазична идентификација. Во таква атмосфера, употребата на учебник на „домородниот јазик" се доживува како ризик, а не како право. Притоа, не се исклучуваат ниту локалните притисоци и структурните механизми на грчката администрација, кои дополнително го обесхрабруваат секој обид за имплементација. Проектот, значи, е компромитиран уште во самиот зародок – истовремено поради стравот оздола и блокадата озгора. Ова најјасно се гледа во единствениот познат обид за неговата практична примена во Сорович, Леринско (1926). Како што наведува Ј.Д. Михајлидис, таму краткотрајно експериментално во наставата се користи *Абецедарот*, но учебникот не е прифатен од самото население, а локалните власти веднаш го запираат процесот. Епизодата не прераснува во вистинско училишно решение и служи како пример за тоа како социјалната динамика и државниот надзор заедно го оневозможуваат она што во меѓународните документи се претставува како „гарантирано малцинско право".

Самото издание од 1925 година носи траги на набрзина направена изготовка и чиста формалност. За ова сведочат бројните печатни грешки, недоследности во употребата на целосната форма на членската морфема, двојни форми за 3. л.едн. презент од помошниот глагол сум (*је/јеш*), несистематичен правопис и дијакритички хаос. Овие карактеристики се индикатор дека учебникот не е создаван како стабилен педагошки инструмент, туку како административен одговор на меѓународен притисок. Неговата техничка несреденост го открива фундаменталниот парадокс на проектот: формално се исполнува нешто што суштински се неутрализира.

Проблематична е и судбината на самите примероци. Тиражот исчезнува, речиси, веднаш по печатењето. Денес се идентификувани само неколку примероци – во Државниот архив на Македонија, во Националната библиотека на Грција и во Виенската градска библиотека. Симптоматично е што во архивата на Друштвото на народите, институцијата што го иницирала изработувањето, нема ниту еден зачуван примерок. Овој факт ја потврдува оценката дека *Абецедарот* бил изработен како еднократна политичка нарачка, а не како дел од трајна образовна политика.

Иако составувачите, Сагијаксис, Лазару и Папазахариу, го обликуваат јазикот врз леринско-битолската основа и внесуваат автентични македонски

јазични елементи (акцент на третиот слог од крајот, употреба на дијалектизми и архаизми кои се јавуваат со различно генеалошко потекло: грчко, турско, ароманско) јазичната слика во она време како да е потисната по своето значење во однос на политичката функција на изданието. Педагошката структура, пак, со азбучник, илустрации и куси текстови, покажува дека проектот има потенцијал за реално описменување, но, за жал, овој потенцијал останува никогаш неискористен.

Оттука можеме да заклучиме дека *Абецеѳаротѿ* станува документ што го открива механизмот на т.н. половично признавање: Грција формално демонстрира исполнување на меѓународните обврски, додека во реалноста одржува статус кво. Неговата судбина е судбина на едно дело што истовремено постои и исчезнува: печатено, но неупотребено; официјално создадено, но фактички запрено; зачувано во неколку библиотеки, но исчезнато од институционалната меморија. Како историска трага, *Абецеѳаротѿ* останува сведоштво за тензичната поврзаност меѓу политиката и јазикот, за ранливоста на малцинските права и за длабоките последици на самонегацијата создадена од долгогодишна асимилација.

По сето погоре кажано, сто години подоцна можеме да ги извлечеме следниве поуки: прво, меѓународните договори без политичка волја создаваат половични решенија; второ, педагошката креативност може да процути и под притисок, но само ако постои доверба; трето, јазикот на детето е најмоќната алатка за описменување. Кога денес го отвораме „Абецедарот“, не гледаме само букви – гледаме огледало на целиот XX век. Во него се пресликани поделбите и страдањата, но и упорноста на еден народ што не се одрекол од својот збор. Гледаме детско лице што учи да чита на јазикот на својата мајка – лицето на иднината, на поколенијата што го продолжуваат она што некогаш било забрането да се изговори. Тој лик е нашата трајна обврска, нашата жива совест.

Ако „Абецедарот“ бил документ на половично признавање, тогаш оваа стогодишнина е миг да го довршиме признавањето ние – со наука и љубов, со искреност и достоинство, со книги што нема да исчезнат од библиотеките, туку ќе растат во нив. Затоа „Абецедарот“ денес не е само сведоштво за минатото, туку симбол на враќање на тивка, но сигурна – победа на јазикот над забраната. Тој е потсетник дека јазикот е највисокиот облик на отпор, и најнежниот израз на постоењето. И сè додека постои тој збор, ќе постојат и сеќавањето, и идентитетот, и народот што го изговорил. Исто како и надежта дека времето на молчење никогаш повеќе нема да се врати!

Елка Јачева-Улчар[1]

[1] Универзитет „Св.Кирил и Методиј“ - Скопје,
Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков“ - Скопје, elka.jaceva.ulcar@gmail.com

УДК 811.163.3:316.774(062)(049.3)

ДЕНОВИ НА БЛАГОЈА КОРУБИН
ЈАЗИКОТ ВО МЕДИУМИТЕ
(СОСТОЈБИ, ПРЕДИЗВИЦИ, ПЕРСПЕКТИВИ)

(15 – 16 мај, 2025, Скопје)

Институтот за македонски јазик „Крсте Мисирков“ – Скопје оваа година ја организираше дваесет и деветтата традиционална манифестација *Денови на Благоја Корубин*. Меѓународниот научен собир во рамките на манифестацијата беше на тема *Јазикот во медиумите (состојби, предизвици, перспективи)*. Во амфитеатарот на Институтот за македонски јазик „Крсте Мисирков“– Скопје, манифестацијата ја отвори проф. д-р Елена Јованова-Грујовска, директорка на Институтот, а поздравно обраќање имаше и претседателката на организацискиот одбор проф. д-р Катица Топлиска-Евроска. Во рамките на отворањето на манифестацијата проф. д-р Лилјана Макаријоска го промовираше Зборникот на трудови од Меѓународниот научен собир *Јазикот во уметничката литература*, одржан на 17 и 18 септември 2020 година, како 35-та книга од едицијата „Јазикот наш денешен“.

На организацијата на собирот *Јазикот во медиумите (состојби, предизвици, перспективи),* во рамките на традиционалната манифестација *Денови на Благоја Корубин*, се посвети Меѓународниот организациски одбор во состав: Снежана Велковска (почесен претседател), Олгица Додевска-Михајловска (почесен член), Елена Јованова-Грујовска (директор), Катица Топлиска-Евроска, (претседател), Фани Стефановска-Ристеска (секретар), Лилјана Макаријоска, Лидија Тантуровска, Светлана Давкова-Ѓоргиева, Мери Јосифовска, Кристина Тодоровска, Марија Пандева, Ален Калајџија, Маќеј Кафка, Борјана Прошев-Оливер и Станислав Станковиќ.

Работниот дел од годинешниот Научен собир беше организиран во два дена, во три сесии: првиот ден, на 15 мај, се одржаа две сесии, претпладневна и попладневна, а работата на Собирот се заокружи наредниот ден, на 16 мај со претпладневната, трета сесија. Според програмата на Собирот вкупно беа пријавени 45 учесници со 35 реферати, од кои беа прочитани 32, од нив – 8 коавторски.

Елена Јованова-Грујовска, Лидија Тантуровска и Кристина Тодоровска беа претседавачи на првата сесија. Прв реферат со којшто започна работниот дел од Научниот собир беше на **Симона Груевска-Мацоска** со наслов *Македонскиот јазик во медиумите*. Следните два реферата беа посветени на кодификацијата. **Димитар Пандев** зборуваше за *Односот на кодификаторите кон медиумите во нивното време*, а **Олгица Додевска-Михајловска** ги изнесе своите согледувања за *Весникот „Нова Македонија“ – слика на*

јазичните тенденции во кодификацијата во денес. Следуваа три коавторски трудови поврзани на теми поврзани со медиумите и социјалните мрежи. Коавторите **Михајло Марковиќ**, **Соња Новотни** и **Мери Цубалевска** реферираа за *Јазикот на новите медиуми и медиумската лингвистика*, а **Елена Јованова-Грујовска**, **Весна Костовска** и **Кристина Тодоровска** зборуваа за *Лексиката на социјалните мрежи*. Авторската двојка **Дарко Томовски** и **Мирјана Вељаноска-Томовска** се претставија со нивниот заеднички реферат *Дијалектите и социолектите во електронските медиуми*. **Елка Јачева-Улчар** во својот реферат се задржа на *Скопскиот говор и сленг како атака врз стандардот во македонските аудио-визуелни медиуми*. Следуваа повеќе реферати кои се однесуваа на медиумите од различен аспект. По паузата, првото излагање беше на **Кирче Трајанов** за *Медиумите и јазикот на црквата*, **Снежана Петрова-Џамбазова** реферираше *За јазикот во телевизиските информативни емисии на македонски јазик,* а **Мери Јосифовска** ги разгледуваше *Сопствените имиња и нивната прагматика во печатените медиуми*. Гостинките од Србија, коавторките **Марија Ѓинѓиќ** и **Марина Спасојевиќ** имаа споредбена тема со којашто одговорија на прашањето *Може ли се без **бре** у српским и македонским медијима?*. Следниот блок реферати ја обработуваа лексиката во медиумите. **Александар Крстаноски** во својот реферат ги разгледуваше *Црковнословенизмите во соопштенијата на Фејсбук страницата на манастирот „Света Пречиста Кичевска“,* а **Васил Дрвошанов** реферираше за *Србизми во македонските мас-медиуми.* **Антоанета Тримчевиќ** и **Симон Саздов** во заедничкиот реферат се задржаа на *Англизмите и турцизмите во комуникацијата на младите,* додека **Марија Пандева** ги разгледуваше *Зборообразувачките тенденции кај заемките во електронските медиуми и социјалните мрежи*.

Претседавачи на втората, попладневна сесија, беа Лилјана Макаријоска, Мери Јосифовска и Марија Пандева. Авторската тројка **Македонка Додевска**, **Душко Деспотовски** и **Веселинка Лаброска** се претставија со нивниот заеднички реферат *Јазичните грешки во јавните медиуми* со што започна работниот дел од втората сесија на Собирот. Следните два реферата зборуваа за јазикот во два печатени медиуми. **Кристина Тодоровска** зборуваше *За јазикот во весникот „Преса“ на Заедницата на Македонците во Албанија*, а **Давор Јанкулоски** за *Јазичните особености на весникот „Нова Македонка“ – орган на АФЖ на Егејска Македонија*. За фразеологијата во медиумите зборуваа коавторките **Лилјана Макаријоска** и **Бисера Павлеска-Георгиевска** во нивниот заеднички реферат на тема *Варијантноста на фраземите во јазикот на медиумите*. Сесијата ја заокружи **Кристина Димовска** со рефератот *Антипословиците и хумористичните изрази на неколку македонски форуми* по којшто следуваше плодна дискусија со што заврши првиот работен ден на Собирот.

Вториот работен ден од Научниот собир *Јазикот во медиумите (состојби, предизвици, перспективи),* исто така, понуди разновидни теми со различен пристап. Претседавачи на последната, трета сесија беа Катица Топлиска-Евроска и Светлана Давкова-Ѓоргиева. Сесијата ја отвори **Јордана**

Марковиќ со рефератот *Информативност новинских чишуља*. **Светлана Давкова-Ѓоргиева** реферираше на тема *На која ѓенерација ѝ йрийаѓаме?*, додека **Лидија Тантуровска** зборуваше за *Йрвата ѕама*. **Фани Стефановска-Ристеска** ги изнесе своите согледувања за *Јазикош на филмош*, а **Катица Топлиска-Евроска** зборуваше за *Хранаша во медиумскиош йросшор (шрадиција и иновации)*. **Александра Гецовска** се претстави со темата *Од шрадиционални ѕо елекшронски циѓари (реклама, уйошреба, ешимолошки развој на шерминолоѓијаша)*. Вториот дел од сесијата, по паузата, започна со заедничкиот коавторски реферат на **Марина Даниловска** и **Марина Спасовска** на тема *Влијаниешо на новише медиуми врз развојош на медиумскаша йисменосш кај ученицише на часовише йо македонски јазик*. **Емил Ниами** ги изнесе своите согледувањата околу *Кришериуми йри изборош на корйусош на „Речникош на медиумска йисменосш“*, додека **Зоран Спасовски** се осврна на *Изборош на шемише во македонскише медиуми и нивноше влијание врз йоширокиош оййшесшвен ѕискурс*. **Марија Антевска** се сосредоточи на *Слоѓанош во йредизборнише кампањи*, а за *Говор на омраза йомеѓу Македонија и Буѓарија на социјалнише* мрежи зборуваше **Филип Белчев.** Последниот реферат на овој Научен собир беше на **Андријана Павлова** со наслов *Вешшачкаша иншелиѓенција како йомошна алашка за брз йревоѕ и краши резимеа на веб-сшраници, виѕеа и ѕокументи од сшрански на македонски јазик и обраши*. На крајот, вообичаено, по излагањето на рефератите се отвори богата дискусија по што следуваше и затворање на Меѓународниот научен собир.

Традиционалната манифестација *Денови на Благоја Корубин*, и годинава, со собирот *Јазикош во медиумише (сосшојби, йредизвици, йерсйекшиви)* уште еднаш покажа целесообразност и актуелност на поставената тема. Имено, медиумите силно дејствуваат во обликувањето на јазикот на една заедница, а истовремено се и многу влијателен фактор во градењето на културниот, општествениот и политичкиот живот на таа заедница. Во таа смисла, изборот на овогодишната тема освен што претставува надоврзување и збогатување на континуитетот на дециниската јазично-културна динамика во Македонија, се чини дека е потреба на денот во новите услови на современата комуникација.

Кристина Тодоровска[1]

[1] Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков“– Скопје, kristina_todorovska8@yahoo.com

УДК 811.163.3(062)(049.3)

ДЕСЕТТИ ОТВОРЕНИ ДЕНОВИ НА ИНСТИТУТОТ ЗА МАКЕДОНСКИ ЈАЗИК (10 – 14 ноември 2025 година)

Јубилејните десетти Отворени денови на Институтот за македонски јазик „Крсте Мисирков“ се одржаа во периодот од 10 до 14 ноември 2025 година. Годинашниот Организациски одбор на Отворените денови беше составен од: д-р Елена Јованова-Грујовска, н. сов./ред. проф., директорка на Институтот (претседател); д-р Борче Арсов, н. сов./ред. проф. (секретар); д-р Светлана Давкова-Ѓоргиева, н. сов./ред. проф.; д-р Еленка Стоевска-Денчова, н. сов./ред. проф.; д-р Веселинка Лаброска, н. сов./ред. проф., доп. член на МАНУ; д-р Мери Јосифовска, н. сов./ред. проф; д-р Катица Евроска, н. сов./ред. проф. д-р Лидија Тантуровска, н. сов./ред. проф.; д-р Дарко Томовски, н. сор./доц. и м-р Марија Антевска-Рисафова, асистент истражувач (секретар). Во рамките на манифестацијата се одбележаа повеќе значајни јубилеи и годишнини: 10 години Отворени денови на Институтот за македонски јазик „Крсте Мисирков“; 80 години македонска азбука и македонски правопис; 100 години од објавувањето на „Абецедарот“; 100 години од раѓањето на Трајко Стаматоски; 105 години од раѓањето на Божидар Видоески; 80 години од раѓањето на Зденка Рибарова и 60 години од раѓањето на Убавка Гајдова.

Свеченото отворање на манифестацијата се одржа на 10 ноември 2025 година во 11 часот во Амфитеатарот на Институтот за македонски јазик „Крсте Мисирков“, чијшто модератор беше м-р Елизабета Кузмановска. На отворањето поздравни обраќања имаа: проф. д-р Елена Јованова-Грујовска, директорка на Институтот за македонски јазик „Крсте Мисирков“; м-р Светлана Пинева, државен советник во Министерството за образование и наука и Менче Андреева, директорка на Инспекторатот за употребата на македонскиот стандарден јазик. За јубилејот 80 години македонска азбука и македонски правопис пригодно излагање имаше проф. д-р Симона Груевска-Маџоска, научен советник во Институтот за македонски јазик „Крсте Мисирков“ и претседателка на Советот за македонски јазик, додека по повод 100 години од објавувањето на „Абецедарот“ пригодно излагање имаше проф. д-р Елка Јачева-Улчар, научен советник во Институтот за македонски јазик „Крсте Мисирков“. Како и секоја година, на првиот ден од Отворените денови беа промовирани најновите изданија на Институтот, поконкретно, најновите броеви на списанијата „Македонски јазик“, „Македонистика“ и „ETYMOLOGICA MACEDONICA“ ги промовираше проф. д-р Мери Јосифовска, додека доц. д-р Дарко Томовски ги промовираше книгите „Македонски дијалектен атлас: од ризницата на картотеката лексички материјали“, „Речник на топонимите од Воденско“ од Елка Јачева-Улчар,

Мери Јосифовска и Весна Миовска, „Особености на граматичката категорија преодност на глаголите во македонскиот јазик“ од Људмил Спасов. Отворањето беше заокружено со вокален настап на Неда Димкова, настап на поетесата м-р Оливера Јовановска и отворање на изложбата „Цвеќе на мирот“ од Живко Поповски-Цветин.

Вториот ден од Отворените денови (11 ноември 2025 година) беше посветен на историјата на македонскиот јазик, чијшто модератор беше м-р Андријана Павлова, асистент истражувач во Институтот. Поздравно обраќање имаше директорката на Институтот, проф. д-р Елена Јованова-Грујовска. Потоа следеа излагањата на проф. д-р Лилјана Макаријоска, која го претстави „Јазикот на македонското ракописно наследство во истражувањата на д-р Зденка Рибарова“ и проф. д-р Димитар Пандев со „Омаж за Одделението за историја на македонскиот јазик при Институтот за македонски јазик ‘Крсте Мисирков’“. Вториот ден беше заокружен со промоцијата на најновата книга на проф. д-р Борче Арсов – „Нови согледби за стари текстови“, чијшто промотор беше проф. д-р Људмил Спасов

Третиот и четвртиот ден од Отворените денови, 12 и 13 ноември 2025 година, се одржа јубилејната X меѓународна научна конференција „Македонскиот јазик – извор на научни истражувања“. Покрај традиционалните поттеми на Конференцијата, овогодишната централна тема во фокусот ги стави јубилеите – „Јубилеите обврзуваат и поврзуваат“.

На отворањето на Конференцијата поздравни говори имаа проф. д-р Елена Јованова-Грујовска, директорка на Институтот, проф. д-р Биљана Ангелова, ректорка на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј, и проф. д-р Лидија Тантуровска, претседателка на Меѓународниот организациски одбор на Конференцијата, која го промовираше Зборникот од минатогодишната IX меѓународна научна конференција „Македонскиот јазик – извор на научни истражувања“. „Овие Отворени денови се повеќе од традиција – тие се потсетник на нашата заедничка обврска да го чуваме, изучуваме и да го унапредуваме македонскиот јазик како суштински дел од нашиот идентитет и културно наследство. Преку работилници, предавања и истражувања, Институтот создава простор за дијалог меѓу генерациите, за пренесување на знаењето и на љубовта кон јазикот што нè обединува“ – истакна ректорката проф. д-р Биљана Ангелова.

По отворањето на Конференцијата, започна работниот дел. На 12 ноември 2025 г. се одржаа 6 сесии (три претпладневни паралелни сесии и три попладневни паралелни сесии), додека на 13 ноември 2025 г. се одржаа 3 сесии (три претпладневни паралелни сесии). Значајно е да се истакне дека претставените реферати поттикнаа плодни научни дискусии во секоја од сесиите. По последната сесија, на 13 ноември 2025 г., се одржа затворањето на Конференцијата. Успешноста на Конференцијата може да се воочи и од позитивниот одзив, учеството на деведесетина научници од државата и од странство.

По затворањето на Конференцијата на 13 ноември 2025 г., дел од учесници, но и дел од вработените во Институтот за македонски јазик „Крсте Мисирков“, се упатија на дводневна екскурзија во Кавадарци, каде што на 14 ноември 2025 г., последниот ден од Отворените денови, се одржа Тркалезна маса со директорите и со наставниците по македонски јазик од десет училишта во Кавадарци. Институтот за македонски јазик „Крсте Мисирков“ на секое училиште, на библиотеката „Феткин“ и на Општина Кавадарци им подари институтски изданија, меѓу кои и јубилејното издание на Правописот на македонскиот јазик.

Од богатата програма на годинашните јубилејни Отворени денови на Институтот за македонски јазик „Крсте Мисирков“, како и од реализираното, можеме со задоволство да кажеме дека го остваривме очекуваното, тоа го потврдуваат и позитивните коментари и впечатоци од учесниците и од гостите. Останува само да си посакаме уште многу вакви успешни манифестации и во иднина.

Марија Антевска-Рисафова[1]

[1] Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков“, marija.antevska@imj.ukim.edu.mk

УДК 811.163.3(062)(049.3)

X МЕЃУНАРОДНА НАУЧНА КОНФЕРЕНЦИЈА „МАКЕДОНСКИОТ ЈАЗИК – ИЗВОР НА НАУЧНИ ИСТРАЖУВАЊА“

(12 – 13 ноември 2025 г.)

Во рамките на Отворените денови на Институтот за македонски јазик „Крсте Мисирков“, на 12 и на 13 ноември во 2025 се одржа X меѓународна научна конференција „Македонскиот јазик – извор на научни истражувања“. Оваа јубилејна, десетта, меѓународна научна конференција свечено беше отворена на 12 ноември во 2025 г., во 10 часот, во амфитеатарот на Институтот за македонски јазик „Крсте Мисирков“ – Скопје со поздравните обраќања на: директорката на Институтот за македонски јазик „Крсте Мисирков“ – проф. д-р Елена Јованова-Грујовска, ректорката на Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ – проф. д-р Биљана Ангелова и претседателката на Меѓународниот организациски одбор – проф. д-р Лидија Тантуровска, која, во продолжение, го промовираше минатогодишниот Зборник „Македонскиот јазик – извор на научни истражувања“ од IX меѓународна конференција.

Централната тема на овогодишната Меѓународна научна конференција беше „Јубилеите обврзуваат и поврзуваат“ и рефератите посветени на неа беа сместени во првата сесија од 10:00 до 13:30 часот, чии претседавачки беа проф. д-р Лидија Тантуровска и проф. д-р Веселинка Лаброска, дописен член на МАНУ. Во првата сесија беа изложени рефератите на: проф. д-р Симона Груевска-Маџоска, проф. д-р Елка Јачева-Улчар и проф. д-р Мери Јосифовска, проф. д-р Елени Бужаровска и н. сор. д-р Давор Јанкуловски.

Во оваа сесија беше сместен и рефератот на акад. Јан Соколовски на тема: „Македонија во очите на полските слависти Станислав Роспонд и Марјан Јакубјец“, кој испрати поздравни зборови до учесниците на конференцијата.

Проф. д-р Симона Груевска-Маџоска зборуваше на темата: „Влогот на Мисирков во кодификацијата на македонскиот јазик – по повод 80-годишнината од кодификацијата на македонскиот стандарден јазик“. Проф. д-р Елка Јачева-Улчар и проф. д-р Мери Јосифовска зборуваа *за придонесот на Трајко Стаматоски кон македонската ономастика и македонската наука за јазикот*, проф. д-р Елени Бужаровска нè потсети на работата на проф. д-р Убавка Гајдова со темата: „Убавка Гајдова како инспирација за прочувањето на условните реченици во македонскиот јазик“, а Давор Јанкуловски ја претстави *улогата на акад. Божидар Видоески во меѓународната афирмација на македонската ономастика* со истоимената тема.

По завршувањето на првиот блок, со рефератите од централната тема, во продолжение ги изложија своите најнови истражувања: проф. д-р Маќеј Кавка – со рефератот на тема: „Меѓукултурна емпатија во јазикот: полски и македонски модели на инклузивна комуникација“ и проф. д-р Златко

Крамариќ – со рефератот на тема: „From party to league, from league to social democracy: a sociolinguistic perspective on the renaming of communist parties in Yugoslavia“.

Во вториот (попладневен) дел од првата сесија одржан од 15:00 до 18:30 часот, под претседавaштво на проф. д-р Снежана Петрова-Џамбазова и м-р Валентина Трајкоска, беа презентирани следните 5 реферати: „Јазични средства за изразување на дистанца во македонскиот јазик“ од проф. д-р Виолета Николовска, „Јазични (за)белешки за информативните емисии на телевизија“ од проф. д-р Снежана Петрова-Џамбазова, соавторскиот труд „Слоганите во македонскиот политички дискурс“ од ас. истражувач м-р Марија Антевска-Рисафова и проф. д-р Борче Арсов, „Конативната функција како социолингвистички маркер во социјалноангажираниот јазик на Давчевски и Рацин (јубилеј 90 г. од раѓањето на Ристо Давчевски)“ од м-р Валентина Трајковска, како и рефератот со наслов: „Јазикот на социјалните мрежи: како странските зборови го (за)менуваат македонскиот јазик“ на ас. истраж. м-р Филип Белчев.

Втората (претпладневна) сесија, која се одржа од 11:00 до 13:30 часот (на 12 ноември) беше посветена на лексиката и на одделни проблематики од оваа област. Претседавачки на оваа сесија беа проф. д-р Еленка Стоевска-Денчова и проф. д-р Светлана Давкова-Ѓоргиева, во која беа изложени 7 реферати. Сесијата започна со претставувањето на рефератот на тема: „Од лексиката на народната култура во Кривопаланечко“ од проф. д-р Еленка Стоевска-Денчова. Проф. д-р Светлана Давкова-Ѓоргиева го презентираше рефератот: „Старите називи на садовите и нивната двојна намена во македонската традиција“. За лексиката во српскиот јазик зборуваа вонр. проф. д-р Татјана Трајковиќ и вонр. проф. д-р Мирјана Илиќ, кои ја претставија темата: „Жена у српској језичкој слици стварности: генерацијска стратификација на дијалекатском подручју“. Доц. д-р Македонка Додевска и проф. д-р Лидија Аризанковска ги презентираа новите истражувања на темата: „Етимологијата, семантиката, географската дистрибуција на лексемата *око* како компонента во фразеолошките изрази во македонските говори и во словенечкиот источнодолењски говор“, а доц. д-р Дарко Томовски зборуваше *за некои архаизми во ѓоранскиот ѓовор во Полоѓ*. Од дијахрониска гледна точка, ас. истраж. м-р Душко Деспотовски ја претстави својата *анализа на семантиката на лексемите срт и било во македонскиот јазик*.

Од областа на етимологијата, ас. истраж. м-р Сунчица Трифуновска-Јаниќ го изложи рефератот на тема: „Етимолошка анализа на називите што означуваат ‘место во реката каде што водата паѓа (скока) од височина’“.

Втората (попладневна) сесија, од 15:00 до 18:30 часот, ја водеа проф. д-р Весна Костовска и ас. истраж. м-р Кристина Тодоровска, во која беа прочитани 8 реферати. Проф. д-р Мери Цубалевска со рефератот на тема: „Лексиката во прозата на Јован Дамјановски“ ја отвори оваа сесија. Проф. д-р Елена Јованова-Грујовска, проф. д-р Весна Костовска и ас. истраж. м-р Кристина Тодоровска, со својот реферат, нè потсетија *на разѓоворната и на*

подзаборавената лексика на Конески во книгата „Кажувања“, додека проф. д-р Димитар Пандев го претстави *јазикот и стилот на Иван Мазов*. *За дијалектните, разговорните и архаичните лексеми* во романот „Земјата на солзите“ од Видое Подгорец зборуваше проф. д-р Васил Дрвошанов, а за *неологизмите*, односно за *процесите на неологизација во развојот на лексиката на македонскиот јазик* соавторскиподготвениот реферат го изложија проф. д-р Олгица Додевска-Михајловска и проф. д-р Катица Топлиска-Евроска. Во областа на лексикологијата, поточно *паронимите* и *синонимите* ги анализираа доц. д-р Емил Ниами – со рефератот: „Паронимијата во македонските медиуми“ и ас. истраж. м-р Антоанета Тримчевиќ – со рефератот „Синонимните низи – специфика во творештвото на Владимир Костов“. Во оваа област беше слушнат и рефератот „Кон лексиката на делото 'Татковите книги' од Луан Старова“ од ас. истраж. м-р Кристина Тодоровска.

Третата сесија исто така беше поделена во претпладневен и попладневен дел. Во претпладневиот дел, од 11:00 до 13:30 часот, под претседавaштво на проф. д-р Катица Трајкова и доц. д-р Марија Пандева беа изложени 8 реферати. Проф. д-р Катица Трајкова и проф. д-р Наталија Андријевска во својот соавторски реферат ја презентираа анализата *за сложенките со прва компонента* ***дољш(ѥ)-*** *во македонските црковнословенски ракописи*, а проф. д-р Марија Чичева-Алексиќ зборуваше *за црковнословенската лексема* ***придъ*** *и заборавеното секуларно значење на нејзиниот грчки преводен модел*. Во областа на црковнословенизмите беше и рефератот на тема: „Један пример анализе црквенословенског текста: морфолошка анализа тропара и кондака светом Јоакиму Крчовском“ од д-р Катарина Рашиќ. Д-р Билјана Маринова зборуваше *за јазичната концепција и правописната практика на Ѓорѓи Пулевски – развој од традиционалност до иновативство*, а проф. д-р Јасмин Хоџиќ ги презентираше најновите истражувања на темата: „Komparativna i kontrastivna analiza makedonskih i bosanskih prijevoda Kur'ana na primjeru 4. Ajeta Sure Er-Rahman“.

Следниот блок започна со рефератот на тема: „Како го воспримив романот Кон езерото' од Капка Касабова“, кој го презентираше проф. д-р Људмил Спасов. Вонр. проф. д-р Марина Спасовска и вонр. проф. д-р Марина Даниловска настапија со рефератот на тема: „Б'дња баба, лазарке, жарпилиња... (за некои лексеми од календарно-обредните обичаи во Тетово и Тетовско)“, а како последен, во оваа сесија. беше ислушан рефератот на тема: „Осврт на терминологијата поврзана со истражувањата на културното наследство“ од проф. д-р Катерина Петровска-Кузманова.

Во попладневниот дел од третата сесија, со претседавачките ас. истраж. м-р Андријана Павлова и проф. д-р Лилјана Макаријоска (дописен член на МАНУ), беа изложени 6 реферати. Проф. д-р Лилјана Макаријоска и д-р Бисера Павлеска-Георгиевска зборуваа на темата: „Моќта на зборот во благословите и клетвите (врз примери од современата македонска литература)“, а проф. д-р Звонко Никодиновски настапи со рефератот: „Лематизација на пословиците во македонскиот јазик“. За *споредбата меѓу начините*

на класификација на поговорките и пословиците на Харалампие Поленаковиќ и Кирил Пенушлиски и на Иван Котев зборуваше проф. д-р Кристина Димовска. Доц. д-р Александра Гецовска ја образложи темата: „Фразеолошки изрази поврзани со човечкото тело (потекло и мотивација)“, а м-р Ивана Блажевска-Ристовска го изложи рефератот на тема: „Семантиката на фраземите со компонента црна боја во македонската фразеологија“. Нас. вонр. проф. д-р Иванка Апостолова Баскар настапи со рефератот на тема: „Стилски карактеристики и компарации на словенечките авторки во книгите ’Воени бои‘ (кратки раскази) на Једрт Малезич, ’Четири драми‘на Симона Семенич (драмски текстови) и ’Фискултурецот Николај крадецот го збрка‘ (сликовница за деца) на Клариса Јовановиќ во македонски превод“.

Во вториот конференциски ден, на 13 ноември, се одржаа истовремено 3 претпладневни сесии.

Четвртата сесија, претседавана од проф. д-р Елена Јованова-Грујовска и ас. истраж. м-р Марија Антевска-Рисафова, беше посветена на граматички теми. Беа изложени 6 реферати. Проф. д-р Лидија Тантуровска и доц. д-р Марија Пандева настапија со рефератот на тема: „Глаголот *земе* – стандард и употреба“, а акад. Катица Ќулавкова го изложи својот реферат: „Употребата на предлозите за место во искази на темпоралност (час, ден, седмица, месец, година, период од минатото и иднината)“. Проф. д-р Димка Митева настапи со два реферати: „Кон книгата *морфосинтаксичка анализа на македонската реченица*“ и „Од *Речникот на македонскиот литературен јазик*“. М-р Сашка Грујовска-Миланова, виш лектор, ја изложи контрастивната тема: „За идното време во македонскиот и во германскиот јазик“, додека пак, м-р Сузана Мицева зборуваше на тема: „Војната низ детските очи: фолклористички пристап кон романот на Оливера Николова“.

Петтата сесија ја водеа проф. д-р Веселинка Лаброска и вонр. проф. д-р Марина Спасовска, во којашто беа изложени 9 реферати. Цветанка Билбилоска, Елена Тодорова, Ема Мишевска, проф. д-р Веселинка Лаброска и вонр. проф. д-р Бранислав Геразов настапија со рефератот: „Акустичка анализа на самогласките во кичевскиот и скопскиот говор“, а ас. истраж. м-р Андријана Павлова – со рефератот: „Големите јазични модели и генерирањето дијалози на македонски јазик: јазично-стилски особености“. Ас. истраж. м-р Андријана Павлова, во соавторскиот труд со проф. д-р Лилјана Митковска, зборуваше и на темата: „Што сè ’ни се‘ прави: динамиката на рефлексивно-дативните конструкции во македонскиот јазик“. Од областа на методиката (и на вештачката интелигенција), вонр. проф. Јасмина Јовановска, проф. д-р Елизабета Бандиловска, проф. д-р Љуљзим Адеми зборуваа за *улогата на вештачката интелигенција во индивидуалното учење во наставата по македонски јазик*, а ас. м-р Марија Стојаноска, проф. д-р Виолета Јанушева и лектор Елена Шалевска зборуваа на тема: „Другоста во наставата по македонски јазик и литература“. М-р Доца Цветкоска ја презентираше својата тема: „Тешкотии со кои се среќаваат учениците при усвојување на методската единица гласовни промени по предметот македонски јазик и литература за средно стручно образование“.

Проф. д-р Љубица Кардалеска-Радојкова и вонр. проф. Татјана Срцева-Павловска зборуваа на темата: „Имплицираното значење како компонента при преведувањето – дилеми и толкувања“, а лектор Елена Шалевска, проф. д-р Виолета Јанушева, вонр. проф. д-р Бисера Костадиновска-Стојчевска и ас. м-р Марија Стојаноска го презентираа рефератот на тема: „Промена на кодот во маркетиншкиот дискурс во РСМ“. М-р Жанета Набакова го претстави рефератот: „Германските еквиваленти на топонимите во одбрани македонски книжевни дела“.

Во шестата сесија, чии модератори беа проф. д-р Борче Арсов и проф. д-р Елка Јачева-Улчар, беа изложени 7 реферати. Проф. д-р Елка Јачева-Улчар го претстави рефератот на тема: „За некои особености на топономастиконот од Воденско, Егејска Македонија“, а проф. д-р Јордана Марковиќ зборуваше на темата: „Топономастикон охридско-преспанског базена у прозодијском огледалу“. Професорките д-р Весна Миовска и д-р Мери Јосифовска ни се претставија со ономастичката тема: „Имиња од растителниот свет засведочени во презимињата кај Македонците“, додека вонр. проф. д-р Зоран Спасовски зборуваше за *културната меморија и историски слоеви во урбаната топонимија на Скопје*. Проф. д-р Михајло Марковиќ, проф. д-р Соња Новотни и проф. д-р Мери Цубалевска направија *компаративна анализа на лексички единици од лексичко-семантичката група животински и растителен свет во Слепченскиот патерик и Трескавечкиот еухологиум*, кои ни ги презентираа во оваа сесија. Вонр. проф. д-р Ана Витанова-Рингачева зборуваше за *првите учители на македонски народен јазик во училиштето во с. Робово, Струмичко – низ публицистичкото дело на Иван Котев (по повод 165 години настава на македонски јазик*, а Иван Котев зборуваше за *еден голем јубилеј: сто шеесет и пет години од отворањето на првото училиште на македонски народен јазик во селото Робово, Струмичко*, па сесијата се заокружи со рефератот на тема: „Современи хрематоними – именување на предучилишните установи во Македонија“ од ас. истраж. м-р Мирјана Вељаноска-Томовска.

Треба да се нагласи дека по секоја сесија имаше плодна дискусија. Но, она што радува е фактот што речиси сите реферати од богатата Програма беа презентирани во двата предвидени дена (на 12 и на 13 ноември), со што се покажа дека секоја година расте интересот за учество на Меѓународната научна конференција „Македонскиот јазик – извор на научни истражувања“, организирана во рамките на Отворените денови на Институтот за македонски јазик „Крсте Мисирков“ – Скопје.

Лидија Тантуровска[1]
Марија Пандева[2]

[1] Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков“ – Скопје, lidijatanturovska@yahoo.com
[2] Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков“ – Скопје, mpandeva@imj.ukim.edu.mk

За издавачот:

д-р Елена Јованова-Грујовска, директорка
Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков“ – Скопје

Лектура:

Редакцијата и
м-р Ивана Блажевска-Ристовска

Компјутерска обработка:

Александар Штерјев

Печат:

Винсент Графика

Тираж:

200

Ова списание е објавено со поддршка од
Министерството за култура и туризам на
Република Северна Македонија, како проект од национален интерес од
областа на литературата и издавачката дејност за 2025 година